РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Билтен број 1014
Скопје, 1 септември 2011 година

Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

Главен и одговорен уредник: м-р Илија ПИПЕРКОСКИ, генерален секретар

Уредник: Томислав БАШЕВСКИ

Лектор: Весна Илиевска-Цветановска

Умножено на Универзитетот во Скопје
Тираж: 70 примероци

## Содржина на Билтен број 1014 од 1 септември 2011 година


**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Реферат за избор на асистент по англиски јазик на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје (**м-р Јане Божиновски, м-р Анета Наумоска, м-р Соња Китановска-Кимовска**)........1-9
2. Реферат за избор на лектор по француски јазик при Катедрата за романски јазици и книжевности на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје (**Анита Кузмановска**)........10-15
3. Реферат за избор на лектор по романски јазик при Катедрата за романски јазици и книжевности на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје (**Елена-Јоана Атанасова-Никулеску**)........16-20
4. Реферат за избор на вонреден професор по предметите теорија на преведувањето и толкувањето, преведување од француски на македонски јазик и контрастивна граматика на францускиот и на македонскиот јазик на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје (**д-р Ирина Бабамова**)........21-36

**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден соработник, помлад асистент-истражувач од областа на архитектонските конструкции на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет во Скопје (**Александар Петровски, Ивана Топаловска**)........37-41

**ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА**

1. Реферат за избор на истражувач во сите научни звања во Одделението за македонска народна литертура на Институтот за македонска литертура во Скопје (**д-р Наташа Аврамовска**)........42-60

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Реферат за избор на научен советник на Институтот за национална историја во Скопје (**д-р Драгица Поповска**)........61-66

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје (**Јован Трајковски, Светлана Мијалкова, Виолета Ѓорѓиовска, Милена Паговска, Михаил Момировски, Игор Донев, Јорданка Кекеновска**)........67
2. Рецензија на докторската дисертација, **Влијанието на претприемништвото врз руралниот развој на Република Македонија**, изработена од **м-р Тошо Костадинов**, поднесена на Економскиот институт во Скопје........68-77

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Одредени епидемиолошки карактеристики на обидите за самоубиство во Скопје и можности за превенција**, изработена од **д-р Мира Полазаревска**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје........78-80

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Имунохистохемиски и стереолошки истражувања на хипофизно-адренокортикалниот систем кај стаорци при аклимација на зголемена амбиентална температура**, изработена од **м-р Флорина Поповска-Перчиниќ** пријавена на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје ..........81-90
2. Реферат за оцена на подобност на пријавена тема и оспособеност за научноистражувачка работа на кандидатот **м-р Никола Адамов**, за изработка на докторска дисертација под работен наслов **Детекција на наследни заболувања (BLAD i CVM) и генотипизација на к-казеинскиот локус кај холштајн-фризиската популација на говеда во Р. Македонија**, пријавена на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје ..........91-97

**ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ**

1. Реферат за избор на асистент/помлад асистент на научната област хемија/аналитичка хемија на Земјоделскиот институт во Скопје (**м-р Милена Тасеска**)..........98-102
2. Реферат за избор на помлад асистент/асистент на научната област лозарство на Земјоделскиот институт во Скопје (**м-р Душко Неделковски**)..........103-105
3. Реферат за избор на помлад асистент на научната област биотехнички науки - заштита на растенијата на Земјоделскиот институт во Скопје (**м-р Катерина Банџо**)..........106-108

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Влијанието на интернетот и новите технологии врз маркетинг-стратегиите на медиумите**, изработена од **м-р Гордана Стојановска-Ицевска**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје.......... 109-122
2. Рецензија на ракописот **Инвестиционен менаџмент (второ издание)**, изработено од **проф. д-р Методија Несторовски, проф. д-р Сашо Арсов и ас. м-р Александар Наумоски**, пријавен на Економскиот факултет во Скопје..........123-130

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Остатоци од антимикробни ветеринарни лекови во суровото млеко од Р. Македонија анализирани со примена на разни скрининг и конфирмациони методи**, изработена од **м-р Елизабета Димитриеска-Стојковиќ**, пријавена на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.......... 131-137

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Дефинирањето на структурата и влијанието на антропометриските, базичните моторни когнитивните и конативните димензии врз специфичните моторни способности кај боксерите**, изработена од **м-р Руждија Калач**, пријавена на Факултетот за физичка култура во Скопје.......... 138-143

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Реферат за избор на соработник во звањето асистент во научната област зоохигиена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**м-р Димитар Наков**).....144-147

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

1. Преглед на прифатени магистерски програми и наслови на теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за музичка уметност во Скопје (**Невен Силјановски, Суеља Брути, Емилија Маринова, Нада Талевска, Иле Колев, Фатбард Гаши, Беким Халаќи, Гоце Секулоски, Томе Ташев, Дејан Лазаревски, Ивана Кузмановска, Гоце Костадинов, Драган Ампов, Нада Вета, Анита Ферлеж-Ераковиќ, Ристеми Фисник, Дамјан Темков, Клодина Кабаши Нора Алиџани, Елена Христовска, Едон Рамадани, Илбер Асланај, Елизабета Ќари, Дафине Зеќири, Маја Поповиќ**)..........148-152

1. Преглед на прифатена програма за изработка на докторска дисертација и наслов на тема за изработка на научен труд на Факултетот за музичка уметност во Скопје (**м-р Татјана Божиновска**)..........153

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Примена на анализата на автозомните и Y-хромозомските кратки повторувачки тандеми (STR's) во судско-медицинската практика**, од **д-р Златко Јаќовски**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје........154-159
2. Рецензија на докторската дисертација **Процена на ризикот од насилство меѓу лицата со ментални растројства**, изработена од **д-р Изабела Филов**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје........160-163
3. Рецензија на ракописот **Физиологија на спиењето-учебник за студентите на високите школи на медицинскиот факултет и за изборен предмет на студентите по општа медицина**, од авторите: **Бети Дејанова, Сања Манчевска и Јасмина Плунцевиќ-Глигоровска**, пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје........164-174

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Реферат за избор во звањето лектор по француски јазик на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје (**Калиопа Петрушевска**)........175-180
2. Рецензија на докторската дисертација **Општествена и уметничка контекстуалност на двајца ликови (компаративна студија на романите Ноќта со месечина од Исмаил Кадаре и Изгубената чест на Катарина Блум од Хајнрих Бел**, изработена од **м-р Вјолца Дибра**, пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје........181-186

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Реферат за избор на помлад асистент од областа на политичките науки на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје (**м-р Дијана Стојановиќ Ѓорѓевиќ, м-р Бојана Наумовска**)........187-192

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Напредни техники за препознавање дигитални мамографски слики**, изработена од **м-р Азир Алиу**, пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје........193-201

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Реферат за избор во звањето асистент по современ албански јазик при Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје (**д-р Исмет Османи, м-р Шериф Селими**)........202-204

**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **За феноменологијата на архитектонскиот простор: биокултурен пристап**, од кандидатот **м-р Митко Хаџи-Пуља**, пријавена на Архитектонскиот факултет во Скопје........205-208

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област индустриско инженерство и менаџмент на Машинскиот факултет во Скопје (**д-р Радмил Поленаковиќ**)........209-225

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Реферат за избор во наставно-научното звање доцент во наставно-научната област компјутерска техника и информатика на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**д-р Марија Календар**)........226-231

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник (во сите наставно-научни звања) за научните области: сурдоаудиологија, ран третман, методика, дефектологија, логопедија, знаковен јазик, визуелна перцепција на говорот и комуникација на лицата со оштетен слух на Филозофскиот факултет во Скопје **д-р Зора Јачева**....................232-249

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР**

1. Рецензија на ракописот **Хидротермичка обработка на дрвото, II дел - пластификација на дрвото**, од авторите **д-р Бранко Рабаџиски** и **д-р Горан Златески**, пријавен на Факултетот за дизајн и технолоигии на мебел и ентериер во Скопје ....................250-256

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Примарен пазар на капитал и иницијална јавна понуда,** изработена од **м-р Зоран Колев**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје.................... 257-263

**ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во звањето-вонреден професор по предметите организација и управување, ергономија во шумарството, социјална екологија, економика со калкулации, шумскостопанска политика и маркетинг и цени на Шумарскиот факултет во Скопје **(д-р Македонка Стојановска)**....................264-284

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата седумнаесетта редовна седница одржана на 18.5.2011 година, нѐ избра за членови на Рецензентската комисија за избор во звањето асистент по англиски јазик.

Заблагодарувајќи се за укажаната доверба, чест ни е да го поднесеме следниов

# ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за избор во звањето асистент по англиски јазик, објавен во *Нова Македонија* на 23-25.4.2011 година, се пријавија кандидатите: м-р Јане Божиновски, м-р Анета Наумоска и м-р Соња Китановска – Кимовска.

**1. М-Р ЈАНЕ БОЖИНОВСКИ** е роден на 24.1.1981 година во Скопје. Во 2000 година се запишал на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, а во 2005 година дипломирал со просек **8,92**, и се здобил со диплома за професор по англиски јазик и книжевност со британски културолошки студии. На 23.11.2010 година, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, кандидатот го одбранил својот магистерски труд под наслов *Културолошки разлики при толкување од англиски на македонски јазик и нивно можно надминување,* со што се стекнал со научниот степен магистер на филолошки науки.

**Наставна дејност**

За работно искуство во наставната дејност, кандидатот ги наведува следниве ангажмани:

- август–декември, 2004: професор по англиски јазик на деца во „Дикшант интернешнал" во Чандигар, Индија;
- 2004–2007: професор по англиски јазик во училиштето за странски јазици ,,Лингвалинк" во Скопје;
- 2006–2008: надворешен соработник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", на Катедрата за англиски јазик и книжевност (вежби по современ англиски јазик);
- 2008–јануари, 2011: стручњак по практика на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", на Катедрата за англиски јазик и книжевност (вежби по современ англиски јазик, и еден семестар вежби по предметот превод од англиски на македонски јазик).

**Преведувачка дејност**

Кандидатот има побогато работно искуство во преведувачката дејност, каде што очигледно има поголем афинитет и интерес, имајќи го предвид и неговото поле на истражување за магистерската теза, како и неговото учество во JFDP- програмата при

Универзитетот во Урбана-Шемпејн, Илиноис, во периодот од јануари до мај 2009 година. Кандидатот ги наведува следниве ангажмани:

- 2011: превод за Меѓународната организација на трудот;
- 2010: толкување за Светската здравствена организација;
- 2009: филмски превод за SDI Media Group;
- 2009: филмски превод за Mediatranslations;
- 2008: толкување за Меѓународната академија за спроведување на законот (ILEA) од Будимпешта;
- 2007: толкување за агенцијата за превод Eurolingua;
- 2006: превод и толкување за Меѓународниот центар за миграциона политика (ICMPD);
- 2006: толкување за UNICEF;
- 2005: превод за T-systems Унгарија;
- август–ноември, 2005: писмен превод за Агенцијата за електронски комуникации и за ASTEC Global Consultancy;
- 2005: толкување за Светска банка;
- март, 2003–август, 2006: превод за Image PR Studio;
- 2000–2006: филмски превод за МРТВ.

**Објавени трудови**

Во својата биографија кандидатот наведува две објавени дела, но без да достави копии од нив:

- 2010: *Активно учење во големи студентски групи* (коавтор);
- 2009: *Улогата на информатичката технологија во дистрибуцијата на знаењето: моменталната состојба во високото образование во Соединетите Американски Држави и можно спроведување во високото образование во Југоисточна Европа и Евроазија,* во соработка со м-р Давор Дујак, објавено во „Маркетинг и одржлив развој".

**Објавени преводи**

Во објавени преводи, кандидатот ги набројува, но без да достави копии од нив, следните дела:

- 2007: *Прво екологија* од А. Беби и А. Бренан;
- 2007: *Гласот на жртвите: искуства со идентификација, враќање и помош во Југоисточна Европа,* студија од Ребека Суртис;
- 2006: *Куќички за кукли* (филмско сценарио).

**Стипендии, сертификати и дополнителни активности**

Во 2001, 2002, 2003 и 2006 година кандидатот бил добитник на стипендија за талентирани студенти од Министерството за образование. Исто така, приложува сертификат за положен испит на ниво Proficiency in English, а наведува дека има сертификати и за положени испити на ниво First Certificate и Advanced. Во јуни 2003 година посетувал курс за употреба на глума во предавање англиски, организиран од Британскиот совет – Македонија, а во периодот од октомври до ноември 2003 година наведува дека посетувал курс за деловен англиски јазик во Лондон.

**2. М-Р АНЕТА НАУМОСКА** е родена на 10.6.1983 година во Скопје. Во 1985 година, на неполни две години, со семејството се преселила во Канада, каде што останала сè до 1994 година и каде што завршила дел од своето основно образование. Во 2001 година се запишала на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, а во јуни 2005 година дипломирала со просек **9,58** и се стекнала со диплома за професор по англиски јазик и книжевност. По дипломирањето добила пофалница за постигнат висок успех во студирањето, доделена од Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје. На 9.7.2010 година, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, кандидатката успешно го одбранила својот магистерски труд под наслов *Родовата обележаност во англискиот јазик одразена во пишаните медиуми и во учебниците по англиски како странски јазик*, со што се стекнала со научниот степен магистер на филолошки науки.

**Наставна дејност**

Кандидатката има богато работно искуство во наставната дејност, и се докажала како квалитетен, совесен и исполнителен наставник, со својот непрекинат ангажман на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, каде што е ангажирана од 2005 година, по нејзиното дипломирање, па сè до денес. Од 2005 година до денес, кандидатката била ангажирана на Катедрата за англиски јазик и книжевност како демонстратор, како надворешен соработник и како стручњак по практика:

- 2005/2006: вежби по следниве предмети:
  - англиска книжевност,
  - американска книжевност,
  - американска цивилизација,
  - граматика на современиот англиски јазик – морфологија;
- 2006/2007: вежби по следните предмети:
  - англиска книжевност,
  - американска книжевност,
  - граматика на современиот англиски јазик – морфологија,
  - современ англиски јазик;
- 2007/2008: вежби по следните предмети:
  - американска книжевност,
  - граматика на современиот англиски јазик – морфологија,
  - современ англиски јазик;
- 2008–денес: вежби по предметот современ англиски јазик.
- октомври 2008–февруари 2009 година: професор по англиски јазик во Центарот за странски јазици во Скопје.

**Преведувачка дејност**

Покрај богатото педагошко искуство, кандидатката е активна и во преведувачката дејност, а од 2004 до денес има извршено бројни преводи од македонски на англиски јазик и обратно, од разни области, како на пример, педагогија, психологија, лингвистика, право, медицина и информатика.

**Објавени трудови**

Кандидатката редовно објавува свои трудови и статии во реномирани домашни и странски зборници и списанија, и има мошне богат список на публикувани трудови и

публикации. Имено, досега има објавено 15 трудови, како и публикувано во печат една книга:

- 2011: *Review of the 6th International ELTAM-IATEFL-TESOL Conference;*
- 2011: *Bending the Gender of Inanimate Nouns* во *Modern English Teacher;*
- 2011: *Controversies in ELT: What you always wanted to know about teaching English but were afraid to ask* во *Modern English Teacher;*
- 2010: *Родовата обележаност во англискиот јазик* (магистерска теза, објавена во печат);
- 2010: *Можни решенија за одбегнување на родовата обележаност во англискиот јазик,* во Годишниот зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", книга 36;
- 2010: *За родовото прашање во англискиот јазик,* во Годишниот зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", книга 36;
- 2010: *Семиологијата на ПАРИТЕ во македонскиот јазик,* во Зборникот од VI научен собир на млади македонисти;
- 2010: *Just a Phrase I'm Going Through: My Life in language* во *IATEFL Voices Newsletter,* број 214;
- 2010: *Written language is not speech written down* во *IATEFL Voices Newsletter,* број 213;
- 2010: *Written language is not speech written down* (повторно објавена во *The INGED Online Newsletter,* број 1 - електронско издание на списанието на Асоцијацијата на наставници по англиски јазик во Турција);
- 2010: *Alibi (Role-Play in an EFL Classroom)* во *ELTA Monthly Newsletter* (електронско издание на списанието на Асоцијацијата на наставници по англиски јазик во Србија);
- 2009: *Навлегувањето на половата стереотипизација во англискиот јазик наспроти македонскиот јазик* во Годишниот зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", книга 35;
- 2009: *Conquering the ELT world one Facebook at a time* во *IATEFL Voices Newsletter,* број 211;
- 2009: *Motivation as a Contributing Factor in the Success of the EFL Classroom* во *ELTA Monthly Newsletter* (електронско издание на списанието на Асоцијацијата на наставници по англиски јазик во Србија);
- 2009: *The Four Skills in a Cultural Context: A Lesson Plan* во *ELTA Monthly Newsletter* (електронско издание на списанието на Асоцијацијата на наставници по англиски јазик во Србија);
- 2009: *Intercultural Elements Reflected in the EFL Classroom* во *ELTA Monthly Newsletter* (електронско издание на списанието на Асоцијацијата на наставници по англиски јазик во Србија);
- 2008: *Еуфемизмите наспроти табу-зборовите – разлики во говорниот и пишаниот јазик,* во Годишниот зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", книга 34.

**Трудови во печат**

Кандидатката наведува уште три статии во печат, а кои наскоро ќе бидат објавени:

- *The Issue of Gender in Language* (реферат во Зборникот од Меѓународниот симпозиум по повод 50-годишнината од основањето на Катедрата за англиски јазик и книжевност);
- *Language Needs and Language Requirements* (статија во *IATEFL Voices Newsletter);*

- *The Fractal Approach to Teaching English as a Foreign Language: Dynamism and Change in ELT* (критика во *IATEFL Voices Newsletter)*.

**Објавени преводи**

Како позначајна преведувачка активност може да се наведе учеството на м-р Анета Наумоска во 2009 година во Проектот на Владата на Република Македонија за превод на 500 стручни книги, преку превод на дел од учебник од англиски на македонски јазик, објавен истата година:

- 2009: *Опитествени истражувачки методи: Квалитативни и квантитативни пристапи*, од В. Лоренс Њуман (Neuman, W. Lawrence. *Social research methods: qualitative and quantitative approaches)*.

Исто така, има преведено две книги од англиски на македонски јазик, кои се објавени:

- 2010: *Како да останеме млади: Водич за современите жени* од д-р Анурадха Гупта (Gupta, Anuradha. *Anti-ageing: guide for the modern woman);*
- 2010: *Здрави и среќни по 40-тата година* од д-р Адарш Џаин (Jain, Adarsh. *After 40 – Healthy and Happy)*.

**Лектура**

- 2010: *Macedonian Historical Review* (списание издадено од Филозофскиот факултет во Скопје).

**Коректура**

- 2009: *Modern English Grammar: Handbook* (учебник од автор: проф. д-р Марија Јанева-Михајловска).

**Учество на конференции, семинари, работилници и научни собири**

М-р Анета Наумоска е редовен и активен учесник на семинари, конференции, научни собири и работилници во земјата и во странство. Досега со свој реферат учествувала на следните:

- 2011: *A New Dimension to Texting* (раководител на работилница) на IX меѓународна ELTA- конференција во Нови Сад, Србија;
- 2010: *12 Teachers' Associations – 1 Online Community* (раководител на работилница), на VI меѓународна ELTAM-IATEFL-TESOL- конференција во Скопје;
- 2010: *Texting – Aid or Hindrance in EFL Learning* (раководител на работилница), на VI меѓународна ELTAM-IATEFL-TESOL- конференција во Скопје;
- 2010: *ELT Firsts* (презентација) на VI меѓународна ELTAM-IATEFL-TESOL - конференција во Скопје;
- 2010: *Полова (не)еднаквост и категоријата РОД во македонскиот и англискиот јазик* (излагање со свој реферат), на VII научен собир на млади македонисти на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје;
- 2009: *Bringing Englishes into the Language Classroom Through Culture* (излагање со свој реферат), на Меѓународната конференција по повод 80-годишнината од основањето на Катедрата за англиски јазик на Филолошкиот факултет во Белград, Србија;

- 2008: *Семиологијата на ПАРИТЕ во македонскиот јазик* (излагање со свој реферат), VI научен собир на млади македонисти, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје;
- 2008: *Intercultural Awareness and Competence in the EFL Classroom in Primary School Education* (излагање со свој реферат), на V меѓународна ELTAM-IATEFL-TESOL- конференција во Скопје;
- 2008: *Motivation as a Contributing Factor in the Success of the EFL Classroom* (раководител на работилница), на V меѓународна ELTAM-IATEFL-TESOL конференција во Скопје;
- 2008: *The Issue of Gender in Language* (излагање со свој реферат), на Меѓународниот симпозиум по повод 50-годишнината од основањето на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

За својот професионален развој и надградба, кандидатката присуствувала како слушател на голем број работилници и семинари:

- 2011: *Classroom Management Workshop*, работилница во организација на Британскиот совет – Македонија;
- 2009: *Essay Writing Workshop,* работилница во организација на ЕЛТАМ и Американскиот мировен корпус;
- мај 2008 – декември 2008: *ELTAM Professional Development Training* (по завршувањето се здобила со сертификат за ELTAM Teacher Trainer), во организација на ЕЛТАМ и Британскиот совет – Македонија;
- октомври 2007 – март 2008: *Newly Qualified Teachers' Course*, и двата во организација на ЕЛТАМ и Британскиот совет – Македонија;
- 2007: *English Language Portfolio Seminar*, во организација на Британскиот совет – Македонија и Европскиот центар за современи јазици;
- 2006: *University Writing Project,* работилница за академско пишување, во организација на Британскиот совет – Македонија и Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје;
- 2006: работилница - *Into Europe - European Standards in Language Assessment,* на ЈИЕ Универзитет, во организација на Британскиот совет – Македонија;
- 2006: учесник на *Digital Video Conference on the Work of American Authors in Literature,* во организација на Американската амбасада – Скопје;
- февруари и септември, 2004: учесник на *Eyes Wide Open Literature Seminar 1* и *2*, на ЈИЕ Универзитет, во организација на Британскиот совет – Македонија.

**Членство во домашни и меѓународни организации**

М-р Анета Наумоска е член на повеќе домашни и меѓународни асоцијации:

- ЕЛТАМ - Асоцијација на наставници по англиски јазик во Македонија, каде што воедно е и член на Одборот;
- IATEFL - Меѓународна асоцијација на наставници по англиски како странски јазик;
- SEETA - Асоцијација на наставници од југо-источна Европа;
- ELTeCS - Друштво на предавачи на англиски јазик.

**Учество во комисии**

Во 2008 и 2009 година м-р Анета Наумоска била член на техничката комисија за упис на студенти во прва година при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

**Стипендии и дополнителни активности**

М-р Анета Наумоска моментално е вклучена во 10-неделен курс за критичко размислување во наставата по англиски како странски јазик, организиран од Универзитетот во Орегон, САД, за што има добиено и стипендија од Американската амбасада.

Покрај оваа стипендија, кандидатката била корисник и на стипендија за талентирани студенти на додипломски студии, доделена од Министерството за образование на Република Македонија, како и корисник на стипендија за талентирани студенти на постдипломски студии, повторно доделена од Министерството за образование на Република Македонија.

Во април и ноември 2010 година, по покана на шефот на Катедрата за преведување и толкување, учествувала со свој говор во преведувачката конференција организирана во рамките на вежбите за студентите при Катедрата за преведување и толкување.

Кандидатката е член на организацискиот одбор ЕЛТАМ, а на VI меѓународна ELTAM-IATEFL-TESOL конференција била одговорна за успешно спроведената Pecha Kucha Evening во рамките на конференцијата (првиот од овој тип настан, воведен по нејзина иницијатива).

**3. М-Р СОЊА КИТАНОВСКА – КИМОВСКА** е родена на 18.10.1979 година во Скопје. Во 1998 година се запишала на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје, а во јуни 2002 година дипломирала со просек **9,26** и се стекнала со диплома за филолог по англиски јазик и книжевност – преведувачка насока. По дипломирањето добила пофалница за постигнат висок успех во студирањето, доделена од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Во 2004 година кандидатката се стекнала со академски степен магистер по англиски јазик и применета лингвистика, по завршувањето на постдипломските студии на Универзитетот во Кембриџ, Велика Британија.

**Наставна дејност**

За работно искуство во наставната дејност, кандидатката ги наведува следните ангажмани:

- октомври 2010 – денес: стручњак по практика на Катедрата за преведување и толкување при Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје (вежби по предметите англиски јазик 1Б и 2Б);
- ноември 2010 – денес: стручњак по практика на Факултетот за применети странски јазици, Универзитет ФОН во Скопје (часови по предметот теорија на преведување и толкување);
- септември, 2004 – јануари, 2007: наставник по англиски јазик во јазичен центар Еуролингва во Скопје.

**Преведувачка дејност**

Интересот и мотивацијата на кандидатката се областа на преведувањето и толкувањето, каде што ги насочува своите истражувачки напори, а таму има и побогато

работно искуство. Имено, во јуни 2007 година посетувала Летна школа за истражување на превод во Лондон, а во перидот од 2000 до денес извршувала разни ангажмани како хонорарен преведувач и толкувач:

- септември 2003 – денес: хонорарен преведувач/толкувач;
- октомври 2001 – јули 2010: преведувач/толкувач/координатор во проектот: Поддршка на земјоделските здруженија во Р. Македонија (СФАРМ 1, 2 и 3);
- октомври 2001 – јануари 2002: преведувач/толкувач во СА/ЕУ/ФАРЕ Проект МА 9710;
- мај 2000 – септември 2001: преведувач/толкувач во Енигма Доо З.Д., Битола.

**Објавени трудови**

М-р Соња Китановска – Кимовска ги има објавено следниве две статии:

- 2010: *Is English Spelling Logical?*, во Годишниот зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", книга 36;
- 2008: *Кохезија и кохерентност: примери за поддршка на кохерентноста без кохезија*, во Годишниот зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", книга 34.

**Објавени преводи**

Во објавени преводи, кандидатката ги наведува следниве дела, преведени од македонски на англиски јазик:

- 2010: *Механизми за заштита на човековите права во случаи на пречекорување на полициските овластувања: правна анализа за 2010 година (Mechanisms for Human Rights Protection in Cases Where Police Powers Have Been Exceeded: 2010 Legal Analysis)*;
- 2010: *Судската ефикасност во справувањето со корупцијата во Република Македонија: извештај од проектот „Програма за набљудување на судски предмети во врска со корупцијата во Република Македонија" (Judicial Efficiency in Fighting Corruption in the Republic of Macedonia: Report of the Project Corruption Trial Monitoring Programme in the Republic of Macedonia);*
- 2009: *Ефикасност во заштитата на човековите права при пречекорување на полициските овластувања: правна анализа (Efficiency in the Protection of Human Rights where Police Powers are Exceeded: Legal Analysis);*
- 2009: *Финален извештај за институционалниот одговор против изборните нерегуларности (Final Report on the Institutional Response against Election Irregularities);*
- 2009: *Пристап до правда – Извештај за заштита на човековите права во предметите на полициска злоупотреба и тортура (Access to Justice – Report on the Protection of Human Rights in Cases of Police Abuse and Torture);*
- 2009: *Трговијата со луѓе и илегалната миграција перцепирани од главните актери во кривичната постапка (Trafficking in Human Beings and Illegal Migration as Perceived by Key Actors in the Criminal Procedure).*

Во преводот од англиски на македонски јазик *The Role of Ministries in the Policy System: Policy Development, Monitoring and Evaluation* (2010) *(Улогата на министерствата во системот на развој на политики: развој на политики, следење и оценување)*, кандидатката извршила јазична редакција на преводот.

**Учество на конференција**

М-р Соња Китановска – Кимовска има едно учество на конференција:

- 2010: *L2 Acquisition of Multiple WH-Questions: The case of Macedonians Learning English* (излагање со свој реферат), на VI меѓународна ELTAM-IATEFL-TESOL- конференција во Скопје.

**Членство во домашни и меѓународни организации**

Кандидатката членува во Македонската асоцијација на Чивнинг - стипендисти, во Менса Македонија, и во Cambridge Overseas Society.

**Стипендии и дополнителни активности**

Кандидатката била корисник на стипендија за талентирани студенти на додипломски студии, како и корисник на стипендијата „Чивнинг" за Источен Јадран, а од 2003 година е овластен судски преведувач од македонски на англиски јазик и обратно.

## ЗАКЛУЧОК

Од гореизнесеното може да се констатира дека кандидатите м-р Јане Божиновски, м-р Анета Наумоска и м-р Соња Китановска – Кимовска ги исполнуваат конкурсните и законските услови за избор на работното место асистент по англиски јазик. Меѓутоа, кандидатката м-р Анета Наумоска, како што е погоре изнесено, покажува највисок просек (9,58), богато работно искуство во наставната и преведувачката дејност и непрекинат ангажман на Катедрата за англиски јазик и книжевност како демонстратор, надворешен соработник и стручњак по практика од 2005 година до денес. Таа е речиси роден говорител на англискиот јазик; досега има и 15 објавени статии во реномирани домашни и странски списанија (и дополнителни 3 во печат); а исто така, таа е редовен и активен учесник на бројни меѓународни конференции, семинари и работилници заради свое лично и професионално усовршување.

Сето ова ја издвојува м-р Анета Наумоска како најсоодветен кандидат за работното место асистент по англиски јазик. Затоа, со задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Скопје да ја избере м-р Анета Наумоска за асистент по англиски јазик при Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Скопје.

Скопје, 15.6.2011

Рецензентска комисија

Д-р Марија Јанева, редовен професор с.р.

Д-р Екатерина Бабамова , редовен професор с.р.

Д-р Јованка Лазаревска, вонреден професор с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА **ЛЕКТОР ПО ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК**
ПРИ КАТЕДРАТА ЗА РОМАНСКИ ЈАЗИЦИ И КНИЖЕВНОСТИ

На својата 17. редовна седница одржана на 18.5.2011 година, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје нè избра за членови на Рецензентската комисија во врска со пријавата на Анита КУЗМАНОВСКА за избор во звањето лектор по француски јазик. На конкурсот, објавен во весникот "Дневник" на 7.5.2011 година, се пријави само Анита КУЗМАНОВСКА. Врз основа на поднесените материјали предвидени со условите на конкурсот, го доставуваме до Наставно-научниот совет следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Анита КУЗМАНОВСКА е родена на 4.2.1967 година во Скопје. Основнообразование завршила во Агадир, Мароко, додека средното образование го завршила во Ница, Франција, во учебната 1985/86 година. По доаѓањето во Скопје, кандидатката се запишала во учебната 1986/87 г. на групата за романски јазици и книжевности на Филолошкиот факултет во Скопје. Студиите по француски јазик и книжевност под "А" и италијански јазик и книжевност под"Б" ги завршилаво 1990 година со средна оценка 8,72. Кандидатката ги студирала паралелно и двете насоки - наставната и преведувачката.

Во февруари 1993 година кандидатката се вработила како лектор по француски јазик на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје каде што и денес ја врши истата должност.

### НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Анита Кузмановска со успех изведува лекторска настава по француски јазик на групата за француски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет. Кандидатката била ангажирана во изведувањето на лекторски часови по француски јазик за студентите од сите години на групата за француски јазик и книжевност и на Катедрата за преведување и толкување. Освен лекторска настава по француски јазик, Анита Кузмановска изведува и настава по преведување од македонски на француски јазик и за двете катедри.

На постдипломските студии по *Јазици, бизнис и меѓународна трговија* што нашиот Факултет ги организира заедно со Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје и со Универзитетот во Орлеан, Франција, Анита Кузмановска била ангажирана за изведување настава по деловен француски јазик.

Кузмановска била ангажирана и во подготовките на романистички претстави во рамките на вонnаставната активност на студентите по француски јазик јазик при Катедрата.

Анита Кузмановска е франкофон кој поголемиот дел од своето образование го стекнал на француски јазик.

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Освен со наставна дејност, кандидатката КУЗМАНОВСКА се занимава и со стручно-научна работа од областа на француско-македонските јазични сопоставувања и пошироко, како и со преведување на литературни текстови од француски на македонски јазик. При претходниот избор биле рецензирани три труда на кандидатката, и тоа два за транскрипција на личните имиња и топонимите од француски на македонски јазик и еден труд - превод на делото на Бекет *Пеплишта*.

Во извештајниот период кандидатката го објавила трудот *Мал речник на растенијата* (француско-македонски), кој претставува тематски речник од областа на ботаниката со кој се покрива една празнина во македонско-француската лексикографија.

Во својата професионална работа, Анита Кузмановска не го запоставува ни научното усовршување. По положувањето на испитите од постдипломските студии, кандидатката е во фаза на изработка на магистерскиот труд под наслов *Еуфемизтите во францускиот и во македонскиот јазик.*

Во изминатиот период Анита Кузмановска на повеќе наврати реализирала стручни претстои во странство, и тоа два месеца во Стразбур, Франција и два еднонеделни престоја за обука на професори по француски јазик организирани од страна на Регионалниот франкофонски центар за Централна и Источна Европа ЦРЕФЕЦО (тело на Меѓународната организација на франкофонијата) во Софија, Бугарија. Кандидатката присуствувала и на неколку семинари за професори по француски јазик одржани во Скопје.

Анита Кузмановска учествувала повеќепати и на Семинарот организиран од страна на Амбасадата на Франција во Македонија за професори по француски јазик од основните и средните училишта во Република Македонија, во својство на предавач по француска фонетика и креативност во писменото изразување на француски јазик.

Вклучувајќи се и во активностите поврзани со новите информациско-комуникациски технологии, Анита Јовановска учествува и во анимирање на блогот www.macedoine_info.blogspot.com каде штосе објавуваат преводите на студентите од Катедрата за романски јазици и книжевности и од Катедрата за преведување и толкување.

## ЗАКЛУЧОК

Во досегашната работа како лектор, Анита Кузмановска успешно ги применува современите наставни методи за предавање на странски јазици, додека своето широко познавање на современата француска цивилизација и култура, како и на

фактите од историјата на францускиот народ, Кузмановска го вградува во напорите да им помогне на студентите да навлезат во сите финеси на различните општествени, стручни, регионални и стилски облици на францускиот јазик. Впрочем, и бројот на освоени поени од рангирањето, вкупно 82,06, кој е поголем за повеќе од два и пол пати од потребниот, ги потврдува изнесените констатации.

Кандидатката Анита Кузмановска во досегашната наставна и стручно-научна работа се потврдила како солиден наставник и познавач на францускиот јазик, литература и култура, што ни дава за право да му препорачаме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет да ја избере Анита КУЗМАНОВСКА во звањето лектор по француски јазик.

Членови на Рецензентската комисија :

1. Д-р Звонко Никодиновски, редовен професор, с.р.

________________________________

1. Д-р Мира Трајкова, вонреден професор, с.р.

________________________________

2. М-рСлободанка Колемишевска, виш лектор, с.р.

________________________________

Анекс 2

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО- СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

Кандидат : **Анита Стојан КУЗМАНОСКА**
Институција: Филолошки факултет "Блаже Конески" - Скопје
Научна област: рманистика

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

**Одржана настава во прв циклус**

| | | |
|---|---|---|
| | Француски јазик 7, 1+2 зимски, 2007/2008 | 1,2 |
| | Француски јазик 1, 0+2 зимски, 2007/2008 | 1,2 |
| | Практика на преведување од македонски на француски јазик 1 (заедно со студентите од ПиТ-јазик Б), 0+4 зимски, 2007/2008 | 2,4 |
| | Преведување од македонски на француски јазик 3 (Катедра за преведување и толкување-јазик Б) 0+4 зимски, 2007/2008 | 2,4 |
| | Француски јазик 1 (Катедра за преведување и толкување - јазик В), 0+2, зимски, 2007/2008 | 1,2 |
| | Француски јазик 8, 0+2 летен, 2007/2008 | 1,2 |
| | Француски јазик 2, 0+2 летен, 2007/2008 | 1,2 |
| | Практика на преведување од македонски на француски јазик 2 (заедно со студентите од ПиТ-јазик Б), 0+4, летен, 2007/2008 | 2,4 |
| | Преведување од македонски на француски јазик 4 (Катедра за преведување и толкување-јазик Б), 0+4, летен, 2007/2008 | 2,4 |
| | Француски јазик 2 (Катедра за преведување и толкување - јазик В), 0+2, летен, 2007/2008 | 1,2 |
| | **Вкупниот број поени во зимскиот и летниот семестар 2007/2008** | **16,8** |
| | Француски јазик 1, 0+4, зимски, 2008/2009 | 2,4 |
| | Практика на преведување од македонски на француски јазик 3 (заедно со студентите од ПиТ-јазик Б), 0+4, зимски, 2008/2009 | 2,4 |
| | Преведување од македонски на француски јазик 1 (Катедра за преведување и толкување -јазик Б), 0+3, зимски, 2008/2009 | 1,8 |
| | Преведување од македонски на француски јазик 3 (Катедра за преведување и толкување -јазик Б), 0+1,зимски, 2008/2009 | 0,6 |
| | Француски јазик 1 (Катедра за преведување и толкување -јазик В), 0+2, зимски, 2008/2009 | 1,2 |
| | Француски јазик 3 (Катедра за преведување и толкување -јазик В), 0+2, зимски, 2008/2009 | 1,2 |
| | Француски јазик 2, 0+4, летен, 2008/2009 | 2,4 |
| | Практика на преведување од македонски на француски јазик 4 (заедно со студентите од ПиТ-јазик Б), 0+4, летен, 2008/2009 | 2,4 |
| | Преведување од македонски на француски јазик 2 (Катедра за преведување и толкување -јазик Б), 0+3, летен, 2008/2009 | 1,8 |
| | Преведување од македонски на француски јазик 4 (Катедра за преведување и толкување – јазик Б), 0+1, летен, 2008/2009 | 0,6 |

| | | |
|---|---|---|
| | Француски јазик 2 (Катедра за преведување и толкување -јазик В), 0+ 2, летен, 2008/2009 | 1,2 |
| | Француски јазик 4 (Катедра за преведување и толкување -јазик В), 0+2, летен, 2008/2009 | 1,2 |
| | **Вкупниот број поени во зимскиот и летниот семестар 2008/2009** | **19,2** |
| | Француски јазик 3, 0+4, зимски, 2009/2010 | 2,4 |
| | Практика на преведување од македонски на француски јазик 3 (заедно со студентите од ПиТ-јазик Б), 0+4, зимски, 2009/2010 | 2,4 |
| | Преведување од македонски на француски јазик 1 (Катедра за преведување и толкување -јазик Б), 0+3, зимски, 2009/2010 | 1,8 |
| | Француски јазик 1 (Катедра за преведување и толкување-јазик В), 0+4, зимски, 2009/2010 | 2,4 |
| | Француски јазик 4, 0+4, летен, 2009/2010 | 2,4 |
| | Практика на преведување од македонски на француски јазик 4 (заедно со студентите од ПиТ-јазик Б), 0+4, летен, 2009/2010 | 2,4 |
| | Преведување од македонски на француски јазик 2 (Катедра за преведување и толкување -јазик Б), 0+3, летен, 2009/2010 | 1,8 |
| | Француски јазик 2 (Катедра за преведување и толкување -јазик В), 0+4, летен, 2009/2010 | 2,4 |
| | **Вкупниот број поени во зимскиот и летниот семестар 2009/2010** | **18** |
| | Француски јазик 7, 0+4, зимски, 2010/2011 | 2,4 |
| | Практика на преведување од македонски на француски јазик 3, 0+4, зимски, 2010/2011 (заедно со студентите од ПиТ-јазик Б) | 2,4 |
| | Преведување од македонски на француски јазик 3, 0+2, зимски, 2010/2011 (Катедра за преведување и толкување -јазик Б) | 1,2 |
| | Француски јазик 1, 0+4, зимски, 2010/2011 (Катедра за преведување и толкување -јазик В) | 2,4 |
| | Француски јазик 8, 0+4, летен, 2010/2011 | 2,4 |
| | Практика на преведување од македонски на француски јазик 4, 0+4, летен, 2010/2011 (заедно со студентите од ПиТ-јазик Б) | 2,4 |
| | Преведување од македонски на француски јазик 4, 0+2, летен, 2010/2011 (Катедра за преведување и толкување -јазикБ) | 1,2 |
| | Францускијазик 2, 0+4, летен, 2010/2011 (Катедра за преведување и толкување -јазикВ) | 2,4 |
| | **Вкупниот број поени во зимскиот и летниот семестар 2010/2011** | **16,8** |
| | **Вкупно** | **70,8** |

**Консултации со студенти**

| | | |
|---|---|---|
| | Зимски семестар 2007/2008 / ~ 20 студенти | 0,04 |
| | Летен семестар 2007/2008 / ~ 20 студенти | 0,04 |
| | Зимски семестар 2008/2009 / ~ 20 студенти | 0,04 |
| | Летен семестар 2008/2009 / ~ 20 студенти | 0,04 |
| | Зимски семестар 2009/2010 / ~ 30 студенти | 0,06 |
| | Летен семестар 2009/2010 / ~ 30 студенти | 0,06 |
| | Зимски семестар 2010/2011 / ~ 20 студенти | 0,04 |
| | Летен семестар 2010/2011 / ~ 20 студенти | 0,04 |
| | **Вкупно** | **0,36** |

**Настава во летни школи и работилници**

| | | |
|---|---|---|
| | Од 10- 14 мај , 2010 год., Софија (Бугарија): Учество на работен семинар за обука на наставници на тема: "Францускиот јазик на струката" | 1 |
| | 22 и 23 октомври 2010 год., Скопје: Учество на работен семинар за универзитетската дидактика, на тема: *Approche actionnelle(Акционен пристап во наставата)* | 1 |
| | Од 7 до 9 јули 2010 год., Скопје: Работен семинар за професори по француски јазик на тема: "Евалуација на испитите за стекнување на дипломите DELF/DALF. | 1 |
| | Од 11 до 15 април 2011 год., Софија (Бугарија): Учество на работен семинар за обука на наставници на тема: *Развивањекомпетенциите за усно изразување* | 1 |
| | **Вкупно** | **4** |

**Други активности**

| | | |
|---|---|---|
| | Зимски и летен семестар 2010/2011<br>Одржување на вежби по преведување ( Анимирање на блог на којшто се поставуваат преводите) | **0,9** |

**ВКУПНО 76,06**

## СТРУЧНО- АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | Двојазичен речник на растенија | **6** |
| | **Вкупно** | **6** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | ПОЕНИ |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **76,06** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **6** |
| **Вкупно:** | **82,06** |

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Звонко Никодиновски, редовен професор, с.р.

---------------------------------------------------------------

2. Д-р Мира Трајкова, вонреден професор, с.р.

---------------------------------------------------------------

3. М-р Слободанка Колемишевска, виш лектор, с.р.

---------------------------------------------------------------

# Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА **ЛЕКТОР ПО РОМАНСКИ ЈАЗИК**

ПРИ КАТЕДРАТА ЗА РОМАНСКИ ЈАЗИЦИ И КНИЖЕВНОСТИ

НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

На својата 17. редовна седница одржана на 18.5.2011 година, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје нè избра за членови на Рецензентската комисијата во врска со пријавата на Елена-Јоана АТАНАСОВА-НИКУЛЕСКУ за избор во звањето лектор по романски јазик. На конкурсот објавен во весникот "Нова Македонија" на 7.5.2011 година, се пријави само Елена-Јоана АТАНАСОВА-НИКУЛЕСКУ. Врз основа на поднесените материјали предвидени со условите на конкурсот, го доставуваме до Наставно-научниот совет следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Елена-Јоана АТАНАСОВА-НИКУЛЕСКУ е родена на 25.2.1947 година во Букурешт, Романија. По завршувањето на основното училиште, средното образование го завршила во познатата гимназија "Матеј Басараб" во родниот град за да се запише потоа на двогодишна постгимназиска специјализација по стенодактилографија. Специјализацијата ја завршила со среден успех 8,25 и се стекнала со звањето стенодактилограф за романски, француски и англиски јазик. Од 1972 година живее и работи во Скопје. По доаѓањето во Скопје кандидатката се запишала на Филолошкиот факултет на групата за романски јазици и книжевности и во 1980 година ги завршила студиите со среден успех 8,68. Во текот на учебните 1978/79 и 1979/80 година престојувала во Франција, каде што го придружувала својот сопруг кој ја вршел должноста лектор по македонски јазик на Националниот институт за ориентални јазици и цивилизации во Париз. На оваа високошколска институција кандидатката посетувала настава во рамките на студиската програма од D.R.E.A. по романски јазик. Во 1982 година кандидатката се вработила како лектор по романски јазик на Филолошкиот факултет во Скопје каде и денес ја обавува истата должност.

Во наставната дејност е вклучена со изведување настава по романски јазик и тоа како трет студиум, како втор судиум а од учебната 2010/2011 година и како прв студиум. Освен тоа,кандидатката изведувала и настава по романски јазик и за студентите од постдипломските студии по македонски јазик.

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Елена-Јоана Атанасова-Никулеску со успех ги води лекторските часови по романски јазик како трет студиум (предмет под "Ц") и како втор студиум

(под "Б"), а од учебната 2010/2011 година и како прв студиум(под "А") на Филолошкиот факултет. Од учебната 1987/88 година кандидатката ја изведува и наставата по романски јазик за студентите на постдипломски студии по македонски јазик. Од учебната 2006/2007 наваму Атанасова-Никулеску учествувала во подготовките за подигнување на студиите по романски јазик и книжевност на ниво на четиригодишни студии и во изработката на студиските и предметните програми за тие студии. Во учебната 2010/2011 година Елена Атанасова била член на комисија за одбрана на дипломски труд од областа на споредбената граматика на романските јазици .

Освен во наставната дејност, Атанасова била ангажирана и во подготвувањето романистички претстави во рамките на вонnаставната активност на студентите по романски јазик при Катедрата.

Кандидатката Елена-Јоана Атанасова-Нукулеску е изворен говорител на романскиот јазик, а освен тоа на тој јазик се здобила и со сите редовни школски степени во образованието.

Во досегашната работа како лектор, Елена Атанасова успешно ги применува современите наставни методи за предавање на странски јазици, додека своето широко познавање на современата романска цивилизација и култура, како и на фактите од историјата на романскиот народ, Атанасова го вградува во напорите да им помогне на студентите да навлезат во сите финеси на различните општествени, стручни, регионални и стилски облици на романскиот јазик.

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Освен со наставна дејност, кандидатка Атанасова-Никулеску се занимава и со стручно-научна работа од областа на романско-македонските јазични сопоставувања и пошироко, како и со преведување на литературни текстови и филмови од романски на македонски јазик и обратно. Досега има објавено десетина трудови кои биле рецензирани при претходните избори на кандидатката.

Елена Атанасова-Никулеску учествувала со реферат на научниот собир "Македонскиот јазик во јавното општење".

По нејзиниот последен реизбор, Елена Атанасова-Никулеску има учествувано, во соработка, врз работата на книгата *Шестојазичен речник (македонски, француски, италијански, романски, шпански, англиски)*, кој содржи 940 страници и во него се обработени над 10.000 влезни единици. ЕленаАтанасова-Никулескујаимаобработенокоректноикомпетентнороманскатапаралелаворечникот.

Елена Атанасова-Никулеску учествувала со реферат на тркалезна маса во Синаја, Романија, во 2010 година, на тема *Романската литература во егзил (Мирчеа Елијаде, Емил Чоран, Еуџен Јонеску).*

Во извештајниот период кандидатката има извршено и превод на романот "Големата вода"од Живко Чинго на романски јазик, кој засега не е објавен.

**ЗАКЛУЧОК**

КандидаткатаЕлена-ЈоанаАтанасова-Никулескуводосегашнатанастав-наистручно-научнаработасепотврдилакакосолиденнаставникипознавачнароманскиотјазик, литератураицивилизација и за своите активности од извештајниот период има освоено **56,2 поена**, речиси двојно повеќе од неопходниот број поени.

Имајќи ги предвид квалитетите и остварувањата на кандидатката, му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет да ја избере Елена-Јоана АТАНАСОВА- НИКУЛЕСКУ во звањето лектор по романски јазик.

Членови на Рецензентската комисија

Д-р Звонко Никодиновски, редовен професор, с.р.

Д-р Маргарита Велевска, редовен професор, с.р.

Д-р Мирјана Алексоска-Чкатроска, вонреден професор, с.р

АНЕКС 2

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Елена-Јоана Раду Атанасова-Никулеску**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Филолошки факултет „Блаже Конески"- Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: романистика**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Романски јазик 2, 0+4, летен 2007/2008 | 2,4 |
| | Романски јазик 4, 0+4, летен 2007/2008 | 2,4 |
| | Романски јазик 6, 0+4, летен 2007/2008 | 2,4 |
| | Романски јазик 1, 0+4, зимски 2008/2009 | 2,4 |
| | Романски јазик 3, 0+4, зимски 2008/2009 | 2,4 |
| | Романски јазик 5, 0+4, зимски 2008/2009 | 2,4 |
| | Романски јазик 2, 0+4, летен 2008/2009 | 2,4 |
| | Романски јазик 4, 0+4, летен 2008/2009 | 2,4 |
| | Романски јазик 6, 0+4, летен 2008/2009 | 2,4 |
| | Романски јазик 1, 0+4, зимски 2009/2010 | 2,4 |
| | Романски јазик 3, 0+4, зимски 2009/2010 | 2,4 |
| | Романски јазик 5, 0+4, зимски 2009/2010 | 2,4 |
| | Романски јазик 2, 0+4, летен 2009/2010 | 2,4 |
| | Романски јазик 4, 0+4, летен 2009/2010 | 2,4 |
| | Романски јазик 6, 0+4, летен 2009/2010 | 2,4 |
| | Романски јазик 1, 0+4, зимски 2010/2011 една група Јазик под Ц | 2,4 |
| | Романски јазик 1, 0+4, зимски 2010/2011 втора група јазик под Ц | 2,4 |
| | Романски јазик 1, 0+6, зимски 2010/2011за јазик под А | 2,4 |
| | Романски јазик 3, 0+4, зимски 2010/2011 | 2,4 |
| | Романски јазик 5, 0+4, зимски 2010/2011 | 2,4 |
| | Романски јазик 2, 0+4, летен 2010/2011 една група Јазик под Ц | 2,4 |
| | Романски јазик 2, 0+4, летен 2010/2011 втора група Јазик под Ц | 2,4 |
| | Романски јазик 2, 0+6, летен 2010/2011јазик под А | 2,4 |
| | Член на комисија за оцена и одбрана на дипломски труд | 0,1 |
| | **Вкупно** | 55,3 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учество со реферат на научниот собир „Македонскиот јазик во јавното општење" | 1 |
| 2. | Коавтор на *Шестојазичен речник* (македонски, француски, италијански, романски, шпански, англиски), во издание на „Европа" | 3 |
| 3. | Предавање на научен собир со меѓународно учество во Синаја, Романија, на тема *Романската литература во егзил (Мирчеа Елијаде, Емил Чоран, Еуџен Јонеску)* | 3 |
| 4. | Превод на романот „Големата вода" од Живко Чинго | 2 |
| | **Вкупно** | 9 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 55,3 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 9 |
| **Вкупно** | 56,2 |

Членови на комисијата

1. Д-р Звонко Никодиновски, редовен професор с.р.

---------------------------------------------------------

2. Д-р Маргарита Велевска, редовен професор с.р.

---------------------------------------------------------

3. Д-р Мирјана Алексоска–Чкатроска, вонреден професор с.р.

---------------------------------------------------------

# Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТИТЕ ***ТЕОРИЈА НА ПРЕВЕДУВАЊЕТО И ТОЛКУВАЊЕТО, ПРЕВЕДУВАЊЕ ОД ФРАНЦУСКИ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК*** И ***КОНТРАСТИВНА ГРАМАТИКА НА ФРАНЦУСКИОТ И НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК*** НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет, на својата седумнаесетта редовна седница одржана на 18.5.2011г., нè избра за членови на Рецензентската комисија во врска со пријавата на д-р Ирина Бабамова на конкурсот објавен на 23-25 април 2011 г. во весникот „Нова Македонија“ за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите теорија на преведувањето и толкувањето, преведување од француски на македонски јазик и контрастивна граматика на францускиот и на македонскиот јазик.

Во врска со тоа, Комисијата во состав: проф.д-р Петар Атанасов, редовен професор, проф. д-р Звонко Никодиновски, редовен професор и проф. д-р Драги Михајловски, редовен професор, има чест на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ да му го предложи следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс се пријави само кандидатката д-р Ирина Бабамова, доцент на Катедрата за романски јазици и книжевности на групата за француски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

## Биографски податоци

Ирина Бабамова е родена во Скопје на 6 април 1969 год. Основно и средно образование завршила во Скопје. Во 1986/87 год. ги започнала студиите по француски јазик и книжевност на Универзитетот во Конакри, Република Гвинеја (Африка), и по завршувањето на првата година ги продолжила на Филолошкиот факултет во Скопје, на групата за француски јазик и книжевност каде што дипломирала во 1990 година, стекнувајќи се со звањето: *професор по француски јазик и книжевност и дипломиран филолог – преведувач по француски јазик.* На истиот Факултет ги завршува и студиите по македонски јазик како втор главен предмет во 1996 год.

Во јуни 1992 год. е избрана за помлад асистент по предметите теорија и практика на преведувањето и контрастивна анализ на францускиот и на македонскиот јазик на Катедрата за романски јазици и книжевности на Филолошкиот факултет во Скопје.

Постдипломски студии од областа на францускиот јазик (насока за јазик) студирала на Филолошкиот факултет во Белград (1991/92 год.) и на Филолошкиот факултет во Скопје (по отворањето вакви студии во 1992/1993 год.). Во февруари 1999 год., на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје го одбранила својот магистерски труд под наслов *Фактитивноста во францускиот и во македонскиот јазик.*

На 23 мај 2006 год. на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје ја одбранила својата докторска дисертација под наслов *Парасеинтетската деривација во францускиот и во македонскиот јазик.*

Во 2006 год., д-р Ирина Бабамова е избрана во звањето доцент по предметите *теорија и практика на преведувањето* и *контрастивна анлиза на францускиот и на македонскиот јазик* на групата за француски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

Како оформен романист и, истовремено, македонист, д-р Ирина Бабамова, со одлука на Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје од февруари 2007 год. е именувана за лектор по македонски јазик на *Националнот институт за ориентални јазици и цивилизации* (INALCO) во Париз, Франција, за периодот од октомври 2007 до октомври 2009 год. По успешното завршување на двегодишниот мандат како лектор, таа продолжува да работи како доцент на Катедрата за романски јазици и книжевности и на Катедрата за преведување и толкување при Филолошкиот факуктет „Блаже Конески" во Скопје.

Од своето вработување до денес, д-р Ирина Бабамова континуирано врши значајни активности на Факултетот. Во периодот 1997-2005 год. била многу успешен секретар во четири мандати на Одборот за постдипломски студии по јазик на групите за странски јазици, албански јазик и турски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во период кога се усвоени новите студиски планови и програми. Била член, секретар и претседател на организациони и научни одбори на домашни и меѓународни научни собири во земјата и во странство. Била член на комисии за одбрана на магистерски и докторски трудови, како и член на повеќе комисии за одбрана на дипломски трудови на студенти од Катедрата за романски јазици и книжевости, како и од Катедрата за преведување и толкување. Освен тоа, била член и на комисии за одбрана на МАСТЕР-трудови од областа на македонскиот јазик и книжевност одбранети на *Одделот за централна и источна Европа* при ИНАЛКО во Париз.

За својата посветена работа на полето на промовирањето на францускиот деловен јазик и деловна терминологија во Македонија, како за континуираното учество (1995-2006 год.) со свои студенти во меѓународниот натпревар ***„Le mot d'or"*** („Златен збор"), во 2008 год. д-р Ирина Бабамова е одликувана со француското почесно признание и медал „ ***Le mot d'or*** " што ги доделува француската ***Асоцијацција за промоција на францускиот деловен јазик*** **(APFA)**, чиј покровител е Меѓународната организација за франкофонија (OIF) со седиште во Париз.

За својата преведувачка дејност од француски на македонски јазик, д-р Ирина Бабамова ја добива наградата ***„Златно перо"*** за литературен превод за 1996 год. , а во 2003 год. наградата ***„Божидар Настев"*** за најуспешен превод на македонски јазик во 2003 год. на дело од светската книжевност. Овие награди ги доделува Сојузот на книжевните прведувачи на Р. Македонија.

Д-р Ирина Бабамова е член на Centre d'études balkaniques (*Центарот за балкански студии*) при ИНАЛКО во Париз. Член е на Сојузот на книжевните преведувачи на Р. Македонија и член е на *Националната комисија за франкофонија* при Владата на РМ во периодот од 2009 год. до денес.

Д-р Бабамова е претседател на Здружението на професорите по француски јазик на Република Македонија во периодот од 2009 год. до денес.

**Активности на д-р Ирина Бабамова по изборот во звањето *доцент*:**
**Наставно-образовна дејност**

I. Во периодот од изборот во звањето *доцент* до денес, д-р Ирина Бабамова вршела наставно-образовна дејност на следниве две високообразовни институции: **Филолошкиот факултет „Блаже Конески“** и на **Националнот институт за ориентални јазици и цивилизации (INALCO)** (2007/08 и 2008/09) во Париз, Франција.

1. Во рамките на наставно-образовната дејност од првиот циклус студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, д-р Ирина Бабамова ја изведувала додипломската настава (теориска и практична настава и испити) по следниве предмети од студискиот план на Катедрата за романски јазици и книжевности и на Катедрата за преведување и толкување: *контрастивна анализа на француските и на македонскиот јазик* 1, 2; *теорија на преведување и толкување* 1, 2; *практика на преведување од француски на македонски јазик* 1,2,3,4; *преведување од француски на македонски јазик* 1,2,3,4; *техники на бележење* при консекутивното толкување.

Во моментов д-р Ирина Бабамова е ангажирана со 14 часа неделно во зимскиот семестар и со 12 часа неделно во летниот семестар.

Во рамките на постдипломските студии, изведувала настава по предметите *француски деловен јазик* за студентите на МАСТЕР-студиите по *Јазици, бизнис и меѓународна трговија* во учебните 2007/2008 и 2008/2009 год., а во учебната 2010/2011 го водела курсот по предметите *современи преведувачки теории* и *француско-македонски контрастивни теми (францускиот глагол FAIRE)* за студентите на постдипломски студии на насоката по јазик.

Како доцент на Катедрата за романски јазици и книжевности учествувала во работата на работните групи за подготовка на модуларните студиски програми според ЕКТС за групата за француски јазик и книжевност, како и во изготвувањето предметни програми за предмети од додипломските, постдипломските и докторските студии на оваа Катедра.

Во рамките на наставно-образовниот процес изведувала консултативни активности во врска со изработка на семинарски и дипломски работи на студентите и учествувала во работата на испитни комисии.

2. Наставно-образовна дејност на **Националниот институт за ориентални јазици и цивилизации (ИНАЛКО)** во Париз, д-р Ирина Бабамова изведувала во текот на учебните 2007/2008 и 2008/2009 година. Како лектор по македонски јазик на додипломските студии на Одделот за македонски јазик изведувала теориска и практична настава, како и испити по предметите: *граматика на македонскиот јазик; преведување од француски на македонски и од македонски на француски јазик*; *усно и писмено изразување на македонски јазик*; *јазикот на медиумите; историја на македонскиот јазик; историја на македонската литература.*

На МАСТЕР 1- студиите по македонски јазик на ИНАЛКО во текот на учебните 2007/2008 и 2008/2009 изведувала настава и испити по предметот *дијалектологија на македонскиот јазик* (теориска настава), а била поканета да одржува предавања и на семинарите по македонска книжевност за студентите на МАСТЕР 2 – студиите по македонска книжевност.

Д-р Ирина Бабамова била ангажирана во наставата на ИНАЛКО со 13,5 часа неделно (1час = 60 мин.), распоредени во 6 семестри додипломски студии и два семестри МАСТЕР 1 - студии.

II. Освен наставно-образовна дејност на овие две високообразовни институции во Скопје и во Париз, д-р Ирина Бабамова, во соработка со Службата за јазична соработка при Француската амбасада во Македонија и Министерството за образование и наука на РМ, во април 2007 организирала и одржала обука за универзитетски и средношколски професори по француски јазик на тема: ***„Conception de tests conformes aux Cadre européen commun de référence pour les langues (CECRL)“ („Составување тестови во согласност со Заедничката европска рамка за референција за јазиците (ЗЕРРЈ)“)*** . На покана на Службата за јазична соработка при Француската амбасада во Македонија, ваква обука одржала и во рамките на летната школа „Université d'été“ во Струга во јуни 2007 год.

## Научноистражувачка дејност

Од изборот во звањето *доцент* до денес, д-р Ирина Бабамова учествувала на повеќе симпозиуми со меѓународно учество, на научни конференции, тркалезни маси и на научни собири во Македонија и во странство (Франција, Бугарија) со теми од областа на контрастивното проучување на францускиот и на македонскиот јазик како и од областа на теоријата на преведувањето. Овие два домена се изделуваат како две главни полиња на нејзиниот научен интерес.

Бројните научни статии што д-р Бабамова ги објавила во домашни и меѓународни списанија се одликуваат со висок степен на научност и разновидност на темите од доменот на контрастивната граматика и преведувањето. Трудовите со контрастивна јазична тематика ги илустрираат јазичните разлики и тешкотии со кои се среќаваат македонските изучувачи на францускиот јазик и претставуваат солидна основа за понатамошни продлабочени проучувања од овој домен. Трудовите, пак, посветени на преведувањето и на преводите ја разгледуваат оваа проблематика како парадигма на интеркултурниот дијалог помеѓу Франција и Македонија. Трудовите од нејзините учества на научни собири се објавени во печатени и во електронски зборници од тие собири. (Види Анекс 2- образец кон овој извештај)

Особено значајно научноистражувачко остварување од доменот на контрастивната француско-македонска граматка, во кое авторката успешно ги согледала и контрастивно ги прикажала морфосинтаксичките обележја и соодветните системски разлики помеѓу двата јазика, е монографијата на д-р Ирина Бабамова на тема *Фактитивноста во францускиот и во македонскиот јазик* објавена 2010 год., во издание на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. „Со самото тоа што овој труд претставува прва одделна студија со ваква тематика, тој ја потврдува својата научна оригиналност и претставува значаен придонес кон македонско-францускатa контрастивна лингвистика и воопшто кон контрастивната лингвистика“ (од рецензентите на трудот: д-р П. Атанасов, д-р М. Велевска)

Како ценет и веќе афирмиран познавач на состојбите во теоријата, историјата и практиката на преведувањето, д-р И. Бабамова е поканета да учествува во повеќегодишниот меѓународен научноистражувачки проект на тема *L'Histoire de la traduction en Europe médiane* што се изготвува во *Centre d'études de l'Europe médiane* при ИНАЛКО во Париз (започнат 2009 г. -...). Исто така е поканета и во националниот научноистражувачки проект на тема *Интеркултурна историја на македонската литература* при Институтот за македонска литература во Скопје (започнат 2010 г.-...).

Во 2010 год., д-р Бабамова е поканета да учествува како член на научниот одбор на меѓународниот симпозиум на тема *Le français de demain : enjeux éducatifs et professionnels*, во организација на Регионалниот франкофонски центар за Централна и Источна Европа (CREFECO) што е одржан во Софија на 28-30 октомври 2010 год.

Била иницијатор и претседател на Организациониот одбор за научниот собир на тема *Францискиот јазик и литература во образовниот систем на Република македонија: состојби и перспективи*, одржан на 12-13 ноември 2010 г. во Скопје, во соработка помеѓу Здружението на професорите по француски јазик на РМ и Катедрата за романски јазици и книжевности на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

Благодарение на нејзината соодветна научна подготвеност таа била член на рецензентски комисии за оцена и одбрана на мастер - трудови на ИНАЛКО во Париз, како и на магистерски труд и докторска дисертација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје. Била рецензент и на научни книги од областа на контрастивното проучување на францускиот и на македонскиот јазик во издание на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

## Стручно-апликативна дејност

Од активностите што д-р Ирина Бабамова ги остварила на стручен план од изборот за *доцент* до денес, може да се забележи дека таа систематски работи на своето стручно усовршување следејќи повеќе обуки од областа на францускиот јазик што се организирани во Регионалниот франкофонски центар за Централна и Источна Европа (CREFECO) во Софија, Бугарија. Таа континуирано работела и на осовременување на наставната материја по предметите од јазичен и преведувачки домен за кои е задолжена на Катедрата за романски јазици и книжевности и на Катедрата за преведување и толкување, соодветно задоволувајќи ги критериумите за современо студирање според европскиот кредит-трансфер систем.

За одбележување е дека д-р Ирина Бабамова остварила многу успешна соработка со меѓународната манифестација „Струшки вечери на поезијата", приопштувајќи препеви на македонски јазик на поетските остварувања на франкофонските учесници на оваа манифестација. Нејзините препеви се објавени во публикацијата на Струшките вечери на поезијата „Мостови". Во рамките на оваа соработка, д-р Ирина Бабамова била вклучена и во **преведувачката работилница** за превод на поезијата на наградени македонски поети од македонски на француски јазик.

Успешната преведувачката дејност на д-р Ирина Бабамова ја збогатуваат и, според критиката, извонредните преводи од француски на македонски јазик на современи француски романи, од кои две се наградени со престижната француска книжевна награда „Гонкур" за 2007 и 2009 год. „Преводот изобилува со бравурозно изведени синтаксички конструкции во кои со сета убавина изобликува и убавината на македонскиот јазик" (д-р М. Велевска, *Огледало* бр. 182 од 12.02.2011г.)

Преведувачката активност ѝ дава значаен белег на стручно-апликативната дејност на д-р Ирина Бабамова и ја вбројува меѓу особено ценетите преведувачи од француски на македонски јазик денес.

Во периодот од 2009 год. до денес, д-р Ирина Бабамова особено успешно ја извршува должноста претседател на Здружението на професорите по француски јазик на РМ, што може да се забележи од нејзините бројни активности за унапредување на изучувањето на францускиот јазик што таа ги иницирала и ги спровела за прв пат, меѓу кои позначајни се: Републичките натпревари за писмен состав на француски јазик за сите образовни нивоа во РМ, Републичкиот натпревар за диктат по француски јазик, културно-промотивните франкофонски вечери во Скопје (2009 и 2010 год.). Благодарение на нејзината успешна дејност, таа била поканета за член на комисија на натпреварите од доменот на францускиот јазик што ги организирал Францускиот центар за соработка „Жан Моне" при Француската амбасада во Скопје.

Значајно е да се одбележи дека д-р И. Бабамова била иницијатор за обновување на Договорот за соработка помеѓу Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (Филолошкиот факултет „Блаже Конески“) и ИНАЛКО за што го ажурирала и го превела на македонски јазик текстот на Договорот за соработка потпишан во јули 2009 год. од страна на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, проф. д-р Велимир Стојковски и претседателот на ИНАЛКО, проф. д-р Жак Легран (Договорот за соработка е објавен во изданието на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, *Универзитетски весник*, бр. 100, ноември 2009, стр. 14-15).

За одбележување е и тоа дека д-р Ирина Бабмова учествувала и совесно ги извршувала задолженијата во рамките на разни факултетски комисии. Таа е и редовен член на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на увидот во активностите на д-р Ирина Бабамова, Рецензентската комисија високо ја вреднува нејзината наставно-образовна дејност, научно-истражувачка дејност во доменот на контрастивното проучување на францускиот и на македонскиот јазик, и на теоријата на преведувањето и на толкувањето, како и стручно-апликативната дејност во доменот на преведувањето од француски на македонски јазик. Притоа, Комисијата заклучува дека кандидатката постигнала завидни резултати во доменот на својот професионален интерес и дека компетентно и квалитетно ја извршува наставната и научната работа.

Имајќи го предвид погоре изнесеното, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката ги исполнува сите услови за избор во повисоко наставно-научното звање и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже конески“ да ја избере д-р Ирина Бабамова во звањето вонреден професор по предметите ***контрастивна граматика на францускиот и на македонскиот јазик, теорија на преведувањето и толкувањето и преведување од француски на македонски јазик.***

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Петар Атанасов, редовен професор с.р.

____________________________

Д-р Звонко Никодиновски, редовен професор с.р.

____________________________

Д-р Драги Михајловски, редовен професор с.р.

____________________________

АНЕКС 2

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Ирина Александар Бабамова**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **теорија на преведувањето и толкувањето; преведување од француски на македонски јазик; контрастивна граматика на францускиот и на македонскиот јазик.**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава од прв циклус студии:** | |
| 1 | Теорија на преведувањето (2+0), зимски семестар 2006/07 | 1,2 |
| 2 | Практика на преведување од фр. на мак. јазик 1 (0+3), зимски семестар 2006/07 | 1,8 |
| 3 | Практика на преведување од фр. на мак. јазик 2 (0+3), зимски семестар 2006/07 | 1,8 |
| 4 | Преведување од француски на македонски јазик 1 (0+2), зимски семестар 2006/07 | 1,2 |
| 5 | Преведување од француски на македонски јазик 3 (0+3), зимски семестар 2006/07 | 1,8 |
| 6 | Контрастивна анализа на францускиот и на македонскиот јазик, (2+2), зимски семестар 2006/07 | 2,4 |
| 7 | Техники на бележење (0+2), зимски семестар 2006/07 | 1,2 |
| 8 | Теорија на преведување (2+0), летен семестар 2006/07 | 1,2 |
| 9 | Практика на преведување од фр. на мак. јазик 1 (0+3), летен семестар 2006/07 | 1,8 |
| 10 | Практика на преведување од фр. на мак. јазик 2 (0+3), летен семестар 2006/07 | 1,8 |
| 11 | Преведување од француски на македонски јазик 2 (0+2), летен семестар 2006/07 | 1,2 |
| 12 | Преведување од француски на македонски јазик 4 (0+3), летен семестар 2006/07 | 1,8 |
| 13 | Контрастивна анализа на францускиот и на македонскиот јазик, (2+2), летен семестар 2006/07 | 2,4 |
| 14 | Индивидуален проект (0+2)- консултативна настава | 0,9 |
| 15 | Граматика на македонскиот јазик 1 (3+0), зимски семестар 2007/08- ИНАЛКО, Париз | 1,8 |
| 16 | Писмено изразување и преведување од македонски на фр. јазик 1(0+2), зимски семестар 2007/08- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 17 | Преведување од фр. на мак. јазик 1 (0+2), зимски семестар 2007/08- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 18 | Усно изразување на македонски јазик (0+2), зимски семестар 2007/08- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 19 | Граматика на македонскиот јазик 2 (3+0), летен семестар 2007/08- ИНАЛКО, Париз | 1,8 |
| 20 | Писмено изразување и преведување од македонски на фр. јазик 2 (0+2), летен семестар 2007/08- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 21 | Преведување од фр. на мак. јазик 2 (0+2), летен семестар 2007/08- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 22 | Усно изразување на македонски јазик (0+2), летен семестар 2007/08- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 23 | Граматика на македонскиот јазик 3 (2+0), зимски семестар 2007/08- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 24 | Усно изразување на македонски јазик (0+2), зимски семестар 2007/08- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 25 | Јазикот на медуимите 1 (2+0), зимски семестар 2007/08- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 26 | Историја на македонската книжевност 1 (2+0), зимски семестар 2007/08- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 27 | Историја на македонскиот јазик 1 (2+0), зимски семестар 2007/08- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 28 | Граматика на македонскиот јазик 4 (2+0), летен семестар 2007/08- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 29 | Преведување од македонски на франц. јазик (0+2), летен семестар 2007/08- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 30 | Јазикот на медиумите 2 (2+0), летен семестар 2007/08- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 31 | Историја на македонскиот јазик 2 (2+0), летен семестар 2007/08- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 32 | Историја на македонската книжевност 2 (2+0), летен семестар 2007/08- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 33 | Преведување од мак. на фр. и писмено изразување 1 (0+2), зимски семестар 2007/08- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 34 | Тематско усно изразување на македонски јазик (0+2), зимски семестар 2007/2008- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 35 | Граматика на македонскиот јазик 1 (3+0), зимски семестар 2008/09- ИНАЛКО, Париз | 1,8 |
| 36 | Писмено изразување и преведување од македонски на фр. јазик 1(0+2), зимски семестар 2008/09- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 37 | Преведување од фр. на мак. јазик 1 (0+2), зимски семестар 2008/09- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 38 | Усно изразување на македонски јазик (0+2), зимски семестар 2008/09- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 39 | Граматика на македонскиот јазик 2 (3+0), летен семестар 2008/09- ИНАЛКО, Париз | 1,8 |
| 40 | Писмено изразување и преведување од македонски на фр. јазик 2 (0+2), летен семестар 2008/09- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 41 | Преведување од фр. на мак. јазик 2 (0+2), летен семестар 2008/09- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 42 | Усно изразување на македонски јазик (0+2), летен семестар 2008/09- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 43 | Граматика на македонскиот јазик 3 (2+0), зимски семестар 2008/09- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 44 | Усно изразување на македонски јазик (0+2), зимски семестар 2008/09- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 45 | Јазикот на медуимите 1 (2+0), зимски семестар 2008/09- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 46 | Историја на македонската книжевност 1 (2+0), зимски семестар 2008/09- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 47 | Историја на македонскиот јазик 1 (2+0), зимски семестар 2008/09- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 48 | Граматика на македонскиот јазик 4 (2+0), летен семестар 2008/09- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 49 | Преведување од македонски на франц. јазик (0+2), летен семестар 2008/09- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 50 | Јазикот на медиумите 2 (2+0), летен семестар 2008/09- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 51 | Историја на македонскиот јазик 2 (2+0), летен семестар 2008/09- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 52 | Историја на македонската книжевност 2 (2+0), летен семестар 2008/09- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 53 | Преведување од мак. на фр. и писмено изразување 1 (0+2), зимски семестар 2008/09- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 54 | Тематско усно изразување на македонски јазик 1 (0+2), зимски семестар 2008/09- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 55 | Преведување од мак. на фр. и писмено изразување 2 (0+2), летен семестар 2008/09- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 56 | Усно изразување (експозеа) (0+2), летен семестар 2008/09- ИНАЛКО, Париз | 1,2 |
| 57 | Теорија на преведувањето и толкувањето 1 (2+0), зимски семестар 2009/10 | 1,2 |
| 58 | (Практика на) Преведување од фр. на мак. јазик 1 (0+2), зимски семестар 2009/10 | 1,2 |
| 59 | Контрастивна анализа на францускиот и на македонскиот јазик 1, (2+2), зимски семестар 2009/10 | 2,4 |
| 60 | Техники на бележење (0+2), зимски семестар 2009/10 | 1,2 |
| 61 | Теорија на преведувањето и толкувањето 2 (2+0), летен семестар 2009/10 | 1,2 |
| 62 | (Практика на) Преведување од фр. на мак. јазик 2 (0+2), летен семестар | 1,2 |
| 63 | Контрастивна анализа на францускиот и на македонскиот јазик 2, (2+2), летен семестар 2009/10 | 2,4 |
| 64 | Теорија на преведувањето и толкувањето 1 (2+0), зимски семестар 2010/11 | 1,2 |
| 65 | Преведување од фр. на мак. јазик 1 (0+2), зимски семестар 2010/11 | 1,2 |
| 66 | (Практика на) Преведување од фр. на мак. јазик 3 (0+2), зимски семестар 2010/11 | 1,2 |
| 67 | Контрастивна анализа на францускиот и на македонскиот јазик 1, (2+2), зимски семестар 2010/11 | 2,4 |
| 68 | Техники на бележење (0+2), зимски семестар 2010/11 | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 69 | Теорија на преведувањето и толкувањето 2 (2+0), летен семестар 2010/11 | 1,2 |
| 70 | Преведување од француски на мак. јаз. 2 (0+2), летен семестар 2010/11 | 1,2 |
| 71 | (Практика на) Преведување од фр. на мак. јазик 4 (0+2), летен семестар 2010/11 | 1,2 |
| 72 | Контрастивна анализа на францускиот и на македонскиот јазик 2, (2+2), летен семестар 2010/11 | 2,4 |
| | **Одржување настава од втор циклус студии:** | |
| 73 | Дијалектологија на македонскиот јазик (2+0), зимски семестар 2007/08 - ИНАЛКО, Париз | 1,5 |
| 74 | Дијалектологија на македонскиот јазик (2+0), летен семестар 2007/08 - ИНАЛКО, Париз | 1,5 |
| 75 | Дијалектологија на македонскиот јазик (2+0), зимски семестар 2008/09 - ИНАЛКО, Париз | 1,5 |
| 76 | Дијалектологија на македонскиот јазик (2+0), летен семестар 2008/09 - ИНАЛКО, Париз | 1,5 |
| 77 | Француски деловен јазик (15 часа), зимски семестар 2008/2009 | 0,75 |
| 78 | Современи преведувачки теории (15 часа), зимски семестар 2010/11 | 0,75 |
| 79 | Француско-македонски контрастивни теми (францускиот глагол FAIRE) (менторска настава) | 0,3 |
| | **Настава во летни школи и работилници:** | |
| 80 | - април 2007 г., раководител на работилница на тема *"Conception de tests conformes au CECRL"*, на Филолошкиот факултет „Блаже конески" во Скопје; | 1,5 |
| 81 | - јуни 2007 г., обучувач на тема *"Conception de tests conformes au CECRL"*; на летната школа „Université d'été" во Струга организирана од Службата за јазична соработка при Француската амбасада во Македонија; | 1,5 |
| 82 | - август 2007, учесник во преведувачка работилница на „Струшките вечери на поезијата" | 1 |
| 83 | - октомври 2010, учесник во III семинар за универзитетска дидактика за француски како странски јазик на тема *L'approche actionnelle*, во организација на Француската амбасада во Македонија и Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје. | 1 |
| | **Одржување вежби (семинарски трудови):** | |
| 84 | Семинарски трудови 2006/2007 20 x 0,03 | 0,6 |
| 85 | Семинарски трудови 2007/2008 5 x 0,03 | 0,15 |
| 86 | Семинарски трудови 2008/2009 5 x 0,03 | 0,15 |
| 87 | Семинарски трудови 2009/2010 30 x 0,03 | 0,9 |
| 88 | Семинарски трудови 2010/2011 30 x 0,03 | 0,9 |
| | **Консултации со студенти:** | |
| 89 | Консултации со студенти 2006/07 (150 студенти) | 0,3 |
| 90 | Консултации со студенти 2007/08 (50 студенти) | 0,1 |
| 91 | Консултации со студенти 2008/09 (50 студенти) | 0,1 |
| 92 | Консултации со студенти 2009/10 (200 студенти) | 0,4 |
| 93 | Консултации со студенти 2006/07 (200 студенти) | 0,4 |
| | **Дипломски, магистерски и докторски дисертации:** | |
| 94 | Член на комисија за оцена и одбрана на докторат (1) | 0,5 |
| 95 | Член на комисија за оцена и одбрана на магистратура (1) | 0,3 |

| | | |
|---|---|---|
| 96 | Член на комисија за оцена и одбрана на МАСТЕР-труд, ИНАЛКО, Париз (специјалистичка работа) (x2) | 0,4 |
| 97 | Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа (x22) | 2,2 |
| 98 | Рецензент на универзитетскиот учебник *Инфинитивните конструкции во францускиот јазик и нивните еквиаленти во македонскиот јазик* од проф. д-р Маргарита Велевска. – Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2009. | 1 |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | 120,5 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Учесник во национален научен проект:** | |
| 1 | Учество во националниот истражувачки тим при Институтот за македонска книжевност во Скопје во врска со научниот проект *Интеркултурна историја на македонската литература*, за подготовка на делот посветен на француско-македонските и македонско-француските преводи (започнат 2010 г.) | 3 |
| | **Учесник во меѓународен научен проект:** | |
| 2 | Учество во меѓународниот истражувачки тим при ИНАЛКО (Париз) во врска со меѓународниот проект ***L'Histoire de la traduction en Europe médiane***, за делот посветен на историјата на преведувањето во Македонија, (започнат 2009 г.) | 5 |
| | **Монографија:** | |
| 3 | *Фактитивноста во францускиот и во македонскиот јазик*. – Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“ Скопје, 2010, 132 стр. | 8 |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание:** | |
| 4 | „Неодминлив научен труд од областа на семантиката и контрастивното проучување на францускиот и на македонскиот јазик“ (приказ на трудот: *Фигуративните значења на инсектите во францускиот и во македонскиот јазик* од Звонко Никодиновски, Штип, 2-ри Август, 2007, 521 стр.), во: *Годишен зборник* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“. – Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2008, кн.34, стр. 331-340. | 2 |
| 5 | „Од француско-македонските лингвистички истражувања„ (приказ на трудот на д-р Маргарита Велевска, *Инфинитивните конструкции во францускиот јазик и нивните еквиваленти во македонскиот јазик*. – Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2009 г., 257 страници). Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје: 2009, книга 35, 477-480. | 2 |
| 6 | „Преводи на македонски книжевни дела во франкофонскиот простор“ (1990-2010), во: *Годишен зборник* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2010, кн.36, | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | стр. 345-353. | |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен собир:** | |
| 7 | „Интерпретативната теорија на преведувањето", во: *Преведувањето од француски на македонски јазик и обратно*, Зборникот на трудови од симпозиумот одржан на 26.9.2005 г..- Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески", 2007, стр. 27-34. | 2 |
| 8 | „Контактот на јазиците и преведувањето", во Зборникот од научниот собир *Јазиците во контакт некогаш и денес*, одржан на 4 и 5 април 2007 г.- Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје, 2008, кн. 16, стр.32-37. | 2 |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор:** | |
| 9 | „La traduction en tant que paradigme du dialogue intreculturel: le cas franco-macedonien" in *IMPLICITES, STEREOTYPES, IMAGINAIRES*. - Paris : Editions des archives contemporaines, 2010, 79-85. | 3 |
| 10 | *Le français en Macédoine – tradition, actualité, tendances et perspectives in* Actes de la XXIIIe Biennale, Sofia, 29 octobre-1[er] novembre 2009. *http://www.biennale-lf.org/les-actes-de-la-xxiiie-biennale/42-interventions/67-irina-babamova.html* | 3 |
| | **Учество на научен/стручен собир со реферат:** | |
| 11 | 18-19 декември 2006 г. - учество на меѓународен симпозиум во организација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје по повод 60 години од своето постоење со реферат на тема: *Македонската преведена литература во франкофонскиот простор (1990-2006)*. | 1 |
| 12 | 4 и 5 април 2007 г.- учество на научниот собир *Јазиците во контакт некогаш и денес* во организација на Институтот за македонски јазик "Крсте Мисирков" во Скопје, со реферат на тема: *Контактот на јазиците и преведувањето.* | 1 |
| 13 | 7 април 2009 г. - учество на меѓународната научна средба посветена на проектот *Типологија на стандардизацијата во балканските јазици*, во организација на Центарот за балкански студии при ИНАЛКО во Париз, со воведно излагање на тема *Les recherches linguistiques macédoniennes dans le contexte linguistique balkanique et européen.* | 1 |
| 14 | 11-12 јуни 2009 г. учество на меѓународниот симпозиум на тема *ИМПЛИЦИТНО-СТЕРЕОТИП-ИМАГИНАРНО: Културната компонента во наставата по странски јазик.*, во организација на истражувачката екипа *PLIDAM (Pluralité des langues et des identités : didactique, acquisition, médiation)* при Одделот за централна и источна Европа на ИНАЛКО во Париз, со реферат на тема *La traduction en tant que paradigme du dialogue interculturel : le cas franco-macédonien* . | 1 |
| 15 | 29.10.- 01.11. 2009 г. - учество на 23. Биенале на францускиот јазик, одржано во Софија во организација на *L'association Biennale de la langue française*, со реферат на тема: *Le français en Macédoine – tradition, actualité, tendances et perspectives.* | 1 |
| 16 | 14-15 мај 2010г. - учество на меѓународниот научен собир на | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | соработка *Прв, втор, друг јазик: македонско-хрватски споредби,* одржан во Скопје, со реферат на тема: *Согледувања од наставата по македонски јазик како странски јазик за франкофонски говорители.* | |
| 17 | 17-19 јуни 2010 г. - учество на меѓународниот симпозиум на тема *Quelle didactique plurilingue et pluriculturelle en contexte mondialisé?,* во организација на истражувачката екипа *PLIDAM* при ИНАЛКО во Париз, со реферат на тема: *L'enseignement de la traduction face aux défis de la mondialisation* | 1 |
| 18 | 28-30 октомври 2010 г. - учество на меѓународниот симпозиум на тема *Le français de demain: enjeux éducatifs et professionnels,* во организација на CREFECO во Софија, Бугарија со реферат на тема: *L'acquisition de l'emploi des prépositions françaises par les apprenants macédoniens : le cas de la préposition « à »* | 1 |
| 19 | 12-13 ноември 2010 г - учество на научниот собир на тема *Францускиот јазик и литература во образовниот систем на Република Македонија: состојби и перспективи,* во организација на Здружението на професорите по француски јазик на РМ и Филолошкиот факултет „Блаже Конески" со реферат на тема: *L'apport de l'Association des professeurs de français dans la promotion du français en République de Macédoine.* | 1 |
| 20 | 18 и 19 април 2011 г. - учество во панел-дискусиите во рамките на научната конференција на тема *Науката за македонскиот јазик-состојби и перспективи,* во организација на ИЦАЛ при МАНУ, со излагања на две теми: *Современа дескриптивна граматика на македонскиот јазик* и *Потребата од француско-македонска (и македонско-француска) конфронтативна граматика.* | 1 |
| | **Вкупно** | 43 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Книга од стручна област:** | |
| 1 | Автор на превод на книга (стручна област - теорија на преведување/книжевен превод): Жил Лероа, *Алабама сонг,* превод од француски јазик: Ирина Бабамова – Скопје, „Детска радост", 2008. | 8 |
| 2 | Автор на превод на книга (стручна област - теорија на преведување/книжевен превод): Мари Ндиај, *Три силни жени,* превод од француски јазик: Ирина Бабамова – Скопје, „Детска радост", 2010 | 8 |
| | **Поглавје во книга:** | |
| 3 | Автор на превод на поглавјето за: МУБАРАК, Мишлин, АСЕН, Еман. *Мостови.* (превод од француски на македонски јазик Ирина Бабамова). XLVI струшки вечери на поезијата, 2007, стр. 19-25 и 67-76. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 4 | Коавтор на поглавјето под наслов „Афоризмот како говорна единица во францускиот и во македонскиот јазик" (коавторство на Звонко Никодиновски и Ирина Бабамова), во: Никодиновски, Звонко. *Семиологија на говорот и на јазикот*- Штип: 2-ри Август С, 2007, стр. 167-193. | 2 |
| | **Експертски активности (евалуација):** | |
| 5 | Евалуација на нивото на познавање на францускиот јазик кај кандидати на кои Филолошкиот факултет „Блаже Конески" им издава потврда за познавање на францускиот јазик како странски јазик. | 1 |
| 6 | **Учество во работата на комисии за државни натпревари:** | |
| 7 | Координатор и претседател на Комисијата за **I државен натпревар за писмен состав на француски јазик** за сите образовни нивоа во РМ, во организација на Здружението на професорите по француски јазик на РМ (декември 2009 г.) | 1 |
| 8 | Координатор и претседател на Комисијата за **Државниот натпревар *Олимпијади по француски јазик 2010*** за основните и средните училишта во РМ, во организација на Здружението на професорите по француски јазик на РМ (април 2010) | 1 |
| 9 | Координатор и претседател на Комисијата за **II државен натпревар за писмен состав на француски јазик** за сите образовни нивоа во РМ, во организација на Здружението на професорите по француски јазик на РМ (декември 2010 г.) | 1 |
| 10 | Координатор и претседател на Комисијата за **I државен натпревар за писмен состав на француски јазик** за сите образовни нивоа во РМ, во организација на Здружението на професорите по француски јазик на РМ (февруари 2011 г.) | 1 |
| 11 | Координатор и претседател на Комисијата за **Државниот натпревар *Олимпијади по француски јазик 2011*** за основните и средните училишта во РМ, во организација на Здружението на професорите по француски јазик на РМ (април 2011) | 1 |
| 12 | Член на Меѓународната жири-комисија за **натпреварот по француски јазик *Dis-moi dix mots,*** во организација на Францускиот центар за соработка „Жан Моне" при Француската амбасада во Македонија (март 2010) | 2 |
| 13 | Претседател на Меѓународната жири-комисија за првата натпреварувачка вечер од натпреварот ***Француска шансона,*** во организација на Францускиот центар за соработка „Жан Моне" при Француската амбасада во Македонија (март 2010) | 1 |
| | **Учество во промотивни активности:** | |
| 14 | Организатор на културно-промотивни франкофонски настани во рамките на Месецот на франкофонијата" (март 2010, март 2011), со цел унапредување на изучувањето на францускиот јазик во РМ. (2x0,5) | 1 |
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | | |
| 15 | Претседател на Организациониот одбор за научниот собир на тема *Францискиот јазик и литература во образовниот систем на Република Македонија: состојби и перспективи*, одржан на 12-13 ноември 2010 г. во Скопје, во соработка помеѓу Здружението | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | на професорите по француски јазик на РМ и Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ . | |
| 16 | Член на Научниот (програмскиот) одбор за Меѓународниот симпозиум на тема *Le français de demain : enjeux éducatifs et professionnels,* одржан во Софија на 28-30 октомври 2010 год. | 1 |
| | **Награда за научни постигнувања од струкова организација:** | |
| 17 | 2008 - француско почесно признание и медал **„Златен збор“ („*Le mot d'or*“)** од француската Асоцијација за промовирање на францускиот деловен јазик, чиј покровител е Меѓународната организација за франкофонија со седиште во Париз, за повеќе од еднодецениското промовирање на францускиот деловен јазик и деловна терминологија во Р.Македонија. | 3 |
| | **Студиски престој во странство:** | |
| 18 | - јуни 2006 г., учество на семинар за професионално усовршување на тема *"Conception et évaluation de tests en conformité avec le CECRL",* во организација на CREFECO (Centre régional Francophone pour l'Europe Centrale et Orientale) во Софија, Бугарија; | 0,5 |
| 19 | - ноември 2009 г., учество на семинар за професионално усовршување во CREFECO, Софија, во организација на Комисијата за Централна и Источна Европа при Меѓународната федерација на професори по француски јазик; | 0,5 |
| 20 | - март 2011 г., учество на семинар за професионално усовршување наменето за универзитетски професори задолжени за универзитетската обука на идните професори по француски јазик, во организација на CREFECO (Centre régional Francophone pour l'Europe Centrale et Orientale) во Софија, Бугарија. | 0,5 |
| | **Член на факултетска комисија:** | |
| 21 | 2007 - член на Комисијата за самоевалуација на ниво на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје и на ниво на студиската група за романски јазици и книжевности; | 0,5 |
| 22 | 2009 - член на Централната комисија за попис на средствата и обврските со состојба на 31.12.2009. | 0,5 |
| | **Учество во комисии и тела на државни и други органи:** | |
| 23 | Член на *Националната комисија за франкофонија* при Владата на Република Македонија во периодот од 2009 до денес. | 1 |
| 24 | Член на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје | 1 |
| 25 | Член на *Сојузот на книжевните преведувачи на РМ* | 1 |
| 26 | Член на *Centre d'études balkaniques* ( Центар за балкански студии) при INALCO во Париз | 1 |
| 27 | Претседател на Управниот одбор на Здружението на професорите по француски јазик на РМ | 1 |
| | **Вкупно** | 43,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЛНОСТ** | 120,5 |

| | |
|---|---|
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 43 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 43,5 |
| **Вкупно** | 207 |

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Петар Атанасов, редовен професор, претседател, с.р.

2. Д-р Звонко Никодиновски, редовен професор, член, с.р.

3. Д-р Драги Михајловски, редовен професор, член, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК, ПОМЛАД АСИСТЕНТ – ИСТРАЖУВАЧ ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКИТЕ КОНСТРУКЦИИ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ВИСОКОГРАДБА ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, на својата 28. седница одржана на 6.7.2011 година, нè одреди за членови на Рецензентската комисија за избор на еден соработник, помлад асистент - истражувач од областа на архитектонските конструкции на Институтот за високоградба на Архитектонскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

На распишаниот конкурс, објавен во дневните весници „Дневник" и "Лајме" на 16 јуни 2011 година, се пријавија кандидатите Александар Петровски, д.и.а. и Ивана Топаловска, д.и.а.

Комисијата констатира дека пријавените кандидати ја доставиле потребната документација согласно со распишаниот конкурс и врз основа на увидот во неа, до Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, му го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**1. Кандидат: Александар Петровски, дипл.инж.арх.**

### I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот Александар Петровски е роден на 10.6.1984 година во Скопје.

Во учебната 2002/2003 година запишал студии по архитектура на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, кои ги завршил на 30.6.2008 година со одбрана на дипломска работа на тема: "Центар за музика во општина Центар-Скопје", оценета со особен успех.

Студиите ги завршил со просечна оценка 8,98, а по предметите од областа за која конкурира постигнал просечен успех од 9,33.

Во учебните 2009/2010 и 2010/2011 година бил ангажиран на Архитектонскиот факултет како надворешен соработник и учествувал во изведувањето на вежбите по предметите проектирање општествени згради 1 и 2.

Во учебната 2010/2011 година запишал втор циклус студии (постдипломски студии во траење од 2 семестра) на Градежниот факултет – конструктивна насока од областа на енергетската ефикасност.

Во текот на студиите на Архитектонскиот факултет, кандидатот учествувал на неколку работилници и летни школи за архитектура.

Во март 2009 година основал сопствено архитектонско проектантско биро МДЦ Архитектоника во Скопје, кадешто работел како проектант и одговорен проектант. Поседува овластување „Б" за изработка на архитектонски проекти и проектна документација бр. 1.1578.

Извонредно добро владее со графичките апликации AutoCad, ArchiCad, 3DMax, Photoshop и Exel а познава и користи Rhinoceros, Ilustrator и Corel Draw

Кандидатот одлично го владее англискиот јазик (пишан и говорен) и има солидно познавање на германскиот јазик.

### II. РАБОТНО ИСКУСТВО И СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

Во текот на неговата досегашна работа во архитектонско-проектантското биро МДЦ Архитектоника, врз основа на приложеното портфолио, кандидатот како проектант и одговорен проектант изработил 8 проекти и проектна документација, и тоа :

1. Изработка на ЛПД за потребите на инвеститор на индивидуална семејна куќа за парцела Бр. 1.423 во општина Ѓорче Петров
2. Основен проект, проект за ентериер и проект за изведување со архитектонски детали за фирмата СЕТ-компјутери од Скопје
3. Идеен и основен проект за ентериерно уредување за „Алфа кафе" во Скопје (објектот е изведен)
4. Идеен и основен проект за ентериерно уредување за просторија за презентации на фирмата „Кнауф" (објектот е изведен)
5. Основен проект за индивидуален станбен објект во с. Сопиште (проектиран според принципите на енергетска ефикасност и нискоенергетска архитектура)
6. Основен проект за винарија "Герман", с. Ранковце (објектот е проектиран според принципите на енергетска ефикасност и нискоенергетска архитектура)
7. Идеен проект за деловно-трговски центар "Соларис" во Велес
8. Основен проект за станбен објект во Велес

Во периодот август-октомври 2008 година, кандидатот реализирал летна стручна практика во архитектонското биро APA CAD во Варшава, Полска (прилог: Писмена рефернца потпишана од арх. Krizyztof Popinski, раководител на бирото).

## III. ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

Со запишувањето на вториот циклус студии (постдипломски студии) на Градежниот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, кандидатот се определил за сопствено надградување на полето на научно-истржувачката работа. До завршувањето на зимскиот и летниот семестар положил четири од предвидените 6 (шест) испити, оценети со највисока оценка 10 (десет), и изработил 5 (пет) семинарски трудови:

1. Проценка на заштеда на енергија во станбени објекти
2. Примена на композитни материјали во архитектурата
3. Дефинирање на противпрожарна отпорност на конструктивни елементи
4. Позитивно влијание на градежништвото врз животната средина
5. Менаџирање на архитектонска форма

Кандидатот е во фаза на полагање на последните 2 испита и подготвува тези за изработка на магистерски труд од областа на енергетската ефикасност којшто планира да го пријави во септември 2011 година.

## IV. ЛЕТНИ ШКОЛИ И РАБОТИЛНИЦИ

За време на студиите и по дипломирањето, кандидатот учествувал на неколку летни школи и работилници, и тоа:

1. EASA 2003, Данска – работилница за одржлива архитектура;
2. BEST, Мадрид, курс по соларна архитектура, 2005 година;
3. Меѓународна летна школа за архитектура, Сесија 2007,манастир „Св.Јоаким Осоговски", Крива Паланка, на тема: "Град за сите";
4. EASA 2007, Грција – работилница на тема "Мапирање на градот";
5. MAYA SCRIPTING – работилница со арх. Даниел да Роча, 2010.

## V. АРХИТЕКТОНСКИ КОНКУРСИ

По дипломирањето на Архитектонскиот факултет во Скопје, кандидатот учествувал на неколку конкурси од областа на архитектурата и урбанизмот:

1. Конкурс за градска фонтана во Кочани, 2009 година, прва награда (објектот е во фаза на реализација);
2. Конкурс за архитектонски решенија на колективни станбени објекти за АРМ, 2010, откупен труд;
3. Конкурс за плоштад во Влае, Скопје, 2010, откупен труд;
4. Конкурс за Театар „Центар“ во Скопје;
5. Конкурс за спомен дом на Тоше Проески во Крушево, 2008
6. Идеен прект за објектот на македонската филхармонија, БИСТА 2006 (награден студентски труд, тимска работа).

**2. Кандидат: Ивана Топаловска, дипл.инж.арх**

I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката Ивана Топаловска, дипл. инж. арх., е родена на 29.9.1982 година во Скопје.

Во учебната 2001/2002 година запишала студии по архитектура на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кои ги завршила на 26.11.2009 година со одбрана на дипломска работа на тема: „Програмско инфилтрирање: културно-информативен пункт, музеј, кафе, времено домување на тврдина Кале, Скопје“, оценета со особен успех.

Студиите ги завршила со просечна оценка 8,66, а по предметите од областа за која конкурира постигнала просечен успех од 8,33.

Во периодот февруари 2006-февруари 2007 година, како студент, била на едногодишна практика во фирмата БОРТАС ДОО - Скопје (прилог: писмена потврда од фирмата БОРТАС ДОО - Скопје од 20.6.2011 година).

Во учебната 2010/2011 година запишала специјалистички академски студии во траење од 2 семестра на Архитектонскиот факултет во Белград на тема: „Урбана обнова-градовите на новиот милениум“.

Во текот на студиите на Архитектонскиот факултет во Скопје учествувала во работата на неколку работилници и летни школи за архитектура.

Во учебната 2008/2009 година била ангажирана на Архитектонскиот факултет како надворешен соработник во изведувањето на вежбите по предметот општествени згради 2, а во учебната 2010/2011 година како надворешен соработник во предметот архитектонско проектирање 1 и студио 3 и 4 (втора година).

Кандидатката владее со графичките апликации Autodesk AutoCad, MS Office, Adobe Photoshop, Corel Drow и добро го познава англискиот јазик, а наведува дека има основни познавања од италијанскиот и шпанскиот јазик.

II. РАБОТНО ИСКУСТВО И СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

Како студент, во текот на погоре наведената едногодишната практика во фирмата БОРТАС ДОО - Скопје (приложена писмена потврда од фирмата БОРТАС ДОО-Скопје од 20.6.2011 година), кандидатката Ивана Топаловска, дипл.инж. арх., учествувала како соработник при изработката на неколку проекти, и тоа:

1. Британска амбасада, Скопје, проект на изведена состојба;
2. Германска канцеларија за врски, Приштина, проект на изведена состојба;
3. Станбени згради 5.18 и 5.20 во населбата Кисела Вода, Скопје, проекти за изведба;
4. Живеалиште за мајмуни, Зоолошка градина во Скопје, основен проект со проект за изведба;

5. Проект за адаптација на 8. кат во Министерството за внатрешни работи на РМ, детали за изведба;
6. Експозитура на Алфа-банка во Буњаковец, Скопје, детали за изведба,

## III. ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

Во рамките на специјалистичките студии на Архитектонскиот факултет во Белград од областа „урбана обнова-градовите на новиот милениум“, во текот на зимскиот и летниот семестар во учебната 2010/2011 година, кандидатката ги изработила следниве семинарски трудови:

1. „Од места кон не-места“ (семинар: Урбана социологија);
2. „Градот како трговска марка“ (семинар: Менаџмент на урбана обнова);
3. „Развој на конструктивниот систем на мали дрвени градби“, (семинар: Градот низ историјата);
4. „Материјална типологизација на историски вреден уличен фронт“ (семинар: Улиците во урбаната обнова);
5. Енергетска ефикасност на традиционален трговсдки дуќан во Скопје (семинар: „Модели на одржлив развој“).

## III. ЛЕТНИ ШКОЛИ И РАБОТИЛНИЦИ

1. Меѓународна летна школа за архитектура, Сесија 2008, манастир„Св. Јоаким Осоговски“, Крива Паланка, на тема: “Нов простор од најдени материјали”, раководена од проф. Дејвид Биги, Рурал студио”
2. Летна школа по архитектура, Нант, Франција, на тема: „Instant Village“

## IV. УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ

Во пријавата кандидатката Ивана Топаловска, дипл.инж.арх., навела дека изминатиот период присуствувала на неколку меѓународни конференции, и тоа:

1. присуство на конференцијата „Денови на Орис“, Белград, Србија, 2008,2011;
2. присуство на конференцијата „Денови на Орис“, Загреб, Хрвстска, 2011;
3. присуство на конференцијата „*Belgrade Design week*“, Белград, Србија, 2007, 2008;
4. учество на архитектонскиот симпозиум „Архитектура и урбано планирање во дунавскиот регион и Балканот“, *Europaisches Forum Alpbach,* Алпбах, Аустрија, 2006;
5. учество на семинарот „Управување со заштитата на ресурсите”, *Europaisches Forum Alpbach,* Алпбах, Аустрија, 2006;
6. Присуство на 4. Конгрес на студентите по архитектура од поранешните југословенски републики „Одржлив развој на архитектурата и урбанизмот“, Сараево, БИХ, 2005.

## V. АРХИТЕКТОНСКИ КОНКУРСИ

По дипломирањето, како автор или со група автори, учествувала на 8 (осум) архитектонски и архитектонско-урбанистички конкурси и тоа:

1. Архитектонско-урбанистички проект за едукативни просторни инсталации во Градскиот парк во Скопје на тема „Во светот на детските фантазии“, 2011;
2. Проект за Дом за стари лица, Штип (група автори), 2011;
3. Проект за доградба на музејот Серлакиус-Густав и Госта, Манта, Финска (група автори), 2011;

4. Архитектонско-урбанистички проект за типски повеќесемејни згради за колективно домување во Скопје и Р.Македонија (група автори), 2010;
5. Архитектонски проект за катна гаража на ул. Мито Хаџивасилев Јасмин, Скопје (група автори), 2010;
6. Архитектонски проект за катна гаража на ул. Даме Груев, Скопје (група автори), 2010;
7. Архитектонско-урбанистички проект за Драмски театар, Скопје (група автори), 2009;
8. Архитектонски проект на типски павилјон за настава на група до 5 деца, EASA, Ирска, (кавтор), 2008.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека и двајцата кандидати ги исполнуваат формалните услови согласно со распишаниот конкурс, условите на Законот за научноистражувачка дејност на РМ и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Разгледувајќи ги со почит посебните квалитети и афинитети на двајцата кандидати, Комисијата цени дека кандидатот Александар Петровски, дипл.инж. арх., има повисоки просечни оценки, како од студиите (8,98) така и од предметите за областа за која конкурира (9,33). Комисијата исто така цени дека кандидатот Александар Петровски, дипл.инж.арх., со изборот на областа за негово научноистражувачко усовршување на постдипломските студии од областа на енергетската ефикасност, може да даде придонес и кон другите научните области кои се од интерес на Институтот за високоградба. Дополнително, Комисијата особено го ценеше директното искуство на кандидатот како овластен проектант и одговорен проектант при изработката на архитектонски проекти и проектна документација од областа на енергетската ефикасност (нискоенергетската архитектура и пасивните системи).

Комисијата е на мислење дека кандидатката Ивана Топаловска, дипл. инж. арх., има релативно скромно искуство на полето на изработка на проекти и проектна документација и дека својот професионален и научноистражувачки интерес низ специјалистичките студии на Архитектонскиот факултет во Белград од областа „урбана обнова-градовите на новиот милениум", повеќе го насочила кон областите на урбана социологија, урбана обнова и менаџмент на урбана обнова, одржлив развој и градот низ историјата.

Врз основа на претходно изнесеното, Рецензентската комисија со задоволство му прелага на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, согласно со чл. 37, став 1 од Законот за научноистражувачка дејност на РМ и согласно со чл. 7, став 3 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, кандидатот Александар Петровски, дипл.инж.арх., да биде избран во звањето помлад асистент-истражувач од областа на архитектонските конструкции на Институтот за високоградба на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Тихомир Стојков, д.и.а., претседател, с.р.
2. Проф. д-р Бранко Трпковски, д.и.а., член, с.р.
3. Доц. д-р Огнен Марина, д.и.а., член, с.р.

**ЗА ИЗБОР НА ИСТРАЖУВАЧ ВО СИТЕ НАУЧНИ ЗВАЊА**

**ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА МАКЕДОНСКА НАРОДНА ЛИТЕРАТУРА НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА ВО СКОПЈЕ**

Советот на Институтот за македонска литература (ИМЛ) во Скопје, на својата 71. редовна седница одржана на 21. 7. 2011 година, донесе одлука за формирање Рецензентска комисија во состав: академик Катица Ќулавкова, редовен професор, д-р Александар Прокопиев, научен советник и д-р Соња Стојменска, научен советник, за избор на еден истражувач во сите звања во Одделението за теорија на литературата и компаративна литература при Институтот за македонска литература.

Рецензентската комисија ги разгледа материјалите пристигнати на конкурсот за избор на еден научен соработник (во сите звања) при Институтот за македонска литература, и го подготви следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот *конкурс*, во дневните весници *Дневник* и *Koha*, од 2. 7. 2011 година се има пријавено д-р Наташа Аврамовска, виш научен соработник во Одделението за теорија на литературата и компаративна литература при Институтот за македонска литература, како единствен кандидат.

Д-р Наташа Аврамовска кон својата пријава ги има доставено потребните материјали – (1) биографија на кандидатот, (2) копии од објавените научни трудови и (3) пополнет формулар за избор во научно звање.

Врз основа на доставените материјали, Рецензентската комисија ги направи следните согледби за биографијата, научната и наставната дејност, творештвото и поширокиот општествен ангажман на кандидатката.

### *Биографски податоци за д-р Наташа Аврамовска*

Наташа Аврамовска е родена во Скопје, 1965 година. Дипломирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Р. Македонија, во октомври 1987, кога го стекнала образовниот степен *професор по општа и компаративна книжевност*. Магистрирала на Филозофскиот факултет на Универзитетот (Свеучилиште) во Загреб, Хрватска, на 27 јануари 1997, кога се стекнала со степен - *магистер на филолошки науки*, со тезата: *Теориски аспекти на романот и новелата во раскажувачкиот опус на Петре М. Андреевски („Teorijski aspekti romana i novele u pripovjednom opusu Petre M. Andreevskog“).* На 11 ноември 2003 год., се стекнала со степенот *доктор на филолошки науки*, одбранувајќи ја дисертацијата „Интертекстуалноста и самореференцијалноста на македонската драма“, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Работи како виш научен соработник во Институтот за македонска литература, при Одделението за теорија на литературата и компаративна литература, и како вонреден професор на постдипломските *културолошки студии во областа на литературата*, исто така при Институтот за македонска литература во Скопје.

Наташа Аврамовска има работено како: *професор по македонски јазик и литература* во гимназијата „Раде Јовчевки – Корчагин" во Скопје (јануари 1992 – март 1993); *лектор по македонски јазик* при Катедрата за кроатистика на Филозофскиот факултет, Свеучилиште Загреб (март – јуни 1993); *професор по македонски јазик и литература* во гимназијата „Раде Јовчевки – Корчагин" во Скопје (јуни 1993 – ноември 1998); *асистент-истражувач* во Институтот за македонска литература, во Одделението за македонска книжевност во 19 век (ноември 1998 – февруари 2004); *научен соработник* во Институтот за македонска литература, во Одделението за теорија на литературата и компаративна книжевност (февруари 2004 – декември 2006); *виш научен соработник* во Институтот за македонска литература, во Одделението за теорија на литературата и компаративна книжевност од декември 2006; *вонреден професор* на постдипломските културолошки студии во областа на литературата при Институтот за македонска литература во Скопје од септември 2008.

## *Научната дејност на д-р Наташа Аврамовска*

Во текот на конкурсниот период (2006 – 2011), од последниот избор во звањето виш научен соработник, д-р Наташа Аврамовска го има раководено научноистражувачкиот проект: *Македонски митопоетски роман,* проект на Институтот за македонска литература во периодот од 2010 до 2012 година.

Д-р Аврамовска има учествувано, како соработник, во неколку мултидисциплинарни проекти од меѓународен и републички карактер, а имено:

- *Книжевнотеориски поими*, кој резултираше со објавување на првиот *Поимник на книжевната теорија*, МАНУ (2005-2007);

- *Меморија и интерпретација. Меморија и уметност* (2007). Д-р Наташа Аврамовска е не само истражувач во овој проект, туку и член на Организациониот одбор на овој истражувачки проект и на научната конференција поддржана од УНЕСКО;

- *Interpretations. European Research Project for Poetics and Hermeneutics*, Macedonian Academy of Science and Arts (MANU), од неговото основање во 2007. Во периодот од 2008 до 2011 година, д-р Наташа Аврамовска ја врши улогата на научен секретар на проектот *Нови поими на книжевната теорија и херменевтика* (европски контекст) во периодот 2010-2011, при МАНУ (проект на Одделението за лингвистика и литературна наука, раководен од академик К. Ќулавкова);

- *Родовите претстави во балканските литератури и култури*, ИМЛ, Р. Македонија и Југозападен европски универзитет „Неофит Рилски", Благоевград, Р. Бугарија (2007-2008);

- *Традиција и континуитет во македонско-хрватските книжевни врски*, ИМЛ, Р. Македонија / Универзитет Риека, Р. Хрватска (2007-2008);

- *Родовите претстави во македонската и албанската култура и социјално* живеење, ИМЛ-проект, поддржан од УНЕСКО (2008-2009);

- *Компаративна книжевност – состојби и перспективи*, ИМЛ, Скопје, поддржан од МОН на Р. Македонија (2009-2011);

- *Славистички проекции на Европа – реалности и концепции*, Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), АНУ и Полската академија на науките - ПАН (2010-2012);

Во овој контекст, треба да се истакне фактот дека во изборниот период, од 2006 до 2011 година, д-р Н. Аврамовска има учествувано, со свои соопштенија, реферати и дискусии, на неколку меѓународни научни собири (конференции): на *Научната конференција* на

*XXXIII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура*, Охрид, август 2006; на Меѓународната конференција за напредното истражување на усната книжевност (International Conference on *Advances in Oral Literary Research*, Faculty of Philology, University Belgrade (24-26 ноември 2006); на меѓународната конференција на тема *Меморија и интерпретација*, МАНУ, 16-17 ноември 2007, поддржана од програмата за партиципација на УНЕСКО; на меѓународната конференција на тема „Меморија и заборавање" (*Memory and Forgetfulness*), организирана од South-Eastern University Neofit Rilsky, Blagoevgrad, Bulgaria, 15-17 февруари 2008; на конференцијата Theorietheorie / Die Geisteswissenschaften als Ort avancierter Theoriebildung /Theorie als Ort avancierter Geisteswissenschaft, Inter University Centre (IUC), Дубровник, Хрватска, 26 – 29 март 2009); - на славистичката конференција *Märchen in der südslavischen Literaturen*, Universität Wien, одржана од 20 до 22.11.2008; - на компаратистичката конференција на тема *Одисеи*, организирана од Катедрата за компаративна книжевност (Филолошки факултет) и од Институтот за класична филологија (Филозофски факултет), при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на 1 јуни 2009); - на симпозиумот на тема: „јазик, идентитет, поезија", СВП, 20 август 2009 Струга; - на Симпозиумот на Рациновите средби, Велес, јуни 2009; „По повод 70-годишнината од Рациновите *Бели мугри*" - на меѓународната (балканска) работилница на тема „Црна Арапина и Болен Дојчин како споделени фигури на меморија", одржана на 14 ноември 2009, во МАНУ, поддржана од УНЕСКО; - на Славистичката меѓународна конференција „Христијанскиот Исток и Запад", одржана на 21 – 22 октомври 2010, на Универзитетот Адам Мицкиевич во Познањ, Полска; - на меѓународниот симпозиум на тема *Поезијата и мас-медиумите*, одржан во рамки на СВП, Струга, 20 август 2010; - на XXXVII научна конференција на XLIII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, јули 2010; - на (македонско-бугарската) *тркалезна маса* за македонската современа книжевност, одржана во Софија, на 14 мај 2010, во Македонскиот културно-информативен центар; - на меѓународната конференција организирана по повод 30-годишнината од основањето на Катедрата за општа и компаративна книжевност, организирана на тема *Компаративната книжевност денес, во склоп на* научната сесија на тема *Книжевноста и филмот – интермедијални допири* (Скопје, 28 - 29 април 2011, Ректорат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"); - на Третиот меѓународен научен симпозиум *Хрватско-македонски книжевни, јазични и културни врски*, одржан на 23-25 март 2011, на Филозофскиот факултет во Риека, Хрватска, како и на некои други значајни собири со научен и свечен собир.

Д-р Наташа Аврамовска ја врши улогата на научен секретар на Организациониот одбор на меѓународната конференција *Memory and Art*, организирана од МАНУ (16-17 ноември 2007), како и научен секретар на европскиот научноистражувачки проект *Интерпретации* за 2009 – 2011 година.

Таа е, исто така, и член на Организацискиот одбор на меѓународната конференција по повод 30 години од основањето на Институтот за македонска литература, организирана на тема *Македонскиот идентитет: литература, јазик, историја, култура* (2011), член на Организациониот одбор на Fourth International Congress of the RÉSEAU EUROPÉEN D'ÉTUDES LITTÉRAIRES COMPARÉES / EUROPEAN NETWORK FOR COMPARATIVE LITERARY STUDIES (REELC/ENCLS) *LITERARY DISLOCATIONS*, кој ќе се одржи од 1 до 3 септември 2011 год., во Скопје и во Охрид.

***Наставната дејност на д-р Наташа Аврамовска:***

Во текот на академската 2008 година, д-р Аврамовска е избрана за предавач на постдипломските студии при Институтот за македонска литература (ИМЛ) кои се акредитирани под називот *културолошки студии во книжевноста*, а по предметите: *теми и методи во културологијата* (задолжителен предмет); *автобиографијата во литературата и културата* (изборен предмет) и *жанрот во литературата и културата* (изборен предмет). Во врска со наставниот ангажман на постдипломските студии на д-р Н. Аврамовска, треба да се подвлече фактот дека таа, со нејзиното наставно и педагошко искуство и посветеност, успева да ги поврзе наставните со

истражувачките активности, теоријата со практиката, и да вклучи неколку постдипломци, во својство на млади истражувачи, во научноистражувачкиот проект *Македонски митопоетски роман*, кој се изведува под нејзино раководство. Во овој истражувачки проект, во својство на надворешни соработници - млади истражувачи, се вклучени и две студентки на постдипломските студии, кои ќе настапат и како коавтори во рамките на публикацијата која ќе произлезе од овој проект.

Наставната дејност на д-р Аврамовска е показател за нејзината умешност: (1) да ги вгради, да ги актуализира и да ги контекстуализира новите научни сознанија од истражувачките проекти во наставата, (2) потем да конципира курсеви кои имаат актуелен теориски и методолошки формат (методите на културолошките студии, на пр.), (3) да ги вкрсти книжевнонаучните и културолошките методи, теории и теми (автобиографијата и жанровските/генолошките категории во контекст на книжевноста и културата), (4) да ги мотивира младите постдипломци на дополнителен истражувачки и творечки ангажман и, конечно, (5) да создаде интерактивен (заемнодејствен) амбиент. Со тоа, нејзиниот придонес во формирањето на угледот на постдипломските студии по културологија при Институтот за македонска литература станува неспорен. Таа не само што ги следи во континуитет новите теориски, методолошки и интерпретативни матрици во областа на проучувањето на книжевноста и културата, и притоа ги трансферира во својата наставна дејност, туку и внесува свој авторски, творечки и истражувачки белег. Д-р Аврамовска, како професор, покажува високи педагошки квалитети.

### *Творештвото на д-р Наташа Аврамовска*

Досега, д-р Н. Аврамовска има објавено неколку монографски публикации: *Травестија на усната историја - раскажувачкиот криптограм на Петре М. Андреевски*, „Менора", Институт за македонска литература, Скопје, 1999; *Автобиографијата во македонскиот литературен 19 век*, Институт за македонска литература, Скопје, 2004; *Во вителот на дереализацијата (дупloто дно на македонската драма)*, Култура, Скопје, 2004; *Ex Libris* , Менора, Скопје, 2000. Само во изборниот период, д-р Аврамовска објавува две нови монографски публикации, едната под наслов *Ние во времето* (Магор, Скопје, 2006) и втората под наслов *Во светот на зборовите* (Дијалог, Скопје, која е подготвена и се наоѓа во печат во време на пишувањето на оваа рецензија).

Освен тоа, Н. Аврамовска се јавува и како коавтор на неколку публикации на гимназиски и средношколски учебници: заедно со Светлана Камџијаш и Наташа Ацевска го подготвува делот Литература од учебникот *Македонски јазик и литература за I година реформирано средно образование*, во издание на „Просветно дело" од Скопје, 2006 год. Заедно со академик Гане Тодоровски го подготвува делот за литература во учебникот *Македонски јазик и литература за III година реформирано гимназиско образование*, издание на „Просветно дело" (трето издание, 2009). Заедно со д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева го подготвува делот за литература во учебникот *Македонски јазик и литература за IV година реформирано гимназиско образование*, издание на „Просветно дело" од Скопје (второ издание, 2009). Д-р Аврамовска се јавува и како ко-приредувач (со К. Ќулавкова) на четвртиот и петтиот том од серијалот на проектот на МАНУ „Интерпретации", објавени како двотомно издание под наслов *New European Theory and Hermeneutics* (се очекува изданието да излезе од печат во август 2011).

Од последниот избор во 2006 до денес, Наташа Аврамовска има публикувано повеќе трудови, во различен контекст и со различен карактер, а имено:

- некои од нив подготвени како авторски текстови со книжевнонаучен карактер (студии, есеи, критики и др.);
- некои енциклопедиско-лексикографски одредници (на пр., автобиографија, генологија, монтажа, типологија на книжевноста, сиже, усност, усна книжевност во рамки на *Книжевнотеорискиот поимник* на МАНУ);

- некои подготвени за специјални монографски и антологиски изданија (предговори и поговори кон авторски опуси на македонски писатели, како на пр. К. Чашуле, О. Николова, К. Ќулавкова, Е. Лафазановски, Г. Смилевски);
- некои подготвени како реферати, прилози и истражувања во рамки на некои републички и меѓународни истражувачки проекти;
- некои беседи, промотивни беседи и пофални слова подготвени по повод одредени свечени, комеморијални свечености (годишнини, прослави и др.).
- некои подготвени како учебно помагало или како дел од учебник, авторски и коавторски (главно за потребите на средното образование во Р. Македонија)

Преглед на сите објавени трудови на д-р Наташа Аврамовска е даден во табеларниот приказ приложен кон овој реферат, па затоа овде нема да даваме подробни показатели за сите трудови, туку само ќе укажеме на неколку позначајни карактеристики на творечкиот, научен и критички опус на авторката и кандидат за звање, при што ќе дадеме неколку неопходни описни и вредносни судови.

Прво, д-р Наташа Аврамовска има објавено повеќе текстови во списанија и други публикации со меѓународен углед и со меѓународен состав на редакциските/уредувачки одбори. Како илустрација, ќе ги наведеме имињата на некои од нив: *Филологические заметки/Филолошки студии* (http://philologicalstudies.org), *Прилози Contributions* на МАНУ, *Slavia Meridionalis* на Instytut Slawistki Polskiej Akademii Nauk (Warszawa), *Sprawy Narodowościowe* (*Vol. Terytorializm i tożsamość*, 2007) на ISPAN, Studium Europy Wschodniej UW, Poznanj-Warszawa, *Context/Контекст* и *Спектар* на Институтот за македонска литература, *Interpretations* (МАНУ) и др.

Второ, д-р Наташа Аврамовска има објавено неколку текстови со научен карактер во меѓународни зборници на прилози/реферати од научни истражувања, проекти и конференции, како на пр.: Зборникот на Славистичката меѓународна конференција „Христијанскиот Исток и Запад" одржана на 21 - 22 октомври, при Универзитетот Адам Мицкиевич во Познањ, Полска; Зборникот на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, зборникот *Hrvatsko makedonske književne i kulturne veze* на Филозофскиот факултет во Риека (2008); зборникот *Меморија и интерпретација, Балканска слика на свет* на МАНУ; *Bunt tradycji – Tradycja Buntu*. Institut Slawistikyki Zachodniej i Poiludniowej. Warszawa 2008; *Опит истории - опит Литературы: Вторая мировая война*, Российская академия наук, Институт Славоведения, центр по изучению современных литератур центральной и юго-висточний Европьы; зборникот *Македонскиот расказ* на Институтот за македонска литература; Зборникот од VII научна конференција: Транспозиција историских догађаја у трагедији код Словена, Ниш; Годишникот на Филологическия Факултет, Благоевград: Югозападен Университет „Неофит Рилски", во Бугарија.

***Поширокиот општествен ангажман на д-р Наташа Аврамовска***

Д-р Наташа Аврамовска во периодот од 2006 до 2011 год. има учествувано активно во работата на повеќе комисии и тела на научни, државни и други институции и организации. Ќе наведеме за илустрација некои од нив, со цел да фрлиме светлина врз општествениот профил на д-р Наташа Аврамовска: член на Советот на Институтот од 2004, член на наставничкиот совет од 2008, член на комисија за избор на најдобра претстава на МОТ 2010 (Македонски отворен театар), претседател на комисија за избор на македонски кандидат за наградата Балканика 2010, член на комисија за избор на роман на годината., награда на *Утрински весник* за 2009 г., национален селектор за избор на добитник на Његошевата награда (2009), член на комисија за избор на добитник на наградата „Браќа Миладиновци" (Струшки вечери на поезијата); член на комисија за избор на добитник на наградата „Браќа Миладиновци" (Струшки вечери на поезијата 2008), член на Советот на Сојузот на друштвата за македонски јазик и

литература (2005-2008), учесник во работата на комисиите за државни натпревари по литература за основно и средно образование (2006, 2007, 2008).

Посебно е важен ангажманот на д-р Наташа Аврамовска во составот на редакциите на списанијата *Културен живот* (2007-2010) и *Книжевен контекст*.

Наташа Аврамовска е член е на ДПМ, на Македонското компаратистичко друштво и на Интернационалната компаратистичка книжевна асоцијација.

Наташа Аврамовска се занимава и со превод од германски и хрватски јазик. Ќе спомнеме некои нејзини позначајни преводи: (од германски): Хаинер Милер: *Загаден брег Медеја-материјал Пејзаж со Аргонаути* (Битолски народен театар, 2011); Томас Ман, *Смрт во Венеција* (Слово, Скопје 2005), Мариус фон Мајенбург: "Огнено лице" во *ММЕ.../ Антологија на новата европска драма* (Магор, Скопје, 2004), Дитрих Шваниц: "Системската теорија и литературата: Драма" во *Теорија на драмата и театарот*, приредила: Ј. Лужина (Скопје: "Детска радост", 1998); Петер Сонди: "Кризата на драмата" во *Теорија на драмата и театарот*, приредила: Ј. Лужина (Скопје: "Детска радост", 1998); (од хрватски): книги на Петар Селем (2007) и др.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДБИ ЗА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИОТ, НАСТАВНИОТ И ТВОРЕЧКИОТ ПРОФИЛ НА Д-Р НАТАША АВРАМОВСКА

Во врска со научноистражувачката и научната дејност на д-р Наташа Аврамовска треба да се предочат следниве факти:

- истражувачкиот интерес на д-р Аврамовска е сосредоточен врз областа на книжевните и културните теории, а во тој контекст и врз актуелните интерпретативни и критички методи;

- овој широк и повеќеслоен, но внатрешно кохезивен истражувачки интерес, поврзува неколку комплементарни научни дисциплини какви што се: книжевната теорија и методологија, театрологијата, теоријата на усната книжевност и култура, теориите на културата, културната и книжевната херменевтика, генологијата, автобиографијата и автофикцијата, теоријата на интертекстуалноста, на автореференцијалноста и на метафикцијата, македонската книжевност во културен и историски контекст, балканолошките студии;

- д-р Аврамовска го обединува интересот за културните, театролошките и книжевните теории со основниот интерес за македонската книжевност на 19 и 20 век, со што остава особен (личен) белег врз толкувањата и вреднувањата на тековите и облиците на македонската книжевност;

- д-р Аврамовска се профилира како еминентен толкувач на современи книжевни опуси, и кога ги претставува монографски, и кога ги толкува аспектуално;

- д-р Аврамовска има импресивни предиспозиции и научен капацитет да даде компетентни и научно релевантни толкувања и на текстови, постапки, стилови и модели од областа на романескната продукција, и од областа на драмската и театарската продукција, и од областа на поезијата, поради што е веќе легитимно име на македонската современа книжевна критика и наука;

- д-р Аврамовска е личност со посебна дарба за комуникација со книжевни и театарски истражувачки кругови од специфичните македонистички, кроатистички, славистички, балканистички и германистички центри (Хрватска, Бугарија, Полска, Русија и др.);

- д-р Аврамовска се профилира како истражувач-компаратист, а не само македонист, при што таа ги димензионира компаративно и проблемски своите толкувања на книжевните и театарските дела, процеси и собитија;

- д-р Аврамовска има легитимитет во стручните кругови за образовна и педагошка транспозиција/интерпретација на прашања од областа на книжевноста, историјата и културата, за што сведочат и нејзините авторски и коавторски учебници по книжевност;

- д-р Аврамовска е кооперативна и колегијална личност која умее да работи тимски и со своите постари, и со своите генерациски блиски колеги, и со помладите кадри (студенти, постдипломци);

- д-р Аврамовска била член на неколку комисии за изработка и одбрана на магистерски и докторски истражувања и тези, кога покажала високи квалитети на стручност и компетентност, на подготвеност за соработка, помош и за научен дијалог;

- д-р Аврамовска активно учествува во уредувачката политика на неколку македонски списанија, публикации и во афирмацијата и промоцијата на македонската книжевност, театар, филм, култура и јазик, во јужнословенски, балкански и европски контекст.

## ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените информации и согледби за личноста, научната и наставната дејност, за творештвото и за општествениот ангажман на кандидатката, може да се заклучи дека д-р Наташа Аврамовска е научник со долгогодишно научноистражувачко искуство и со постигнати значајни резултати во македонската книжевна наука во неколку нејзини субдисциплинарни подрачја (теорија, методологија, историја, драматургија, театрологија, усна книжевност, генологија, книжевна компаратистика, книжевна херменевтика), како и во доменот на современите културни студии.

Објавените монографски студии, збирки есеи и други публикации на д-р Наташа Аврамовска претставуваат значаен придонес во развојот на македонската наука за книжевноста во повеќе нејзини области. Нејзината наставна и педагошка дејност ни дава печат на почетоците на македонските компаративни културни студии во сферата на односите меѓу книжевноста и културата. Нејзините преводи на стручна литература од германски и хрватски јазик се одликуваат, исто така, со висока стручност.

Поради сето погоре изнесено, ни претставува особена чест и задоволство на Советот на Институтот за македонска литература да му предложиме д-р Наташа Аврамовска да ја избере во звањето *научен советник* во Одделението за теорија на литературата и компаративна литература при Институтот за македонска литература.

**Рецензентска комисија**

Академик Катица Ќулавкова, редовен професор, с.р.

Д-р Александар Прокопиев, научен советник, с.р.

Д-р Соња Стојменска, научен советник, с.р.

Скопје, 26. 7.2011

# ОБРАЗЕЦ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Наташа Коста Аврамовска**

(име, татково име и презиме)

Институција: **Институт за македонска литература - Скопје**

Научна област: **теорија на литературата и компаративна книжевност**

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство |
| | **Монографија/научна книга** | **8** | 12 |
| | *Во светот на зборовите*, Дијалог, Скопје (во печат) | 8 | |
| | *Ние во времето*, „Магор", Скопје, 2006 | 8 | |
| | *Автобиографијата во македонскиот литературен 19 век*, Институт за македонска литература, Скопје, 2004. | 8 | |
| | *Во вителот на дереализацијата (дупloто дно на македонската драма)*, „Култура", Скопје, 2004. | 8 | |
| | *Ex Libris* , Менора, Скопје, 2000 | 8 | |
| | *Травестија на усната историја - раскажувачкиот криптограм на Петре М. Андреевски*, „Менора", Институт за македонска литература, Скопје, 1999. | 8 | |
| | **Дел од монографија/научна книга (2006-2011)** | **4** | **6** |
| | Natascha Avramovska,/Zorica Simovska/Naxhi Selimi "Mazedonisch" in: *Meine Sprache- Deine Schprache,* 2011: 69-76, Lehrmittelverlag Zürich. | | 4,8 (80%) |
| | "Das Märchen und das Märchenhafte in der südslavischen Balkans", in: Vladimir Biti- Bernarda Katušić *Märchen in der südslavischen Literaturen*, Frankfurt am M.: Peter Lang Verlag 2010:59-70. | | 6 |
| | „Затемнетата муза на македонската љубовна и еротска поезија" во: *Македонскиот есеј*, прир: Иван Цепаровски, ед. Македонска книжевност, „Микена", Битола, 2009. | 4 | |
| | Одредници: Автобиографија, Генологија, Монтажа, Типологија на книжевноста, Сиже, Усност, Усна книжевност. Во: | 4 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | *Книжевнотеориски Поимник*, прир: К.Ќулавкова, МАНУ,2008, Скопје. | | |
| | „Скриената камера на стварноста, камерноста на аналите на историјата", предговор кон Коле Чашуле: *Читано отпосле*, „Микена", Битола, 2008: 5-27. | 4 | |
| | „Раскажувачкиот свет на Ермис Лафазановски", предговор кон Ермис Лафазановски: *Егзотична кантата* Микена, Битола, 2008: 5-18. | 4 | |
| | „Кон оваа поетска книга", предговор кон Катица Ќулавкова: *Ерато*, „Микена", Битола, 2008:5-21. | 4 | |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание опфатено во СЦИ/ЦА/останати или објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор (2006-2011)** | 6 | |
| | •„Дисенсот на општествената комуникација – мотивот на иследувањето во Чашулевата драматика", во: *Филолошки студии* бр. 8 том 2 Скопје, Загреб, Љубљана, Перм, 2010, http://philologicalstudies.org | 6 | |
| | • Родот и архетипот во драмите на Теки Дервиши и Гоце Смилевски (Gender and Archetypes in the plays of Teki Dervishi and Goce Smilevski) . In: *Спектар,* бр.56, Институт за македонска литература, 2010: 73-88. | 6 | |
| | • The left Ventrical of Female Script. In: *Context/Контекст,* 8, IML/ИМЛ, 2010, Скопје, стр. 111- 120. | 6 | |
| | • Драмскиот диптих на Георги Сталев In: *Спектар,* бр.55 Институт за македонска литература, 2010: 57-64. | 6 | |
| | РЕЖИССЕРСКИЕ ИГРЫ СОЦИАЛЬНОЙ КОММУНИКАЦИИ В СВЕТЕ МАКЕДОНСКОЙ ДРАМЫ. In: *Филологические заметки/Филолошки студии 4/2006 vol.2:104-114,* Перм, Русија. , (http://philologicalstudies.org) | 6 | |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание (2006-2011)** | 4 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | „Да се дојде во светот, во јазикот и во изведбата на поезијата ", во: *Прилози Contributions*, XXXIII-XXXIV, 1-2, МАНУ, 2010: 433-436, Скопје. | 4 | |
| | „Видови на културната меморија во македонскиот роман", Slavia Meridionalis, 8, Instytut Slawistki Polskiej Akademii Nauk, Warszawa 2009: 81-96. | 4 | |
| | „Бајката и бајковитото и хронотопот на јужнословенскиот Балкан", во: *Книжевен коншексш*, бр. 7 2009:35-42. | 4 | |
| | "To come to the world, to come to the language". In: *Sprawy Narodowościowe, Vol. Terytorializm i tożsamość*, 2007: 294 -306, ISPAN, Studium Europy Wschodniej UW, Poznanj-Warszawa. | 4 | |
| | „Урбаниот лавиринт на македонската емиграција", во: Годишник на Филологическия Факултет, Благоевград:Югозападен Университет „Неофит Рилски", 2006: 60-69. | 4 | |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно популарно списание (2006-2011)** | 2 | **со меѓ. уредувачки одбор 3** |
| | Новите тенденции на европското чествување на театарот", во: *Кулшурен живош* бр.3-4, 2009:98-105. | 2 | |
| | Поезијата на Весна Ацевска: *Сшолисник*, Макавеј, 2008" во: Културен живот бр.1-2, 2009. | 2 | |
| | „Аспекти на дијалошкото промислување на македонската и хрватската драма", *Синшези*, 2007-8:58-61, Скопје | 2 | |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир (2006-2011)** | 2 | **со меѓ. уредувачки одбор 3** |
| | „Источните песни на Славко Јаневски", Зборник од XXXVII научна конференција на XLIII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје, 2011. | 2 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | "Левата комора на женското писмо", во: Зборник од XXXVI научна конференција на XLII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје 2010: 145-14. | 2 | |
| | „Поетскиот свет на Катица Ќулавкова". Зборник: Меѓународен македонистички собир, Скопје, 2010. | 2 | |
| | "Dijaloško promišljanje makedonske i hrvatske suvremene drame". Зборник: *Hrvatsko makedonske književne i kulturne veze*. Rijeka: Filozofski fakultet 2008:169-180. | 2 | |
| | Types of Cultural memory in the Context of Macedonian Novel. In: *Memory and Art*. Skopje: MANU, 2008:139-153.„ | | 3 |
| | Macedonska emigracja w labiryncie miasta w koncu XIX wieku. In: *Bunt tradycji – Tradycja Buntu*. Institut Slawistikyki Zachodniej i Poiludniowej. Warszawa 2008:241-248. | 2 | |
| | Драматика на симулакрумот во Чашулевата историска драма", зборник од *Научната конференција на XXXIII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура*, Скопје 2007:53-60. | 2 | |
| | Вторая мировая война и социалистическая революция в романах Петре М. Андреевского", зборник: *Опит истории - опит Литературы: Вторая мировая война*, Российская академия наук, Институт Славоведения, центр по изучению современных литератур центральной и юго-висточний Европьы, Москва Наука 2007:140-145. | 2 | |
| | „Егзистенцијализмот во расказите на Бранко Варошлија", *Македонскиот расказ*, Институт за македонска литература, Скопје, 2007:81-88. | 2 | |
| | "Балканската слика на светот во романите на Оливера Николова и Лидија Димковска", во: *Балканска слика на светот*, прир. Ката Ќулавкова, Скопје: МАНУ, 2006: 413-430. | 2 | |
| | • "Трагичното во македонската модерна и постсоцијалистичка постмодерна драма". Зборник од VII научна конференција: Транспозиција историских догађаја у трагедији код Словена, Ниш (26-28 октомври 2006), | 2 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Ниш: 305-323. | | |
| | **Пленарно предавање на научен собир** | **3** | **5** |
| | „Синови на женското усно предание". По повод 150-годишнината од Зборникот на Миладиновци, пленарна беседа во рамки на Медитеранска академија „Година на есејот", 8-9 јуни 2011, Струга. | 3 | |
| | **Секциско предавање на научен собир (2006-2011)** | **2** | **3** |
| | „Документот и документарното во македонската литература и филм". На меѓународната конференција по повод 30 години од основањето на Катедрата за општа и компаративна книжевност/ *Компаративната книжевност денес /Книжевноста и филмот – интермедијални допири.* 28 - 29 април 2011, Скопје, Ректорат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. | 2 | |
| | „Во лавиринтот на раскажувањето", Трет меѓународен научен симпозиум *Хрватско-македонски книжевни, јазични и културни врски,* 23-25 март 2011, Филозофски факултет, Риека, Република Хрватска. | | 3 |
| | „Повеќеконфесионална заедница: културолошки аспекти на македонската денешница". Соопштение на Славистичката меѓународна конференција „Христијанскиот Исток и Запад" 21 - 22 октомври 2010, Универзитетот Адам Мицкиевич во Познањ, Полска. | | 3 |
| | 2010. „Источните песни на Славко Јаневски" . XXXVII научна конференција на XLIII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, јули, Охрид, РМ. | 2 | |
| | „Патувањето на сказната", соопштение на конференцијата *Одисеи,* Катедра за компаративна книжевност и Катедра за класична филологија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 1 јуни 2009. | 2 | |
| | 2008. "Das Märchen und das Märchenhafte in der südslavischen Balkans", соопштение на славистичката конференција *Märchen in der südslavischen Literaturen,* Universität Wien, 20-22, November. | | 3 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Ментор на магистерска работа** | **1** | | |
| | Културолошки студии (во книжевноста) 1X1 – ИМЛ - Скопје | 1 | | |
| | **Одржување на настава по задолжителен предмет** | **прв циклус** | **втор циклус** | **трет циклус** |
| | | **0,04** | **0,05** | **0,06** |
| | 2008-2011, предмет: теми и методи во културологијата | | | 2.16 (36x0.06) |
| | **Одржување на настава по изборен предмет** | **0,05** | | |
| | 2008-2010, предмети: автобиографијата во литературата и културата; жанрот во литературата и културата. | 3,6 (72x0,05) | | |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат** | **0,5** | | |
| | 2010, при Катедрата за општа и компаративна книжевност, Филолошки факултет, Скопје. | 0,5 | | |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура** | **0,3** | | |
| | Постдипломски културолошки студии во литературата, ИМЛ - Скопје | 1,5 (5 x 0,3) | | |
| | **Консултации со студенти** | **0.02** | | |
| | 2008-2011 (50 X 0.02) | 1 | | |
| | **Превод на учебник** | **автор** | **коавтор** | |
| | | **5** | **4** | |
| | Зупа, Вјеран: *Увод во драматологијата*, Скопје: Еинсоф, 2001. | 5 | | |
| | **Основен школски или средношколски учебник** | **автор** | **коавтор** | |
| | | 7 | 6 | |
| | *Македонски јазик и литература за I година реформирано средно образование* (авторски дел: Теорија на литературата), „Просветно дело“, Скопје, 2006. | | 6 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | *Компаративна книжевност за IV година реформирано гимназиско образование*, „Просветно дело“, Скопје, 2004 | | 6 |
| | *Македонски јазик и литература за IV година реформирано гимназиско образование* (дел: Литература), „Просветно дело“, Скопје, 2004 (второ издание, 2009). | | 6 |
| | *Македонски јазик и литература за III година реформирано гимназиско образование* (дел: Литература), „Просветно дело“, Скопје, 2003 (второ издание, 2004; трето издание, 2009). | | 6 |
| | **Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методско списание** | 1 | |
| | „Македонскиот јазик и литературата во образованието“, *Стремеж,* 1-2 2009: 91-98, Прилеп: НУ Центар за култура „Марко Цепенков“. | 1 | |
| | **Рецензент на учебник за средно образование** | **0.5** | |
| | Рецензент на средношколска книжевна хрестоматија . Невена Исаковска/Бранко Пендовски *Примери од литературата* за II година гимназија, „Просветно дело“, Скопје, 2003. | 0.5 | |
| | Рецензент и стручна редакција на превод на *Атлас по литература*, „Просветно дело“, Скопје, 2008. | 0.5 | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ НИ + НН** | **275.4** | |
| | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИОНО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | **Поени** | |
| | | **во земјата** | **во странство** |
| | **Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание СЦИ/ЦА/останати** | **2/0,5** | |
| | (2004- ), член на редакција на *Кулурен живот* | 0,5 | |
| | (2007-2010), член на редакција на *Книжевен контекст* | 0,5 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | „Поетскиот свет на Катица Ќулавкова", соопштение на Меѓународен македонистички собир, 29-31 август 2008, Охрид. | 2 | |
| | 2008. "Literary Myths: Collective Memory and Metanarrative Interplay between the Memory and Forgetfulness. International Conference: *Memory and Forgetfulness.* South-Eastern University Neofit Rilsky, Blagoevgrad, Bulgaria, 15-17, February. | | 3 |
| | „Types of cultural memory in macedonian novel" International Conference: *Меморија и интерпретација*, МАНУ, 16-17 ноември 2007. | | 3 |
| | 2006. "Orality and the Macedonian Narrative Literary" . International Conference on *Advances in Oral Literary Research*, Faculty of Philology, University Belgrade, (24-26. November, 2006) | | 3 |
| | "Играта со балканските идентитети во романот *Вежби за Ибн Пајко* на Оливера Николова". Меѓународен симпозиум "Развитокот на македонската литература", 25-26 .10. 2006 , Скопје. | 2 | |
| | „Аспекти на дијалошкото промислување на македонската и хрватската драма". Симпозиум: Хрватско-македонски книжевни и културни врски", 27-28 септември 2006, Филозофски факултет, Риека. | | 3 |
| | „Драматика на симулакрумот во Чашулевата историска драма", соопштение на *Научната конференција* на *XXXIII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура*, Охрид, август 2006. | 2 | |
| | **Учество на научен собир со реферат (постер/усно), (2006-2011)** | **1/1,5** | **1,5/2** |
| | „Песната на Миладинов Т‘га за југ и мас-медиумите." Меѓународна конференција *Поезијата и мас-медиумите*. СВП, 20 август 2010, Струга. | 1 ,5 | |
| | „Македонската и бугарската литература во новиот милениум: тенденции и процеси", 14 мај 2010, Софија, МКИЦ. | | 2 |
| | „Драмскиот диптих на Георги Сталев" соопштение на работилницата *Black Arab as a figure of Memory*, 14 ноември | 1,5 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 2009. МАНУ, Скопје. | | |
| | „Да се дојде во јазикот, да се дојде во светот на поезијата". Симпозиум: *Јазик, идентитет, поезија* на СВП, 20 август 2009, Струга. | | |
| | По повод 70-годишнината од Рациновите Бели мугри. Симпозиум на Рациновите средби, јуни 2009. | 1,5 | |
| | „Изучувањето на македонскиот јазик и литература во задолжителното образование", соопштение на трибината „Македонскиот јазик и литературата", април 2008, ИМЛ, ДПМ. | 1,5 | |
| | **Одбранета докторска дисертација** | **8** | **8** |
| | *Интертекстуалноста и самореференцијалноста на драмата*, Филолошки факултет, *Блаже Конески* – Скопје, 11- 2003. | 8 | |
| | **Одбранет магистерски труд** | **5** | **5** |
| | Teorijski aspekti romana и novele u pripovjednom opusu Petre M. Andreevskog, Filozofski fakultet Sveučilište Zagreb 01-1997 | 5 | |
| | **Раководител на научноистражувачки проект** | **национален**<br>**4** | **меѓународен**<br>**6** |
| | (2010-2012) Македонски митопоетски роман, ИМЛ | 4 | |
| | **Учесник во научноистражувачки проект (најмногу во 3)** | **национален**<br>**2** | **меѓународен**<br>**3** |
| | (2008, 2009-2011) *Interpretations. European research Project for Poetics and Hermeneutics* . Macedonian Academy of Science and Arts (MANU) , UNESCO. | 3 | |
| | (2009-2011) *Компаративна книжевност – состојби и перспективи*, ИМЛ, Скопје, поддржан од МОН, РМ. | 2 | |
| | (2007-2008) *Родовите претстави во балканските литератури и култури*, ИМЛ, Р. Македонија и Југозападен европски универзитет Неофит Рилски, Благоевград, Р. Бугарија. | 3 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир** | 1 | | 2 |
| | **2011.** New European Poetics and Hermeneutics. *Interpretations* No. 4 & 5<br>Ed.y Katica Kulavkova & Natasha Avramovska, Macedonian Academy of Sciences and Arts | 1 | | |
| | (2010) , Зборник на XXXVI меѓународна научна конференција на XLII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје – член на редакциски одбор | 1 | | |
| | (2007), Зборник од научниот симпозиум „Македонскиот расказ", Скопје, ИМЛ | 1 | | |
| | **Член на организационен одбор на Н. Собир** | 1 | | 2 |
| | Член на Организацискиот одбор на меѓународната конференција по повод 30 години Институт за македонска литература на тема *Македонскиот идентитет: литература, јазик, историја, култура*, ноември 2011. | 1 | | |
| | Член на организационен одбор: Fourth International Congress of the RÉSEAU EUROPÉEN D'ÉTUDES LITTÉRAIRES COMPARÉES / EUROPEAN NETWORK FOR COMPARATIVE LITERARY STUDIES (REELC/ENCLS) *LITERARY DISLOCATIONS*, September 1-3, 2011, Skopje-Ohrid, Republic of Macedonia | 1 | | |
| | Научен секретар на Организациониот одбор на меѓународната конференција *Memory and Art*, МАНУ, 16-17 ноември 2007. | 1 | | |
| | Член на Организациониот одбор на 14. Меѓународен конгрес на слависти, септември 2008, Охрид | 1 | | |
| | Секретар на Организациониот одбор на научниот симпозиум „Македонскиот расказ, 13-14 мај 2005, Скопје | 1 | | |
| | **Студиски престој во странство**<br>**(2006-2011)** | **до 3 мес.** | **до 6 мес.** | **повеќе** |
| | | **0,5** | **1** | **2** |
| | Петроград, Русија (април 2011) | 0,5 | | |
| | Торино, Италија (јули 2009) | 0,5 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Вроцлав, Полска (април 2009) | 0,5 | | | |
| | Загреб, Хрватска, февруари 2009 | 0,5 | | | |
| | Софија, Бугарија, февруари 2008 | 0,5 | | | |
| | **Изготвување и пријавување на научен/образовен проект** | **национален** | | **меѓународен** | |
| | | **носи тел** | **соработ ник** | **носи тел** | **Соработ ник** |
| | | **1** | **0,5** | **2** | **1** |
| | (2010), *Балканските типологии во литературата, драмата и театарот во 20 век*. Билатерален научноистражувачки проект меѓу Република Македонија и Република Бугарија во областа на општествените и хуманистичките науки (носител) | 2 | | | |
| | (2010) Македонски митопоетски роман, ИМЛ-Скопје (носител) | 1 | | | |
| | (2008) *Компаративна книжевност – состојби и перспективи*, ИМЛ, Скопје | 0.5 | | | |
| | **Член на институтска комисија** | **0,5** | | | |
| | Член на комисија за попис | 0,5 | | | |
| | Член на комисија за набавки | 0,5 | | | |
| | **Член на Комисија за избор во звање** | **0,2** | | | |
| | 1Х0.2 | 0.2 | | | |
| | **Учество во комисии и тела на државни и други органи (2006-2011)** | **1** | | | |
| | (2004-), член на Советот на Институтот | 1 | | | |
| | (2008-), член на Наставничкиот совет | 1 | | | |
| | 2010 (септември) – избор на најдобра претстава на МОТ 2010 (Македонски отворен театар) – член на комисија | 1 | | | |
| | 2010 (август-септември). Избор на македонски кандидат за наградата „Балканика“ – претседател на комисија | 1 | | | |
| | 2010 (јануари-март). Избор на роман на годината, награда на *Утрински весник* за 2009 г. – член на комисија | 1 | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | 2009. Национален селектор за избор на Његошевата награда | 1 |
| | 2009 (мај-јуни). Избор на добитник на наградата „Браќа Миладиновци" (Струшки вечери на поезијата) - член на комисија | 1 |
| | 2008 (мај-јуни). Избор на добитник на наградата „Браќа Миладиновци" (Струшки вечери на поезијата) - член на комисија | 1 |
| | (2005-2008), член на Советот на Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература | 1 |
| | (2006, 2007, 2008), учество во работата на комисии за државни натпревари по литература за основно и средно образование | 3 (3x1) |
| | **БОДОВИ СА+ ОР** | **28,2** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ** | 275,4 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИОНО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | 28,2 |
| **Вкупно** | **303,6** |

**Рецензентска комисија:**

Академик Катица Ќулавкова, редовен професор, с.р.

Д-р Александар Прокопиев, научен советник, с.р.

Д-р Соња Стојменска, научен советник, с.р.

# РЕФЕРАТ

## за избор на научен советнок во Институтот за национална историја во Скопје

Врз основа на член 40 од Статутот на Институтот за национална историја, а со одлука на Советот на ИНИ на седницата одржана на 17.6.2011, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на д-р Драгица Поповска, асистент-истражувач во Балканолошкото одделение при Институтот за национална историја во Скопје во звањето научен соработник. Комисијата во состав: проф. д-р Крсте Богоески, проф. д-р Маја Ангеловска – Панова и проф. д-р Милан Бошкоски, ги разгледа приложените материјали и на Советот на ИНИ му го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Биографски податоци

Кандидатката д-р Драгица Поповска е родена во Скопје во 1970 година. Средно образование завршила во 1989 во ГДУЦ „Здравко Цветковски" во Скопје. Високо образование стекнала на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на Природно-математичкиот факултет, на Институтот за етнологија и антропологија (1989-1993), и се стекнала со звањето дипломиран етнолог. Постдипломски студии, исто така, завршила на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на Природно-математичкиот факултет, на Институтот за етнологија и антропологија во 2006 година, на тема "Светите камења во македонската народна религија и обредна пракса" и се стекнала со степенот магистер на етнолошки науки. Во 2010 година на Институтот за национална историја при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје ја одбранила темата на докторската дисертација „Култната функција на каменот во религиите во Македонија" и се стекнала со научното звање доктор на историски науки.

**2. Научно-стручна активност:**

Научно-стручната активност на д-р Драгица Поповска е интензивирана во периодот од 2009 до денес, 2011 година. Тоа особено се гледа во нејзиното учество со реферати во одделни научно-стручни собири на локален и меѓународен план, учество во научни проекти, учество во одделни моменти на предавања. Секако, како резултат на научната работа се повеќето објавени трудови, меѓу кои една издадена монографија и две во печат. Тоа зборува за најзиниот сериозен пристап во научноистражувачката работа, која е нејзина определба во досегашниот и во наредниот период.

**2.1. Учество на научен/стручен собир со реферат:**

- научен симпозиум „Порече низ историјата", 5 и 6 септември 2009 во Самоков, Македонски Брод;
- учество во јавна трибина на тема: „Македонците со исламска вероисповед – меѓу националната и религиската припадност", одржана на 15.2.2011 година во Скопје;
- „Ѓорче Петров – живот и дело", одржана на 1.4.2011 во Скопје, во организација на општината Ѓорче Петров и Институтот за национална историја во Скопје, со тема на рефератот: „Девојачки Камен – природна убавина на територијата на општина Ѓорче Петров".

**2.2. Учество на меѓународен научен/стручен собир со реферат:**

- Меѓународен симпозиум во Битола, одржан на 15 и 16 октомври 2010 година, со наслов на рефертот: „Кралот Марко во македонските и српските верувања поврзани со каменот";
- Меѓународна конференција: „Македонија - Полска: историја, јазик, култура, фолклор", 3-5 јуни 2011, со наслов на рефератот: „Некои аспекти на обредно-градежната симболика: македонско - полски паралели".

**2.3. Предавања:**

- предавање на „Универзитет трето доба" на Филозофскиот факултет во Скопје, октомври 2010 година, на тема „Светите камења во Македонија";
- предавање на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, Филолошки факултет, група: историја со археологија, на 18 ноември 2010 година на

тема „Етнологијата како помошна историска наука", во рамките на предметот помошни историски науки.

**2.4. Проекти:**

- Проектот на Министерството за култура на Република Македонија поврзан со децата-бегалци, лица изложени на терор, учесници во Граѓанската војна од Егејска Македонија.

**2.5. Библиографија:**

- Светите камења во македонската народна религија и обредна пракса, Селектор, Скопје, 2009, 1-164;
- Магиско- култните содржини поврзани со Змеоица, с. Крапа, Македонски Брод (Зборник на трудови од научниот собир „Порече низ историјата", 5 и 6 септември 2009 година), рецензиран труд;
- Народна терминологија за светите камења – називи и епитети, Гласник на Институтот за национална историја, год.53, бр.1-2, Скопје, 2009, стр. 91-98;
- Култот кон каменот во селото Држилово – Скопско, с. Историја, Сојуз на историчарите на РМ, год. XLV, бр.1-2, Скопје, 2009, стр. 129-135;
- Кралот Марко во македонските и српските верувања поврзани со каменот, Зборник на трудови од меѓународниот научен собир во Битола, Конзулат на Р. Србија во Р. Македонија-Битола, Битола 2011, стр. 269-280;
- Административно – територијалната поделба на битолскиот регион меѓу двете светски војни, Зборник на трудови од меѓународниот научен собир во Битола, Конзулат на Р. Србија во Р. Македонија-Битола, Битола 2011. ( коавтор);
- Надминување на предрасудите - за внатрешна кохезија на Македонците – Зборник на трудови од јавна трибина, 15 февпури 2011;
- Верувањата на македонското население во Центар Жупа поврзани со каменот Штркален, Зборник на трудови од научна трибина, 15 февруари 2011 (рецензиран труд);
- Девојачки Камен – природна убавина на територијата на Општина Ѓорче Петров – Зборник на трудови од научна трибина – Ѓорче Петров (1865-1921), општина Ѓорче Петров, Институт за национална историја, Скопје, 2011, стр. 219-225;

- Отворот како симбол, во: Филолошки студии / 2011, Скопје – Перм - Љубљана-Загреб:
Internet:http:/philologicalstudies.org/index.php?option=com
- Мистиката на каменот, рецензиран труд (монографија во печат);
- Скопските Роми и нивните позначајни календарски празници, рецензиран труд (монографија во печат).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на напред изложеното, Комисијата заклучи дека според Статутот на Институтот за национална историја во Скопје и според Законот за научно-истражувачка дејност за избор во горенаведеното звање, кандидатката д-р Драгица Поповска ги исполнува предвидените услови за избор во звањето научен соработник. Комисијата смета дека кандидатката во научноистражувачката работа во областите на етнологијата и културната антропологија, во поглед на категориите време, простор и општествена средина, има изградено соодветна методологија.

Според напред изложеното, ценејќи ги досегашните активности на научен и стручен план, нејзината активност и желба за продлабочено зафаќање со научно-истражувачка работа, Комисијата заклучи дека кандидатката ќе одговори на потребите на Институтот за национална историја. Затоа му предлага на Советот на Институтот за национална историја на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кандидатката д-р Драгица Поповска да биде избрана во звањето научен соработник.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Крсте Богоески с.р.

Проф. д-р Маја Ангеловска – Панова с.р.

Проф. д-р Милан Бошкоски с.р.

ПРИЛОГ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Драгица Поповска

Институција: Институт за национална историја – Скопје

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

| Реден број | Назив на активноста | поени |
|---|---|---|
| 1. | Монографија или научна книга | 24 |
| 2. | Одржано предавање по покана од научна институција | 4 |
| 3. | Одбранета докторска дисертација | 8 |
| 4. | Одбранета магистерска работа | 5 |
| 5. | Учество на научен/стручен собир | 4,5 |
| 6. | Учество на меѓународен научен/стручен собир | 4 |
| 7. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание | 8 |
| 8. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор | 6 |
| 9. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| | научен/стручен собир | |
| 10. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од меѓународен научен/стручен собир | 5,7 |
| 11. | Учесник во национален научен проект | 3 |
| Вкупно: | | 80,20 |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ-СКОПЈЕ
ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ-СКОПЈЕ
Примено: 23. 8. 2011
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 09 | 1350/2 | – | – |

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕТО НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ВРЗ РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" ОД М-Р ТОШО КОСТАДИНОВ, ПОДНЕСЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатот м-р Тошо Костадинов со наслов „Влијанието на претприемништвото врз руралниот развој на Република Македонија", Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, со одлука бр. 02-977/2 на 7.6.2011 донесена на 57 седница одржана на 6.6.2011, формира Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација во состав:

1. д-р Дејан Пендев
2. д-р Васил Поповски
3. д-р Јорде Јакимовски
4. д-р Татјана Петковска-Мирчевска и
5. д-р Биљана Ангелова

Членовите на Комисијата со потребното внимание ја прочитаа и ја проучија поднесената докторска дисертација од кандидатот м-р Тошо Костадинов на тема „Влијанието на претприемништвото врз руралниот развој на Република Македонија" и до Научниот совет на Економскиот институт во Скопје го доставуваат следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Општи согледувања

Докторската дисертација **"Влијанието на претприемништвото врз руралниот развој на Република Македонија" на кандидатот м-р Тошо Костадинов** обработува исклучително комплексна, интересна и актуелна проблематика од областа на претприемништвото во руралните средини - рурално претприемништво - и неговото влијание врз руралниот развој на Република Македонија.

Цел на оваа докторска дисертација е – врз основа на анализи, литература, студии, документи, официјални статистички податоци од областа на претприемништвото и руралниот развој и особено врз основа на анализа на анкета на интервјуиран пригоден примерок на претприемачи на МСП од руралните подрачја - да се идентификуваат и интегрираат новите сознанија за значењето и улогата на претприемништвото во руралниот развој. Во таа смисла, истражувањето за влијанието на претприемништвото врз руралниот развој се темели врз елаборација на современи теоретски и емпириски сознанија.

Кандидатот укажува дека со инкорпорација на современите сознанија за претприемништвото и за руралниот сектор се постигнува промена на застарените сфаќања, ставови и менталитет за дејствување во руралните подрачја, а тоа е предуслов за зголемување на ефикасноста и ефективноста на руралниот развој. Меѓутоа, практикувањето на новиот пристап за претприемништвото и руралниот развој ја проблематизира и улогата и влијанието на централната и локалната власт. Имено, креирањето на политиките, инструментите и мерките од страна на централната и локалната власт треба во континуитет да обезбедува зголемување на нивото на знаење и вештини кај претприемачите за тие да дејствуваат проактивно во услови на сè позабрзано променливот амбиент на регионалната и глобалната економија и на таков начин да се влијае за постигнување поинтензивен развој на руралните подрачја во Република Македонија. Оттука, кандидатот констатира дека промените кај претприемачите од руралните подрачја во поглед на новите ставови, знаење и вештини значително ќе го олеснат и пристапот до европските фондови наменети за руралниот развој што претставува ефикасен „лост“ за подигање на препприемништвото и развојот во руралните подрачја.

## 2. Содржина на докторската дисертација

Докторската дисертација „Влијанието на претприемништвото врз руралниот развој на Република Македонија“, поднесена од кандидатот м-р Тошо Костадинов, содржи вкупно 358 страници. Основниот текст опфаќа 312 страници и се состои од вовед, шест тематски поглавја и заклучок. Во списокот на користена литература се наведени 221 релевантна библиографска единица од домашни и странски автори, како и извештаи од соодветни институции и користени интернет – извори.

Во **воведот**, кандидатот ги образложува значењето и актуелноста на третираната проблематика, ги наведува целта и предметот на истражувањето, како и главните хипотези на трудот според кои претприемништвото е значаен фактор за руралниот развој и обратно, дека руралниот развој потпомогнат од централната и локалната власт го поттикнува развојот на претприемништвото. Во воведот е поместена и користената методологија на истражувањето на која се темелат сознанијата и заклучоците од трудот.

Во **првата глава, „Концепт на руралниот развој“**, е разработен концептот на руралниот развој. Пред сè се разработува придонесот на руралната социологија во развојот на руралните подрачја и е направена динстинкција помеѓу руралните и урбаните подрачја. Потоа е даден осврт на интегралниот рурален развој, како комплексен развој на одредено рурално подрачје врз основа на расположливите природни, материјални, инфраструктурни и човечки ресурси со кои се управува, при што е интегрирана и проблематиката за зачувување на рамнотежата помеѓу човекот и природата. Како таков, овој концепт подразбира урамнотежен развој на руралните региони од повеќе аспекти, пред сè од демографски, социо-економски, просторен, меѓусекторски, традиционално-културолошки и еколошки аспект. Таквото поимање на интегралниот рурален развој е широко прифатено во практиката на земјите со развиена пазарна економија, вели кандидатот. Притоа укажува дека е забележителна интернационализација на овој концепт и останатите определби поврзани со руралната економија кои ја негираат лаичко-архаичната поставка по која терминот „рурално” се поистоветува со терминот „земјоделско”. За класификацијата на руралниот простор се елаборира значењето на концептот на густина на населението, што претставува столб во методологиите на OECD и Eurostat усвоени во ЕУ. Притоа, кандидатот укажува дека организацијата на економска соработка и развојот прави разлика меѓу две хиерархиски нивоа – локално и регионално. На ниво на локалните заедници (NUTS 5), руралните средини се заедници со густина на население под 150 жители на км$^2$. На регионално ниво (главно NUTS 3), OECD разликува поголеми функционални или административни единици врз основа на нивниот рурален карактер и во зависност од регионалното учество на населението кое живее во овие рурални заедници. Во таа насока и со цел да се олеснат принципите на анализите се применува следново групирање: (а) предоминантно рурални региони (над 50% од

населението живее во рурални заедници), (б) значително рурални региони (15-50% од населението живее во руралните заедници) и (в) доминантно урбани региони (помалку од 15% од населението живее во рурални заедници). Пристапот на Eurostat се базира на нивото на урбанизација, така што секој европски регион се класифицира во една од трите класи: (а) густо населени зони (тоа се групи општини од кои секоја е населена со над 500 жители на км$^2$, а вкупното население на оваа зона е најмалку 50000 жители), (б) средно населени зони (тоа се групи општини со густина на население од 100 до 500 жители на км$^2$. Вкупниот број на население е најмалку 50000 жители, што е блиску до бројот на густо населените зони) и (в) ретко населени зони (тоа се групи општини кои не потпаѓаат под ниедна од горенаведените зони, односно имаат помалку од 100 жители на км$^2$). Меѓутоа, руралниот развој се темели на мултидимензионален концепт, па оттука е очигледно дека тој не може да биде следен со помош на еден показател. Затоа, во продолжението на оваа глава се комплетира соодветен сет на индикатори кои служат како аналитичка алатка за следење на постојаните промени внатре во руралниот свет како што се: популационите миграции, управувањето со земјишните ресурси, доходот како критериум за мерење на регионалните диспаритети, вработеноста како мерка за благосостојбата во руралните подрачја и современите трендови на привлечност на многу рурални подрачја со цел создавање на „втор дом" (викендаши). За идентификација и конструкција на потребниот сет индикатори, разработени се двата пристапа - секторскиот и територијалниот. Понатаму, разработена е руралната политика која се дефинира како збир на мерки со кои, во рамките на националната економска политика, се остваруваат целите на политиката на руралните подрачја на секоја земја. Со помош на оваа политика се насочува и поттикнува развојот на одбраните модели на руралната економија во рамките на кои се решаваат, пред сè, социо-економските и еколошките проблеми на руралните заедници. На крајот од оваа глава кандидатот прави осврт на руралниот развој на ЕУ и САД.

Во **втората глава**, „Претприемништвото и факторите за негово поттикнување", се разработуваат различните погледи на претприемништвото, како и улогата на претприемачот во претприемачкиот процес. Се елаборира претприемништвото како мултидимензионален феномен, како и местото на претприемништвото во економската теорија и неговото значење за економскиот развој. Кандидатот укажува дека претприемништвото и претприемачот

повторно се јавуваат како одговор на историските барања за економскиот развој. Потребата за нив, пак се актуализира како во развиените општества, така и во земјите во развој. Ваков интерес настанува како резултат на верувањата дека претприемачките активности ја подобруваат економската благосостојба на општеството. Условите на опкружувањето никогаш не се исти, бидејќи тоа што е добро да се направи денес, веројатно не е добро да се направи утре. Во тоа е и суштината на претприемништвото - постојано да се иновира во услови на неизвесност. Понатаму, се разработува проблематиката за улогата на претприемачот во претприемачкиот процес. Функциите и квалитетите на претприемачот се разработени преку развојот на неговата личност и когнитивните модели на неговото однесување. Човечкиот и социјалниот капитал се значајни феномени за кои има обиди да се доведат во врска со претприемачкото однесување. Класичните и современите теории за капиталот подразбираат дека капиталот, пред сè, е ресурс, дека тој е мерлив и дека во одредена мера е конвертабилен во други капитали. Во продолжение на оваа глава се посветува внимание на некои фактори што го поттикнуват претприемништото, како што се: образованието, истражувањето, системот на домашните институции и улогата на централната и локалната власт. На крајот од оваа глава е направен осврт на специфичностите на претприемништвото во руралните подрачја, како во секторот на земјоделството, така и во неземјоделските дејности.

**Третата глава, „Карактеристики и значење на малите и средните претпријатија“**, претставува целина во која е елаборирана улогата на МСП како самостојни економски субјекти што настанале како резултат на општествената поделба на трудот. Претпријатието се дефинира како систем, т.е. збир на меѓусебно поврзани компоненти за постигнување на одредена цел. Како такво, претпријатието има: намена, граници, инпути, аутпути и елементи во своите граници, помеѓу кои е и претприемачот и, разбрано како таков систем, се потенцира неговата комплексност и сложеност. Притоа кандидатот ги елаборира критичните фактори за основање на ново претпријатие како што се: личните атрибути, економските фактори и општествените фактори. Нема сомнеж дека значењето на секторот на МСП и важноста на амбиентот во кој тие настануваат се препознаени од страна на креаторите на социо-економските политики. Но, прашањето е зошто тоа се случува токму денес, а не пред

триесетина години. Денес, економската слика ја формираат две моќни сили - технологијата и глобализацијата. Технолошките достигнувања на денешницата се проширени на нови производи и услуги коишто не можеа да се претпоставaт во раните 60-ти од минатиот век. Од друга страна, пак, глобалното село станува реалност. Промените се сè побрзи, па оттаму, претпријатијата веќе не можат да се потпрат на досегашните деловни практики и на застарено регулираниот бизнис-амбиент. Со својата приспособеност и флексибилност, МСП се одговор на овие промени. Гледано низ простор и време, МСП се универзална појава. Од една страна, се менувало, се менува и ќе се менува нивното значење, улогата, обележјата и дефинициите, а од друга страна, се менува и општиот - пазарен и институционален амбиент, во кој тие „се раѓаат, се развиваат и умираат". Секторот на МСП е меѓузависно поврзан со потесниот и поширокиот социо-економски амбиент, но и со претприемачите, претприемништвото и претприемачката култура. Бројот на малите претпријатија во кое било стопанство, во однос на вкупниот број претпријатија, надминува 90%. МСП се двигател на националните економии. Тие се најважен извор на работни места, претприемачки дух и иновации, а се круцијални и во контекст на конкурентноста и промените. Во продолжението на третата глава се прикажуваат некои посебности на дејствувањето на МСП како што се: стратегии, менаџмент, маркетинг, финансирање, раст и развој, како и интернационализација на малите бизниси.

Во четвртата глава, **„Поврзување на малитете и средни претпријатија"**, се елаборира поврзувањето на МСП, т.е. здружувањето на нивната моќ со претприемачко поврзување заради достигнување на повеќе желби и цели на претприемачот. Поврзувањето на претпријатијата овозможува намалување на несигурноста и ризикот, искористување на географските разлики, обезбедување на комплементарно стручно знаење, како и поефикасна координација и способност за задоволување на потребите на големите купувачи и поедноставување на структурирањето на добавувачите. Притоа се елаборира дека хоризонталното и вертикалното поврзување на претпријатијата овозможува подобра меѓусебна координација и помага во намалувањето на несигурноста бидејќи ги намалува трансакциските трошоци. Поврзувањето на претпријатијата на разни нивоа влијае на ефикасноста на претпријатијата, на одлуките за заеднички вложувања, како и на размената на информации меѓу

претпријатијата. Во тој контекст, на МСП што бавно растат поради различни околности, поврзувањето со други претпријатија им овозможува одредени погодности и предности што се карактеристични за големите претпријатија. Понатаму, на МСП што сакаат напредок и забрзан раст, поврзувањето им овозможува премостување на недостигот на ресурси и пазарни потенцијали. Оние МСП што имаат стратешка цел за постигнување на економија на обем, економија на поврзани производи, како и економија на знаење, ги прошируват своите хоризонтални граници и се поврзуват хоризонтално. МСП кои имаат стратешка цел да ги намалат трансакциските трошоци можат да ги шират своите вертикални граници, да се поврзувале вертикално, додека претпријатијата што со поврзувањето имаат долгорочна цел да ја прошират својата дејност преку границите на својата земја (да се интернационализираат), можат да се поврзуваат хоризонтално и вертикално. Во таа смисла е разработен и концептот на претприемачки кластери, што претставува современ начин на размислување за претприемачката економија. Посебно беше елаборирана улогата на кластерите во агроиндустријата, како на оние што моментално функционираат во Република Македонија, така и на оние што треба да се формираат во следниот период. Но, кандидатот укажува дека улогата на централната и локалната власт е исто така сето тоа да се менаџира стратегиски Притоа, се потенцира новата улога на претпријатијата, државата и другите институции што ја поттикнуваат конкурентноста.

Во **петтата глава, „Рурален развој низ претприемништво“**, се поврзува руралниот развој со претприемништвото. Институциите и поединците кои тековно го промовираат руралниот развој на претприемништвото, на тоа гледаат несоодветно како на стратешка развојна интервенција со која би можело да се забрза процесот на развојот на селото. Во тој контекст, кандидатот укажува дека владините институции се согласуваат за ургентната потреба да се промовираат малите и средните рурални претпријатија, понатаму, дека агенциите за развој гледаат на претприемништвото како на огромен потенцијал за вработување, политичарите го гледаат како клучна стратегија за спречување социјални немири на село, земјоделците го прифаќаат како инструмент за подобрување на приходите, а жените го гледаат како можност за вработување кое е близу до нивните домови, им дава автономија, независност и намалена потреба за социјална поддршка. Понатаму, беше разработен концептот за развој

на претприемачките активности во руралните подрачја за фармери и менаџери - сопственици на МСП и беа претставени партнерството и институциите што го поддржуваат претприемачкиот рурален развој. На крајот од оваа глава кандидатот сеопфатно го разработува руралниот развој на Република Македонија. Притоа, прави анализа на руралниот сектор и ја разработува стратегијата за земјоделство и рурален развој. Тоа го поврзува со стратешката цел наведена во актуелниот Националниот план за економски развој и аргументира дека за зголемувањето на меѓународната конкурентност на земјата потребна за одржлив економски пораст и поголема вработеност, незаобиколни области се претприемништвото и руралниот развој.

**Шестата глава, „Емпириско истражување за влијанието на претприемништвото врз руралниот развој на Република Македонија“**, е апликативно истражување чии основи се порано елаборираните теоретски стојалишта. Имено, во оваа глава се спроведе емпириско истражување на пригоден примерок на МСП во руралните подрачја во Република Македонија. Кандидатот спроведе анкетно истражување врз 101 претприемач на МСП во сите осум плански региони во Република Македонија, потоа беше извршена селекција и обработка на податоците и информациите. Добиените податоци и информации беа анализирани и врз основа на тоа е дијагностицирана состојбата во која се наоѓа претприемништвото во руралниот сектор на Република Македонија. Истражувањето и анализите упатуваат на мошне интересни размисли кои се значајни за насочување на креаторите на политики и мерки за руралниот развој врз основа на претприемништвото. На крајот се дадени препораки за можните насоки за развој на претприемништвото кое треба да влијае врз руралниот развој на Република Македонија.

Во заклучокот интегрално се дадени согледувањата, дилемите и заклучоците кои произлегуваат од теоретското, емпириското и анкетното истражување и притоа кандидатот укажува и на предизвиците за идните истражувања поврзани со влијанието на претприемништвото врз руралниот развој во Република Македонија.

3. **Оцена и предлог**

Врз основа на внимателното проучување на изнесената содржина на докторската дисертација на кандидатот м-р Тошо Костадинов, под наслов "Влијанието на претприемништвото врз руралниот развој на Република Македонија", Комисијата оцени дека докторската дисертација се одликува со современ и оригинален приод и е исклучително содржаен и комплексен труд. Трудот се темели на мошне квалитено систематизирана аргументација за предметот на истражуваната проблематика и поставените тези и опфаќа обработка на релевантни аспекти, од доменот на претприемништвото и руралниот развој. Во трудот се идентификувани значајни сознанија и заклучоци кои можат да бидат користени од креаторите на политиките за руралниот развој и претприемачката економија. Во тој контекст, кандидатот го потврдува исклучителното значење на семејните бизниси и женското претприемништво за руралниот развој. Притоа, тој не е заборава да ја констатира стварноста дека без развиена инфраструктура и тоа во сите домени, а особено во патна инфраструктура што е случај во нашата земја, потешко ќе се раздвижи тркалото за поттикнување на рурално претприемништво, а со тоа руралниот развој нема да го доживее својот целосен полет.

Согласно со горенаведеното, Комисијата едногласно констатира дека кандидатот м-р Тошо Костадинов во својата докторска дисертација целосно успеал да одговори на предизвиците што ги поставил при дефинирањето на целта и предметот на истражување. Тезите што ги поставува мошне успешно ги развива со поткрепени и аргументирани ставови и заклучоци. Постигнатата научна егзактност и вредност на докторската дисертација се целосно прифатени и може да добијат реална примена во централните и локалните институции за позитивната факторска улога на претприемништвото врз руралниот развој во Република Македонија. Текстот на дисертацијата е пишуван согласно со современите концепти при изработка на докторски дисертации. Користената значителна библиографска граѓа е од странски и домашни автори, а анализите и резултатите од истражувањето коректно се презентирани и интерпретирани.

Врз основа на претходното, Комисијата му предлага на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати извештајот со позитивна оцена за поднесената докторска дисертација "Влијанието на претпремништвото врз руралниот развој на Република Македонија" и
2. на кандидатот м-р Тошо Костадинов да му дозволи јавна одбрана на докторскиот труд.

Скопје, 18. 7. 2011

Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација

1. ____________________

/Д-р Дејан Пендев/ с.р.

2. ____________________

/Д-р Васил Поповски/ с.р.

3. ____________________

/Д-р Јорде Јакимовски/ с.р.

4. ____________________

/Д-р Татјана Петковска-Мирчевска/ с.р.

5. ____________________

/Д-р Биљана Ангелова/ с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОДРЕДЕНИ ЕПИДЕМИОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОБИДИТЕ ЗА САМОУБИСТВО ВО СКОПЈЕ И МОЖНОСТИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА", ИЗРАБОТЕНА ОД Д-Р МИРА ПОЛАЗАРЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ,**

Наставно - научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата 9та седница од 26.5.2011 година, по предлог на Научниот одбор формира Комисија за оцена на докторската дисертација под наслов **ОДРЕДЕНИ ЕПИДЕМИОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОБИДИТЕ ЗА САМОУБИСТВО ВО СКОПЈЕ И МОЖНОСТИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА** од д-р Мира Полазаревска, вработена на Универзитетската клиника за психијатрија во Скопје.

Комисијата е во состав:

- проф. д-р Антони Новотни

- проф. д-р Цветанка Божиновска

- проф. д-р Никола Оровчанец.

По доставувањето на доставениот текст, РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА има чест до Наставно- научниот совет да го достави следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација **ОДРЕДЕНИ ЕПИДЕМИОЛОШЖНОСТИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА** ПРЕТСТАВУВА САМОСТОЕН, ТРУД ПРЕЗЕНТИРАН НА 119 страници и додаток на објавените трудови, со приложени 41 табела и графикони. Материјалот е изложен во 15 поглавја распоредени последователно, а содржината е поткрепена со библиографија од 131 референца.

**Воведот** е соодветно конципиран во целини кои се надоврзуваат последователно една на друга и во нив е изложена суштината на понатамошните иследувања.

**Целите** во докторската дисертација се јасно дефинирани и одредени се:

- дистрибуцијата на обидите за самоубиство според: полот, возраста, местото на живеење, времето, етничката припадност и начинот на извршувањето на обидот за самоубиство;

- одредена е динамиката на промените на обидите за самоубиство, сезоноста и развојната тенденција во ретроспективниот дел на истражувањето;

- испитано е постоењето на асоцијација помеѓу длабочината на депресивноста и наодите добиени со Хамилтоновата психијатриска скала за проценка на депресивноста;

- одредена е корелацијата помеѓу степенот на депресивноста и степенот на анксиозноста кај испитаниците со обид за самоубиство и кај испитаниците од контролната група и е утврдена разликата во наодите;

- направена е проценка на ризикот од самоубиство кај лица со обид за самоубиство и предложени се можностите за превенција на обидите за самоубиство и самоубиствата.

Истражувањето претставува опсежна ретроспективна и проспективна студија.

**Во ретроспективниот дел** е опфатен периодот од 1999 до 2007 год.

**Проспективниот дел** на истражувањето го опфаќа периодот од 2008 до 2009 год, односно заедно во истражувањето е опфатен период од 11 години.

Во проспективниот дел се вклучени 80 пациенти со обид за самоубиство на возраст адолесценти од 15 до 24 години и исто толкав број испитаници во контролната група.

Податоците се соодветно статистички обработени во статистичката програма Статистика7.0 и резултатите од истражувањето се табеларно и графички прикажани соодветно.

Во поглавјето за **резултатите и дискусијата**, презентирани се добиените вредности поединечно во ретроспективниот и проспективниот дел и соодветно се дадени во табели и графикони, со соодветни компарации и коментари, а со дискусијата и коментарите авторката детално и критички ги анализира и ги компарира добиените резултати на сите параметри и групи, користејќи ги новите сознанија од литературата и личното искуство во работата на ова поле.

**Заклучоците** претставуваат прилози на релевантни опсервации и констатации добиени во текот на истражувањето. Добиените резултати даваат одговори на поставените цели што суштински го истакнува стручниот придонес и примена на дисертацијата во секојдневната практика во клиничката дијагностика, терапија и превенција на обидите за самоубиставо, а пошироко и на самоубиствата.

Во поглавјето за **литература** се цитирани 131 референца од оваа област, а приложената литература е цитирана со прифатливи стандарди.

Додадени се и скалите за проценка и прашалник за превенција од суицид, кои ќе помогнат во клиничката дијагностика.

Начинот на презентирање на оваа специфична област и научната мисла се јасни, разбирливи така што следењето на приложениот материјал е едноставно, и покрај обемноста, сложеноста и специфичноста на областа која е истражувана.

## ЗАКЛУЧОК

Оценувајќи ја докторската дисертација **ОДРЕДЕНИ ЕПИДЕМИОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОБИДИТЕ ЗА САМОУБИСТВО ВО СКОПЈЕ И МОЖНОСТИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА** на кандидатката д-р Мира Полазаревска, можеме да констатираме дека таа во целост ги исполнува критериумите за самостојна истражувачка работа.

Во неа успешно е одговорено на поставените цели со кои се потврдени признатите стандарди. Темата на докторската дисертација е од особен интерес како обемен труд во областа на обидите за самоубиство кои се специфичен и актуелен проблем. Посебниот придонес на дисертацијата е и во понатамошната примена во клиничката практика и пошироко во областа на превенција на обидите за самоубиството и самоубиствата.

## ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци, Рецензентската комисија позитивно ја оценува докторската дисертација **ОДРЕДЕНИ ЕПИДЕМИОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОБИДИТЕ ЗА САМОУБИСТВО ВО СКОПЈЕ И МОЖНОСТИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА** на кандидатката д-р Мира Полазаревска и му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да го прифати извештајот и да овозможи понатамошна постапка за јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 27.7. 2011 година.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Антони Новотни, с.р.
2. Проф. д-р Цветанка Божиновска, с.р.
3. Проф. д-р Никола Оровчанец, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИМУНОХИСТОХЕМИСКИ И СТЕРЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА ХИПОФИЗНО-АДРЕНОКОРТИКАЛНИОТ СИСТЕМ КАЈ СТАОРЦИ ПРИ АКЛИМАЦИЈА НА ЗГОЛЕМЕНА АМБИЕНТАЛНА ТЕМПЕРАТУРА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ФЛОРИНА ПОПОВСКА-ПЕРЧИНИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на својата редовна седница одржана на 23.6.2011, донесе одлука за формирање на Комисија за оцена и одбрана на изработената докторска дисертација во следниов состав:

- д-р Верица Милошевиќ, научен советник во Институтот за биолошки истражувања „Синиша Станковиќ" во Белград, Р. Србија
- д-р Нада Митева, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје
- д-р Тони Довенски, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје
- д-р Влатко Илиески, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје
- д-р Владимир Петков, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје,

со задача да даде оцена на докторската дисертација **ИМУНОХИСТОХЕМИСКИ И СТЕРЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА ХИПОФИЗНО-АДРЕНОКОРТИКАЛНИОТ СИСТЕМ КАЈ СТАОРЦИ ПРИ АКЛИМАЦИЈА НА ЗГОЛЕМЕНА АМБИЕНТАЛНА ТЕМПЕРАТУРА** изработена од м-р Флорина Поповска-Перчиниќ. Комисијата, по деталното разгледување на доставениот материјал, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација „Имунохистохемиски и стереолошки истражувања на хипофизно-адренокортикалниот систем кај стаорци при аклимација на зголемена амбиентална температура" е напишана на 164 страници чукан текст со 75 слики, 19 графикони и 3 табели. Таа ги содржи следниве поглавја: Резиме на македонски и англиски јазик,

Вовед со преглед на литературата, образложение и цел на темата, Материјал и методи, Резултати, Дискусија, Заклучоци и Литература.

Во **воведот** се цитирани најнови, но и постари литературни податоци во врска со ефектите на зголемената амбиентална температура и активноста на хипоталамо-хипофизно-адренокортикалниот систем (*hypothalamus-pituitary-adrenocortical system;* HPA). На почетокот се изнесени општите карактеристики на механизмот на одговор на организмите на различни видови стресори, кој се манифестира преку активација на HPA и симпатоадреномедуларниот систем (*symphato-adreno-medular system;* SAM), како главни стрес-системи кај луѓето и животните. Притоа, податоците од компаративните истражувања за влијанието на различни типови стресори (метаболички, психосоцијални и амбиентална температура-ниска и висока) врз интензитетот на одговор на HPA-системот кај стаорци покажале дека високата температура предизвала најсилен одговор на овој систем. Кандидатката смета дека испитувањето на активноста на дел од HPA-системот во функција од времетраењето на топлотна експозиција на животните е доста актуелно и заради фактот што климатското поднебје во овој регион се карактеризира со мошне високи температури во летните месеци на кои долготрајно се изложени животните и луѓето.

Во понатамошниот дел од воведот, покрај литературни податоци за хистогенезата и хистологијата на кортикотропните и соматотропните клетки во хипофизата, како и за адреналната жлезда и хормоните што тие ги излачуваат, се наведуваат податоци за влијанието на високата температура врз гореспоменатите хипофизни клетки и адреналниот кортекс. Кандидатката особено се задржува на литературниот преглед за влијанието на краткотрајното наспроти долготрајното експонирање на животните на зголемена температура врз активноста на HPA-системот и нагласува дека овие податоци се добиени претежно од биохемиски и физиолошки испитувања. Притоа, покажано е дека краткотрајната експозиција на животните на висока температура на средината од неколку минути до неколку часови предизвикува зголемување на концентрацијата на ACTH и кортикостеронот во крвта, што претставува резултат на стресогениот ефект на зголемената амбиентална температура. Но, резултатите за повеќедневна експозиција на топло се различни и покажуваат зголемување, но и изостанување на промени во концентрацијата на ACTH во крвта, по еден до два дена, како и зголемување, намалување или отсуство на промени на концентрацијата на гликокортикоидите во крвта во првите денови од топлотната експозиција на животните. Што се однесува до подолготрајниот престој на живите организми на топло (34-36°C), повторно биле регистрирани различни наоди за зголемување односно изостанок на промени на концентрацијата на ACTH меѓу 4. и 5. ден од престојот, како и намалување, односно отсуство на промени на концентрацијата на овој хормон по 28-30 дневен престој на животни на топло.

Концентрацијата на кортикостеронот во крвта при долготрајно изложување на животните на зголемена амбиентална температура е намалена, но постојат податоци кои говорат за изостанување на промени на овој хормон по 28-30 дена од континуираната топлотна експозиција на машки стаорци. Различни податоци се добиени и при испитување на концентрацијата на хормонот на раст во крвта при изложување на

животните и луѓето на топло. Кандидатката посочува податоци за зголемена концентрација на овој хормон во првите часови од изложеноста на зголемена температура, но и различни податоци за концентрацијата на овој хормон при подолг престој на животните на топло.

Друг аспект, на кој е посветено внимание во литературниот преглед е постоење на мошне мал број морфолошки и стереолошки испитувања на хипофизно-адренокортикалниот систем на животните во услови на зголемена температура. Така, ултраструктурните истражувања кај жаби покажале дека ACTH-клетките се мошне осетливи на промените на надворешната средина (висока амбиентална температура и фотопериод), регистрирајќи хипертрофија на гранулираниот ендоплазматски ретикулум и Голџи-апаратот, која е од реверзибилен карактер. Други автори наоѓаат дека клеточниот волумен и застапеноста на ACTH-клетките во хипофизата на дивиот зајак варираат во текот на сезоната, при што овие параметри, заедно со јадрениот волумен, претставуваат морфометриски показатели на активноста на кортикотропните клетки. Стереолошките испитувања на стаорци ја потврдуваат констатацијата дека надворешните стресори влијаат врз активноста на кортикотропните клетки и кај овие животни. Кандидатката наведува дека според повеќето автори, ACTH-клетките имаат значајна улога во процесите на адаптација на организмите на нова надворешна средина. Морфолошките испитувања на соматотропните клетки во функција од температурата се уште поскудни. Прикажани се податоци од *in vivo* и *in vitro* испитување во кое се говори за непроменета секреторна активност на соматотропните клетки кај млади, полово незрели кастрирани прасиња изложени на температура од 32°C, во тек на првите 3-5 недели од раѓањето. Кандидатката упатува на изостанување на истражувања на морфолошките карактеристики на соматотропните клетки кај адултни видови животни во функција од амбиенталната температура.

Во рамките на податоците изнесени во литературниот преглед, а кои се однесуваат на морфолошките анализи на надбубрежните жлезди во услови на топло, наведени се резултати од краткотрајно изложување на стаорци на екстремно висока температура (45°C), при што е забележано нарушување во хистоархитектониката на внатрешните кортикални зони, зголемена хиперемија и хипертрофија во кортексот, намалена површина на клетките на истите зони, како и зголемен јадрен волумен на клетките од *zona glomerulosa* (ZG) и *zona fasciculata* (ZF). Кандидатката наведува и податок за хистолошко-морфометриски истражувања на надбубрежните жлезди кај стаорци од женски пол изложени на умерено зголемена температура (34-36°C), при што најзначајни промени во морфологијата на кората на надбубрежните жлезди се забележени првите три дена од експозицијата, додека во понатамошниот период (3-21 ден) дошло до извесно нормализирање на овие промени, по што следела повторна реактивност на адреналниот кортекс, која се нормализирала по 60 дена од експозицијата. Кај овие животни, исто така, регистрирано е намалување на јадрениот волумен на клетките од двете внатрешни кортикални зони. Кај стаорци од машки пол, досега, не се направени испитувања на морфолошките промени на адреналниот кортекс во функција од времетраењето на топлотната

експозиција, ниту пак, во корелација со наоди од кортикотропните клетки.

Врз основа на литературните податоци за огромната улога што ја имаат хипофизата и надбубрежните жлезди за успешна адаптација на новонастанатата промена, а со оглед на непостоење на податоци за имуноцитохемиски и стереолошки испитувањата на кортикотропни и соматотропни клетки, како и стереолошки анализи на надбубрежната жлезда во тек на аклимација на животни на топло, темата на оваа докторска дисертација е од големо значење за продлабочување на сознанијата за влијанието на топлотната аклимација врз активноста на HPA-системот.

Кандидатката јасно ги одредува **целите** на оваа докторска дисертација, а тоа се: испитување на имуноцитохемиските и стереолошките карактеристиките на кортикотропните и соматотропните клетки на хипофизата при акутна и хронична експозиција на машки стаорци на умерено покачена амбиентална темепература (притоа, за прв пат кај нас се квантифицираат промените што се јавуваат на имунопозитивните кортикотропни и соматотропни клетки на хипофизата како резултат на различното времетраење на престој на животните на топло); испитување на морфолошките и стереолошките карактеристиките на поединечните зони на адреналниот кортекс и нивните клетки кај стаорци експонирани различно време на покачена температура; одредување на концентрацијата на ACTH, кортикостеронот и алдостеронот во крвта кај стаорците со користење на биохемиски методи; врз основа на сите добиени податоци од цитоморфолошките, имуноцитохемиските, стереолошките и биохемиските анализи да се утврди степенот на промени кои се случуваат во овие жлезди, а со цел да се добие увид во морфофункционалната состојба на клетките на хипофизата и надбубрежните жлезди при аклимација на стаорците на зголемена амбиентална температура (35±1°C).

Во поглавјето **Материјал и методи** е опишано дека во испитувањата биле користени бели, адултни лабораториски стаорци, сој Wistar, кои, во зависност од времетраењето на престој на зголемена температура (34-36°C), биле поделени во 7 групи: 1, 4, 7, 14, 21, 30 и 60-дневен престој, додека како контролна група била земена групата која престојувала на собна температура (20-22°C). Аклимацијата на стаорците се одвивала во специјална топла комора, на температура од 34 до 36°C и релативна влажност од 30 до 40%, со слободен пристап на животните до храна и вода. Животните биле наркотизирани со етерска наркоза, а по жртвувањето на животните биле земени хипофизи и надбубрежни жлезди за хистолошка анализа, како и крв за биохемиска анализа. Изведувањето на експериментите било реализирано при Заводот за физиологија и биохемија на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, додека имунохистохемиските и стереолошките анализи биле изведени на Институтот за биолошки истражувања "Синиша Станковиќ" од Белград и на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Материјалот бил фиксиран во Bouin-ов фиксатив и 10% формалин и калапен во парапласт. Имуноцитохемиското обележување на ACTH и STH-клетките било изведено со пероксидаза-антипероксидаза метод (PAP; Sternberger, 1970), а клетките биле стереолошки анализирани со

Weibel-овиот $M_{42}$ систем. Биле измерени просечниот волумен на ACTH и STH-клетките и нивните јадра, како и волуменската густина на овие клетки. На светлосен микроскоп (Nikon, Јапонија) биле мерени по 50 тестни полиња при зголемување од 1000x. Од секое животно во групата биле анализирани по два пресека од три различни нивоа на хипофизата.

За одредување на апсолутниот и релативниот волумен на корaта и срцевината на надбубрежните жлезди, како и на поединечните кортикални зони, мерењето било извршено на секој 10-ти пресек од сериски исечените адренални жлезди, при зголемување на објективот на светлосниот микроскоп од 100x. Пресеците биле обоени со хематоксилин-еозин (H&E) и AZAN. Одредувањето на вкупниот број клетки во поединечните адренокортикални зони, како и волуменот на клетките и нивните јадра било изведено на најшироките пресеци на жлездата со добро видлива срцевина, на светлосен микроскоп (Nikon, Јапонија), при зголемување од 1000x и притоа биле анализирани по 30 тестни полиња за *zona glomerulosa* и по 50 тестни полиња за *zona fasciculata* и *zona reticularis*. Сите стереолошките мерења на надбубрежните жлезди и нивните клетки биле извршени со тестниот ситем $M_{42}$ (Weibel, 1979).

Концентрацијата на ACTH била одредена од крвната плазма со секвенцијален, двостепен, хемилуминисцентен ензимски имунометриски тест (ACTH-IMMULITE kit, Diagnostic Products Corporation, Los Angeles, CA, U.S.A.). За квантитативно одредување на алдостеронот и кортикостеронот во серумот биле користени имуноензимски дијагностички китови од стаорци (Aldosterone Elisa Kit, IBL, Hamburg, Germany и Cortcosterone Immunoassay, R&D Systems Inc. U.S.A. Вредностите на апсорбанцата биле одредени спектрофотометриски на 450 nm. Статистичката обработка на резултатите била изведена со помош на компјутерската програма Pharmacological Calculation System PHCS–верзија 4, со користење на анализа на варијанса и Данканов статистички тест (Duncan's Multiple Range test).

Во поглавјата **Резултати и Дискусија,** кандидатката резултатите добиени при овие истражувања ги прикажува јасно и ги дискутира и споредува со податоци добиени од други истражувања во светот. Резултатите од испитувањата се прикажани во 3 табели, 19 графикони и 74 слики, а сигнификантните разлики ($p<0,05$) се прикажани во однос на контролната група. Регистрирано е дека телесната маса на животните била значајно намалена за време на целиот период на топлотната експозиција. Тоа е во согласност со податоците добиени од други автори за намалено внесување на храна и зголемена консумација на вода, како и за намален енергетски и базален метаболизам во услови на хипертермија. Апсолутната маса на хипофизата била сигнификантно зголемена по 4 и 14 дена од изложувањето на животните на топло за 23,1% и 27,7%, соодветно, во споредба со контролната група животни, додека релативната маса бележела значајно зголемување во првите 4 дена од аклимацијата, како и 30. ден од почетокот на експериментот.

Имуноцитохемиската анализа на кортикотропните клетки покажала дека, за време на изложувањето на животните на умерено зголемена амбиентална температура, формата и локацијата на клетките не биле променети во однос на контролната група. По првиот ден од топлотната експозиција на животните, како и по долготрајното

изложување на стаорците на зголемена температура на средината (21-60 дена) било видливо присуството на темни гранули во цитоплазмата на кортикотропните клетки. Во групата животни изложени 4 дена на топло била регистрирана појава на светли клетки. Стереолошките анализи покажале дека првиот ден од топлотната експозиција на животните се јавило сигнификантно намалување на клеточниот волумен и на волуменската густина на овие клетки за 12,3% и 26,6%, соодветно, проследено со намалување на концентрација на ACTH за 21,9%. Веќе во следниот период (4 дена), било констатирано значајно зголемување на волуменот на ACTH-клетките и нивните јадра, како и на концентрацијата на ACTH во крвта на стаорците, наспроти сигнификантно намалената волуменска густина на овие клетки. За време на долготрајната аклимација на животните на топло (7-60 дена) било регистрирано намалување на клеточниот волумен и намалување на волуменската густина на овие клетки. Најголемо намалување на волуменот на клетките и нивната релативна застапеност за 18,1% и 40% била забележена 7. ден од изложеноста на животните на топло. По овој период, тие почнале постепено да се зголемуваат, но до крајот на целиот период останале значително пониски од контролите вредности. Сето ова укажувало на намалена активност на овие клетки. Концентрацијата на ACTH во крвта на стаорците варирала и покажала намалени вредности по 1, 7 и 30 дена, а зголемени по 4 и 14 дена. Трендот на опаѓање на концентрацијата на ACTH по 14-дневна топлотна аклимација бил евидентиран и во испитувањата на други автори, кои како можна причина за намалената активност на кортикотропните клетки ги навеле намалувањето на осетливоста на овие клетки при долготраен стрес кај стаорците, редукцијата на CRH-индуцираната ACTH-секреција, како и намаленото врзување на CRH за хипофизата за околу 20-50% при изложување на стаорците на други типови долготраен стрес.

Имуноцитохемиската анализа на соматотропните клетки покажала дека тие биле дистрибуирани по целата површина на аденохипофизата и обично имале овална форма. Кај сите испитувани групи, без оглед на времетраењето на топлотната експозиција, овие клетки главно се јавувале во групи со јасно забележливи потемни цитоплазматични гранули. Стереолошките анализи на овие клетки во хипофизата на стаорците аклимирани на зголемена амбиентална температура покажале сигнификантно намалување на клеточниот и јадрениот волумен, за време на целиот период на аклимација, освен првиот ден, кога било регистрирано само нумеричко намалување на испитуваните морфолошки параметри. Релативната застапеност на овие клетки била значајно намалена 4., 7. и 60. ден од изложувањето на топло, додека во останатиот период таа не била значајно променета. Овие резултати кандидатката ги поврзува со податоци за други фактори кои имаат влијание врз активноста на соматотропните клетки и излачувањето на хормонот на раст, како што се соматостатинот, GHRH, тироидните хормони, гликокортикостероидите и половите хормони.

Што се однесува до адреналните жлезди, било најдено дека првиот ден од топлотната експозиција на животните, апсолутната маса на овие жлезди се намалила за 11%, додека по 4-дневна експозиција на истата температура било евидентирано значајно зголемување како на апсолутната, така и на релативната маса за 16% и 24,6% соодветно. Во

понатамошниот период на топлотна аклимација на стаорците, апсолутната маса на овие жлезди бележела намалени вредности 14. и 60. ден, додека во останатиот период не била променета. Изостанување на промени било евидентирано и кај релативната маса. Апсолутниот волумен на жлездите покажал зголемени вредности само 4. ден, додека во останатиот период овој параметар бил намален. Тоа било проследено и со слични промени на апсолутниот волумен на кората на оваа жлезда. Намалените вредности на измерените параметри првиот ден од изложеноста на животните на топло биле поврзани со намалената стимулација на оваа жлезда од страна на ACTH, чија концентрација била сигнификантно намалена во крвта на животните од оваа група. Од стереолошките анализи произлегло дека намалениот апсолутен волумен на жлездата бил резултат на намалувањето на апсолутниот волумен на адреналниот кортекс, заради намалување на волуменот на *zona fasciculata*, бидејќи не биле евидентирани промени во волуменот на другите две зони на кортексот. Ова е и за очекување, знаејќи дека дејството на ACTH првенствено е врз активноста на zona fasciculata. Тоа е покажано во следниот период (4 дена), кога концентрацијата на ACTH била зголемена, а биле зголемени и апсолутната и релативната маса на адреналните жлезди, апсолутниот волумен на жлездата, на кората и нејзините три зони. Резултатите за хипертрофија на адренокортикалните зони и зголемување на бројот на клетки во нив биле во согласност со податоци добиени од други автори за пролиферативното дејство на ACTH врз адреналниот кортекс.

Во понатамошниот дел од овие поглавја кандидатката ги прикажува и коментира резултатите добиени од стереолошките мерења на поединечните зони на адреналниот кортекс, како и бројот и волуменот на нивните клетки и јадра. Така, покажано е дека првите 4 дена од топлотната аклимација на животните, апсолутниот и релативниот волумен на zona glomerulosa биле зголемени за 18,4% и 12,2% соодветно, како и бројот на клетки бил зголемен за 17,1%. Во понатамошниот период не биле регистрирани сигнификантни промени во испитуваните параметри на оваа зона. Оваа зона била добро развиена првите 4 дена од изложувањето на стаорците на топло zona, со видливи острвца во супкапсуларниот и супрагломеруларниот регион. Податоците од изведените биохемиските анализи на испитуваните хормони покажале дека вредностите за концентрацијата на алдостерон во крвта биле намалени првиот, а зголемени четвртиот ден од изложувањето на стаорците на топло. Во останатиот период таа варирала и покажала намалени вредности 7., 21. и 60. ден, а изостанување на значајни промени 14. и 30. ден. Добиените резултати кандидатката ги споредува и објаснува со податоци добиени од други автори, а во кои се испитуваат различни фактори кои влијаат врз активност на оваа зона.

Стереолошките анализи на zona fasciculata покажале дека првиот ден од топлотната експозиција се јавило намалување на апсолутниот и релативниот волумен на оваа зона, но и на волуменот на клетките, што најверојатно било резултат на намалената стимулација на жлездата од страна на ACTH кај единките од оваа група. Ова е во согласност со податоците од други автори според кои експозицијата на топло кај стаорците во текот на првиот ден предизвикува намалена активност на HPA-системот, со исклучок на периодот непосредно (неколку часа) по

експозицијата. Веќе следниот период (4 дена), апсолутниот волумен на зоната и нејзините клетки, како и бројот на клетки во оваа зона биле сигнификантно зголемени во однос на контролната група, што е во согласност со зголемената концентрација на ACTH во крвта, имајќи ја предвид стероидогената и пролиферативна улога на овој хормон врз клетките на zona fasciculata. Во понатамошниот период (7-60 дена), кандидатката регистрира значајно намалување на апсолутниот и релативниот волумен на зоната, како и на вкупниот број клетки во неа, кој во последните два мерени периода (30 и 60 дена) се намалил за 30,8% и 38%. Од друга страна, волуменот на клетките и нивните јадра биле непроменети по 7 и 14 дена, додека по 21, 30 и 60 дена тие биле значајно зголемени. Евидентирана била и појава на региони со нарушување на хистоархитектониката на zona fasciculata кај стаорците експонирани 7-60 дена на топло, кои се одликувале со групации од хиперхроматични јадра, без клеточни граници. Овие нарушувања биле најмаркантни по 7 дена од топлотната експозиција, додека во подоцнежниот период (14-60 дена) тие биле поретко застапени. Во zona fasciculata било евидентирано и зголемено присуство на липидни вакуоли во цитоплазмата на клетките првиот и седмиот ден од топлотната аклимација, додека при долготрајна експозиција на топло (14-60 дена), присуството на липидни вакуоли во цитоплазмата на спонгиоцитите било видливо намалено. Исто така, во одредени групи била регистрирана појава на т.н. темни клетки (14. и 60. ден од експозицијата). Концентрацијата, пак, на кортикостеронот во крвта била намалена за време на целиот испитуван временски период, освен четвртиот ден, кога бележела зголемени вредности. Притоа, најниски вредности на овој параметар биле евидентирани 7. ден (-55%). Овие наоди се во согласност со податоците на други автори за намалена активност на HPA-системот, како и намалена концентрација на гликокортикоиди во крвта кај животните при нивно долготрајно изложување на зголемени температури на средината.

Што се однесува до анализите на zona reticularis, покажано е дека волуменот на оваа зона бил значајно намален првиот ден, додека во понатамошниот период тој бележел сигнификантно зголемување. Бројот на клетки бил зголемен само 4. и 7. ден за 31% во споредба со контролната група животни, додека во другите периоди не биле забележени значајни промени. Волуменот на клетките на zona reticularis бил намален првиот ден, по што се вратил до контролни вредности, за во периодот од 7. до 21. ден да биде повторно значајно намален за 15-17%. Јадрениот волумен на овие клетки, освен 4. ден од експозицијата кога не биле регистрирани промени, за време на целиот испитуван период бележел значајно зголемување, па така од 7. до 60. ден се зголемил од 7,8% на 20%. Сето ова, според кандидатката упатува на зголемена активност на оваа зона при долготраен престој на стаорците на топло, што го образложува со податоци од литературата за различни фактори кои влијаат на активноста на оваа зона.

**Заклучоците** се одраз на релевантни опсервации и констатации добиени во текот на испитувањето во оваа студија и претставуваат јасен приказ на резултатите. Прикажаните заклучоци даваат одговори на поставените цели и со нив се добива увид во различниот ефект на топлотната аклимација врз имуноцитохемиските и стереолошките

карактеристики на кортикотропните и соматотропните клетки во хипофизата и врз цитоморфологијата на кората на надбубрежните жлезди и нејзините клетки. Тие укажуваат на постоење на специфичен (мултифазен) одговор на хипофизно-адренокортикалниот систем зависно од времетраењето на експозиција на животните на овој тип стресор.

Во поглавјето **Литература,** кандидатката наведува 306 понови и постари референци кои се однесуваат на оваа проблематика и се објавени во различни списанија и книги. Најголем дел од нив се оригинални научни трудови со понов датум.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Предложената докторска дисертација со наслов **ИМУНОХИСТОХЕМИСКИ И СТЕРЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА ХИПОФИЗНО-АДРЕНОКОРТИКАЛНИОТ СИСТЕМ КАЈ СТАОРЦИ ПРИ АКЛИМАЦИЈА НА ЗГОЛЕМЕНА АМБИЕНТАЛНА ТЕМПЕРАТУРА** изработена од м-р Флорина Поповска-Перчиниќ, претставува самостоен, оригинален научен труд со јасно дефинирани цели на истражување, во кој се применети адекватни и признати научноистражувачки методи. Резултатите на истражувањата се презентирани на прегледен начин, соодветно се елаборирани и се поткрепени со литературни податоци.

Сметаме дека темата на оваа дисертација е актуелна од аспект на тоа што климатските промени се сè поизразени и видливи како во светски рамки така и во нашето поднебје и сè повеќе се соочуваме со фактот на глобалното затоплување на Земјината топка. Проучувањето на влијанието на зголемената температура врз активноста на хипофизно-адренокортикалниот систем е значаен и заради постоење на голем број работни места (во индустријата и надвор од неа) кои се поврзани со престој на висока надворешна температура, како и поради употребата на високата температура при терапија на тумори.

Во дисертацијата за првпат се квантифицирани промените што се јавуваат на имунопозитивните кортикотропни и соматотропни клетки на хипофизата како резултат на различното времетраење на престој на животните на топло. Исто така, за прв пат се применуваат стереолошки методи за квантификација на промените на адреналниот кортекс и неговите клетки во зависност од времетраењето на топлотната експозиција. Сметаме дека со оваа дисертација е даден придонес во разбирањето на корелацијата меѓу хипофизата и адреналниот кортекс при топлотна аклимација на животните, што дава основа за продлабочување на понатамошните истражувања од оваа проблематика.

Од тие причини, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, да ја прифати докторската дисертација **ИМУНОХИСТОХЕМИСКИ И СТЕРЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА ХИПОФИЗНО-АДРЕНОКОРТИКАЛНИОТ СИСТЕМ КАЈ**

**СТАОРЦИ ПРИ АКЛИМАЦИЈА НА ЗГОЛЕМЕНА АМБИЕНТАЛНА ТЕМПЕРАТУРА** од м-р Флорина Поповска-Перчиниќ и да овозможи нејзина јавна одбрана.

Комисија

Проф. д-р Влатко Илиески, с.р.

Проф. д-р Нада Митева, с.р.

Д-р Верица Милошевиќ,
научен советник, с.р.

Проф. д-р Владимир Петков, с.р.

Проф. д-р Тони Довенски, с.р.

До
Наставно-научниот совет на
Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје

**РЕФЕРАТ**

ЗА ОЦЕНА НА ПОДОБНОСТ НА ПРИЈАВЕНА ТЕМА И ОСПОСОБЕНОСТ ЗА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА НА КАНДИДАТ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД РАБОТЕН НАСЛОВ „ДЕТЕКЦИЈА НА НАСЛЕДНИ ЗАБОЛУВАЊА (BLAD И CVM) И ГЕНОТИПИЗАЦИЈА НА К-КАЗЕИНСКИОТ ЛОКУС КАЈ ХОЛШТАЈН-ФРИЗИСКАТА ПОПУЛАЦИЈА НА ГОВЕДА ВО Р. МАКЕДОНИЈА“,

Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата седница одржана на 25.5.2011 година, со одлука бр. 0201-1993/4, определи Рецензентска комисија за оцена на подобност на темата и оспособеност на кандидатот за изработка на докторска дисертација по пријавата доставена од страна на Никола Адамов, магистер на ветеринарни науки, вработен како асистент на Катедрата за сточарство на Институтот за репродукција и биомедицина при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Комисијата во состав: д-р Дине Митров, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, д-р Славчо Мреношки, доцент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и д-р Влатко Илиески, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, по извршениот преглед на доставениот материјал го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**Биографски податоци и стручно-научна дејност**

Кандидатот м-р Никола Адамов е роден на 30.12.1977 год. во Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје. Во академската 1996/97 се запишал на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, каде што дипломирал во 2002 година, со среден успех 8,63. По дипломирањето заминал на отслужување на воениот рок, а во периодот 2004-2005 год. работел во Ветеринарната управа при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р. Македонија. Во октомври 2004 година се запишал на постдипломски студии на Земјоделскиот факултет во Нови Сад (Департман за ветеринарна медицина), каде што ги положил сите испити со просечна оценка 9,88 и во јануари 2010 година успешно ја одбранил магистерската теза под наслов „Влијание на нарушената секреција на млечната жлезда кај крави во прва лактација на хигиенската исправност и квалитетот на млекото“. Од 25.12.2006 год. е во редовен работен однос на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, како помлад асистент на

Катедрата за сточарство при Институтот за репродукција и биомедицина. По завршувањето на постдипломските студии, во 2010 год. Наставно-научниот совет на Факултетот го избра Никола Адамов во соработничкото звање *асистент* од научната област сточарство. Во меѓувреме кандидатот Никола Адамов има учествувано на повеќе семинари, научни собири, конгреси и курсеви за обука. Во својата досегашна научноистражувачка дејност тој се јавува како автор или коавтор на единаесет научно-стручни трудови, објавени во домашни и странски списанија или презентирани на научни собири и конгреси. Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

## Мислење за предложената докторска дисертација

За изработка на докторската дисертација, кандидатот Никола Адамов ја предложи темата под наслов **„Детекција на наследни заболувања (BLAD и CVM) и генотипизација на к-казеинскиот локус кај холштајн-фризиската популација на говеда во Р. Македонија"**. Материјалот за изработка на докторската дисертација е доставен во следнава форма: вовед и преглед на литература, цели на истражувањето, материјал и методи кои ќе се користат, резултати кои се очекува да произлезат од истражувањето и листа на цитираната литература.

Кандидатот ова истражување го конципирал во три посебни целини, и тоа: 1) валидација на метода за детекција на наследното заболување BLAD, 2) валидација на метода за детекција на наследното заболување CVM и 3) валидација на метода за генотипизација на к-казеинскиот локус, а мотивот за истражувањето произлегува од бројните литературни податоци кои кандидатот ги цитира, како и од согледувањето на потребата за воспоставување и евалуирање на лабораториски тестови кои во иднина би можеле да се вршат на нашиот Факултет.

Во **воведниот** дел кандидатот укажува на значењето на наследните рецесивни заболувања кај холштајн-расата. Кај повеќето од овие заболувања, присуството на мутираниот алел во хомозиготен облик резултира со синтеза на нефункционален протеин со изменета аминокиселинска секвенца што доведува до развој на некое метаболичко нарушување. Кога овој алел е рецесивен, тогаш хетерозиготните носители имаат нормален фенотип, односно не заболуваат, но можат да го пренесат мутираниот алел на своето потомство. Во тој случај, при парење на два родитела кои се носители на мутираниот алел, веројатноста да се добие генетски здраво потомство (нормален хомозигот) е 25%, 50% да се добие потомство со нормален фенотип, но преносител на мутацијата (хетерозигот) и 25% да се добие заболено животно (рецесивен хомозигот). Во земјите каде што не се практикува редовна контрола на овие болести, мутираниот алел останува во популацијата со што претставуваат постојана скриена закана чии последици неретко се согледуваат дури по неколку генерации. Како најзначајни наследни заболувања кај холштајн-расата кандидатот ги посочува BLAD и CVM и во продолжение изнесува детален опис за овие две генетски мутации.

*Првиот дел* од дисертацијата претставува валидација на метода за детекција на наследното заболување BLAD - бовина леукоцитна атхезиона дефициенција. Ова заболување се пренесува како рецесивно-автозомно, а се

тест на одгледувачите на млечни говеда во нашата земја ќе им биде овозможено преку планирани парења да ја зголемуваат зачестеноста на посакуваниот В-алел во своите стада, што ќе резултира со производство на поквалитетно млеко и остварување на поголем економски бенефит, посебно кај оние одгледувачи и млекари кои поголемиот дел од млекото го пласираат преработено во сирење.

Во делот **Материјал и методи** е наведено дека за остварување на зададените цели се планира генотипизација на 100-200 животни од холштајн-расата одбрани по случаен избор од 3-4 поголеми фарми со интензивно производство. Геномска ДНК ќе биде екстрахирана од полна крв добиена со пункција на опашната вена (vena coccigea) и третирана со антикоагуланс - EDTA. Екстракцијата ќе се направи со комерцијален кит (Qiagen, DNeasy Blood & Tissue Kit) според упатството на производителот. Со овој кит исто така ќе се изврши екстракција на ДНК од длабоко замрзната сперма од бикови со таа разлика што во пуферот за лизирање ќе биде додаден DTT (dithiothreitol), кој е неопходен за лизирање на клеточната мембрана на сперматозоидите. Квалитетот и квантитетот на изолатите ќе биде проверуван на спектрофотометар со пресметување на односот $A_{260/280}$. Заради оптимизирање на потребната почетна концентрација на геномска ДНК ќе биде подготвена серија разредувања која ќе обезбеди количина на почетен материјал 1-10 ng. За амплификација на таргетните ДНК-региони ќе се користи полимераза верижна реакција-PCR со следниве специфичности:

1) BLAD носителите ќе бидат детектирани со PCR-RFLP метода (полимераза верижна реакција проследена со фрагмент-анализа). За амплификација на целниот регион (4. егзон од CD18 генот) ќе се користат прајмери кои целосно го амплифицираат 5. егзон, а делумно 4. и 5. интрон од овој ген при што се добива фрагмент од 343 bp. За разликување на нормалните хомозиготи од хетерозиготните носители, PCR-амплификатот понатаму ќе биде дигестиран со *Taq I* рестрикционата ендонуклеаза, ензим кој го сече нормалниот алел, но не и мутираниот, така што по дигестијата со овој ензим рецесивните хомозиготи даваат само еден фрагмент од 343 bp, хетерозиготните носители три фрагменти од 343, 191 и 152 bp, а нормалните хомозиготи два фрагмента од 191 и 152 bp. За потврда на мутираниот алел, хетерозиготните носители и рецесивните хомозиготи ќе бидат дополнително дигестирани со *Hae III* рестрикционата ендонуклеаза, ензим кој го сече нормалниот алел на место различно од позицијата на мутацијата и мутираниот алел на две места (мутацијата креира уште едно рестрикционо место за овој ензим). По дигестијата се очекува хетерозиготните носители да дадат 4 фрагменти, а рецесивните хомозиготи 3 фрагменти чија должината ќе биде утврдена во текот на истражувањето. За апликација на термален режим ќе се користи Techne TC-412 со следниот профил: а) 98°C - 60 сек; б) 98°C - 20 сек, 60°C - 75 сек, 72°C - 30 сек. (30 циклуси) и в) 72°C - 5 мин. Реакцијата ќе се изведува во финален волумен од 20 μl кој содржи 50 ng/ml геномска ДНК, 1 U Taq полимераза, 0.2 mM dNTP и 20 pmol од секој прајмер. Дигестираните фрагменти ќе бидат раздвојувани на 2,5 % агарозен гел обоен со етидиум бромид и обележан со молекуларен маркер од 50 bp.

2) CVM-носителите ќе бидат детектирани со PCR-PIRA (PCR - Primer Introduced Restriction Analysis) проследена со фрагмент анализа-RFLP. Бидејќи околу местото на мутацијата (559. нуклеотидна позиција од 4. егзон на SLC35A3 генот) не постои секвенца која може да биде препознаена од некој рестрикционен

ензим, ќе се користат специфични прајмери кои имаат различни forward (леви) секвенци, а една иста revers (десна) секвенца. На овој начин самиот лев прајмер креира препознатлива секвенца за *Pst I* или *EcoT22 I* рестрикционите ендонуклеази. Првиот ензим е специфичен само за нормалниот алел, додека вториот го сече само мутираниот алел така што PCR-продуктите од нормалните хомозиготи ќе бидат дигестирани од Pst I, но не и од EcoT22I, додека оние од хетерозиготните носители ќе бидат дигестирани и од двата ензима. Дигестираните продукти ќе бидат обоени со етидиум-бромид и визуелизирани на 3% TBE агарозен гел под UV- светло.

3) К-казеинскиот локус ќе биде анализиран со прајмери кои амплифицираат сегмент од 379 bp. Добиениот производ понатаму ќе биде третиран со рестрикционите ензими *Hinf I* и *Hind III* во две посебни дигестирачки реакции. Генотиповите за овој локус ќе бидат идентификувани според веќе објавени студии во кои е наведено дека бовиниот АА- генотип нема рестрикционо место за *Hind III* во овој сегмент, односно останува недигестиран и дава еден фрагмент од 379 bp. Генотипот ВВ има едно рестрикционо место за истиот ензим и дава два фрагмента од 225 и 154 bp. Хетерозиготниот АВ-генотип дава три фрагменти од 379, 225 и 154 bp. Со користење на *Hinf I* ензимот, генотипот АА треба да покаже три фрагменти од 156, 132 и 91 bp кои се добиваат со сечење на фрагментот од 379 bp на две места. ВВ-генотипот за овој ензим има само едно место на сечење и дава два фрагмента од 288 и 91 bp. Последователно, АВ генотипот дава четири фрагменти од 288, 156, 132 и 91 bp.

Доколку која било од овие методи во текот на лабораториската работа се покаже како неефикасна, кандидатот наведува дека ќе се бараат алтернативни солуции (дизајнирање нови прајмери или оптимизација на компонентите во PCR-реакциите), со цел коригирање на недостатоците и изнаоѓање оптимална метода за брза и сигурна генотипизација на овие локуси.

Во делот **Очекувани резултати** е наведено дека во текот на ова истражување се очекува да се добијат информации кои ќе помогнат да се валидираат и стандардизираат методи за детекција на двете наследни заболувања и за генотипизација на к-казеинскиот локус кај холштајн- популацијата во Р. Македонија. Доколку од која било причина се детектира недостаток во методологијата на тестирање која е наведена погоре, ќе се бара алтернативна солуција која ќе покаже задоволителни резултати. Крајниот ефект од ова истражување ќе претставува воведување на лабораториски тестови за детекција на овие три генотипови и стартување на лабораторија која ќе ги нуди овие услуги на сите заинтересирани странки, било тоа да се здруженија на одгледувачи на говеда, млекари или ветеринарни власти.

Во поглавјето **Литература,** кандидатот наведува 42 труда кои се однесуваат на оваа проблематика со што се потенцира нејзината актуелност како и потребата од дополнителни истражувања.

## ЗАКЛУЧОК И МИСЛЕЊЕ

Генетските (наследните) заболувања предизвикани од вертикална трансмисија на рецесивни алели од родителите на потомството предизвикуваат

манифестира со дисфункција на имунолошкиот систем, односно неспособност на леукоцитите да се прикачуваат на ендотелот на крвните садови и да мигрираат во околните ткива при развој на инфективен процес. Неутрофилните леукоцити на својата површина имаат гликопротеински молекули од фамилијата β2 интегрини (CD11/CD18 фамилија на протеини). Во оваа фамилија спаѓаат три вида на молекули-хетеродимери, и тоа: LFA-1, Mac-1 и p150,95. Секоја од овие молекули е составена од α и β субединица кои се меѓусебно поврзани со нековалентна α1-β1 врска. Овие молекули имаат идентична β (CD18) субединица, а се разликуваат по својата α (CD11) субединица која се јавува во следниве варијанти: CD11a, CD11b или CD11c на LFA-1, Mac-1 и p150,95 соодветно. Овие гликопротеински рецептори имаат клучна улога во процесот на препознавање и прикачување на неутрофилите на ендотелот на крвните садови. Кандидатот наведува дека молекуларната основа на ова заболување е еднобазна замена на 383. нуклеотидна позиција (A383G) во генот кој ја кодира CD18 субединицата на првиот бовин хромозом-BTA 1. Оваа мутација предизвикува замена на аспартат со глицин на 128. аминокиселинска позиција (D128G) од CD18 субединицата, што има за последица оневозможување на леукоцитите да се прикачат на васкуларниот ендотел и да мигрираат надвор од крвните садови во оние ткива каде што се развива инфективен процес. За проширеноста на ова заболување во глобални рамки, кандидатот цитира бројни трудови на автори од Германија, Данска, Холандија, Австралија, Англија, Јапонија, Швајцарија, Франција, Тајван, Полска, Бразил, Кореа, Словенија, Иран, Турција и Индија.

*Вториот дел* од дисертацијата претставува валидација на метода за детекција на наследното заболување - CVM (комплексна вертебрална малформација). Се работи за наследно заболување прв пат детектирано кај холштајн-телиња во Данска во октомври 2000 год., а нешто подоцна во 2001 год. од страна на истражувачите од Данскиот институт за земјоделски науки се идентификувани генот и мутацијата. Оваа мутација во хомозиготно рецесивен облик најчесто доведува до интраутерина смрт но понекогаш се раѓаат и живи телиња со видливи малформации на аксијалниот скелет, кифоза, сколиоза и билатерална контракција на предните екстремитети во карпалните зглобови.

Кај околу 50% од афектираните телиња се забележани и аномалии на срцето во облик на интервентрикуларни септални дефекти, десно изместување на аортата и хипертрофија на десното срце. Кандидатот наведува дека заболувањето е предизвикано од еднобазна G>T супституција на позицијата 559 од генот SLC35A3. Оваа мутација предизвикува супституција на аминокиселината валин со фенилаланин на 180. позиција (V180F) од UDP-N-acetylglucoseamine транспортниот протеин, ензим кој учествува во транспортот на нуклеотид-шеќер комплексите од цитоплазмата во луменот на ендоплазматскиот ретикулум и Голџи-апаратот.

Во продолжение, кандидатот наведува дека со анализа на педигреата на афектираните телиња како извор на двете наследни болести, идентификувани се два елитни бика од САД, кои поради високите генетски вредности користени се за вештачко осеменување во многу земји од светот со што значително ги имаат дисеминирано овие две наследни заболувања.

Како *трета целина* од ова истражување, кандидатот предлага генотипизација на капа-казеинскиот локус кај млечните стада во Македонија. К-

казеинот е протеинска фракција од млекото која кај говедата се сретнува во девет различни алелни форми, од кои најзначајни се А и В генотиповите кои со различна застапеност се присутни кај сите млечни раси. Варијантата А ги има аминокиселините *Thr* (ACC) и *Asp* (GAT) на позициите 136 и 149 соодветно. Кај варијантата В *Thr* е заменета со *Iso* (ATC), а *Asp* со *Ala* (GCT). Кандидатот наведува дека алелот В е фаворизиран во многу национални одгледувачки програми за говеда затоа што млекото со овој тип на казеин има повисок % на протеини и подобри физичко-хемиски својства при процесот на производство на сирење (пократко време на потсирување и повисок рандман). Ова се должи на зголемената концентрација на казеинот, како и од зголемување на казеинскиот број. Како поткрепа на оваа констатација, во продолжение на доставениот материјал, кандидатот цитира неколку трудови од автори од различни земји од светот во кои се објавени слични резултати. Имајќи ги предвид погоре изнесените факти, заради зголемување на зачестеноста на к-казеин В алелот во млечните популации на говеда, денес во многу земји во светот редовно се практикува генотипизација на к-казеинскиот локус кај биковите кои се користат за вештачко осеменување.

Во делот **Цели на истражувањето,** кандидатот наведува дека холштајн-расата, како во светот, така и кај нас претставува најзначајна и најзастапена раса за производство на млеко на фармите со интензивно производство. Нашите сточари кои ја одгледуваат оваа раса најверојатно веќе извесно време трпат одредени економски загуби како заради неинформираноста така и заради и непостоењето на валидирана метода за дијагностика на овие наследни заболувања. Со оглед на фактот дека досега во Р. Македонија не постојат истражувања и информации од оваа област, а имајќи ја предвид проширеноста на заболувањата во глобални рамки и економските загуби кои тие ги нанесуваат како и значењето на генотипот за к-казеин во селекциски цели, кандидатот ова истражување го презема со цел:

1) Да се воспостави и валидира метода за сигурна и брза идентификација на носителите на наследните заболувања (BLAD и CVM), со што ќе се овозможи нивно навремено исклучување од приплод. Доколку овие грла-преносители на рецесивните заболувања имаат генетски потенцијал за високо производство на млеко, на одгледувачите ќе им се понуди совет за планирано парење со кое ќе се избегнува парење на два хетерозиготни носитела, односно ќе се исклучи веројатноста за добивање на заболено потомство. Од особена важност за редуцирање на инциденцата на овие заболувања е да се тестираат сите бикови и биковска сперма кои се увезуваат во Македонија за вештачко осеменување, но и оние што се користат за природен припуст што и е предвидено со најновата Заедничка основна програма за одгледување на говеда (ЗОПОГ 2011-2020). Со воведувањето на овие тестови, нашата институција ќе има можност да им ја понуди оваа услуга на сите заинтересирани одгледувачи на холштајн-расата што постепено треба да резултира со целосна елиминација на мутираните алели од оваа популација на говеда во Р. Македонија.

2) Да се воспостави и валидира метода за идентификација на генотипот за к-казеин. Во многу земји од светот со воспоставени селекциски програми во говедарството, овој генотип веќе подолго време редовно се објавува во педигреата на биковите кои се користат за вештачко осеменување. Со воведувањето на овој

значителни економски загуби кај одгледувачите на фармски животни. Имајќи ги предвид сериозноста и прошireноста на двете најзначајни наследни заболувања кај холштајн-расата, како и значењето на к-казеинот во селекциските програми и млекарската индустрија, предложеното истражување претставува солидна основа за имплементирање на нови лабораториски тестови на нашата институција кои нудат потенцијал за понатамошен развој на млечното говедарство во Р. Македонија. Денес во многу земји од светот со развиено говедарско производство редовно се практикува одредување на овие три генотипа кај биковите наменети за вештачко осеменување како најзначајни дистрибутери на гени во една популација на животни. Во последниве години светската научна литература и дава сè повеќе значење на потребата од редовно тестирање и елиминација на штетните рецесивни гени од една популација на животни.

Врз основа на поднесокот на темата за докторска дисертација, како и податоците за кандидатот и неговата досегашна работа, Комисијата заклучува дека кандидатот м-р Никола Адамов ги има сите потребни предуслови за изработка на предложеното истражување.

Предлогот на докторската дисертација е јасно презентиран и поткрепен со најсовремени литературни податоци, што зборува за компетентноста на кандидатот да го реализира предложеното истражување и критички да ги анализира добиените резултати. Целите се прецизно поставени и добро објаснети. Наведените методи се современи, актуелни и соодветно селектирани. Резултатите кои ќе произлезат од ова истражување ќе претставуваат солидна основа за воведување и оптимизирање на генетски тестови за детекција на рецесивни штетни алели, но исто така ќе придонесат и за проширување и продлабочување на досегашните сознанија од областа на бовината генетика.

Врз основа на поднесениот материјал и неговата елаборација, Комисијата позитивно ја оценува предложената тема за изработка на докторската дисертација под работен наслов *Детекција на наследни заболувања (BLAD и CVM) и генотипизација на к-казеинскиот локус кај холштајн-фризиската популација на говеда во Р. Македонија* и му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје да ја прифати темата за докторска дисертација и да му одобри на кандидатот понатамошно спроведување на истражувањето.

Членови на Комисијата

Проф. д-р Дине Митров с.р.

Доц. д-р Славчо Мреношки с.р.

Проф. д-р Влатко Илиески с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ/ПОМЛАД АСИСТЕНТ НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХЕМИЈА/АНАЛИТИЧКА ХЕМИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, на седницата одржана на 29.VI 2011 година, донесе одлука за формирање Комисија за избор на соработник во звањето асистент/помлад асистент на научната област хемија/аналитичка хемија.

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Јулијана Цветковиќ, проф. д-р Трајче Стафилов и проф. д-р Ана Сарафимовска, до Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен на 28. IV 2011 година во весниците "Дневник" и "Коха", за избор на еден помлад асистент/асистент на научната област **хемија-аналитичка хемија,** се пријави кандидатот м-р Милена Тасеска.

### *Податоци за кандидатката*

Кандидатката м-р Милена Тасеска е родена на 8.XI 1979 година во Охрид. Средно образование завршила во УСО "Св. Климент Охридски" во Охрид. Во јули 2004 година дипломирала на ПМФ, Институт за хемија, при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во јули 2006 година се стекнала со звањето специјалист по хемиски науки на Институтот за хемија при ПМФ во Скопје со одбраната на специјалистичкиот труд под наслов: *Сепарирање на елементи во траги од минералина бакар и железо и нивно определување со атомска апсорпциона спектрометрија.* Во јануари 2009 година, на Институтот за хемија на ПМФ ја одбранила магистерската работа под наслов *Методи за определување на траги од елементи во минерали и соли на бакар, железо и манган со неутронска активациона анализа и атомска апсорпциона спектрометрија* и се стекна со академскиот степен магистер на хемиски науки. М-р Милена Тасеска е докторанд на ПМФ, Институт за хемија, при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Во периодот 2004-2005 година, кандидатката работела како новинар во весникот "Нова Македонија". Во учебната 2005/2006 година работела како демонстратор за лабораториски вежби на Катедрата за физичка хемија на ПМФ во Скопје. Во периодот 2007-2008 година работела во "Скопски легури" во Скопје како заменик на раководителот на лабораторијата и одговорна за анализа на суровини, полупроизводи и готови производи. Од 2009 година е вработена во "Фармахем ДООЕЛ", Лабораторија за животна средина, Скопје, како стручен соработник и менаџер за квалитет по МКС EN ISO/IEC 17025:2006.

Во текот на работата, кандидатката м-р Милена Тасеска покажала особен интерес за развивање аналитички методи со атомска апсорпциона спектрометрија и неутронска активациона анализа за траги од елементи во

минерали, почви, вода, стени, ѓубрива, храна, биолошки и растителни материјали. При тоа, се стекнала со вештини за работење со различни инструменти, како што се:

- Thermo Solar 2, пламен атомски апсорпционен спектрометар со воздух/ ацетиленски пламен;
- Varian SpectrAA 640 Z, електротермички атомски апсорпционен спектрометар со Varian PSD-100 автосемплер;
- Varian 715-ES, оптичко емисионен спектрометар со индуктивно спрегната плазма;
- SRM-25, рендгенски спектроскоп;
- 250 kW TRIGA Mark II реактор со термален неутронски флукс од $1{,}1 \cdot 10^{12}$ $cm^{-2}s^{-1}$, апсолутно калибриран HPGe детектор за мерења, HyperLab софтвер за пикови и софтверски пакет KAYZERO/SOLCOR за пресметки;
- Spectroquant NOVA 400 Merck, спектрофотометар;
- TVOC, TG-502 VOC, инструмент за мерење испарливи органски компоненти
- Cirrus CR:831B, букомер

Кандидатката м-р Милена Тасеска во текот на работењето постојано се усовршувала и го надградувала своето знаење. Студиските престои во странство придонесуваат за проширување на вештините за ракување со различни инструменти и воведување на нови методи за определување елементи во траги во различни медиуми. Во 2005, 2006 и 2007 година била на повеќемесечен студиски престој во Институтот "Јожеф Стефан" во Љубљана, Словенија. Во текот на јули 2005 година била на студиски престој на Универзитетот "Babes-Bolyai" во Клуж, Романија. Во мај 2009 година била на студиски престој на Хемискиот факултет во Софија, Бугарија, а во текот на септември 2010 година престојувала на Природно-математичкиот факултет во Нови Сад, Србија.

Како резултат на научноистражувачката работа во текот на сите години работење и усовршување, м-р Милена Тасеска е автор или коавтор на десет научни трудови, шест труда се презентирани на домашни и меѓународни научни собири, а, исто така, учествувала во изработката на шест научноистражувачки проекти.

### Објавени трудови


1. V. M. Petrusevski, M. Taseska, Demonstrations as a tool for ironing-out misconceptions. 1. On the catalytic reduction of potassium permanganate solution with atomic hydrogen, *Bull. Chem. Technol. Macedonia*, **23**(1), 47-51 (2004).
2. V. M. Petruševski, M. Taseska, M. Monković, Reaction of copper with fuming nitric acid: a novel lecture experiment in passivation, *Chemical Educator*, **10**(3), 208-210 (2005).

3. M. Taseska, T. Stafilov, P. Makreski, G. Jovanovski, Determination of trace elements in some copper minerals by atomic absorption spectrometry, *Ovidius University, Annals of Chemistry*, **16**(1), 43-46 (2005).
4. M. Taseska, T. Stafilov, P. Makreski, R. Jaćimović, V. Stibilj, G. Jovanovski, Liquid-liquid extraction and determination of trace elements in iron minerals by atomic absorption spectrometry, *Geologica Macedonica*, **20**, 33–38 (2006).
5. R. Jaćimović, M. Taseska, V. Stibilj, P. Makreski, T. Stafilov, G. Jovanovski, Element composition of some copper minerals from the Republic of Macedonia, *Geologica Macedonica*, **21**, 87-91 (2007).
6. P. Naumov, Lj. Pejov, G. Jovanovski, T. Stafilov, M. Taseska, E. Stojanovska, Unilateral exclusion of Jahn-Teller-inactive $d^5$ $Mn(H_2O)_4(C_7H_4NO_3S)_2^{2+}$ guests by strongly distorted host $d^9$ $Cu(H_2O)_4(C_7H_4NO_3S)_2^{2+}$ lattice, *Crystal Growth & Design*, **8**, 1319-1326 (2008).
7. M. Taseska, I. Karadjova, T. Stafilov, Determination of trace elements in manganese salts after preliminary matrix separation, *Eurasian Journal of Analytical Chemistry*, **3**, 1-9 (2008).
8. M. Taseska, P. Makreski, V. Stibilj, R. Jaćimović, T. Stafilov, G. Jovanovski, Determination of trace elements in chalcopyrite ($CuFeS_2$) by neutron activation analysis after matrix elements removal, *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering*, **27**(2), 141-147 (2008).
9. M. Taseska, P. Makreski, V. Stibilj, R. Jaćimović, T. Stafilov, Determination of trace elements in hematite's iron reference material JSS-804-1 using $k_0$-INAA, *Geologica Macedonica*, **22**, 43-48 (2008).
10. M. Taseska, R. Jaćimović, V. Stibilj, T. Stafilov, P. Makreski, G. Jovanovski, Is copper removal by electrolysis from copper minerals appropriate method for determination of trace elements?, *Nuclear Instruments and Methods in Physics Research, Section A (NIMA)*, **622**, 449-452 (2010).

Презентирани трудови на научни собири

1. M. Taseska, T. Stafilov, P. Makreski, G. Jovanovski, Determination of trace elements in some copper minerals by atomic absorption spectrometry, *3rd Black Sea Basin Conference on Analytical Chemistry*, Constanta, *Book of Abstracts*, p. 99, 2005.
2. M. Taseska, T. Stafilov, P. Makreski, R. Jaćimović, V. Stibilj, G. Jovanovski, Liquid-liquid extraction and determination of trace elements in iron minerals by atomic absorption spectrometry, *5th International Conference of the Chemical Societies of the South-East European Countries - ICOSECS-5, Book of Abstracts*, Vol. 1, p. 94, Ohrid, 2006.
3. M. Taseska, I. Karadjova, T. Stafilov, Determination of trace elements in manganese salts after preliminary matrix separation, *4rd Black See Basin Conference on Analyticasl Chemistry (4th BBCAC), Abstracts and Programme*, P132, Sunny Beach, Bulgaria, 2007.

4. M. Taseska, P. Makreski, V. Stibilj, R. Jaćimović, T. Stafilov, G. Jovanovski, Determination of trace elements in chalcopyrite by neutron activation analysis after matrix elements separation, *XX Congress of Chemists and Technologists of Macedonia with International Participation, Abstract Book*, ACE-10, Ohrid, 2008.
5. M. Taseska, R. Jaćimović, V. Stibilj, T. Stafilov, P. Makreski, G. Jovanovski, Is copper removal from copper minerals by electrolysis appropriate method for determination of trace elements?, *5th International $k_0$-Users Workshop*, Belo Horizonte, Brazil, 13-17 September, *Book of Abstracts*, 2009.
6. R. Jacimovic, M. Taseska, P. Makreski, V. Stibilj, T. Stafilov, Is extraction of fe from iron based minerals an appropriate method for determining trace elements? *16. Radiochemical Conference - RadChem 2010, Booklet of Abstracts*, Marianske Lazne, Czech Republic, 18-23 April 2010, *Chemicke Listy*, **104**, s128-s129 (2010).

Учество во научноистражувачки проекти

1. Elemental composition of minerals from the Republic of Macedonia, Slovenian-Macedonian Intergovernmental S&T Cooperation, Skopje-Ljubljana, 2005-2006.
2. Silicates minerals from Macedonia – Mineralogical characterization, Croatian-Macedonian Intergovernmental S&T Cooperation, Skopje-Zagreb, 2006-2007.
3. Elemental composition of minerals from the Republic of Macedonia, Slovenian-Macedonian Intergovernmental S&T Cooperation, Skopje-Ljubljana, 2007-2008.
4. Силикатни минерали од Македонија – идентификација и систематизација, Природно-математички факултет-Министерство за образование и наука на Република Македонија, Скопје, 2006-2009.
5. Teaching and learning bioanalysis, CEEPUS (Central European Exchange Program for University Studies), CII-HU-0010-03-0809, 2008-2009.
6. Неоргански природни цврсти супстанци и нивни синтетички аналози - Спектар-структурни корелации и споредба со хемискиот состав, Министерство за образование и наука, Скопје, 2010-2012.

Во два од објавените трудови е разработена проблематика од областа на школското експериментирање. Двата труда претставуваат значаен придонес кон збогатување на листата на демонстрациони опити наменети за учениците од средните училишта и за приближување на хемијата кон младата популација. Останатите осум труда се изработени во рамките на специјалистичките и магистерските студии, како и во рамките на научноистражувачките проекти. Трудовите се од областа на аналитичката хемија и третираат проблематика во врска со определување на елементи во траги во различни средини. Сите трудови се објавени во престижни домашни и меѓународни списанија.

### *Заклучна оцена и предлог*

Комисијата со внимание ја разгледа поднесената пријава, и, согласно со сето она што беше претходно наведено, заклучи дека м-р Милена Расеска е надежен млад научен работник кој со леснотија ќе може да ги извршува поставените задачи. Комисијата ја има честа и задоволството да му предложи на Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје да ја избере м-р Милена Тасеска за асистент на научната област хемија-аналитичка хемија во Лабораторијата за вино и алкохолни пијалаци при Земјоделскиот институт во Скопје.

**Рецензентска комисија**

Д-р Јулијана Цветковиќ, вонреден професор на Земјоделскиот институт во Скопје ср.

Д-р Трајче Стафилов, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје ср.

Д-р Ана Сарафимовска, вонреден професор на Земјоделскиот институт во Скопје ср.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЛОЗАРСТВО НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, на седницата одржана на 29. VI 2011, донесе одлука за формирање на Комисија за избор на соработник во звањето помлад асистент/асистент на научната област лозарство.

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Климе Белески, д-р Биљана Коруновска, научен соработник и проф. д-р Горан Миланов, на Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен на 28. IV 2011 во весниците "Дневник" и "Коха", за избор на еден помлад асистент/асистент на научната област лозарство, се пријави кандидатот м-р Душко Неделковски.

### *Податоци за кандидатот*

1. ***Биографски податоци***

Кандидатот м-р Душко Неделковски е роден на 28. IV 1986 година во Скопје. Средно образование завршил во ДСМУ "Д-р Панче Караѓозов" во Скопје. Во 2008 година дипломирал на Хемиско-технолошки и металуршки универзитет во Софија, Република Бугарија, каде што се стекнал со титулата инженер биотехнолог. Во 2009 година, на истиот Универзитет, ја одбранил магистерската теза под наслов: "Испитување на можностите од четири клона на сортата бургундец црн за добивање на висококвалитетни црвени вина со висока антиоксидантска активност" и се стекнал со академски степен магистер по биотехнологија.

2. ***Работно искуство***

Кандидатот м-р Душко Неделковски, во периодот јули-август 2009 година, стажирал на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје, каде што работел на лабораториско докажување и идентификација на патогени микроорганизми при што ги усовршил техниките на култивирање на микроорганизми, микроскопски анализи и подготовка на антибиограми и нивно читање. Во периодот од февруари до јуни 2010 година, како биотехнолог, работел на анализи за контрола на исправност и квалитет на хранливи производи, во Лабораторијата за испитување на квалитет на храна во Институтот за јавно здравје во Скопје. Во текот на овој период, кандидатот успешно

работел на основните анализи, но исто така и на софистицирана апаратура како што е течен хроматограф. Посебно се посветил и обучил на течниот хроматограф со детектор-рефрактив индекс, кој се користи за анализа на повеќе видови шеќери во различни прехранбени производи. Во исто време работел и на анализите кои се поврзани со методите за испитување на грозјето и виното. Во периодот од јули до септември 2010 година волонтирал во Одделението за лозарство и винарство на Земјоделскиот институт во Скопје. Во текот на волонтирањето работел на проучување на сортите винова лоза преку примена на ампелографските методи за идентификација и дескрипција. Исто така, во лабораторијата на Одделението за лозарство, работел на анализи за испитување на квалитетот на грозјето. За време на работата во Одделението за лозарство и винарство, кандидатот м-р Душко Неделковски покажа способност за самостојно преземање на акции и развој на нови технологии, академска култура и образование, извонредно познавање на странски јазици и информатичка технологија. Во периодот од октомври до декември 2010 година волонтирал во винарската визба "Винар" во Скопје, каде што се запознал со севкупниот процес на преработка на грозјето и производство на црвено и бело вино. Вклучен е во изборот и одредување на квалитетот на грозјето како примарна суровина за производство на вино.

### 3. Научна дејност

Магистерската теза на кандидатот м-р Душко Неделковски, под наслов: "Испитување на можностите од четири клона на сортата бургундец црн за добивање на висококвалитетни црвени вина со висока антиоксидантска активност" обработува една од најактуелните проблематики во современото лозарство и винарство: полифеноли во грозјето и виното кај црвените вински сорти. Полифенолите имаат висока антиоксидантска активност која позитивно влијае на здравјето на човекот. Во тезата, со испитувањата се опфатени четири клонови од сортата бургундец црн: кл. 115, кл. 292, кл. 375 и кл. 386. За реализирање на поставената цел разработени се следниве задачи: утврдување на почвено-климатски карактеристики, контрола на плодноста на почвата, родноста и приносот, контрола на преработката на грозјето и производството на вино, контрола на квалитетот на грозјето и виното, одредување на хранливите елементи во листовите од лозата преку нивна лиофилизација и проучување на антиоксидантската способност на добиените вина. Проучуван е полифенолниот состав на лушпата од зрното, како и на добиеното вино од четирите различни клонови. Полифенолниот состав е претставен преку содржината на антоцијани, проантоцијанидини, флаваноли и транс-ресвератрол. Содржината на транс-ресвератрол, проантоцијанидини и на флавонолите рутин и кверцентин, е највисока кај виното добиено од клонот 115, во споредба со останатите клонови 292, 375 и 386. Сите вина од четирите испитувани клонови од сортата бургундец црн имаат највисока антиоксидативна активност, споредени со вината добиени од сортите мавруд, мерло и од каберне совињон, чие вино има најниска антиоксидативна активност.

### *Заклучна оцена и предлог*

Комисијата со внимание ја разгледа поднесената пријава, и согласно со сето она што беше претходно наведено, заклучи дека м-р Душко Неделковски е перспективен млад научен работник, кој сериозно и професионално ќе може да одговори на предизвиците во научноистражувачката работа. Комисијата ја има честа и задоволството да му предложи на Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, да го избере м-р Душко Неделковски за асистент на научната област лозарство, во Одделението за лозарство при Земјоделскиот институт во Скопје.

Рецензентска комисија:

Д-р Климе Белески, вонреден професор на Земјоделскиот институт во Скопје с.р.

Д-р Биљана Коруновска, научен соработник на Земјоделскиот институт во Скопје с.р.

Д-р Горан Миланов, вонреден професор на Земјоделскиот институт во Скопје с.р.

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ - ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Согласно со Законот за високото образование, Законот за научноистражувачка дејност, член 43 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Земјоделскиот институт во Скопје, како и согласно со објавениот конкурс во весниците "Дневник" и "Коха" од 3.5.2011 година, Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, на седницата одржана на 29.6.2011 година, донесе одлука за избор на Рецензентска комисија за избор на помлад асистент од областа на биотехничките науки – заштита на растенијата.

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Танас Трајчевски, проф. д-р Миле Постоловски и проф. д-р Јулијана Цветковиќ, до Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, го поднесуваат следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во дневните весници "Дневник" и "Коха" од 3.5.2011 година, за избор на помлад асистент на научната област биотехнички науки-заштита на растенијата се пријави кандидатот:

1. м-р Катерина Банџо.

### *Податоци за кандидатката*

Кандидатката м-р Катерина Банџо е родена на 25.8.1983 година во Скопје. Во ДСУ гимназија „Раде Јовчевски –Корчагин" во Скопје го завршила своето средно образование. Дипломирала на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје на 9.3. 2007 година со просечна оценка 9,89, со што се стекнала со правото на стручен назив дипломиран земјоделски инженер. Постдипломските студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје ги завршила на 10.6. 2010 година со просечна оценка 10. Со одбрана на магистерската работа на група ентомологија на тема: „Црешова мува (Rhagoletis cerasi L.) и влијание на некои карактеристики на сортите цреши врз процентот на заразеност на плодовите", се стекна со академскиот степен магистер на земјоделски науки.

Во периодот од 16.5 до 15.6.2007 година кандидатката била на практика во Лабораторијата за генетички модифицирани организми при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Од 5.9 до 5.10.2007 година била на практика во Фондацијата "Агро центар за едукација" (ФАЦЕ) во Скопје од областа на организација на едукативни курсеви за фармерите и советниците во земјоделството. Во периодот од 5.12.2007 до 14.9.2009 година била ангажирана по договор за дело во ЈНУ Земјоделски институт во Скопје, Одделение за заштита на растенијата. Во периодот од 15.9.2009 до 31.12.2010 година била ангажирана како демонстратор на Факултетот за земјоделски

науки и храна, Катедра за заштита на растенијата. Од 1.2.2011 година е ангажирана како демонстратор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на Катедрата за биохемија и генетско инженерство.

Кандидатката м-р Катерина Банџо го има добиено признанието "Инженерски прстен" од Инженерската институција на Македонија за најдобар дипломиран студент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје за учебната 2006/2007 година и е прогласена за најдобар студент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје во периодот 1997-2007 година.

Кандидатката м-р Катерина Банџо има учествувано на 31., 33., 34. и 35. советување за заштита на растенијата организирани во Охрид во ноември 2006, 31. Советување, ноември 2008, 33. Советување, ноември 2009, 34. Советување и ноември 2010 година, 35. Советување за заштита на растенијата, како и на 1. Конгрес за заштита на растенијата организиран во Охрид од 28.11 до 2.12.2005 година. Кандидатката м-р Катерина Банџо има учествувано на курсот „Entomology Course 2008 ", организиран од страна на познатата холандска фирма за биолошка борба во земјоделското производство, Koppert на 10-12 .9. 2008 година.

Кандидатката м-р Катерина Банџо има учествувано како коавтор во следниве трудови:

1. Русевски,Р; Христов П; Ѓамовски В; **Банџо Катерина** (2008): Grapevine fanleaf nepovirus вирус на инфективната дегенерација на виновата лоза, ново жариште во Македонија, потекло и штетност. Заштита на растенијата, Vol XIX : 64-69, Скопје.

2. Русевски Р; **Банџо Катерина**, Кузмановска Билјана, Ѓамовски В (2009): Вирусен статус на пиперката во Кочанско во 2008 . Заштита на растенијата , Vol XX: 84-88.

3. Русевски Р; **Банџо Катерина**, Кузмановска Билјана, Станоевска Мирјана (2010), Вирусен статус на пиперката одгледувана на отворено во Р. Македонија, во 2009 г. Заштита на растенијата, Vol XXI: 44-50. Скопје.

4. Rusevski, R; **Bandzo Katerina**, Kuzmanovska Biljana, Stanoevska Mirjana (2011): Virus status of pepper plants cultivated on open fields. XVI Savetovanje o biotehnologiji sa međunarodnim učešćem 4-5 mart 2011 god. Zbornik radova. Vol 16 (18): 429-434. Čačak.

Кандидатката м-р Катерина Банџо е прв автор на следниот труд:

1.**Bandzo Katerina**, Popovska Melpomena, Bandzo S. (2011): Influence of ripening time, fruit's skin color of cherry varieties on the infestation percentage by *Rhagoletis cerasi*. XVI Savetovanje o biotehnologiji sa međunarodnim učešćem 4-5 mart 2011 god. Zbornik radova. Vol 16 (18): 435-440. Čačak.

Кандидатката активно го владее англискиот јазик и има солидни познавања од францускиот и италијанскиот јазик.

## *Заклучна оцена и предлог*

Комисијата ја разгледа поднесената пријава и согласно со сето она што беше погоре наведено заклучи дека Катерина Банџо е надежен млад кадар.

Комисијата ја има честа и задоволството да му предложи на Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје да ја избере м-р Катерина Банцо, магистер на групата ентомологија, за асистент од областа на биотехничките науки-заштита на растенијата на Земјоделскиот институт во Скопје.

**Комисија**

Д-р Танас Трајчевски, редовен професор на Земјоделскиот институт во Скопје ср.

Д-р Миле Постоловски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с. р.

Д-р Јулијана Цветковиќ, вонреден професор на Земјоделскиот институт во Скопје ср.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
**„ВЛИЈАНИЕТО НА ИНТЕРНЕТОТ И НОВИТЕ ТЕХНОЛОГИИ ВРЗ МАРКЕТИНГ - СТРАТЕГИИТЕ НА МЕДИУМИТЕ”,**
**ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р ГОРДАНА СТОЈАНОВСКА-ИЦЕВСКА**, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 113, став 6 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08), член 241 од Статутот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, а според одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, под број 0202-2089/2 од 30.6.2011, донесена на седницата одржана на 24.6.2011 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: **ВЛИЈАНИЕТО НА ИНТЕРНЕТОТ И НОВИТЕ ТЕХНОЛОГИИ ВРЗ МАРКЕТИНГ - СТРАТЕГИИТЕ НА МЕДИУМИТЕ**, поднесена од кандидатката м-р Гордана Стојановска Ицевска. По прегледувањето на трудот, Комисијата пред Насатвно-научниот совет го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

## 1. СОДРЖИНА И ОПФАТ НА ТРУДОТ

Докторската дисертација содржи вкупно 373 страници, а користени се 197 библиографски единици, и тоа литература од областа на општествените науки, вклучувајќи ги маркетингот, комуникациите, медиумите и социологијата. Користена е литература од домашни и странски автори, од книги, списанија,

електронски публикации и материјал од широк спектар на електронски бази на податоци и библиотеки. Дисертацијата вклучува вовед, седум глави, заклучок и четири прилози, и тоа:

Вовед

Глава I - Маркетинг - стратегии на медиумите пред појавата на интернет и новите технологии

Глава II - Почетоците на интернетот, почетокот на трансформација на печатените и електронските медиуми и нивните маркетинг – стратегии

Глава III - Од печатени и електронски медиуми до мултимедијални проекти

Глава IV - Влијание на мобилната телефонија и безжичниот интернет врз медиумите и нивните маркетинг - стратегии

Глава V - Анализа на конкретни примери

Глава VI - Улогата на потрошувачите и на менаџерите на медиумите во детерминирање на маркетинг - стратегиите

Глава VII - Проекции и стратегии за иднината

Заклучок

Прилози

Литература

Воведот содржи општи информации за трендовите во сферата на медиумите и како новата технологија влијае на македонските и светските медиуми. Во воведот се дефинираат предметот и целите на истражувањето, се образложуваат тезите и нивната содржина и се елаборира методологијата применета во истражувањето. Воведот го анализира и научниот придонес и актуелноста на трудот. Во овој дел од тезата е содржана и терминологија на често применуваните зборови од сферата на технологијата.

Во првата глава на овој труд, со наслов „**Маркетинг - стратегии на медиумите пред појавата на интернетот и новите технологии**", се анализирани маркетинг - стратегиите на меѓународните и домашните медиуми пред појавата на глобалната мрежа. Исто така, оваа глава содржи историски преглед на развојот на технологијата и нејзиното влијание врз медиумите и

начините на продавање на комерцијалните огласи во домашните и странските медиуми.

Во оваа глава се разгледува специфичноста во промовирањето на производот на медиумите, кој е уникатен во споредба со кој било друг производ. Промоцијата на медиумите мора да биде уникатна и конципирана не само за одреден вид на медиум, туку и за секоја поединечна тема која се пласира во медиумот. При пласирањето на вестите пред својата публика медиумите мора да знаат точно кои се нивните корисници и да најдат начин како да го привлечат и задржат вниманието на публиката. Времето во кое публиката одлучува дали ќе ја проследи веста (заедно со рекламната порака која е спакувана со или до неа) е многу кратко. Ако веста не го привлече читателот во првите пет-шест секунди, тој се откажува од нејзиното користење. Публиката на медиумите многу лесно може да се одлучи да го смени каналот на телевизорот, да побара станица на друга фреквенција или да го исклучи компјутерот уште пред да стигне да го погледне банерот каде што е пласирана одредена реклама.

Брзината со која се консумираат вестите и фактот дека тие стануваат бајати за кратко време, и во минатото ги принудувале креаторите на маркетинг - стратегиите на медиумите да реагираат брзо на новите технолошки достигнувања. Ова е дополнително мотовирано од барањата на огласувачите, но многу често во историјата предводници во употреба на технологија во маркетинг кампањите биле медиумите. Секако брзината со која денес се менуваат маркетинг - стратегиите на медиумите и начините на кои тие ги продаваат рекламите не е споредлива со ниту еден претходен историски период. Ако во минатото било потребно да поминат неколку децении за примена на нова технологија во сферата на медиумите, денес станува збор за месеци.

Втората глава со наслов „**Почетоците на интернетот, почетокот на трансформација на печатените и електронските медиуми и нивните маркетинг - стратегии**" го анализира начинот на кој интернетот и новата технологија ги трансформираа печатените и електронските медиуми и ги принудија да креираат онлајн изданија. Ова неминовно водеше до менување и на

нивните маркетинг - стратегии за пласирање на вестите и начинот на кој тие го продаваат рекламниот простор.

Според анализираните примери од минатото и објасненијата на аналитичарите вклучени во втората глава во која се анализираат трендовите во маркетинг - стратегиите на медиумите во време на појавата на интернет, станува очигледно дека уште во времето на зачетоците на интернет медиумите чувствувале потреба за примена на новата технологија. Големо влијание врз ваквиот пристап на медиумите имаше фактот дека интернетот се ширеше со голема брзина насекаде во светот и неговите корисници постојано растеа. Ова ги натера медиумите да се адаптираат на овој нов медиум и да направат промени во нивните маркетинг - стратегии за пласирање на вестите и во начините на продавање на рекламен простор.

Во време на почетоците на интернетот, весниците беа меѓу првите медиуми што креираа веб - страници заради фактот што тие, споредено со другите медиуми, можеа најлесно да ги пренесат нивните текстови и фотографии од печатеното на интернет - изданието. Кусо време по ова, весниците почнаа да се прашуваат за легитимноста на пресликување на нивните содржини онлајн, па се отвори дебата за економската исплатливост на оваа постапка. Во времето на креирање на првите веб - страници се поставуваше прашањето како интернет - изданието да не му конкурира на печатеното и почна да се размислува во правец на продавање рекламен простор на оваа нова виртуелна платформа.

Новите медиуми можат да се дефинираат како медиуми кои се интерактивни и ги интегрираат компјутерите и мултимедијалноста, и кои нè пресретнуваат каде и да се завртиме. Денес медиумите се појавуваат како функција на дигиталната технологија, почнувајќи од насекаде распространетиот интернет до мобилните телефони и онлајн - игрите. Заедно со растот на новите каналите на медиумите доаѓа и потребата за разбирање на новите можности за рекламирање и како тие може да бидат искористени за ефикасно комуницирање со потрошувачите.

Брзината на ширење на интернетот насекаде во светот и фактот дека неговите корисници постојано растеа ги присили медиумите да се адаптираат на

овој нов медиум и да направат промени во нивните маркетинг - стратегии за пласирање на вестите и во начините на продавање на рекламен простор.

Третата глава, со наслов "**Од печатени и електронски медиуми до мултимедијални проекти**", содржи детален преглед и анализа на начинот на кој печатените и електронските медиуми во светот се трансформираа во мултимедијални изданија, што директно влијаеше на начинот на продажба на комерцијалните објави. Во светот, радиото, телевизијата и интернет - изданијата се интегрираат во мултимедијален онлајн - производ кој ги редефинира постојните маркетинг - стратегии. Оваа глава обезбедува и анализа на состојбите и трендовите во македонските медиуми.

Во ова поглавје е анализирана трансформацијата на медиумите од традиционалните форми во нови мултимедијални проекти. Сознанијата се дека платформите (радиото, телевизијата и онлајн) на електронските и печатените медиуми се интегрираат и дека границите меѓу различните медиуми стануваат се помали. Исто така, публиката игра сè поголема улога во креирањето на содржините на медиумите. Вестите пласирани во медиумите од пасивни прераснуваат во активни, интерактивни продукти, а рекламите мораат неминовно да го следат овој тренд.

Конвергенцијата на медиумите стана термин кој го опфаќа процесот на приближување на различните форми на медиуми (печатени, радио, телевизија, онлајн) и бришење на границите меѓу нив што вклучува значајни промени во технологијата која медиумите ја користат, пазарите на кои ги пласираат производите, начинот на кој го произведуваат финалниот производ, видовите на содржини кои ги пласираат и начините на кои тие содржини се прифатени од публиката.

Под конвергенција се подразбира пласирање на содржини на различни медиумски платформи, соработка помеѓу различни медиумски индустрии и мигрантското однесување на публиката која оди каде и да е (онлајн) само за да ги најде содржините кои ќе ѝ бидат забавни. Во светот на конвергенција на медиумите, секоја приказна е раскажана, секоја марка е продадена и секој потрошувач/корисник доаѓа до целта на повеќе медиумски платформи

Споредено со светските медиуми, резултатите од компаративната анализа покажале дека македонските медиуми заостануваат во адаптирањето на нивните маркетинг - стратегии на новите платформи, како во пласманот на вестите, така и во продажбата на комерцијален простор.

Четвртата глава, „**Влијание на мобилната телефонија и безжичниот интернет врз медиумите и нивните маркетинг - стратегии**", обезбедува анализа на стратегиите на македонските медиуми за пласирање на вести и комерцијални огласи според барањата на потрошувачите (он деманд). Во оваа глава се анализира како мобилната телефонија и безжичниот интернет го променија начинот на кој се консумираат вестите и како сè повеќе потрошувачите бараат достапност до информациите тогаш кога тие сакаат.

Темпото на живот во последните неколку децении е многу побрзо од минатото. Токму заради ова публиката сака да не зависи од програмските шеми на телевизиите, радијата или да чека наутро весникот да излезе од печат. Во четвртата глава се разгледува и оваа тенденција на публиката, која бара вести он деманд.

Овој дел од докторскиот труд покажува дека публиката бара да им пристапува на вестите и рекламите тогаш кога таа сака и медиумите мора да го задоволат ова барање со адаптирање на нивните маркетинг - стратегии кон нив. Новата технологија значително ја промени дефиницијата за тоа кој, каде и како консумира вести. Медиумите веќе не го замислуваат корисникот на нивните услуги како читател кој седи во фотелја и ги прелистува страниците на нивниот весник, или како гледач кој во центарот на дневната соба има телевизор. Новата технологија ги натера медиумите да размислуваат како да им ги продадаваат вестите на читателите во секој дел од денот, во секоја можна форма: печатено издание, веб - страница, етер, мобилен телефон, твитер, фејсбук, подкаст, АР-ЕС-ЕС (РСС) читач и уште многу апликации кои секојдневно стануваат сè побројни. Покрај трката за пласирање на вестите на сите различни платформи (од каде што ќе посакаат), медиумите секојдневно се обидуваат да бидат достапни токму тогаш кога публиката ќе посака. Ако тие не успеат да бидат на дофат на рака на публиката, ризикот од финансиски неуспех се зголемува.

Заедно со секојдневната трка за присуство на сите платформи, медиумите работат и на креирање на нивните маркетинг - стратегии за пласирање на вестите, но и на маркетинг - стратегиите за привлекување на реклами. Притисокот од новите технологии секојдневно се чувствува и во маркетинг - одделенијата на медиумите затоа што и нивните стратегии мора да бидат адаптирани на новите барања на пазарот и на секојдневниот притисок на новата технологија.

Медиумите денес се во секојдневна трка да бидат што е можно поприсутни на сите платформи и успешно да продаваат реклами на овие простори, но сепак тие не остваруваат огромни профити. Без оглед на финансиските резултати, сите медиуми во светот неуморно се обидуваат да го следат технолошкиот развој, затоа што знаат дека тоа е инвестиција за иднината. Сето ова е дополнително засилено од фактот што младата генерација е незаинтересирана за традиционалните медиуми: тие сè поретко гледаат телевизија емитувана во етер, поретко купуваат весници и слушаат радио на класичен начин.

Во петтата глава со наслов, „**Анализа на конкретни примери**", разгледани се неколку примери од странските и домашните медиуми и се анализираат нивните напори за прераснување во мултимедијални онлајн - медиуми на иднината кои имаат зацртани маркетинг - стратегии за пласман на вести и продавање комерцијални огласи. Исто така, оваа глава обезбедува споредба на состојбите во македонските со состојбата во странските медиуми.

Истражувањата покажуваат дека иднината на сите медиуми е во мултимедијалната форма заради фактот што технологијата е широко достапна, публиката се навикнува да ги следи вестите во различни форми, и само печатено, или само аудиоиздание не е доволно. Исто така, темпото на живот е подинамично и луѓето сакаат да ги добиваат вестите во секој момент, таму каде што се. Мултимедијалните онлајн - медиуми се медиуми на иднината и заради фактот што тие овозможуваат публиката да има активна улога во креирањето на содржините, како и поради тоа што обезбедуваат директен фидбек до редакцијата. Мултимедијалните алатки, почнувајќи од фотографиите, преку видеата и социјалните мрежи, овозможуваат директна комуникација со публиката.

Во потрага за ефикасна комуникација со публиката, медиумите избираат специјалност и се фокусираат на таа област. Оваа стратегија е значајна за опстанок на конкуретниот мултимедијален интернет - пазар.

Преку анализираните примери од светските и домашните медиуми донесен е заклучок дека постои голема разлика помеѓу македонските и странските компании. Поточно дека македонските медиуми не ги следат светските трендови на ова поле.

Заради фактот што публиката има голема улога во детерминирање на успешноста на работењето на медиумите, особено по појавата на интернетот, и шестата глава на трудот со наслов „**Улогата на потрошувачите и на менаџерите на медиумите во детерминирање на маркетинг - стратегиите**" ја разгледува улогата на потрошувачите во креирање на маркетинг - стратегиите. Оваа глава ги презентира и ставовите на менаџерите на медиумите во креирање на стратегиите. Ова е остверно преку истражување на јавното мислење во кое учествуваа потрошувачите/корисниците на услугите на медиумите, и преку интервјуа со претставници на медиумите, како и на интернет - огласувачките провајдери.

Истражувањето на јавното мислење беше спроведено во периодот од 6 октомври 2010 до 2 мај 2011 година. Истражувањето беше поставено онлајн на Сурвеј Манки (Сурвеs Монкеs). Целната група беше публика која ги следи медиумите во Македонија, но и публика која следи вести на македонски јазик, а не живее во Македонија. Истражувањето беше спроведено онлајн, а учесниците се избрани по случаен избор.

Истражувањето на јавното мислење инкорпорирано во шестата глава покажува дека доминантен медиум во Македонија е телевизијата, но веднаш зад неа се веб - страниците на медиумите. Овие резултати покажале дека преференците и очекувањата на публиката во Македонија не се воопшто различни од оние на публиката на меѓународните медиуми. Разликата е голема во маркетинг - стратегиите на медиумите.

Во ова поглавје се презентирани и интервјуата со претставници од медиумите и маркетинг - агенции и маркетинг - огласувачки провајдери.

Анализите на овие интервјуа споредени со резултатите од истражувањето на јавното мислење покажуваат дека постои голема разлика меѓу барањата и очекувањата на публиката и тоа што медиумите им го нудат. Публиката сака да им пристапува на вестите од различен простор во различно време и да избира кои реклами ќе ги гледа, додека претставниците на медиумите објаснуваат дека освен веб страниците, кои не се постајано обновувани, тие не нудат многу други опции.

Резултатите од истражувањето посочуваат на големите разлики помеѓу перцепцијата на медиумите за тоа што бара нивната публика и што всушност се нејзините реални очекувања.

Седмата глава на трудот со наслов „**Проекции и стратегии за иднината**" содржи предвидувања, проекции и осврт на идните трендови на развој на македонските и меѓународните медиуми и нивните маркетинг - стратегии. Во оваа глава се содржани и препораки за усовршување на стратегиите на медиумите.

Од седмата глава која се фокусира на трендовите и проекциите за иднината се заклучува дека медиумите ако сакаат да опстанат и да остваруваат профит мора да продолжат да ги адаптираат маркетинг - стратегиите за пласман на вестите на новата технологија. Фактот дека сите медиуми стануваат мултимедијални покрај тоа што го промени начинот на кој се пласираат вестите, го промени и начинот на кој се продаваат комерцијалните огласи. Комерцијалните огласи се адаптираат на видоизменетите медиуми и денес и тие се мултимедијални.

Македонските медиуми се на почетоците на воведување на овие промени и под притисок на барањата на потрошувачите ќе мора да го следат светскиот тренд. Истражувањето спроведено за потребите на овој труд покажа дека публиката сака вестите да ѝ бидат достапни на барање, но македонските медиуми немаат детално зацртани стратегии за задоволување на овие барања на потрошувачите.

Во заклучокот се елаборирани резултатите од овој труд кои покажуваат дека новите технологии и интернетот постојано ги менуваат маркетинг - стратегиите на медиумите и дека за дел од нив неадаптирањето на новитетите води кон опаѓање на побарувачката (тиражот, гледаноста, слушаноста). Резултатите од трудот покажаа дека медиумите се принудени секојдневно да ги имплементираат во

нивното работење новите онлајн - мултимедијални алатки за пласирање на вести за да можат да бидат конкуретни и да можат да ги задоволат барањата на потрошувачите. Истовремено со менувањето на маркетинг - стратегиите за пласирање на вестите, медиумите мораат да изработат и маркетинг - стратегии за продавање на рекламен простор на новите платформи.

Медумите се принудени да ги користат новите алатки и за да им бидат достапни на корисниците тогаш кога тие ќе сакаат и од каде што ќе сакаат.

## 2. ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Интернетот и новата технологија значајно го променија и секојдневно го менуваат начинот на работење на медиумите и нивните маркетинг - стртегии. Меѓународните медиуми секојдневно ги менуваат начините на кои продаваат вести и рекламен простор. Македонските медиуми не ги следат овие трендови со истото темпо како меѓународните медиуми. Докторската дисертација **ВЛИЈАНИЕТО НА ИНТЕРНЕТот И НОВИТЕ ТЕХНОЛОГИИ ВРЗ МАРКЕТИНГ - СТРАТЕГИИТЕ НА МЕДИУМИТЕ** има значаен придонес за осознавање на состојбите во македонските медиуми, за трендовите во Македонија и може да биде искористена во работењето на медиумите, маркетинг - агенциите и огласувачите.

Истражувањето обезбедува преглед на постојната состојба, ги согледува и ги анализира барањата на пазарот и ги предвидува идните трендови. Овој труд ја презентира важноста на влијанието на интернетот и технологијата врз маркетинг - стратегиите на домашните и светските медиуми и ги предвидува трендовите во маркетинг стратегиите на македонските медиуми. Резултатите од истражувањето на јавното мислење обезбедуваат сознанија за очекувањата на потрошувачите и како тие ја гледаат улогата на медиумите и комерцијалните огласи денес и во иднина.

Влијанието на технологијата врз маркетинг - стратегиите на медиумите во Македонија е тема која не е доволно истражена и овој докторски труд е еден од малиот број трудови во оваа сфера, кој придонесува за нови сознанија во оваа

област. Темата е актуелна и заради фактот што промените во сферата на медиумите под влијание на технологијата се одвиваат постојано и тоа директно влијае на менувањето на нивните маркетинг - стратегии. Овие трендови не се доволно документирани и истражени.

Оваа дисертација може да послужи како основа за изградба или подобрување на маргетинг - стратегиите на медиумите, како и за евентуални промени во начините на кои тие ќе продаваат рекламен простор.

Резултатите од ова истражување можат да бидат имплементирани во други истражувања од областа на интернет - маркетингот, медиумите и социологијата.

Во трудот се опфатени клучните трендови и прашања од сферата на новите медиуми, интернетот, технилогијата, социјалните мрежи и маркетинг - стратегиите на медиумите.

Комисијата за оцена на докторската дисертација дојде до уверување дека кандидатката м-р Гордана Стојановска - Ицевска успешно ги истражила клучните прашања за начините на кои новата технологија влијае на маркетинг стратегиите на медиумите во Македонија и во странство. Исто така, дисертацијата има значаен придонес за создавање на паралела меѓу македонските и странските медиуми и обезбедува квалитетно предвидување на идните трендови, што им овозможува на медиумите да преземат чекори за планирање на нивните маркетинг - стратегии.

Преку докторскиот труд на Стојановска-Ицевска дојдено е до следниве резултати:

- медиумите во светот се секојдневно под влијание на новата технологија која значајно го промени нивниот начин на работа;

технологијата и интернетот значајно ги променија маркетинг стратегите на медиумите;

- технологијата и интернетот значајно го променија начинот на кој медиумите пласираат вести и продаваат рекламен простор;

- маркетинг - агенциите мораат да ги следат трендовите во медиумите за да понудат поквалитетни услуги;

- огласувачите мораат да ги следат трендовите диктирани од медиумите и публиката;

- публиката (потрошувачите) сака да им пристапува на вестите и на рекламите во медиумите кога сака и од каде што сака (on demand);

- македонските медиуми се принудени да ги следат овие трендови заради тоа што тоа е иднината во светот на медиумите;

- истражувањето на јавното мислење покажа дека македонската публика се повеќе се ориентира кон онлајн - медиумите и сака да им пристапува на вестите и рекламите тогаш кога на неа и одговара;

- Интервјуата со претставниците на македонските медиуми и опсервацијата на конкретни примери, наспроти истражувањето на јавното мислње, покажуваат дека постои расчекор помеѓу барањата и очекувањата на македонската публика наспроти маркетинг - стратегиите на македонските медиуми за пласирање вести и продавање на комерцијални огласи;

- резултатите од истражувањето на јавното мислење обезбедуваат сознанија за очекувањата на потрошувачите и како тие ја гледаат улогата на медиумите и комерцијалните огласи денес и во иднина.

Значајно е што трудот на Стојановска Ицевска содржи и истржување на јавното мислње со кое успешно се презентираат очекувањата на публиката. Истражувањето инкорпорирано во овој труд покажа дека постои несоодветност во очекувањата на публиката, наспроти понудата на македонските медиуми. Истражувањето на јавното мислење покажа дека 72,2% од испитаниците вестите ги следат независно од времето, тогаш кога им одговара на веб страниците на медиумите. Според истражувањето на јавното мислење, 88% од публиката би сакала да има можност сама да избере кога и дали ќе ги гледа рекламите на веб - страниците на медиумите. Овие бројки јасно покажуваат дека за публиката е значајно вестите и рекламите во медиумите да им бидат достапни на барање. За разлика од ова, интервјуираните претставници на медиумите објаснуваат дека тие немаат стратегии за пласман на вестите на различни платформи кои ќе и овозможат на публиката пристап кога сака и од каде што сака.

Истражувањето на јавното мислење јасно покажа дека македонската публика сака да ги добива вестите и рекламите он деманд, поточно тогаш кога неа и одговара. Ако се земе предвид фактот дека пенетрацијата на интернетот во

Македонија е голема, тогаш медиумите мораат да ги адаптираат маркетинг - стратегиите на барањето на публиката. Во истражувањето на јавното мислење публиката јасно порача дека нејзиниот преферирани начин на консумирање на вести се веб - страниците на медиумите. Ако на тоа се додаде фактот дека младата генерација го преферира интернетот пред другите медиуми, уште еднаш се потврдува дека македонските медиуми мораат да ги следат светските трендови и барањата на публиката. Учесниците во истражувањето очекуваат медиумите да бидат мултимедијални и да бидат онлајн.

Треба да се истакне дека трудот содржи солидно обработени анализи на случаи од домашните и странските медиуми во кои во детали се покажуваат трендовите во медиумите и е обезбедена квалитетна компаративна анализа.

Исто така, преку интервјуираните претставници од медиумите успешно се доловува сликата за состојбата во македонските медиуми и како технологијата влијае на нивното работење.

Текстот на докторската дисертација е прецизен и јасен. Дисертацијата содржи квалитетно изработени графикони базирани на истражувањето на јавното мислење спроведено од авторката, како и бројни слики и други графикони. Прилозите обезбедуваат детален приказ на истражувањето на јавното мислење и ги содржат деталните интервјуа со претставниците од медиумите и претставниците на онлајн - огласувачките провајдери.

Имајќи го предвид горенведеното, Комисијата за оцена на докторската дисертација констатира дека дисертацијата успешно ги оставрува зацртаните цели и задачи и дека овој труд е многу квалитетен и содржи уникатни сознанија за релацијата на потрошувачите и на публиката базирани на истражувањето на јавното мислење, интервјуата и компаративната анализа.

## 3. ПРЕДЛОГ

Врз основа на нашата оцена за содржината и квалитетот на докторската дисертација, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација му

предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје:

- да донесе одлука со која ќе го прифати извештајот дека докторската дисертација на кандидатката **м-р Гордана Стојановска-Ицевска** на тема: **ВЛИЈАНИЕТО НА ИНТЕРНЕТОТ И НОВИТЕ ТЕХНОЛОГИИ ВРЗ МАРКЕТИНГ - СТРАТЕГИИТЕ НА МЕДИУМИТЕ** е успешно изработена;

- да одобри закажување на ден за јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, август, 2011

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА:

Проф. д-р Нада Секуловска, с.р.

Проф. д-р Снежана Ристевска Јовановска, с.р.

Проф. д-р Анита Циунова Шулевска, с.р.

Проф. д-р Татјана П. Мирчевска, с.р.

Проф. д-р Димитар Граматиков, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ „ИНВЕСТИЦИОНЕН МЕНАЏМЕНТ (ВТОРО ИЗДАНИЕ)" ОД ПРОФ. Д-Р МЕТОДИЈА НЕСТОРОВСКИ, ПРОФ. Д-Р САШО АРСОВ И АС. М-Р АЛЕКСАНДАР НАУМОСКИ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 29.4.2011 год. определен сум за рецензент на учебникот **„Инвестиционен менаџмент (второ издание)"** од проф. д-р Методија Несторовски, проф. д-р Сашо Арсов и ас. м-р Александар Наумоски. По читањето на трудот го поднесувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Ракописот под наслов „Инвестиционен менаџмент" претставува учебник напишан според програмата по истоимениот предмет на департманот менаџмент на Економскиот факултет во Скопје. Ракописот претставува интегрален учебник кој ја покрива целосно наставната програма, според концептот на студиите на департманот по менаџмент - подготовка, изработка на инвестициони студии, оценување на економската ефикасност и управувањето со инвестиционите проекти во деловниот свет.

Материјата е поделена во три дела и содржи вкупно десет глави. Деловите се одмерени во три рамномерни целини, но заедно формираат единствена целина за инвестициониот циклус. Првиот дел го обработува инвестициониот процес и подготовката на инвестиционите студии, вториот, инвестиционите критериуми и носењето на инвестиционата одлука и третиот, проектниот менаџмент, односно управувањето на проектот во фазата на имплементацијата. Трудот содржи 280 страници текст и 3 страници литература и е структуриран во десет глави логично подредени во една конзистентна целина.

Неговата глобална содржина е следна:

**Глава 1. Инвестиции и инвестиционен проект**

**Глава 2. Инвестиционен процес**

**Глава 3. Анализи на изводливоста на проектот**

**Глава 4. Економско-финансиска анализа на проектот**

**Глава 5. Инвестициони критериуми кои не се базираат врз концептот на временска вредност на парите**

**Глава 6. Инвестициони критериуми кои се базираат врз концептот на сегаш-на вреднсот на проектот**

**Глава 7.Чувствителноста на проектот на промени – анализа на ризикот**

**Глава 8. Концептот на проектен менаџмент, организација и проектен тим**

**Глава 9. Подготовка и планирање на реализацијата на проектот**

**Глава 10. Имплементација на проектот.**

На крајот на трудот, како прилог, е изнесен целосен пример за економско-финансиската анализа на проектот. Изнесен е и список на користена релевантна литература.

Во трудот, како поддршка на текстот, има голем број графикони, прегледи и табели.

## Кратка содржина на трудот

Во **првата глава** се расправа за инвестициите и проектот како базни категории врз кои се базира инвестиционата анализа и со современиот проектен пристап за управување со развојот на претпријатието. Тие се објаснети според најрелевантните стојалишта, со универзално прифатените гледишта во светот, онака како што ги прифаќа стручната јавност и практиката. Читателот веќе со оваа расправа добива јасна претстава што е предмет на елаборација во целиот труд.

Во **втората глава** се анализирани инвестициониот процес, фазите и активностите, и тоа од почетната идеја за инвестирање, с# до предавањето проектот во употреба. Се анализира прединвестиционата фаза, инвестиционата фаза и оперативната фаза на инвестициониот процес. Авторите изнесуваат современи приоди за инвестициониот процес во светот, но и свој концепт, според кој натаму се развива целата материја. Но, како што и самите автори истакнуваат, при градењето на концептот се имале предвид најпознатите пристапи во светот, особено оние што имаат практична примена.

**Третата глава** претставува факторска анализа на изводливоста на инвестициониот проект. Изнесени се методолошките приоди за анализа на релевантните фактори за изводливост на проектот: економско-финансиската способност на инвеститорот, истражувањето на пазарот, снабдувањето со материјални инпути, изборот на локацијата, изборот на технолошкиот процес и на опремата, утврдувањето на големината на капацитетот, човечките ресурси и еколошките аспекти за изводливост на проектот.

**Четвртата глава** се однесува на економско-финансиската анализа на проектот. Се работи за методолошки дел, кој е богато илустриран со прегледи за проекцијата на потребните инвестициони средства, за проекција на трошоците и на приходите, за проекција на билансите на состојба и на билансот на успехот, и најзначајно од с#, за проекција на готовинскиот тек за оцена на ликвидноста и готовинскиот тек за оцена на рентабилноста на проектот.

Во **петтата глава** расправата е почната за инвестиционите критериуми и со таа елаборација е отворен вториот дел на книгата. Елаборирани се, најнапред, класичните инвестициони критериуми кои не се базираат врз концептот на временска вредност на парите – методите за пресметка на периодот на враќање на инвестициите и просечната стапка на враќање, како универзални, практични критериуми за инвестиционо одлучување. Притоа, **авторите даваат** оцена за степенот на доверба што инвестициониот аналитичар може да ги има во овие класични критериуми.

Во **шестата глава** продолжува расправата за инвестиционите критериуми, но сега за групата на критериуми кои се базираат врз концептот на временската преференција на парите, или врз т.н. концепт на сегашна

вредност на проектот. Во тие рамки, изнесени се појдовните методолошки основи, економската суштина и методолошките приоди за пресметка на нето-сегашната вредност на проектот, интерната стапка на рентабилност и индексот на профитабилност, како универзални критериуми за инвестиционо одлучување. Авторите, за сите нив, ги анализираат предностите и слабостите.

**Седмата глава** е посветена на квантификација на ризикот во инвестиционата анализа. Изнесени се најпрактикуваните пристапи за инвестиона анализа на ризикот – првиот, методи за квантификација на ризикот преку приспособување на паричниот тек во кои спаѓаат сензитивната, сценарио-анализата и симулационата анализа; вториот, приспособување на дисконтната стапка на ризикот.

Трите последни глави, **осмата, деветтата и десеттата**, го формираат третиот дел од трудот, насловен како **"Проектен менаџмент"**. Всушност, логично, по донесената инвестициона одлука, проектот влегува во фаза на спроведување. Авторите, со елаборација, согласно со програмата, го разработуваат научнот концепт за проектен менаџмент.

Во **осмата глава** се изнесува концептот на проектната организација и начинот на формирањето на проектниот тим, со посебно нагласување на улогата на проектниот менаџер.

Во **деветтата глава** се елаборирани техниките на планирање на времето, трошоците и ресурсите. Изнесени се примери за практична анализа, за кои, покрај основите на методолошките пристапи, се презентирани основите на познатиот софтвер Microsoft Project, а потоа е илустриран и со практичен пример.

**Десеттата глава** ги обработува елементите од управувањето со инвестициониот процес кои се однесуваат на мониторингот и контролата, на проблемот на управување со ризикот во фазата на реализацијата на проектот, заклучувањето и за пост-оцената на проектот.

## Оцена на трудот

Трудот под наслов „Инвестиционен менаџмент (второ издание)" претставува успешно составена целина за процесот на подготовката, оценувањето и менаџментот на инвестициони проекти во деловниот свет. Со презентираната содржина и стил на презентирање на материјата тој во прв ред ги исполнува нормите за универзитетски учебник, но има и посебна вредност за практично користење при водењето на инвестиционите проекти и, според досегашното искуство од првото издание, по наше убедување, тој е добро прифатен во стручната јавност, особено во финансискиот сектор, од менаџерите и претприемачите во бизнис-секторот. Со второто иновирано и обогатено издание, убедени сме, уште повеќе, покрај својата примарна наставна функција, ќе биде добро прифатен во практиката.

Презентираниот учебник има богата методолошко-стручна содржина за подготовка на инвестиционите студии, за економско-финансиската анализа и за менаџментот на проектите. Оценуваме дека е изнесена квалитетна инвестициона анализа, базирана врз универзалните концепти во стручната и универзитетска литература во светот.

По внимателното прочитување на текстот согледавме и дека авторите имаат убав стил на претставување на материјата, успешно го водат читателот од една во друга глава, со логични преоди и поврзаност, давајќи вистинска

целина на проблемот на управувањето со инвестиционите проекти. Авторите пишуваат многу разбирливо, а анализите ги поткрепуваат со бројни примери и графички прикази, но со вообичаена општо прифатена терминологија за инвестициона анализа во стручната литература и практика. Со начинот на презентација учебникот може да се прими и како солиден методолошки водич за инвестициона подготовка на проектите, што особено е вредно во практиката на инвестирањето.

Користената литература е релевантна за обработената материја. Приложениот пример, пак, изработен со користење на современ софтвер за инвестициона анализа, особено го збогатува учебникот и упатува на практична употреба, што е јасно дефинирана цел на авторите, која сигурно ја исполниле.

## Заклучок и предлог

Ракописот доставен за рецензија под наслов „Инвестиционен менаџмент (второ издание)", од проф. д-р Методија Несторовски, проф. д-р Сашо Арсов и ас. м-р Александар Наумоски претставува успешно напишан труд за менаџментот на инвестиционите процеси. Тој има современ приод на обработка и презентација на материјата, јасен израз и солиден стил. Трудот е настанат по стекнатото големо педагошко и стручно искуство на авторите, пред сѐ, на проф. Несторовски, кој две децении го предава овој предмет на насоката менаџмент на Економскиот факултет, но и на поширокиот тим, поранешниот асистент на предметот, Арсов, а сегашен вонреден професор на предметот финансиски менаџмент и на актуелниот асистент на предметот инвестиционен менаџмент, Наумоски. Во трудот тимот покажува сувереното познавање на проблемите кои се третираат, а едновремено, со пристап со кој, инаку, сложената материја за инвестиционата анализа и за управувањето на инвестиционите проекти, ја прави лесно прифатлива за студентите и за други стручни читатели.

Од сето изнесено, ми претставува чест, и со целосна увереност, предлагам Наставно-научниот совет да го одобри користењето на трудот **„Инвестиционен менаџмент (второ издание)"** од **проф. д-р Методија Несторовски, проф. Сашо Арсов и ас. м-р Александар Наумоски** како **постојан учебник** по предметот инвестиционен менаџмент на департманот за менаџмент на Економскиот факултет во Скопје и да даде согласност за објавување.

Скопје, 21 август 2011 год. Рецензент

Проф. д-р Димитар Бојаџиоски с.р

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ „ИНВЕСТИЦИОНЕН МЕНАЏМЕНТ (ВТОРО ИЗДАНИЕ)" ОД ПРОФ. Д-Р МЕТОДИЈА НЕСТОРОВСКИ, ПРОФ. Д-Р САШО АРСОВ И АС. М-Р АЛЕКСАНДАР НАУМОСКИ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје на седницата одржана на 29.4. 2011 год. определен сум за рецензент на учебникот **„Инвестиционен менаџмент** (второ издание)" од проф. д-р Методија Несторовски, проф. д-р Сашо Арсов и ас. м-р Александар Наумоски. По читањето на трудот го поднесувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Книгата под наслов „Инвестиционен менаџмент (второ издание)" претставува учебник напишан според програмата по истоимениот предмет на департманот менаџмент на Економскиот факултет во Скопје. Трудот што сега авторот го презентира, претставува интегрален учебник кој ја покрива целосно наставната програма, според концепт кој е внимателно вграден според карактерот на студиите по менаџмент. Имено, станува збор за концепт на подготовка, оценување на економската ефикасност и управувањето со инвестиционите проекти во бизнис-секторот.

Материјата која е елаборирана е поделена во три дела и десет глави. Деловите се во целини од единствен концепт за инвестициониот процес. Првиот дел се однесува на инвестициониот процес и подготовката на инвестиционите студии, вториот, за инвестиционите критериуми и инвестиционата одлука, и третиот, за проектниот менаџмент, односно управувањето на проектите во фазата на нивната имплементација. Во книгата се проучуваат инвестиционите процеси во доменот на инвестициите во реални капитални фондови. Овој успешен концепт е реализиран преку следните меѓусебно поврзани глави:

Глава 1. Инвестиции и инвестиционен проект

Глава 2. Инвестиционен процес

Глава 3. Анализи на изводливоста на проектот

Глава 4. Економско-финансиска анализа на проектот

Глава 5. Инвестициони критериуми кои не се базираат врз концептот на временска вредност на парите

Глава 6. Инвестициони критериуми кои се базираат врз концептот на сегашна вредност на проектот

Глава 7. Чувствителноста на проектот на промени – анализа на ризикот

Глава 8. Концептот на проектен менаџмент, организација и проектен тим

Глава 9. Подготовка и планирање на реализацијата на проектот

Глава 10. Имплементација на проектот.

На крајот на книгата, во вид на прилог, е даден целосен пример за подготовка на економско-финансиска анализа на проект и список на непосредно користена литература.

Вкупниот обем на текстот е усогласен со правилата за оптовареност на студентите, соодветно на бројот на часовите настава, така што, заедно со прилозите, изнесува 280 страници. Текстот има многу графички прикази – графикони и табели што го прави особено привлечен како стил на презентација и лесно го задржува вниманието на читателот. По секоја глава се дадени прашања и задачи за проверка на совладаноста на материјата, а на крајот на книгата е даден целосен пример на економско-финансиска анализа на инвестиционен проект.

## Приказ на содржината на трудот

На почетокот авторите прават обраќање за студентите и читателот во кое се објаснува приодот на авторите, целите на книгата, начинот на пристапот на учење, како и укажувањата за користите за примената во практиката. Книгата е посветена, како што пишуваат авторите, на „Инвеститорите – подвижници на растот на економијата".

Во првата глава е отворена расправа за современиот проектен концепт за управување со развојот на претпријатието и за двете темелни категории на инвестициониот процес - инвестициите и инвестициониот проект. Објаснети се повеќе појавни видови на типови на инвестициони проекти во претпријатието.

Во втората глава е анализиран инвестициониот циклус, неговите фази и активности, од појавата на идејата за инвестирање до предавањето на капиталниот фонд во употреба. Покрај сопствените погледи, авторот изнел и повеќе алтернативни современи приоди за инвестициониот процес, а посебно се задржал на реномираниот концепт на УНИДО. Централната расправа во оваа глава се однесува за концептот, содржината и методолошкиот пристап за подготовката на инвестиционите студии.

Во третата глава е направена факторска анализа на изводливоста на инвестиционите проекти. Во неа се изнесени методолошките пристапи за анализа на вообичаените релевантни фактори, како што се: економско-финансиската способност на инвеститорот, пазарот и маркетингот, снабдувањето со суровини и други инпути, изборот на локацијата, изборот на технолошкиот процес, утврдување на капацитетот, еколошките аспекти на проектот и човечките ресурси.

Четвртата глава, како што кажува самиот наслов, претставува стандардизиран пристап за економско-финансиска анализа на проектите. Се работи за централната активност на инвестиционите советници во која се подготвува документационата база за оцена на ефикасност на проектот. Во овој методолошки дел се изнесени современите пристапи за утврдување на трошокот на капиталот, формирањето на „финансиската конструкција", проекцијата на потребните инвестиции, проекцијата на трошоците и на приходите, проекциите на билансите, проекцијата на готовинските текови за оцена на ликвидноста и рентабилноста.

Петтата глава се однесува на методолошките пристапи на инвестиционите критериуми кои не се базираат врз концептот на временска вредност на парите – методите за пресметка на периодот на поврат на

инвестициите и просечната стапка на принос. Изнесени се и ставови за границите за доверба на овие класични инвестициони критериуми.

Во шестата глава се изнесени инвестиционите критериуми кои се базираат врз концептот на сегашна вредност на проектот – нето-сегашна вредност на проектот, интерна стапка на рентабилност и индекс на профитабилност, кои авторите ги анализираат со многу презентации – графички и табеларни.

Седмата глава се однесува на приспособувањето на проектот на ризик. При тоа внимателно е составена материја за најпрактикувани пристапи во инвестиционата анализа. Најпрво се расправа за методи за квантификација на ризикот преку приспособување на паричниот тек (сензитивна, сценарио и симулациона анализа), а потоа за методата на приспособување на дисконтната стапка на ризикот.

Главите од третиот дел (осмата, деветтата и десеттата) се посветени на проектниот менаџмент. Овој дел претставува логично продолжување на извршената инвестициона анализа во претходните два дела. Всушност, по донесената инвестициона одлука, проектот влегува во фаза на имплементација - спроведување. За оваа фаза посебно се разви научнот концепт за проектен менаџмент. Во осмата глава се расправа за организацијата за реализација на проектот и составувањето на проектниот тим. Следната, деветтата глава, е посветена на техниките на планирање на времето, трошоците и ресурсите, при што е презентиран и изнесени се примери со користење на современиот софтвер Microsoft Project. Последната, десеттата глава, е посветена на мониторингот, контролата, управувањето со ризикот и, конечно, завршува расправата со последната активност во инвестициониот циклус – пост-проект оцената на проектот.

## Оцена на трудот

Презентираниот труд под наслов „Инвестиционен менаџмент (второ издание)" претставува солидно концепирана заокружена целина за планирање, подготовка, оценување и управување на инвестициони проекти во реалниот сектор. Со ваквата концепција, покрај карактерот на учебник, книгата добива оригинална вредност за практично користење во водењето на инвестиционите проекти. Всушност, констатираме дека оваа книга е прв труд во нашата домашна литература, со интегриран концепт на инвестиционен менаџмент – подготовка, оцена и управување на инвестиционите проекти.

Трудот се базира врз обемна, но внимателно избрана, релевантна литература, и врз концепти на слични пристапи на други универзитети во светот, концепти на најреномираните меѓународни институции, а пред с# врз концептот на УНИДО. Во учебникот е изнесен богат методолошки приод за подготовка на инвестиционите елаборати, финансиска анализа, за инвестиционо одлучување и управување со проектите. Всушност, се работи за универзални методолошки основи за анализа и одлучување.

Посебно е потребно да се одбележи стилот на презентацијата на материјата. Тој е многу разбирлив, со многу јасен, но прецизен јазичен израз, со користење на категории, термини од областа на инвестиционата анализа со кои комуницираат насекаде во светот инвестиционите аналитичари и проектните менаџери. Искажувањата се поткрепени со многубројни графички прикази. Приложениот целосен пример, пак, изработен со специјализираниот софтвер COMFAR III EXPERT е посебен придонес за

вршење практични инвестициони анализи и претставува еден вид прирачник за инвестициона анализа на проектите. Поради таквиот пристап, оваа книга, покрај големата вредност за богата настава, има особена вредност и за практиката.

Во обработката на материјата е користена релевантна литература, која е внимателно избрана и фактички користена во подготовката на книгата. Меѓу приложените наслови се наоѓаат и многу познати наслови од областа на инвестиционата анализа што е гаранција за квалитетниот приод за изготвувањето на овој учебник.

## Предлог

Книгата под наслов „Инвестиционен менаџмент(второ издание)", претставува интегрален труд за инвестиционите процеси во деловниот свет – го следи процесот од инвестиционата идеја, па с# до предавањето на инвестираните добра во употреба. Тој има современа концепција на обработка на материјата, убедлив израз, јасен јазичен израз и многу прифатлив стил, наменет во прв ред, како учебник за студентите, но и еден вид „прирачник" за анализа и управување на инвестиционите проекти. Затоа уверени сме дека и поширока стручна јавност, како и првото издание, со внимание ќе го прими и ова издание. Сосема е јасно дека целата расправа што се води во книгата произлегува од искусен тим, кој во својот пристап води особено грижа и за приспособување на материјата на карактерот на учебникот. Второто издание доаѓа доаѓа по седум години од појавата на првото издание, односно по седум одржани наставни циклуси на предметот инвестиционен менаџмент, по повеќе проверки како студентите го прифаќаат учебникот, што покажува на многу сериозниот пристап во изготвувањето на второво издание. Второво издание, во однос на првото, во кое автор беше само предметниот наставник, проф. Методија Несторовски, е збогатено со учеството, како автори, и на неговите најблиски соработници, кои дале видлив придонес во изготвувањето на второто издание. Поради изнесените квалитети на книгата, со задоволство и со полна убеденост предлагам Наставно-научниот совет да го одобри трудот **„Инвестиционен менаџмент** (второ издание)" од авторите проф. д-р Методија Несторовски, проф. д-р Сашо Арсов и ас. м-р Александар Наумовски како постојан учебник по истоимениот предмет на департманот за менаџмент и да даде согласност за објавување.

Скопје, 23.8. 2011 год.

Рецензент

Проф. д-р Благородна Тодосиоска с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ: **„ОСТАТОЦИ ОД АНТИМИКРОБНИ ВЕТЕРИНАРНИ ЛЕКОВИ ВО СИРОВОТО МЛЕКО ОД Р. МАКЕДОНИЈА АНАЛИЗИРАНИ СО ПРИМЕНА НА РАЗНИ СКРИНИНГ И КОНФИРМАЦИОНИ МЕТОДИ“** ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р ЕЛИЗАБЕТА ДИМИТРИЕСКА-СТОЈКОВИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр. 0201-2376 од 23.6.2011, Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (понатаму во текстот: ФВМС), избра Рецензентска комисија во состав:

1. д-р Зоран Здравковски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, претседател
2. д-р Ристо Проданов, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, член
3. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, член
4. д-р Павле Секуловски, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, член
5. д-р Ромел Велев, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, член,

со задача да изврши оцена на поднесениот ракопис на докторската дисертација ОСТАТОЦИ ОД АНТИМИКРОБНИ ВЕТЕРИНАРНИ ЛЕКОВИ ВО СИРОВОТО МЛЕКО ОД Р. МАКЕДОНИЈА АНАЛИЗИРАНИ СО ПРИМЕНА НА РАЗНИ СКРИНИНГ И КОНФИРМАЦИОНИ МЕТОДИ, изработена од кандидатката м-р Елизабета Димитриеска-Стојковиќ. По разгледувањето на доставениот материјал, Комисијата има чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Тезата ОСТАТОЦИ ОД АНТИМИКРОБНИ ВЕТЕРИНАРНИ ЛЕКОВИ ВО СИРОВОТО МЛЕКО ОД Р. МАКЕДОНИЈА АНАЛИЗИРАНИ СО ПРИМЕНА НА РАЗНИ СКРИНИНГ И КОНФИРМАЦИОНИ МЕТОДИ, поднесена од кандидатката м-р Елизабета Димитриеска-Стојковиќ, содржи 214 страници текст (А4 - формат). Интегрален дел на овој текст се 1 шема, 41 слика, 71 табела, список на употребуваната литература (217 библиографски единици). Таа содржи 9 поглавја (Вовед, Литературен преглед, Цели на истражувањето, Материјали и методи, Резултати, Дискусија, Заклучоци, Литература и Прилог).

При пријавувањето на тезата, кандидатката ги постави пред себе следниве цели и задачи:

1. оптимизација и валидација на соодветни скрининг и конфирмационен метод за анализа на окситетрациклин, тетрациклин, хлортетрациклин и доксициклин согласно барањата на Одлуката на ЕУ 2002/657/ЕС;
2. оптимизација и валидација на скрининг - метод за анализа на вкупни сулфонамиди, како и конфирмационен метод за анализа на сулфадиазин, сулфаметоксин, сулфадимидин и сулфисоксазол согласно со барањата на Одлуката на ЕУ 2002/657/ЕС;

3. анализа на примероците од кравјо, овчо и козјо млеко со HPLC/DAD скрининг -методот за анализа на остатоци од тетрациклини и со ELISA скрининг - методот за анализа на остатоци од вкупни сулфонамиди;
4. евалуација на добиените резултати за вкупната содржина на сулфонамиди и тетрациклини за одделните видови сурово млеко, во однос на параметрите на валидација;
5. примена на тестот за сигнификантност на добиените резултати за присуството на тетрациклини и сулфонамиди во анализираните примероци од млеко во однос на застапеноста помеѓу популациите со потекло од фарми и млекарници, како и помеѓу одделните видови на млеко;
6. анализа на добиените резултати од скрининг - анализите на остатоците од тетрациклини и сулфонамиди во однос на дефинираните статистички региони во Р. Македонија, како и спроведување на тестот на сигнификантност за регионите со порелевантни резултати;
7. потврда на присуството на тетрациклини и сулфонамиди и нивна квантификација кај примероци од млеко во кои нивото на концентрации е над утврдената CCβ вредност на скрининг - методот, со примена на критериумите на Одлуката на ЕУ 2002/657/ЕС;
8. предложени активности за минимизирање на ризикот од консумирање на небезбедно млеко во однос на присуство на антимикробни супстанции.

Една од задачите на Комисијата беше да утврди и колкав дел од зацртаното е реализиран при изработката на тезата. Накусо ќе се осврнеме на тезата, по оној редослед по којшто материјалот е изложен во неа.

***1. Вовед.*** Во овој дел се назначени главните принципи на мониторингот на остатоци од ветеринарни лекови во производи од животинско потекло согласно со европската легислатива. Како три главни документи кои се тесно поврзани со оваа проблематика спомeнати се Директивата на Советот на ЕУ 96/23/ЕС, Регулативата на ЕК 2010/37/ЕС за фармаколошки активни супстанции и нивна класификација во однос на соодветните MRL и Одлуката на ЕК 2002/657/ЕС. Според Директивата на ЕУ, антимикробните супстанции се класифицирани во групата Б1, односно т.н. супстанции со MRL (Maximum Residue Level). Третиот спомeнат документ од европската регулатива, кој е во тесна врска со спроведувањето на мониторингот во производите од животинско потекло, ги пропишува критериумите кои мора да ги исполнат аналитичките методи кои се користат за мониторирање на остатоците од антимикробните ветеринарни лекови во примероците од животинско потекло. При тоа кандидатката напоменува дека за спроведување на сеопфатен мониторинг на остатоци од одредени супстанции неопходна е примена на скрининг и конфирмативни методи. Проверката на перформансите на методите се изведува преку процедурите на валидација, одделно за скрининг и за конфирмативните методи, а определените параметри од валидацијата се клучни при носењето на одлуки кои резултати од скринингот треба да се потврдат со конфирмативни методи, и понатаму кои од потврдените резултати докажуваат дека анализираните примероци се несообразни во однос на спомeнатите регулативи.

***2. Литературен преглед.*** Во ова поглавје кандидатката м-р Елизабета Димитриеска-Стојковиќ се осврнува на претходните сознанија кои се однесуваат на фармакокинетиката на тетрациклините и сулфонамидите, која е клучна за разбирање на процесите на дистрибуција на применетите лекови низ животинскиот организам, особено кај животните кои се одгледуваат за производство на млеко. Овие сознанија се тесно поврзани со видот и количините на остатоците од лековите кои можат да се детектираат, односно дали во организмите на животните антимикробните ветеринарни лекови метаболираат, или, пак, остануваат во

неизменет облик и како такви се анализираат. Понатаму кандидатката ги презентира придобивките од користењето на антимикробните ветеринарни лекови во одгледувањето на животните, наспроти ризиците по здравјето на луѓето при консумирање на храна која содржи остатоци од тетрациклини и сулфонамиди. Во понатамошниот дел од литературниот преглед даден е осврт на домашната, европската и меѓународната легислатива, пошироко, во однос на воспоставените MRL - вредности за тетрациклини и сулфонамиди, како и публикувани истражувања од други автори поврзани со мониторинг на нивни остатоци. При истражувањето на литературата кандидатката не нашла релевантни публикувани истражувања од оваа проблематика на примероци на млеко од Република Македонија.

Значителен дел од литературниот преглед се методите за анализа на остатоци од тетрациклини и сулфонамиди во примероци од млеко. Посебно внимание кандидатката посветува на микробиолошките и имунолошките скрининг - методи, кои се најчесто употребувани и публикувани од страна на бројни автори. Од конфирмативните методи презентирани се литературните истражувања за методите со високоефикасна течна хроматографија за анализа на тетрациклини и сулфонамиди, во спрега со различни видови на детекциони системи: детектори со низа од диоди, флуоро-спектрометриски детектори и масено-спектрометриски методи. Освен техниките за определување на тетрациклини и сулфонамиди обработени се и литературните податоци поврзани со фазата на подготовка на примероците пред инструменталното определување. При тоа кандидатката многу детално се осврнува на податоците за перформансите кои ги поседуваат публикуваните методи.

***3. Материјали и методи.*** Во ова поглавје најпрвин е опишана применетата методологија за пресметување на оптималниот број примероци од млеко кои треба да се анализираат и даден е детален преглед на бројот на примероци класифицирани по вид на млеко (кравјо, овчо и козјо), место на земање на примероците (млекари или фарми) како и регионална распределба (по статистички региони) за земените примероци. Вкупниот број на анализирани примероци е 1233, од кои 915 се кравјо, 245 овчо и 83 козјо млеко. Бројот на примероците кандидатката го димензионирала согласно со статистички модели, во согласност со обемот на производство на одделните видови од млеко во Р. Македонија. Акцент е даден на тетрациклините и сулфонамидите кои се одобрени за употреба во Република Македонија: окситетрациклин, тетрациклин, хлортетрациклин, доксициклин, сулфадиазин, сулфадимиди, сулфисоксазол и сулфадиметоксин, согласно со Листата на одобрени фармаколошки активни супстанции во ветеринарните препарати (Сл. весник на РМ 133/2010). Во понатамошниот дел од поглавјето, кандидатката м-р Елизабета Димитриеска-Стојковиќ ги опишува методите кои ги применила за анализа на примероците од млеко: ELISA скрининг - методот за анализа на сулфонамиди според упатството на производителот со извесни модификации, оптимизираниот предложен метод за конфирмативна анализа на сулфонамиди, LC/ESI/MS методот за конфирмација на сулфонамидите, како и оптимизираните скрининг и конфирмативни методи за анализа на тетрациклини со примена на HPLC/DAD. Посебен акцент е даден на делот кој се однесува на извршените модификации на HPLC - методот за анализа на тетрациклини, со цел добивање на метод кој е максимално селективен и сензитивен во однос на анализираните супстанции во примероците од млеко. Конфирмативниот метод кој е применет за анализа на сулфонамидите е успешен обид за спојување на подготовка на примероците со цврсто-фазна екстракција со полимерни катјонско-изменувачки смоли и HPLC - анализа со флуоресцентна детекција. Пречистувањето на примероците со примена на полимерните катјонско изменувачки смоли главно се поврзува со LC/MS анализа на сулфонамидите. Кандидатката овој начин на

пречистување го оптимизирала за флуоресцентна детекција на сулфонамидите во примероци од млеко.

Посебно внимание е посветено на процедурите за валидација на оптимизираните методи за анализа на тетрациклини и сулфонамиди во млеко. Кандидатката детално ги опишува применетите постапки за валидација на одделните параметри, како и математичките и статистички алатки за нивно пресметување. При тоа, особено се водело сметка за исполнување на пропишаните барања во Одлуката на Советот на ЕУ 2002/657/ЕС во однос на критериумите кои треба да ги задоволат скрининг и конфирмативните методи.

***4. Резултати***. Ова поглавје е поделено на два главни дела: резултати од валидацијата на применетите скрининг и конфирмативни методи и резултати од анализата на примероците од млеко, најпрвин со примена на скрининг - методите, а потоа зависно од резултатите од скринингот, одделни примероци се анализирани со конфирмативните методи. Резултатите се презентирани во 53 табели и 36 слики. При валидацијата на модифицираниот и оптимизиран HPLC/DAD скрининг - метод за тетрациклини, кандидатката ги определила следниве параметри: линеарност на калибрационите прави за одделните аналити, лимитите на детекција и квантификација, прецизноста и можноста за детекција (CCβ). Процедурата за валидација на конфирмативниот HPLC/DAD метод ги опфаќа параметрите: лимит на одлучување (CCα), точноста (изразена преку аналитичкиот принос) и прецизноста на аналитичкиот метод. Во суштина, за скрининг и конфирмација применет е истиот оптимизиран метод, разликата е направена низ процедурата на валидација на параметрите. Кандидатката определила дека примероците од млеко во кои при скрининг - анализата би се утврдило присуство на окситетрациклин, тетрациклин, хлортетрациклин и доксициклин поголемо од 56,6 µg/kg, 53,8 µg/kg, 58,4 µg/kg и 53,9 µg/kg, соодветно, се сомнителни заради присуство на недозволени концентрации на тетрациклини и треба повторно да се анализираат со примена на конфирмациониот метод. При тоа, бројот на лажно негативни примероци кој би се детектирал со овој метод не треба да надминува 5 %. Со процедурата на валидација кандидатката утврдила дека применетиот скрининг - метод е соодветен за намената. Лимитите на детекција за окситетрациклин, тетрациклин, хлортетрациклин и доксициклин изнесуваат 9,0 µg/kg, 13,8 µg/kg, 16,7 µg/kg и 20,7 µg/kg. Лимитот на одлучување (CCα) на конфирмациониот HPLC/DAD метод овозможува детекција на примероци од млеко со недозволена количина на тетрациклини над 111,7 µg/kg, 112,9 µg/kg, 108,3 µg/kg и 111,7 µg/kg за окситетрациклин, тетрациклин, хлортетрациклин и доксициклин, соодветно, со најмногу 5 % лажно несообразни примероци. При тоа, прецизноста на методот (изразена со репродуктивноста како RSD), зависно од аналитот, се движи во опсегот од 7,13 до 12,44 % за ниво на концентрација од 100 µg/kg, додека точноста на методот (изразена преку аналитичкиот принос) се движи во опсегот 91,91 % - 101,26 %. Утврдените карактеристики на конфирмациониот метод ги задоволуваат барањата во Одлуката на ЕУ 657/2002, односно методите се соодветни за својата намена.

При валидација на ELISA скрининг - методот за анализа на сулфонамиди кандидатката ги валидирала следниве параметри: равенка на кривата на применетиот ELISA - тест и коефициент на корелација, $IC_{50}$ вредноста на тестот, лимитот на детекција, можноста за детекција (CCβ вредноста), прецизноста на екстракционата процедура (изразена преку повторливоста и репродуктивноста) и точноста (аналитичкиот принос). Низ процедурата на валидација, кандидатката утврдила дека примероците од млеко во кои би се утврдила количина на вкупни сулфонамиди над 54,8 µg/kg се сомнителни за недозволено присуство на сулфонамиди и неопходно е повторно да се анализираат со примена на конфирмациониот метод. Вака определената вредност за можноста за детекција

(CCβ) на ELISA скрининг -тестот овозможува детекција на најмногу 5 % лажно негативни примероци. За конфирмациона анализа на сомнителните примероци од скринингот, кандидатката м-р Елизабета Димитриеска-Стојковиќ разработила метод за анализа на сулфонамиди во примероци од млеко кој претставува спој на подготовка на примероците со цврсто-фазна екстракција со примена на катјонско-изменувачки полимерни смоли и определување со HPLC со флуоресцентна детекција, со претходна дериватизација на сулфонамидите со флуорескамин. Вака разработениот и оптимиран HPLC-FD метод се одликува со исклучителна сензитивност (LOD се движат во опсегот од 0,3 до 3,7 μg/kg) и селективност во однос на анализираните сулфонамиди. Прецизноста на методот, изразена преку репродуктивноста се движи во опсегот од 6,38 до 7,67 % (за 100 μg/kg), со вредности на аналитичкиот принос од 77,31 % до 79,23 %. Лимитите на одлучување за сулфадиазин, сулфаметоксазол, сулфадимидин и сулфисоксазол изнесуваат 108,2 μg/kg, 109,4 μg/kg, 107,3 μg/kg и 109,0 μg/kg, соодветно. Низ сите параметри на валидација потврдено е дека предложениот метод е соодветен за намената, односно ги задоволува критериумите на Одлуката на ЕУ 657/2002 за конфирмационен метод. Дополнително, заради обезбедување на структурни информации за конфирмираните аналити, применета е и LC/ESI/MS анализа за сулфонамидите кои се детектирани во концентрации поголеми од CCα вредноста. При тоа, освен јоните прекурсори 251 *m/z* за сулфадиазин, 279 *m/z* за сулфадимидин и 268 *m/z* за сулфисоксазол, за секој аналит се мониторирани уште по три транзиции кои се присутни во значителен соднос сигнал/шум и точни релативни содноси на застапеност со максимално отстапување од ±20 % (споредбено со стандардните раствори од сулфонамидите) на исто ретенционо време (±5 %).

Вака оптимизираните и валидирани методи, кои ги задоволуваат барањата на ЕУ - легислативите за детекција и конфирмација на тетрациклини и сулфонамиди, кандидатката ги применила на собраните примероци од млеко. Заради обезбедување на соодветна стабилност на анализираните параметри во примероците, кандидатката обезбедила соодветно ракување и чување на примероците до нивната анализа. Преку скрининг - анализата за присуство на тетрациклини во кравјо млеко, кандидатката утврдила дека 68,19 % од примероците содржат ниво на тетрациклини под LOD, 22,73 % помеѓу LOD и CCβ вредноста, а 7,0 % треба да се анализираат со конфирмативниот метод. Со конфирмација од вкупно 64 анализирани примероци, тетрациклините се потврдени кај 47 примероци, а од нив кај 5 примероци (0,41 %) определените концентрации ги надминуваат CCα вредностите и се сметаат за несообразни. При тоа биле запазени сите неопходни критериуми за конфирмација на тетрациклините во примероците од млеко. Кај овчото млеко, 8,44 % од анализираните примероци се сомнителни за присуство на тетрациклини во недозволени количини, додека кај козјото млеко само 1,20 %. Скринингот на вкупни сулфонамиди покажал дека 1,42 % кај кравјото, 0,42 % кај овчото и 1,20 % кај козјото млеко се сомнителни заради содржење на недозволени количини од анализираните компоненти. При конфирмација на 14 примероци од млеко присуството на сулфонамиди е потврдено во 12 примероци, од кои во 4 примероци над определените CCα вредности. Присуството на сулфонамидите е потврдено и со примена на LC/ESI/MS методот, а во сите примероци бил запазен критериумот релативните јонски интензитети да бидат во рамките на пропишаните лимити за толеранција, согласно со Одлуката на ЕУ 657/2002.

**5. *Дискусија*.** Во ова поглавје кандидатката детално ги дискутира сопствените резултати во однос на податоците од истражувањата на други автори во однос на параметрите од валидација на применетите физичко-хемиски и имуно-хемиски методи за скрининг и конфирмација на тетрациклините и сулфонамидите во примероците од млеко. Исто така, таа врши споредба и со објавените податоци за

присуство на тетрациклини и сулфонамиди како во истражувањата на одделни автори, така и со официјалните извештаи на Европската комисија за спроведување на мониторинг - плановите за анализа на остатоци од ветеринарни лекови во производи од животинско потекло, заедно со резултатите од извршените анализи за периодот од 2003 до 2009 година. М-р Елизабета Димитриеска-Стојковиќ се осврнува и на безбедносните ризици по здравјето на луѓето при континуирано консумирање на млеко кое содржи макар и дозволени концентрации од антимикробни ветеринарни лекови, како и предлози за интензивирање на одредени активности на институциите надлежни за спроведување на националниот мониторинг - план за анализа на остатоци од ветеринарни лекови. Таа ја истакнува потребата од дополнителни истражувања во делот на фармакокинетиката на антимикробните ветеринарни лекови кај животни одгледувани во локални услови во Р. Македонија, како и утврдување на евентуална контаминација на животната средина со антимикробни супстанции.

***6. Заклучоци***. Во ова поглавје кандидатката ги презентирала заклучоците од резултатите од спроведените истражувања, од кои може да се согледа дека таа во целост одговорила на поставените цели и задачи на докторската дисертација.

***7. Литература***. Цитирани се 217 библиографски единици, од кои најголем дел се оригинални научни трудови кои се тесно поврзани со проблематиката на докторската дисертација.

***8. Прилог***. Во прилогот се дадени 20 слики кои содржат графикони од скрининг -анализите за одделните тетрациклини и вкупни сулфонамиди за кравјо, овчо и козјо млеко, одделно за млекарници и фарми, а не се презентирани интегрално во поглавјето „Резултати".

По извршеното прегледување на текстот на работната верзија на докторската дисертација, Комисијата ги достави до кандидатката конкретните забелешки, кои се прифатени и внесени во конечната верзија на докторската дисертација.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во предложената докторска дисертација, кандидатката м-р Елизабета Димитриеска Стојковиќ детално ја има проучено проблематиката на присуство на остатоци од тетрациклини и сулфонамиди во примероци од сурово млеко со потекло од Р. Македонија, при што се применети оптимизирани и валидирани имуно-хемиски и физичко-хемиски методи за скрининг и конфирмациони анализи. Комисијата смета дека предложената докторска дисертација дава значаен придонес во примената на современи аналитички методи за определување на остатоци од ветеринарни лекови во храната од анимално потекло, воопшто, и претставува прво поопсежно истражување за согледување на застапеноста на остатоци од тетрациклини и сулфонамиди во суровото млеко во Р. Македонија. Покрај научниот придонес, оваа дисертација има и огромно апликативно значење во насока на засилена контрола и превенција на несоодветната употреба на антимикробните супстанции во ветеринарната медицина.

Имајќи го предвид сето она што е кажано погоре, може да се констатира дека кандидатката ги исполнила сите законски услови за пријавување и одбрана на докторска теза. Поради тоа, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на ФВМС да ја прифати предложената тема под наслов ОСТАТОЦИ ОД АНТИМИКРОБНИ ВЕТЕРИНАРНИ ЛЕКОВИ ВО СИРОВОТО МЛЕКО ОД Р.

МАКЕДОНИЈА АНАЛИЗИРАНИ СО ПРИМЕНА НА РАЗНИ СКРИНИНГ И КОНФИРМАЦИОНИ МЕТОДИ како докторска дисертација на м-р Елизабета Димитриеска-Стојковиќ и на кандидатката да ѝ овозможи нејзина јавна одбрана.

КОМИСИЈА

1. Д-р Зоран Здравковски, редовен професор на ПМФ, Скопје с.р.
2. Д-р Ристо Проданов, редовен професор на ФВМС, Скопје с.р.
3. Д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу, вонреден професор на ФВМС, Скопје с.р.
4. Д-р Павле Секуловски, вонреден профор на ФВМС, Скопје с.р.
5. Д-р Ромел Велев, вонреден професор на ФВМС, Скопје с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА „ДЕФИНИРАЊЕТО НА СТРУКТУРАТА И ВЛИЈАНИЕТО НА АНТРОПОМЕТРИСКИТЕ, БАЗИЧНИТЕ МОТОРНИ КОГНИТИВНИТЕ И КОНАТИВНИТЕ ДИМЕНЗИИ ВРЗ СПЕЦИФИЧНИТЕ МОТОРНИ СПОСОБНОСТИ КАЈ БОКСЕРИТЕ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р РУЖДИЈА КАЛАЧ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА - СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура во Скопје, на 127. седница одржана на 24.08.2011 година, со Одлука бр. 0201-626/12, формира Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на тема: Дефинирањето на структурата и влијанието на антропометриските, базичните моторни когнитивните и конативните димензии врз специфичните моторни способности кај боксерите" на кандидатот м-р Руждија Калач

**Комисија:**

1. ред. проф. д-р Војо Настевски, Факултет за физичка за култура во Скопје, ментор,
2. ред. проф. д-р Александар Наумовски, Факултет за физичка култура во Скопје, Председател,
3. ред. проф. д-р Ленче А.Величковска,Факултет за физичка култура во Скопје, член
4. ред. проф . д-р Гино Стрезовски, Факултет за физичка култура во Скопје
5. ред. проф .д-р Зоран Радиќ, Факултет за физичка култура во Скопје член.

За оцена и одбрана на докторската дисертација на наведената тема, Комисијата го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација под наслов „Дефинирањето на структурата и влијанието на антропометриските, базичните моторни, когнитивните и конативните димензии врз специфичните моторни способности кај боксерите" е напишана на 215 страници и содржи **девет** глави, кои структурално се конципирани според основните методолошки барања за изработка на докторска дисертација.

Во ***првата*** глава **Вовед**, наведена е потребата за поегзактно утврдување на димензиите кои го дефинираат боксерскиот психосоматски статус, како и релациите (влијанието) меѓу психосоматските димензии кој станува проблем од витално значење, што ќе овозможи формирање на рационални процедури за оптимална ориентација, селекција, планирање и програмирање на тренажниот процес и ефикасно следење на спортската форма. Покрај тоа, наведена е и потребата за имплементација на таквите резултати за унапредување на научната работа во кинезиолошките активности, а особено во областа на спортот, бокс и физичкото образование.

Во *првата,* подглава авторот ги дефинира елементите во боксерската техника, при што наведува дека боксот како спорт има комплексна структура и генерално елементите во боксот можат да се поделат во следните групи на техники: основен борбен став (гард), ставови во боксот, движења во боксот, удари и одбрани во боксот.

Во *втората* подглава, авторот ја дефинира структурата на боксерската активност укажувајќи дека боксот претставува на ацикличен тип на спорт и движењата кои се изведуваат и усовршуваат се со променлив интензитет и во себе го носат брзинско - силовитиот карактер, односно спаѓа во група на постојаните-нестандардните движења кои се врзани со непосредните реакции на променливите надворешни услови.

Карактеристика им е да се изведуваат во директен однос со противникот. На рингот, боксерот наидува на отпорот на противникот кого треба да го совлада, да се предвидат неговите намери - кои треба да се предосетат и да се постигне саканата цел која е најчесто фактичка деструкција на противникот.

Во ***втората*** глава (**Досегашни истражувања**), наведени се повеќе истражувања кои посредно или непосредно се поврзани со предметот на истражувањето на докторската дисертација. Притоа, прикажани се оние досегашни истражувања кои се однесуваат на проучување на факторската структура на базичните моторни способности, факторската структура на антропометриските карактеристики, факторската структура на когнитивните способности и конативните особини, како и нивните меѓусебни релации во боксот и останатите спортови. Прикажани се помал број на истражувања во кои се проучувани специфичните моторни способности кај боксерите и релацијата меѓу поодделни сегменти на психосоматскиот статус и специфичните моторни способности. Овие истражувања се основа за остварување на целите на истражувањето, а воедно го зголемуваат степенот на научната и апликативната вредност на докторската дисертација.

Во ***третата*** глава (**Предмет, цел и задачи на истражувањето**), презентирани се целите и задачите на истражувањето кои се во согласност со научните потреби. Тие исто така, се засновуваат и произлегуваат од резултатите на досегашните истражувања и насоките за решавање на основниот проблем во дисертацијата.

Целите се претставени во десет точки кои доволно и коректно го исцрпуваат предметот на истражувањето. Тие се реално и објективно дефинирани, овозможавајќи нивна успешна и оптимална реализација. Одговорите на целите на истражувањето се остварливи поради тоа што предвидените методи за обработка на податоците се избрани според барањето на нивната основна содржина. Тоа е посебно значајно, бидејќи се дадени одговори на основната цел на истражувањето која се состои во дефинирање на структурата на антропометриските, базичните моторни, когнитивните и конативните димензии, како и влијанието на овие димензии врз специфичните моторни способност кај боксерите.

**Хипотезите на истражувањето** (***четврта** глава*) се надоврзуваат на целите на истражувањето. Дефинирани се исто така во десет точки. Позначајни се оние хипотези кои се однесуваат на утврдената статистички значајна поврзаност меѓу применетиот предикторски систем и критериумскиот систем на латентни варијабли (фактори). Овие хипотези се одликуваат со забележителна оригиналност, затоа што во досегашните истражувања не се доволно проверувани слични хипотези. Всушност досега, во научните расправи не се доволно проверени единствените мислења за дефинирањето на предметот на мерењето, специфичната манифестна форма и содржината на специфичните тестови.

Во ***петата*** глава - **Методи на истражувањето,** поцелосно се прикажани подглавите кои се однесуваат на примерокот на испитаниците, примерокот на

варијаблите, како и планот и програмата на мерењето и примената на методите за обработка на податоците.

Истражувањето е реализирано на селективен примерок од 102 испитаника од машки пол, боксери на возраст од 18 до 33 години. Популацијата од која е извлечен примерокот е дефинирана како популација на активни спортисти - боксери, од сите категории, клинички здрави, без телесни недостатоци и аберативни манифестации во моторниот простор. Основен критериум по кои се избрани испитаниците е активно да се занимаваат со бокс најмалку една година, да се вклучени во системот на натпреварите и да имаат минимум 3 тренинзи во неделата. Начинот на изборот и видот на примерокот ги задоволуваат методолошките барања за коректно реализирање на целите на истражувањето.

Посебно внимание привлекува *подглавата* со наслов: **Примерок на варијабли,** во која се наведува дека е применет системот на варијабли кои се поделени во четири групи, и тоа: варијабли за процена на морфолошките карактеристики, варијабли за процена на базичните моторни способности, варијабли за процена на психолошките (когнитивни способности, конативните особини и мотивационите диспозиции) димензии и варијабли за проценување на специфичните моторни способности. Изборот на сите варијабли (тестови и мерки) е извршен според потребата за утврдувања на задоволителен степен на нивн ите мерни карактеристики. Во таа насока, пред, се е водена сметка предвидените тестови и мерки да имаат задоволителна валидност и релијабилност.

Во натамошниот дел на дисертацијата јасно се опишани организационите услови на мерењето. Во подглавата 5.4. **"Методи за обработка на податоците"**, авторот наведува кои статистички методи се применети за реализирање на целите и проверување на хипотезите од истражувањето и наведува дека се применети основните дескриптивни статистички параметри, а тестирањето на нормалноста на дистрибуцијата е реализирано со Колмогоров - Смирновата постапка. Латентната структура на антропометриските, базичните и специфичните моторни тестови и когнитивните и конативните варијабли е утврдена со компонентна и факторска анализа. Влијанието на антропометриските, базичните моторни, когнитивните и конативните димензии врз специфичните моторни способности е утврдена со регресивна анализа во манифестниот, комбинираниот и латентниот простор. Покрај регресивната анализа, применета е и канонична корелациона анализа меѓу системот предикторски и критериумски варијабли. Повеќето од статистичките методи кои се применети во истражувањето се мултиваријантни параметриски методи кои даваат поголема тежина на истражувањето.

Во ***шестата*** глава со наслов: **Резултати и дискусија**, извршена е анализа и интерпретација на добиените податоци од применетите статистички процедури во докторската дисертација.

Во *подглавата 6.1.* **(Основни статистички параметри и нормалност на дистрибуцијата на резултатите)**, покрај другото, со примената на методата на Колмогоров и Смирнов, е утврдено дека резултатите на повеќето варијабли не отстапуваат од нормалната распределба, односно статистички значајно на ниво од 1%, се поклопуваат со теоретската крива на таа распределба. Отстапување од нормалната дистрибуција е утврдено кај моторниот тест MSTBKR и кај специфичните моторни тестови SSPLDD, SSPZDK, SSPLDA и SOLDDK на ниво .01, додека психолошките варијабли F+ и F отстапуваат од нормалната дистрибуција на ниво .05.. Со тоа во истражувањето се задоволени потребните методолошки и статистички критериуми за примена на другите предвидени статистички процедури во ова истражување.

Во *подглавата 6.2.* (**Факторска структура на антропометриските мерки**), проценувајќи ја структурата на антропометиските карактеристики со примена на предвидените антропометиски мерки, во најголем дел се добиени стабилни и високи проекции на изолираните два фактора, односно добиен е дводимензионален морфолошки модел кој често се добива кај селекциониран примерок како што се спортисти. Првата латентна димензија добиена од применетите антропометриски мерки е дефинирана како димензионалност на скелетот и волуминозност, а втората како поткожно масно ткиво.

Во *подглавата 6.3.* (**Факторска структура на моторните тестови**), проценувајќи ја структурата на моторните способности со примена на предвидените базични моторни тестови, во најголем дел се добиени стабилни и високи сатурации на изолираните шест базични моторни фактори, кои според феноменолошкиот приод, хипотетски се идентификувани како фактор на експлозивна силина, координација, прецизност на пласирање, силина, рамнотежа и флексибилност.

Во *подглавата 6.4.* (**Факторска структура на психолошките варијабли**), проценувајќи ја структурата на когнитивните способности, конативните особини и мотивационите диспозиции со примена на психолошките варијабли, добиени се четири латентни димензии кои се интерпретирани како општа и специфична интелектуална способност, емоционално однесување, екстраверзија – интроверзија, мотив на спортски постигнувања.

Во *подглавата 6.5.* (**Факторска валидност и релијабилност на специфично моторните тестови**), добиените податоци укажуваат дека кај повеќето применети тестови релијабилноста е задоволителна, а на ова упатуваат високите коефициенти (над .95) на долната граница на релијабилноста (SB1) кај поголем број тестови. Во латентниот простор на специфично моторни тестови изолирани се две латентни димензии дефинирани како: подвижност на кранијално каудалниот дел на телото и брзинско-силова издржливост на горните екстремитети.

**Регресивната анализа кај спортистите-боксери** е претставена во *подглавите 6.6., 6.7. и 6.8.* Во нејзиниот дел 6.6. (**Регресивна анализа во манифестен простор**) е утврдено дека системот предикторски антропометриски и психолошки варијабли статистички значајно не влијае на мултиваријантно ниво врз критериумската варијабла прескокнување на јаже "скип" 10 сек. Системот на моторни тестови во манифестниот простор статистички значајно влијае врз успешното изведување на критериумската варијабла.

Системот предикторски антропометриски и психолошки варијабли статистички значајно не влијае на мултиваријатно ниво врз критериумската варијабла 100 директни удари во вреќа.

Системот од антропометриски и моторни варијабли статистички значајно влијае врз успешното изведување на критериумската варијабла брзина на изведување 100 комбинирани удари во вреќа. Додека, системот на психолошки варијабли статистички не влијае врз критериумската варијабла (SB100K).

Системот предикторски антропометриски и моторни варијабли статистички значајно не влијае на мултиваријатно ниво врз критериумската варијабла суножни поскоци 10 секунди и изведување л-д директ, додека системот на психолошки варијабли статистички значајно влијае врз критериумската варијабла (SSPLDD).

Системот предикторски антропометриски, и психолошки варијабли статистички значајно не влијае на мултиваријатно ниво врз критериумската варијабла суножни поскоци 10 секунди и изведување л-д кроше. Системот од општи моторни тестови статистички значајно влијае врз критериумската варијабла.

Целокупниот систем на антропометриски мерки, моторни тестови и психолошки варијабли статистички значајно не влијае врз критериумската варијабла суножни поскоци 10 секунди и изведување л-д аперкат.

Системот предикторски антропометриски и психолошки варијабли статистички значајно не влијае на мултиваријатно ниво врз критериумската варијабла одбрана со отклон од л-д директ и пласирање на шест контра удари на „рацете на тренерот". Системот предикторски антропометриски, моторни и психолошки варијабли статистички значајно влијае на мултиваријатно ниво врз критериумската варијабла серија од 100 комбинирани удари на „рацете на тренерот".

Во *подглавата 6.7.* **(Регресивна анализа во комбинираниот простор)** е утврдено дека системот на манифестни антропометриски и моторни варијабли применет во ова истражување статистички значајно влијае на првата латентна димензија добиена од ситуационо-моторните тестови, додека ситемот од психолошки варијабли на мултиваријатно ниво не е статистички значајно поврзан со критериумот. Системот од манифестни антропометрски и психолошки варијабли статистички значајно не влијае на мултиваријатно ниво врз втората латентна димензија добиена со факторизација на ситуационо моторните тестови. Системот моторни тестови, има статистички значајно влијание врз критериумската варијабла.

Во *подглавата 6.8.* **(Регресивна анализа во латентниот простор)** е утврдено дека системот на антропометриски и моторни латентни димензии статистички значајно влијае на мултиваријатно ниво врз првата латентна димензија добиена со факторизација на ситуационо - моторните тестови. Предикторскиот систем на антропометриски латентни димензии статистички значајно не влијае на мултиваријантно ниво врз втората латентна димензија добиена со факторизација на ситуационо моторните тестови. Системот на моторните и психолошки димензии статистички значајно влијае врз втората латентна димензија добиена од факторизација на специфично моторните тестови.

*Подглавата 6.9.* **(Канонички релации меѓу антропометриските мерки и специфичните моторни тестови)**, *подглавата 6.10.* **(Канонички релации меѓу моторните тестови и специфичните моторни тестови)** и *подглавата* 6.11. **(Канонички релации меѓу психолошките варијабли и специфичните моторни тестови)**, ги потврдуваат резултатите добиени од регресивните анализи, во манифестниот, комбинираниот и латентниот простор.

Од тие согледувања произлегува и вредноста на ***седмата*** глава, со наслов: **(Теоретско и практичното значење на истражувањето)**. Во неа се изнесени можностите за примена на резултатите од истражувањето во практиката и теоријата во областа на боречкиот спорт-бокс и физичкото образование, како и за концепирањето на натамошни научно истражувачки проекти.

Притоа, добиените сознанија можат да најдат примена во контролата и дозирањето на тренингот, во утврдувањето на нормативи за развојниот степен на третираните базични и специфичните моторни способности, во селектирањето на боксерите, како и пошироко во сегментот на развојот на теоријата и практиката во натамошните развојни планови и програми на боречкиот спорт-бокс и физичкото образование.

Во ***осмата*** глава **(Заклучоци)**, систематски и концизно се извлечени, формулирани и презентирани најважните заклучоци, кои се однесуваат на сите поставени цели на истражувањето. Тие даваат одговори на поставените научни хипотези во докторската дисертација. Заклучоците се логички, синтетезирани, интерпретабилни и очекувани, така што ги задоволуваат научните, методолошките и концепциски потреби на истражувањето. Тие, исто, така можат да послужат како

основа за генерализација на добиените резултати и за конципирање нови слични истражувања. Со тоа, докторската дисертација у кажува на фактот дека може да се дефинира како придонес за утврдување на предиктивната вредност на некои антропометриски мерки базични моторни тестови, психолошки варијабли анализирани со различни методолошко-статистички постапки врз успехот на ситуационите моторни тестови кај спортистите боксери.

Последната ***деветта*** глава (**Литература**) ги задоволува основните логички и методолошки принципи за изборот на објавените научни и стручни трудови кои се во непосредна врска со предметот и целите на истражувањето. Наведени се сите трудови кои се цитирани во проектот за дисертација, односно во главата „Досегашни истражувања". Од структурата на библиографските единици може да се согледа нивната методолошки оправдана искористеност за реализацијата на темата на дисертацијата. Од методолошко-технички аспект, библиографијата е адекватно презентирана.

*

* *

Врз основа на изнесеното, може да се констатира дека докторската дисертација претставува самостоен научен придонес во развојот на кинезиолошките истражувања. Исто така, се забележува дека кандидатот ги имал потребните методолошки сознанија за успешна и самостојна реализација на дисертацијата.

Според тоа, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација, му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура, да го прифати извештајот за оцена на докторската дисертација на тема: „Дефинирањето на структурата и влијанието на антропометриските, базичните моторни, когнитивните и конативните димензии врз специфичните моторни способности кај боксерите", и му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура, кандидатот м-р Руждија Калач јавно да ја брани.

**Рецензентска комисија**

1. Ред. проф. д-р Воjо Настевски - ментор с.р.
2. Ред. проф. д-р Александар Наумовски - претседател с.р.
3. Ред. проф. д-р Ленче А. Величковска - член с.р.
4. Ред. проф. д-р Гино Стрезовски –член с.р.
5. Ред. проф . д-р Зоран Радиќ - член с.р.

# РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕТО АСИСТЕНТ
ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЗООХИГИЕНА
НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во состав на УКИМ во Скопје, на XXX седница одржана на 23.6.2011 година, донесе одлука бр. 02-1338/3 за формирање Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Методија Трајчев,
2. проф. д-р Цане Пејковски и
3. проф. д-р Сретен Андонов.

Комисијата доби задача да ја прегледа и оцени поднесената пријава со документацијата на кандидатите пријавени на конкурсот за избор на соработник во звањето асистент во научната областа **зоохигиена** на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, објавен во весникот „Нова Македонија“ на 14.6.2011 година и во весникот „Факти“ на 16.6.2011 година.

На конкурсот се пријави кандидатот Димитар Наков, магистер на земјоделски науки, помлад асистент на ФЗНХ. Врз основа на поднесената документација и увидот, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје да му го достави следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## I. Биографски податоци

Кандидатот Димитар Наков е роден на 17.4.1977 година во Штип, каде што завршил основно и средно образование - гимназија. Во учебната 1995/1996 година се запишал на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломирал на 1.6.2001 година со среден успех 8,66, при што се здобил со звањето доктор по ветеринарна медицина.

По дипломирањето на ФВМ, во периодот од јуни 2001 до октомври 2002 година, кандидатот работел како доктор по ветеринарна медицина во Ветеринарната станица во Штип, а од февруари 2004 година до изборот во звањето помлад асистент на ФЗНХ работел во свињарската фарма "Мак-месо", с. Таринци, Штип. По вработувањето на ФЗНХ, во учебната 2007/08 се запишал на постдипломски студии на групата зоохигиена, при што сите испити, согласно со програмата, ги положил со среден успех 9,71. Кандидатот Димитар Наков на 18.4.2011 година успешно го одбранил магистерскиот труд под наслов „Анализа на ризик-факторите за појава на клинички мастит кај млечни крави во Република Македонија“, со што се стекнал со правото да биде промовиран во звањето магистер на земјоделски науки, од областа зоохигиена.

## II. Наставно-образовна дејност

Во периодот февруари 2005 - јули 2006 година бил ангажиран како демонстратор на Катедрата за радиобиологија, Оддел за говедарство при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. По изборот во звањето помлад асистент и вработувањето на ФЗНХ, одржува практична настава по предметите: **зоохигиена и здравствена заштита на домашните животни,** на студиската програма анимална биотехнологија, по предметите **здравствена заштита во сточарското производство и елиминирање и рециклирање на отпадоци од земјоделството,** на студиската програма еко-земјоделство, како и по предметот **хигиена на прехранбени производи,** на студиската програма преработка на земјоделски производи. Практичната настава ја одржува редовно и квалитетно во Лабораторијата за здравје и благосостојба на животните, но и непосредно, во фармите за одгледување и држење разни видови домашни животни, кланици, како и погони за преработка на месо и млеко. Освен тоа, активно учествува во оспособувањето на студентите самостојно да ги изработуваат и презентираат семинарските работи.

## III. Научна и стручна активност

Во периодот од реизборот во звањето помлад асистент до одбраната на магистерскиот труд, кандидатот Димитар Наков учествувал во подготовка на повеќе предлог - научни и апликативни проекти, аплицирани до Министерството за образование и наука и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и во реализацијата на тековни проекти.

Освен тоа, кандидатот Димитар Наков учествувал и во подготвувањето на неколку национални документи и правилници од областа на сточарството за МЗШВ.

Како резултат на неговата научна и стручна активност, во периодот од изборот во звањето помлад асистент до денес, кандидатот Димитар Наков има вкупно објавено 13 научни и стручни труда, од кои 8 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 981 од 1.3.2010 година, при реизборот во соработничкото звање помлад асистент, и тоа:

9. Трајчев, М., Петровска, М., **Наков, Д.** 2009. Влијание на различните третмани на папилите по молзење врз појавата на нарушена секреција на млечната жлезда кај молзни крави. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, вол. 54, Скопје, стр. 141-158.

10. Трајчев, М., **Наков, Д.** 2010. Дистрибуција на нарушена секреција и на супклиничкиот маститис помеѓу четвртинките на млечната жлезда кај молзни крави. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, вол. 55, Скопје, стр. 129-138.

11. Трајчев, М., Петровска, М., **Наков, Д.**, Јанкоска, Г. 2010. Терапија на супклиничкиот маститис кај молзни крави. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, вол. 55, Скопје, стр. 117-128.

12. Трајчев, М., Петровска, М., **Наков, Д.** 2010. Познавања на воспаленијата на млечната жлезда кај молзните крави како прилог кон HACCP и GMP. Physioacta, вол. 4, бр. 1, стр. 123-141.

13. **Наков, Д.** 2011. Анализа на ризик-факторите за појава на клинички мастит кај млечни крави во Република Македонија. Магистерски труд, Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје.

Кандидатот Димитар Наков е коавтор на три учебници за средно насочено образование, земјоделско-ветеринарна струка, за профилот ветеринарен техничар, и тоа:

1. Трајчев, М., **Наков, Д.** 2011. „Зоохигиена со дезинфекција, дезинсекција и дератизација", учебник за II година земјоделско-ветеринарна струка, профил: ветеринарен техничар. Министерство за образование и наука на Република Македонија.

2. Трајчев, М., **Наков, Д.** 2011. „Микробиологија со заразни болести", учебник за II година земјоделско-ветеринарна струка, профил: ветеринарен техничар. Министерство за образование и наука на Република Македонија.

3. Трајчев, М., **Наков, Д.** 2011. „Микробиологија со заразни болести", учебник за III година земјоделско-ветеринарна струка, профил: ветеринарен техничар. Министерство за образование и наука на Република Македонија.

Од извештајот за активностите на кандидатот Димитар Наков, магистер на земјоделски науки, во периодот по реизборот во звањето помлад асистент на Факултетот до одбраната на магистерскиот труд, се гледа негово активно учество во реализацијата на тековни проекти, како и учество во подготовка на апликации за проекти до МОН и МЗШВ. Во наставно-образовната дејност, кандидатот Димитар Наков изведува практична настава на предметни програми на додипломските студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во лабораторија и во непосредното сточарско производство. Кандидатот со студентите има непосреден и педагошки однос. Врз основа на сето изнесено можеме да го донесеме следниов

# ЗАКЛУЧОК СО ПРЕДЛОГ

Кандидатот Димитар Наков, магистер на земјоделски науки, помлад асистент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, целосно ги исполнува условите од конкурсот, согласно со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за избор во соработничко звање - асистент. Врз основа на тоа, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, кандидатот м-р. Димитар Наков да биде избран во соработничко звање - **асистент во научната област зоохигиена**.

Рецензентска комисија

1. Д-р Методија Трајчев с.р.,
2. Д-р Цане Пејковски с.р.,
3. Д-р Сретен Анонов с.р.

**ПРЕГЛЕД**
**на прифатени магистерски програми/наслови на теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за музичка уметност во Скопје**

| *Кандидат* | *Магистерска програма/Наслов на тема за изработка на магистерски труд* | *Комисија* |
|---|---|---|
| Невен Силјановски | J.Brahms:<br>- "Feldeinsamkeit", op.86, no.2,<br>- "Vier ernste Gesange", op.121,<br>- "Standchen", op.106, no.1,<br>J.Pucini: "Tosca"<br>(улога на Скарпија). | Доц.м-р С. Петровска-Галиќ<br>Проф.м-р Б. Јакимовска<br>Проф.м-р М. Наумовска |
| Суеља Брути | - J.S.Bach – Partita, solo a-moll,<br>- J.Raic – Sonata,<br>- V.Tairi – 3 piesi (solo),<br>- P.Taffanel – Andante pastoral e rzzeto,<br>- K.G.E.Bach – concert d-moll. | Проф.м-р С.Темков<br>Проф.м-р Г.Јосифова - Неделковска<br>Проф.м-р В.Ристов |
| Емилија Маринова | - К.М.Вебер – Соната оп.39 бр.2,<br>- Ф.Пуланк – "Les Soirees de Narelles"<br>- Л.В.Бетовен – Концерт за пијано и оркестар бр.3, оп.37, c-moll. | Проф.м-р С.Слејанска<br>Проф. Ј. Каровски<br>Вонр.проф.м-р З.Пехчевски |
| Нада Талевска | - L.Rossi – arie der Fiordiligi – "IL PALAZZO INCANTATO",<br>- M.Cesti – Recitativ und arie der Silandra – "IL CASTI AMORI D'ORONTEA",<br>- A.Scarlatti – arie des Ismael aus dem Oratorium – "IL SEDECIA, RE DI GERUSALEMME",<br>- C.W.Gluck – arie der Larissa aus der Oper – "IL TRIONFO DI CLELIA",<br>- N.Piccini – arie der Erixene aus "ALESSANDRO NELLE INDIE"<br>- G.Verdi – "Rigoletto" (улога на Gilda) | Доц.м-р С.Петровска-Галиќ<br>Проф.м-р Б.Јакимовска<br>Проф.м-р М.Наумовска |

| | | |
|---|---|---|
| Иле Колев | C.M.Weber: Grand Duo Concertant<br>J.Brahms: Sonata No.1<br>C.Debussy: Premiere Rhapsodie<br>I Stravinsky: Three Pieces<br>W.Lutoslawski: Dance Prelude | Проф.м-р Стојан Димов<br>Проф.м-р Гордана Јосифова-Неделковска<br>Вонр.проф.м-р Страшо Темков |
| Фатбард Гаши | К.М.Вебер: Концерт во Ес-дур<br>Ф.Пуланк: Соната<br>К.М.Вебер: Варијации оп.33<br>J.Mouquet: Solo de Concours<br>Ph.Gaubert: Phantasie | Проф.м-р Стојан Димов<br>Проф.м-р Гордана Јосифова-Неделковска<br>Вонр.проф.м-р Страшо Темков |
| Беким Халаќи | C.M.Weber: Concerto No.1 op.73<br>F.Poulenc:Sonata<br>A.Grgin: Capriccio Trilogia<br>E.Cavallini: "Serenata"<br>H.Rabaud: Solo de Concours | Проф.м-р Стојан Димов<br>Проф.м-р Гордана Јосифова-Неделковска<br>Вонр.проф.м-р Страшо Темков |
| Гоце Секулоски | Р.Планел: Концерт за це-труба<br>Џ.Гершвин: „Рапсодија in blue" за бе-труба<br>Ж.Ибо: Соната за бе-труба<br>Ж.Енеску: „Легенда" за це-труба<br>Ј.Коларж: Скерцо за бе-труба<br>Г.Ф.Хендл: Свита за де-труба | Проф.м-р Васо Ристов<br>Проф.м-р Гордана Јосифова-Неделковска<br>Вонр.проф.м-р Страшо Темков |
| Томе Ташев | Ф.Пуланк: Соната<br>А.Вивалди: Соната це-мол<br>А.Понкиели: Капричо<br>М.Ломбардо: Рапсодија за обоа и пијано<br>В.А.Моцарт: Концерт Це-дур | Проф.м-р Гордана Јосифова-Неделковска<br>Вонр.проф.м-р Страшо Темков<br>Проф.м-р Васо Ристов |
| Дејан Лазаревски | Д.Скарлати: Соната К213<br>М.Понче: „Романтична соната"<br>I.Albeniz: "Torre Bermeja"<br>N.Koshkin: "Usher Waltz"<br>R.Dyens: "Fuoco"<br>F.Tarrega: Variations on theme "Carnival in Venice"<br>L.Boccherini: Konzert E-dur | Доц.м-р Тања Јанкова<br>Проф. Велко Тодевски<br>Доц.м-р Дарко Багески |

| | | |
|---|---|---|
| Ивана Кузмановска | К.Дебиси: „Бергамска свита“<br>В.А.Моцарт: Соната KV310<br>Ф.Шопен: Мазурки Оп.6 бр.1; оп.7 бр.1; оп.33 бр.4; оп.67 бр.2<br>Е.Григ: Концерт за пијано и оркестар оп.16 а-мол | Проф.м-р Евушка Елезовиќ<br>Проф.м-р Тодор Светиев<br>Вонр.проф.м-р Зоран Пехчевски |
| Гоце Костадинов | В.А.Моцарт: Фантазија во це-мол<br>В.А.Моцарт: Соната KV 457 це-мол<br>М.Равел: Сонатина<br>С.Рахмањинов: Етида оп.39 бр.5<br>Ф.Менделсон: Концерт за пијано и оркестар бр.1 во ге-мол | Проф.м-р Евушка Елезовиќ<br>Проф. Јован Каровски<br>Вонр.проф.д-р Ана Гацева |
| Драган Ампов | Г.Ф.Хендл: Арија на Арганте од операта „Риналдо“<br>Г.Ф.Хендл: Арија на Зороастро од операта „Орландо“<br>C.W.Gluck: “O del mio dolce ardor”<br>G.Caccini: “Amarilli”<br>С.Рахмањинов: „Не пои красавица“<br>П.И.Чајковски: „Забит так скоро“<br>М.Равел: Циклус „Дон Кихот“ (3 песни)<br>А.Дворжак: 10 библиски песни оп.99<br>В.А.Моцарт: 2 арии на Ѓулиелмо од операта „Cosi fan tutte“<br>П.И.Чајковски:Сцена и Ариозо на Оњегин од операта „Евгениј Оњегин“<br>Ѓ.Верди: 2 арии на Родриго Ди Поза од операта „Дон Карлос“ | Доц.д-р Горан Начевски<br>Проф.м-р Биљана Јакимовска<br>Проф.м-р Марија Наумовска |
| Нада Вета | Аналитички осврт кон формата на делата „Концерт за виолина и оркестар оп.22“ и „Соната за виолина и пијано оп.26“ од Томе Манчев. | Доц.д-р Горан Начевски<br>Проф.д-р Томе Манчев<br>Доц.м-р Сони Петровски |
| Анита Ферлеж - Ераковиќ | F.Schubert: “Gretchen am Spinnrade”<br>F.Schubert: “Die Forelle”<br>F.Schubert: “Romanze der Helene”<br>R.Strauss: “Zueignung”<br>С.Рахмањинов: „Вокализа“ | Доц.м-р Весна Ѓиновска-Илкова<br>Проф.м-р Биљана Јакимовска<br>Проф.м-р Марија Наумовска |

| | | |
|---|---|---|
| | Ј.Маринковиќ: „Из град у град"<br>Ј.Маринковиќ: „Стојанке"<br>Ј.Маринковиќ: „Ала је леп"<br>Ф.Лехар: Арија на Џудита од операта „Џудита"<br>В.Белини: Арија на Амина од операта „Сонамбула"<br>В.Белини: Арија на Елвира од операта „Пуританци"<br>Г.Доницети: Арија на Норина од операта „Дон Пасквале"<br>Р.Штраус: Арија на Адела од операта „Лилјак"<br>А.Дворжак: Циклус „Цигански мелодии"<br>С.Рахмањинов: „Здјес харашо"<br>Г.Доницети: Арија на Адина од операта „Љубовен напиток"<br>Ц.Пучини: Арија на Мизета од операта „Боеми" | |
| Ристеми Фисник | Хармонските особености во „Концертна музика за гудачки квартет, ксилофон и вибрафон" од Стојан Стојков. | Проф.м-р Живојин Глишиќ<br>Проф.д-р Викторија Коларовска-Гмирја<br>Вонр.проф.м-р Јана Андреевска |
| Дамјан Темков | „Варијации" за симфониски оркестар | Доц.м-р Сони Петровски<br>Проф.м-р Живојин Глишиќ<br>Доц.д-р Горан Начевски |
| Клодина Кабаши | Ф.Данци: Концерт де-мол оп.31<br>К.Раинеке: Соната „Ондин" оп.167<br>К.Ф.Е.Бах: Соло соната а-мол<br>Ф.Ибрахими: Варијации на народна тема<br>П.Морлачи: Тема со варијации | Проф.м-р Бети Станковска<br>Проф.м-р Гордана Јосифова-Неделковска<br>Вонр.проф.м-р Страшо Темков |
| Нора Алипани | С.Меркаданте: Концерт е-мол<br>Ј.С.Бах: Соната Е-дур<br>Ф.Шуберт: Соната а-мол „Арпецоне"<br>Ж.Ибер: „Piece solo"<br>Ф.Ибрахими: Варијации на народна тема | Проф.м-р Бети Станковска<br>Проф.м-р Гордана Јосифова-Неделковска<br>Вонр.проф.м-р Страшо Темков |

| | | |
|---|---|---|
| | П.Морлачи: Тема со варијации | |
| Елена Христовска | Л.В.Бетовен: Соната оп.53 Це-дур<br>В.А.Моцарт: Соната KV310 а-мол<br>В.А.Моцарт: Фантазија де-мол<br>Н.Р.Корсаков: Концерт за пијано и оркестар оп.30 | Проф.м-р Тодор Светиев<br>Вонр.проф.м-р Зоран Пехчевски<br>Проф.м-р Катерина Костадиновска-Гелебешева |
| Едон Рамадани | L.V.Beethoven: Overture "Coriolan"<br>Arvo Part: "Adam's Lament"<br>Ralph Vaughn Williams: "Fantasia on Christmas Carols" | Проф.м-р Саша Николовски-Ѓумар<br>Вонр.проф.м-р Сашо Татарчевски<br>Вонр.проф.м-р Борјан Цанев |
| Илбер Асланај | C.Monteverdi: Lasciate mi morire<br>J.Haydn: Die Beredsamkeit<br>A.Part: Most Holy Mother of God<br>M.Hogan: Didn't My Lord Deliver Daniel<br>A.Part: The Berliner Messe for Choir SATB & String orchestra | Проф.м-р Саша Николовски-Ѓумар<br>Вонр.проф.м-р Сашо Татарчевски<br>Доц.д-р Ивица Зориќ |
| Елизабета Ќари | Предметот солфеж во музичките училишта на Косово во периодот од 2008 до 2011 година. | Проф.д-р Викторија Коларовска-Гмирја<br>Проф.д-р Димитрије Бужаровски<br>Вонр.проф.м-р Снежана Димчевска |
| Дафине Зеќири | „Варијации за симфониски оркестар" | Вонр.проф.м-р Јана Андреевска<br>Проф.д-р Томе Манчев<br>Проф. Ж.Глишиќ |
| Биљана Малезанов | Хармонијата на операта „Малиот принц" од Тома Прошев | Проф.д-р Викторија Коларовска-Гмирја<br>Проф. Ж.Глишиќ<br>Доц.м-р Д.Андовска |
| Маја Поповиќ | Л.В.Бетовен – Концерт за пијано бр.2;<br>Ф.Менделсон – Сериозни варијации;<br>Ј.Брамс – Опус 118;<br>Р.Шуман – Опус 32. | Проф.м-р Евушка Елезовиќ<br>Проф.м-р Тодор Светиев<br>Проф.Валентина Нолчева |

**ПРЕГЛЕД**
**на програма за изработка на докторска дисертација**
**и наслов на тема за изработка на научен труд на Факултетот за музичка уметност во Скопје**

| *Кандидат* | *Ментори* | *Програма за изработка на докторска дисертација*<br>*Наслов на тема за изработка на научен труд* | *Комисија* |
|---|---|---|---|
| М-р Татјана Божиновска | Проф.м-р Тодор Светиев<br>Проф.д-р Димитрије Бужаровски | Програма:<br>Фредерик Шопен – Соната за пијано бр.3 во h-moll, Клод Дебиси – 12 прелудиуми II книга,<br>Антонин Дворжак – Концерт за пијано и оркестар оп.22".<br><br>Наслов на тема:<br>„Престоредот во три дела од клавирската литература: Фредерик Шопен – Соната за пијано бр.3 во h-moll, Клод Дебиси – 12 прелудиуми II книга и Антонин Дворжак – Концерт за пијано и оркестар оп.22". | Проф.м-р Тодор Светиев<br>Проф.д-р Димитрије Бужаровски<br>Проф.м-р Евушка Елезовиќ |

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРИМЕНА НА АНАЛИЗАТА НА АВТОЗОМНИТЕ И Y-ХРОМОЗОМСКИТЕ КРАТКИ ПОВТОРУВАЧКИ ТАНДЕМИ (STR's) ВО СУДСКОМЕДИЦИНСКАТА ПРАКТИКА" ОД Д-Р ЗЛАТКО ЈАЌОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата IX редовна седница одржана на 30.5.2011 година, по предлог на Научниот одбор на Медицинскиот факултет, а врз основа на член 63 од Законот на високото образование и член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје, одреди Рецензентска комисија во состав:

1. **проф. д-р Алексеј Дума**
2. **проф. д-р Здравко Чакар**
3. **проф. д-р Александар Димовски**

за оцена на докторската дисертација на д-р Златко Јаќовски, специјалист по судска медицина, вработен во Институтот за судска медицина и криминалистика во Скопје, под наслов:

**ПРИМЕНА НА АНАЛИЗАТА НА АВТОЗОМНИТЕ И Y-ХРОМОЗОМСКИТЕ КРАТКИ ПОВТОРУВАЧКИ ТАНДЕМИ (STR's) ВО СУДСКО-МЕДИЦИНСКАТА ПРАКТИКА**

По проучувањето на доставената докторска дисертација, Комисијата до Наставно научниот совет го поднесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација под наслов **ПРИМЕНА НА АНАЛИЗАТА НА АВТОЗОМНИТЕ И Y-ХРОМОЗОМСКИТЕ КРАТКИ ПОВТОРУВАЧКИ ТАНДЕМИ (STR's) ВО СУДСКО-МЕДИЦИНСКАТА ПРАКТИКА** од д-р Златко Јаќовски претставува самостојно изработена оригинална научна студија од областа на форензичната генетика. Дисертацијата е изработена на Институтот за судска медицина и криминалистика и произлегува од секојдневната потреба од судскомедицинска експертиза при вештачења за потеклото и идентитетот на биолошката трага при кривичните дела, вештачења на татковства како и при идентификации на исчезнати лица, масовни несреќи и масовни гробници. Целокупниот материјал е презентиран на 90 страници, содржи 10 слики, 10 табели, 5 графикони и цитирана литература од 120 наслови. Дисертацијата ги содржи сите елементи на еден научноистражувачки труд и се состои од 11 тематски поглавја, и тоа: вовед, каде што се образложени употребата на автозомните и Y-хромозомските кратки повторувачки тандеми (STR'S) во форензичните случаи, вештачењата на патернитет и идентификации, популациски студии, еволуциски студии и проблеми при форензични анализи на Y-хромозомот во случаи на мутации и роднинство, историјат за форензичната DNA-анализа, мотив на истражувањето, цел на истражувањето, материјал и метод на работа, статистичка обработка на податоци, резултати, дискусија, заклучоци и литература. Начинот на изнесувањето е концизен, јасен и разбирлив.

Во **воведот** е образложена биологијата и градбата на DNA-молекулата со посебен осврт на автозомните и Y-хромозомските кратки повторувачки тандеми (STR'S) и нивното значење во форензичните DNA-анализи, и тоа: анализа на биолошки траги со деградиран молекул на DNA, случаи од крвните деликти, силувањата, полови настраности, масовни несреќи, вештачење на татковство и идентификации, изработка на популациски студии и нивно значење во форензичната практика, еволуциски студии и проблеми при форензични анализи на Y-хромозозомот во случаи на мутации и роднинство и начини на нивно решавање.

Поглавјето **Историјат на форензичната DNA-анализа** дава осврт на самите почетоци во откривањето на DNA-молекулата, понатамошното детално откривање на нејзината структура и првите чекори во користењето на DNA-молекулата во форензичната практика.

**Мотив на истражувањето** е воведување на брзи и доверливи методи на DNA-анализа на автозомните STR-и и Y-хромозом STR-ите за идентификација на потеклото на биолошкиот материјал и негово евентуално совпаѓање со генотипот на осомниченото лице на кривичното дело или, пак, на исчезната личност.

**Цел на истражувањето:** Целите се јасно дефинирани и се поделени во две групи- главни цели и специфични цели:

Во главни цели се наведени:

1. Да се воспостави доверлив метод за докажување на сперма во случаите на силување, од брисот земен при гинеколошкиот преглед од телото на жртвата и од друг материјал каде што се наоѓа спермата, со

правење на хистолошки препарат со боење-хематоксилин-еозин со кој се докажува присуство на сперматозоиди и добивање на генотип за автозомните и Y-хромозом STR-ите од докажаното присуство на сперма;

2. да се споредат методите на изолација на DNA, и тоа со: фенол-хлороформ, Qiagen кит и PrepFiler™ Applied Biosystems кит и да се утврди кој од нив е најдобриот метод за изолација на DNA од вагинални брисеви, коска, ткива и влакна, во референтни примероци како и во случаи на кривични дела каде што постои мешавина на примерокот и поминато време од настанот до моментот на анализата;

3. да се утврди кој е најдобар и најбрз метод за изолација на DNA од епителни клетки во случаите на силување каде што сторителот не ејакулирал во жртвата, во случаите на полни настраности, во случаите на противприроден блуд и во случаите на крвните деликти за да се добие генотип за автозомните и Y-хромозом STR-ите од мало количество на DNA.

**Специфични цели**

1. Да се изработи популациска студија за седумнаесет Y-хромозом STR-ри на жителите на Република Македонија.
2. Да се одреди процентот на мутација на седумнаесет локуси на Y-хромозом STR-ите на жителите на Република Македонија.
3. Да се направи компарација на македонската популациска студија за автозомните и Y-хромозом STR-ите со земјите во регионот.

Во поглавјето **Материјал и метод на работа** даден е методолошкиот пристап за реализација на поставените цели.

За изработка на популациската студија за Y-хромозом STR-ите се анализирани 262 хаплотипови од несродна машка популација Македонци од различни региони на територијата на Република Македонија, при што билошкиот материјал-крв е земен од доброволци. Извршена е компаративна анализа на базата на податоци за популациските студии за Y-хромозом STR-ите за балканските земји.

За одредување на процентот на мутација на Y-хромозом STR-ите се се анализирани 70 хаплотипови на татковци и синови, или внуци и браќа, а материјалот, крв и брис од букална слузница, е земен при изведувањето на вештачењето на патернитет и со доброволна согласност од доброволци.

За автозомните STR-и изработени се три популациски студии, и тоа две за македонската популација во Република Македонија и една за српската популација во Република Србија. За изработка на првата популациска студија се анализирани 163 хаплотипови од несродна популација (мажи и жени) Македонци од Република Македонија, при што билошкиот материјал-крв е земен од доброволци по претходна писмена согласност. За изработка на втората популациска студија се анализирани 205 хаплотипови од несродна популација, од кои 205 мажи и 200 жени-Македонци од Република Македонија, при што биолшкиот материјал-крв е земен од доброволци по претходна писмена согласност. За изработка на српската популациска студија се анализирани 198 хаплотипови од несродна популација Срби од Република Србија, од кои 99 мажи и 99 жени, при што билошкиот материјал е добиен од извршените вештачења за патеринитет на Биолошкиот факултет во Белград. Извршена е компаративна анализа на базата на податоци за популациските студии за автозомните STR-ите за Србија, Црна Гора и Косово.

Изолацијата на DNA-молекулата за потребите на популациските студии е изведена со QIAAamp® DMA Mini kit и Chelex 100 reagens. Од испитуваните ткива, влакна, коса и сперма, изолацијата на DNA е извршена со фенол-хлороформ, Qiagen кит и PrepFiler™ Applied Biosystems кит согласно со протоколите издадени од производителите на китовите.

Мултиплекс PCR-реакција за секој примерок на изолираната DNA-молекула е изведена со следниве китови: AmpFLSTR® Yfiler™ PCR Amplification Kit, AmpFLSTR® Identifiler™ PCR Amplification Kit и PowerPlex® ESX 17 System, на ABI 9700 PCR Termal Cycler апаратот согласно со протоколите препорачани од производителот на китовите.

Анализата на постамплификационите продукти е изведена со капиларна електрофореза на ABI 310 Genetic Analyser апаратот користејќи ги Data colection и GeneMapper® ID Software v3.2 софтверските програми.

Во поглавјето **Статистичка методи** наведени се методите кои кандидатот ги употребил за статистичка обработка на собраните податоци за изработка на популациските студии и за одредување на степенот на деградација на ткивата.

**Резултати:**

Издаботени се вкупно 4 популациски студии, и тоа три се за автозомните STR-и, а една е за Y-хрозмозом STR-ите.

Беа детектирани вкупно 242 различни Y-STR хаплотипови од 262 примерка. Од нив, 227 беа единствени профили, 16 хаплотипови се појавија двапати и само еден трипати. Не е констатирана статистички значајна разлика во алелната фреквенција помеѓу Македонците и останатите опсервирани популации ($p>0.01$). Македонската популација покажува најголема генетска дистанца со хрватската популација (0.2643), додека најмала до бугарската популација (0.0815). The neighbor-joining consensus drvo конструирано врз основа на генетската дистанца покажува дека македонско етничко потекло има најголема сличност со бугарската популација, и не толку голема разлика со групата составена од босанско херцеговската-српската и хрватската популација, додека популацијата во Косово креира посебна група. Првата компонента од PCA покажува дека македонската популација е генетски блиска со бугарската и делумно со српската популација, посебно компарирана со косовската популација. Втората компонента од PCA покажува исто така блиска релација на македонската и бугарската популација. Хрватската популација е лоцирана во другиот крај од димензијата, додека популацијата во Босна и Херцеговина има посебна позиција компарирана со македонската и бугарската популација. Вкупната варијација на сетот податоци е 62%, од кои првиот и вториот PCs претставуваат 36% и 26% секој посебно.

Според популациската студија изработена со AmpFLSTR® Identifiler™ PCR Amplification Kit, процентот на веројатност за можноста еден профил да се повтори на популацијата во Република Македонија изнесува $6,6x10^{-18}$, а можноста на исклучување е PE=99.999954%. DNA View програмата покажа статистички значајна разлика помеѓу популациите на Република Макеоднија и Косово во локусот CSF1PO, и помеѓу македонската и српската популација за локусот D7S820.

При анализа на новиот ESS сет локуси плус SE33 локусот не се констатира статистички сигнификантна девијација ($p>0,05$) од Hardy-Weinberg equilibrium освен за локусите D1S1656 и SE33.

Компаративните анализи на изолација на DNA од коска и заби со фенол-хлороформ и PrepFiler™ Applied Biosystems кит укажаа дека и двете методи се осетливи и се добива DNA-профил погоден за статистичка обработка за идентификација.

Компаративните анализи на изолација на DNA од ткивата кои се постепено деградирани со методите на фенол-хлороформ и QIAAamp® DMA Mini kit покажаа дека подобар профил за DNA-анализа се добива со фенол-хлороформ.

Воспоставен е доверлив метод за детектирање на сперма со методот на ацид-фосфатаза, а потоа и со хистолошко докажување на спермата. Од детектираната сперма, DNA-молекулата се изолира со QIAAamp® DMA Mini i Micro kit.

**Дискусија:** Постигната е главната интенција да се прошират и публицираат Y-STR генетските податоци за македонската популација за нови седум локуси, како и да се презентираат додатни инфомрации за Y-STR генетските врски на македонската популација со популациите во соседните држави. Балканскиот регион содржи човечки популации со високо ниво на Y-STR ралики и со прилично слична генетска структура. Јасно е дека опсервираните популации од централен и источен Балкан немаат нагласена разлика во Y-STR структурата, освен делумно косовската популација која покажува Y-STR специфика. Добиените резултати индицираат дека констатираната генетска разлика помеѓу македонската популација и етничките Албанци од Косово е релативно висока. Овој наод е интересен со оглед на тоа дека Република Македонија и Косово делат заедничка граница. Исто така, во Република Македонија околу 25% живеат Албанци кои делат потекло со албанската популација во Косово.

Популациските студии за автозомните STR-и за 21 локус укажува дека тие се статистички погодни за форензични вештачења со мали разлики во меѓупопулациски студии со околните земји.

Компаративните методи за изолација на ткиво, влакна, коски и заби помогнаа во иднина да се одбере метод на изолација и вид на ткиво во одреден степен на старост и деградација за побрзо и поуспешно добивање на DNA-профил.

Поглавјето **Заклучоци** содржи констатации кои се јасно формулирани, се во корелација со поставените цели на истражувањето и произлегуваат од добиените резултати.

Со изработка на Y-STR популациска студија за 17 локуси на DNA-молекулата се овозможи при вештачењата од областа на форензичната генетика да се добие поголем процент на веројатност за утврдување на идентитетпт на лицето и потеклото на биолошката трага. Исто така се утврди дека иако постојат сличности, сепак секоја популација на балканските простори има своја специфика, посебно албанската популација која се одвојува од останатите популации на Балканот. Затоа се препорачува при вршењето на статистичките анализи овој податок да се земе во предвид.

Со изработка на популациските студии за 21 автозомен STR локус на DNA-молекулата овозможено е со многу голем процент на веројатност да се утврди потелко на биолошката трага и да се утврди идентитетот на лицето, при што процентот на веројатност на популацијата во Република Македонија изнесува $6{,}6\times10^{-18}$, а можноста на исклучување е PE=99.999954%. Овој податок укажува дека е невозможно две лица да

имаат ист генетски профил на популацијата во Република Македонија, освен во случај на еднојајчани близнаци. Исто така е утврдено дека за автозомните STR не постои статистички значајна разлика за балканските популации.

Докажувањето на сперма при вагиналните брисеви во случаите на силувања со позитивната реакција за ацидфосфатаза, а понатаму и со микроскопска анализа се добива сигурен материјален доказ за присуство на сперма. Потоа со DNA-анализа се утврдува потеклото на спермата со што на истражните органи им се обезбедуваат сигурни материјални докази за кривичните дела.

Со воведувањето на новиот метод за изолација на DNA од коска и заби со PrepFiler™ се забрза процедурата за добивање на изолирана DNA за неколку часа, методот е нетоксичен и многу сензитивен во случаи на стари коски и заби.

## ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација од д-р Златко Јаќовски со наслов **ПРИМЕНА НА АНАЛИЗАТА НА АВТОЗОМНИТЕ И Y-ХРОМОЗОМСКИТЕ КРАТКИ ПОВТОРУВАЧКИ ТАНДЕМИ (STR's) ВО СУДСКОМЕДИЦИНСКАТА ПРАКТИКА** претставува самостоен и оригинален научен труд од областа на форензичната генетика кој произлегува од секојдневната работа на Институтот за судска медицина и криминалистика при Медицинскиот факултет во Скопје.

Рецензентската комисија смета дека студијата ги исполнува сите критериуми за изработка на научен труд и претставува придонес во научноистражувачката работа. Рецензентската комисија позитивно го оценува трудот и му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја усвои рецензијата и да му овозможи на кандидатот јавна одбрана на трудот.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА,**

1. Проф. д-р Алексеј Дума с.р.
2. Проф. д-р Здравко Чакар с.р.
3. Проф. д-р Александар Димовски с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „ПРОЦЕНА НА РИЗИКОТ ОД НАСИЛСТВО МЕЃУ ЛИЦАТА СО МЕНТАЛНИ РАСТРОЈСТВА", ИЗРАБОТЕНА ОД Д-Р ИЗАБЕЛА ФИЛОВ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно- научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата 9. редовна седница одржана на 30.5.2011 г., по предлог на Научниот одбор формира Комисија за оцена на докторската дисертација под наслов „Процена на ризикот од насилство меѓу лицата со ментални растројства" од д-р Изабела Филов, вработена во ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар.

Комисијата е во состав:

1. проф. д-р Весна Пејоска Геразова
2. проф. д-р Викторија Вујовиќ
3. проф. д-р Биљана Јаневска.

По разгледувањето на доставениот текст, РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА има чест до Наставно- научниот совет да го достави следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација ПРОЦЕНА НА РИЗИКОТ ОД НАСИЛСТВО МЕЃУ ЛИЦАТА СО МЕНТАЛНИ РАСТРОЈСТВА претставува самостоен труд презентиран на 134 страници и додаток на објавените трудови, со приложени 43 табели и 23 графикони. Материјалот е изложен во 8 поглавја распоредени последователно, а содржината е поткрепена со библиографија од 131 референца.

**Воведот** е соодветно конципиран во целини кои се надоврзуваат последователно една на друга и во нив е изложена суштината на понатамошните иследувања.

Во второто поглавје, **Цели,** тие се јасно дефинирани и одредени се:

1. ризичните фактори од психопатолошка и социјална природа, како и карактеристиките на личност, кои ги детерминираат виолентното однесување помеѓу лицата со ментални растројства, како и нивната меѓузависност;
2. врз основа на добиените резултати да се направи стратификација на ризикот од насилство меѓу индивидуите со ментални растројства кои манифестираат насилно однесување од различен степен;

3. креирање на план за раководење со ризикот од насилство со востановување на емпириска основа за изработка на стратегии и програми за третман и превенција на насилството меѓу индивидуите со ментално растројство;
4. надминување на стигмата дека менталните растројства по самата своја природа значат и манифестација на насилство.

Во третото поглавје, **Хипотези,** поставени се следниве хипотези:

1. виолентното однесување на лицата со ментални растројства е резултат на меѓузависност од фактори од психопатолошка и социјална пригода, како и одредени карактеристики на личноста на извршителите на кривични дела;
2. степенот и видот на насилство е во директна зрска со специфични групи на факторите од психопатолошка, социјална и персонална природа.
3. детерминираните фактори на ризик од насилство кај лицата со ментални растројства се основа за востановување на стратегии, програми и креирање на план со менаџирање со ризикот од насилство;
4. успешниот третман на психијатриските растројства е основен фактор во превенцијата на ризикот од насилство меѓу лицата со ментални растројства.

Во четвртото поглавје, **Методи,** се гледа дека станува збор за проспективна студија со ретроспективен приод. Истражувањето било спроведено во: Психијатриска болница Демир Хисар, Психијатриска болница „Скопје"- Скопје и Центар за ментално здравје-Прилеп

Временската рамка во која се одвивало истражувањето била во период од мај 2008 до мај 2010 година. Испитуваната група се состоела од 89 пациенти кои извршиле кривично дело, кај кои била поставена дијагноза за психијатриско растројство по МКБ 10 и врз основа на таа дијагноза била одредена и мерка на безбедност „чување и лекување во психијатриска установа".

Контролната група се состоела од 120 пациенти, дел од нив корисници во Центарот за ментално здравје-Прилеп, а дел пациенти во Психијатриската болница Демир Хисар, кои не биле извршители на кривично дело.

Контролната група била поделена на две подгрупи: контролна група без насилство (60 пациенти) и контролна група-присилна хоспитализација.

Истражувањето **методолошки** опфати примена на следниве мерни инструменти:

1. водено интервју за проценка на социјалните/демографски карактеристики;
2. BPRS (скала конструирана за мерење на тежината на психијатриската симптоматологија;
3. водич за процена на ризикот од насилство- VRAG;
4. HCR- 20 (процена на итно насилство).

За **статистичката анализа** на добиените резултати била направена база на програмата STATISTICA FOR WINDOWS 70.

Во петтото поглавје, **Резултати,** презентирани се вредности за секоја група поединечно во вид на табели и графикони како и компарација помеѓу иследуваните групи.

Во шестото поглавје, **Дискусија,** авторката со дополнување на прегледот од литературата и веќе постојните стандарди како и личното искуство во работата на ова поле, детално и критички ги анализира и ги компарира добиените резултати на сите параметри и групи.

Во седмото поглавје, **Заклучоци,** тие претставуваат прилози на релевантни опсервации и констатации добиени во текот на испитувањето на оваа студија. Добиените резултати претставуваат одговори на поставените цели што суштински го истакнува стручниот придонес и примена на дисертацијата во секојдневната клиничка практика.

Во осмото поглавје, **Интервенции**, авторката се задржува на раководење со ризикот од насилство, ја нагласува потребата од вклучување на лицата во третман од службите за ментално здравје сè додека не бидат ставени под контрола карактеристиките на индивидуата со детерминиран ризик поврзан со насилство, односно додека ризикот не се намали.

Во последното поглавје е сумиран списокот од современата **литература** од оваа проблематика составена од 131 референца. Приложената литература е цитирана со прифатливи стандарди.

Начинот на искажување на медицинскиот, односно психијатрискиот проблем и научната мисла во приложената докторска дисертација е јасен, разбирлив, така што следењето на приложениот материјал е едноставно.

ЗАКЛУЧОК

Оценувајќи ја докторската дисертација ПРОЦЕНА НА РИЗИКОТ ОД НАСИЛСТВО МЕЃУ ЛИЦАТА СО МЕНТАЛНИ РАСТРОЈСТВА на кандидатката д-р Изабела Филов, можеме да констатираме дека таа во целост ги исполнува критериумите на самостојна истражувачка работа. Во неа успешно е одговорено на поставените цели. Темата на докторската дисертација е од особен интерес поради тоа што со оваа проблематика покрај психијатрите се занимаваат и други професии: психолози, социјални работници, правници и други. Виолентниот акт кај извршителите на кривични дела помеѓу лицата со ментални растројства е одреден од специфични детерминанти од психопатолошка, социјална природа и одредени карактеристики на личноста на извршителот. Сеопфатната проценка на ризикот од насилство во овој труд создава основа врз која ќе се креираат плановите за третман и терапија, односно програми за менаџирање со ризикот, особено кај високоризичните извршители на кривично дело. Лицата со ментални растројства кои преземаат виолентен акт се само субпопулација, што дава значаен придонес кон дестигматизација на лицата со ментално растројство.

ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци, **Рецензентската комисија** позитивно ја оценува докторската дисертација **ПРОЦЕНА НА РИЗИКОТ ОД НАСИЛСТВО МЕЃУ ЛИЦАТА СО МЕНТАЛНИ РАСТРОЈСТВА** на кандидатка **д-р Изабела Филов** и му предлага на Наставно- научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да го прифати извештајот и да овозможи понатамошна постапка за јавна одбрана на дисертацијата.

Скопје,29.7.2011 г.

Рецензентска комисија:

1. Проф. д-р Весна Пејоска Геразова с.р.
2. Проф. д-р Викторија Вујовиќ с.р.
3. Проф. д-р Биљана Јаневска с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА РАКОПИСОТ **„ФИЗИОЛОГИЈА НА СПИЕЊЕТО" – УЧЕБНИК ЗА СТУДЕНТИТЕ НА ВИСОКИТЕ ШКОЛИ НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ И ЗА ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ НА СТУДЕНТИТЕ ПО ОПШТА МЕДИЦИНА** ОД АВТОРИТЕ: БЕТИ ДЕЈАНОВА, САЊА МАНЧЕВСКА И ЈАСМИНА ПЛУНЦЕВИЌ-ГЛИГОРОВСКА

**1. Наслов на учебникот:**
Насловот на материјалот е: „Физиологија на спиењето" - учебник за изборен предмет на студентите по општа медицина и за студентите на високите школи на Медицинскиот факултет.
**Имиња на авторите:**
Имињата на авторите се: Бети Дејанова, Сања Манчевска и Јасмина Плунцевиќ –Глигоровска.

**2. Назив на предметната програма за која се однесува:**
Општи студии по медицина и студии на високите школи на Медицинскиот факултет.

**3. Назив на студиската програма (за кого е наменет):**
Овој учебник е наменет за изборен предмет на студентите по општа медицина, за студентите на високите школи на Медицинскиот факултет, и како дополнителна литература за предметот физиологија 2 за студентите по општа медицина.

**4. Семестар на студиите во кој се одвива наставата по предметот:**
Наставата по изборниот предмет физиологија на спиењето се одвива во IV семестар на студиите по општа медицина, односно во II семестар за студентите на високите школи на Медицинскиот факултет.

**5. Фонд на часови од предметот**
Вкупниот број на часови по изборниот предмет физиологија на спиењето е 15, од кои 5 часа се теоретска настава, а 10 часа се семинари.

**6. Оцена - дали приложениот ракопис е во согласност со наставната програма:**
Приложениот ракопис е во согласност со наставната програма на предметот физиологија на спиењето предвидена за изборниот предмет на студентите на медицина и за студентите на високите школи. Содржината на ракописот од овој предмет соодветствува со содржината како и со обемот на предметот од оваа наставна програма.

**7. Време и акт на назначување на рецензентите:**
Рецензентската комисија за овој учебник во состав: проф. д-р Весна Геразова и проф. д-р Сунчица Петровска е избрана на IX редовна

седница на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, одржана на 30. 05 2011 година.

**8. Дали се работи за прво издание:**
Овој материјал претставува прво издание на учебникот по предметот физиологија на спиењето.

**9. Дали е објавен ист или сличен учебник на Факултетот (кога, автори):**
До сега не е објавен ист или сличен учебник на Факултетот.

**10. Општи податоци за ракописот:**

**Содржина:**

Во учебникот „Физиологија на спиењето" опфатени се следниве содржини:

- Спиење и физиолошки особености на спиењето
- Физиолошки карактеристики на одделните органски системи при спиењето
- Историјат на спиењето
- Физиолошки механизми на мозокот при будност / спиење
- Лимбичен систем
- Начин на активација /инхибиција на мозокот
- Состојба на спиење и видови спиење
- Теории за механизмот за настанување на спиењето
- Видови спиење
- Регистрација на мозочни бранови при будност и спиење
- Невротрансмитери и спиење
- Невротрансмитери и нивна класификација
- Начин на дејство на невротрансмитери
- Невротрансмитери при состојба на будност и спиење
- Ментална активност при спиење
- Сонување
- Мелатонин и циркадијален ритам на будност и спиење
- Влијание на циклусот светло - темно врз циркадијалниот ритам
- Фактори кои влијаат врз спиењето: исхраната, физичката активност, возраста.
- Несоница и потенцијални причини
- Физиолошки пристап врз решавање на несоницата
- Состојби на инсомнија, хиперсомнија и нарколепсија

**Делови**
Учебникот „Физиологија на спиењето" претставува една целина која се однесува на теоретскиот дел од наставата на истоимениот предмет.

**Заглавија**
Во учебникот „Физиологија на спиењето" назначени се следниве заглавија: 1.Вовед во физиологијата на спиењето; 2.Историјат на спиењето; 3.Физиолошки механизми на мозокот при будност / спиење; 4.Состојба на спиење и видови спиење; 5.Невротрансмитери и спиење;

6.Ментална активност при спиење; 7.Циркадијален ритам на будност и спиење; 8.Влијание на одредени фактори и состојби врз спиењето; 9.Физиолошко значење на спиењето; 10.Функциите на спиењето; 11. Нарушување на спиењето.

**Број на страници**
Учебник „Физиологија на спиењето" е напишан на 63 страници.

**Број на прилози**
Во учебникот „Физиологија на спиењето" има вкупно 14 прилози, од кои: 13 слики и 1 табела.

**Вид на прилози**
Во учебникот „Физиологија на спиењето" се содржат слики кои одговараат на содржината на пишаниот материјал и табели во кои се прикажани податоците за појаснување на пишаниот материјал.

**Литературата** е правилно цитирана според азбучен ред.

**11. Краток опис на содржината**
Учебникот по предметот физиологија на спиењето го сочинуваат 11 поглавја.
Во воведниот дел, односно во **првото поглавје**, јасно е дефиниран процесот на спиењето, опишани се функционалните карактеристики на одделните органски системи (кардиоваскуларен систем, автономен нервен систем, скелетни мускули, биопотенцијалите на мозокот) при спиењето, како и позитивните ефекти на спиењето врз организмот во целина.
**Второто поглавје** претставува опис на историјатот на спиењето, за периодот до XX век, како и за првата и втората половина од XX век. Тука се наведени голем број теории (циркулаторна, невролошка, бихејвиористична), автори, медицински дисциплини (неврофизиологија, молекуларна генетика, биохемија) и методи кои од антиката до денес го објаснуваат процесот на спиењето и неговото нарушување.
Во **третото поглавје** се децидно објаснети физиолошките особености на мозокот при состојба на будност и на спиење. Опишани се морфофункционалните карактеристики на *лимбичниот систем* како главна мозочна структура што директно ја регулира состојбата на будност и на спиењето, како и начини на активација и инхибиција на мозокот.
Во **четвртото поглавје**, авторот темелно ги анализира теориите за механизмот за настанување на спиењето. Посебен акцент е ставен врз објаснување на видовите спиења и фазите на спиењето со нивните карактеристики, како и врз регистрација и видови на мозочните бранови при состојба на будност и спиење.
Во **петтото поглавје** мошне студиозно и разбирливо се опишани невротансмитерите кои учествуваат во контролата на процесот на спиењето. Посебно внимание е посветено на дејствата на ацетилхолинот, норадреналинот, GABA-та, хистаминот, допаминот, глутаматот, аспартатот, серотонинот, аденозинот, простагландините и орексинот.

Текстот во **шестото поглавје** придонесува за целосно разбирање на менталната активност при спиењето. Авторите прецизно го дефинираат процесот на сонувањето како неразделен дел од спиењето. Потоа следува описот на теориите за сонувањето, дефинирање на хипнограмот (како посебен графички запис на менталната активност за време на спиењето) и неговите карактеристики. Децидно е објаснет процесот на консолидацијата на помнењето, како и РЕМ фазата од спиењето.

**Седмото и осмото поглавје** даваат целосен приказ на циркадијалниот ритам на будност и на спиење. Во таа смисла авторите прецизно го дефинираат циркадијалниот ритам, го опишуваат неговиот историјат, факторите вклучени во неговата регулација (хипоталамус, пинеална жлезда, мелатонин), како и факторите кои влијаат врз овој биолошки ритам: возраст, предменструален период, менструален циклус, менопауза, бременоста, постпартален период, исхрана, телесна тежина, физичка активност и некои фактори на надворешната средина (бучава, температура).

**Деветтото поглавје** систематски го обработува физиолошкото значење на спиењето. Во таа смисла, детално се објаснува неврофизиолошкиот модел на учењето, моделот учење / запомнување, моделот на заборавање, обновување и опоравување на телесните системи, чување на енергијата, консолидирање на процесот на помнењето, заштита од предатори, развој на мозокот и ослободување на чувствата.

Во **десеттото поглавје** се студиозно опишани функциите на спиењето. Темелно се анализирани биохемиските, физиолошките, невролошките и психолошките функции на спиењето.

Последното, **единаесето поглавје** се однесува на нарушувањето на процесот на спиењето и на можните последици од нарушеното спиење. Посебен акцент е ставен врз објаснувањето на инсомнијата, хиперсомнијата и нарколепсијата, како посебни клинички ентитети.

**12. Предлози за потребни корекции**

Во материјалот нема потреба од корекции во квантитетот и квалитетот на содржината, начинот на уредувањето на текстот како и потреба од дополнување и/или исклучување на одделен текст.

**13. Категоризација (учебник или учебно помагало)**

Според тоа што целосно го опфаќа наставниот материјал согласно со студиската програма за изборниот предмет за студентите на општа медицина, како и за студентите на високите школи на Медицинскиот факултет, овој материјал во ракопис треба да биде категоризиран во учебник.

**Општа педагошка оцена**

Прегледот на текстот покажува дека ракописот е правилно осмислен и во него систематски и едукативно се разработуваат наставните целини за изучување на изборниот предмет физиологија на спиењето, што се предвидени со наставниот план и програма на Медицинскиот факултет за студентите на општа медицина, како и за студентите на високите школи на Медицинскиот факултет.

Текстот е напишан концизно, со јасен и лесно разбирлив јазик, а класификацијата на материјалот е современа и дидактички

функционална. Овој текст е поддржан со солидни графички и шематски прикази, што материјалот го прави полесно разбирлив за студентот. Според тоа, општата педагошка оцена за овој учебник е дека наполно соодветствува за едукација на студентите од Медицинскииот факултет по предметот физиологија на спиењето.

**14.Заклучок со предлог за оправданоста за објавување**
Ракописот содржи материјал што треба да послужи како учебник за студентите по медицина и за студентите на високите школи при Медицинскиот факултет. По обемот и содржината тој во целост одговара на програмата на Медицинскиот факултет предвидена за изборниот предмет физиологија на спиењето. Стилот на пишувањето е разбирлив и лесен за усвојување од страна на студентите за кои е учебникот наменет. Во учебникот се застапени доволен број илустрации, табели и шеми што придонесуваат за подобар квалитет на учебникот.
Според тоа, задоволство е да се биде рецензент на ваков учебник, кој ќе им овозможи на студентите и на сите оние на кои им претставува поле на интерес, успешно изучување на предметот физиологија на спиењето.
Од сето горенаведено, мојот заклучок е дека овој учебник заслужува да биде позитивно рецензиран и затоа предлагам да биде објавен на Медицинскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" како „Физиологија на спиењето" - учебник за студентите на општа медицина, како и за студентите на високите школи на Медицинскиот факултет, на кои топло им го препорачувам.

29.6.2011 година

**Рецензент**

Проф. д-р Сунчица Петровска с.р.
Институт за физиологија
Медицински факултет - Скопје

**РЕЦЕНЗИЈА**

на ракописот **„ФИЗИОЛОГИЈА НА СПИЕЊЕТО"-УЧЕБНИК ЗА СТУДЕНТИТЕ НА МЕДИЦИНА И ЗА СТУДЕНТИТЕ НА ВИСОКИТЕ ШКОЛИ НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ"** од авторите: Бети Дејанова, Сања Манчевска, Јасмина Плунцевиќ

**1. Наслов на учебникот:**
Наслов на материјалот е: „Физиологија на спиењето- учебник за студентите на медицина и за студентите на високите школи на Медицинскиот факултет."

**2. Имиња на авторите:**
Имињата на авторите се: Бети Дејанова, Сања Манчевска, Јасмина Плунцевиќ

**3. Назив на предметната програма за која се однесува:**
Општи студии по медицина и студии на високите школи на Медицинскиот факултет.

**4.Назив на студиската програма( за кого е наменет):**
Овој учебник е наменет за студентите по општа медицина и за студентите на високите школи на Медицинскиот факултет.

**5. Семестар на студиите во кој се одвива наставата по предметот:**
Наставата по изборниот предмет физиологија на спиењето се одвива во IV семестар за студентите по медицина и во II семестар за студентите на високите школи.

**6. Фонд на часови од предметот:**
Вкупниот број на часови по изборниот предмет физиологија на спиењето е 15 часа теоретска настава.

**7. Оцена – дали приложениот ракопис е во согласност со наставната програма:**
Приложениот ракопис е во согласност со наставната програма на изборниот предмет физиологија на спиењето, предвидена за студентите на медицина и за студентите на високите школи на Медицинскиот факултет. Содржината на ракописот кој се однесува на теоретската настава од овој изборен предмет соодветствува со содржината како и со обемот на предметот од оваа наставна програма.

**8. Време и акт на назначување на резензентите:**

Рецензентската комисија за овој учебник во состав: проф. д-р Весна Пејоска Геразова и проф. д-р Сунчица Петровска е избрана на IX редовна седница на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, одржана на 30.5 2011година.

**9.Дали се работи за прво издание:**
Овој материјал претставува прво издание на учебникот по предметот физиологија на спиењето.

**10. Дали е објавен ист или сличен учебник на Факултетот (кога, автори)**
На Медицинскиот факултет досега не се објавени исти ниту слични учебници.

**11. Општи податоци за ракописот:**
**Содржина:**
Во првиот дел од учебникот „Физиологија на спиењето " опфатени се следниве содржини од физиолошки особености на спиењето:

- Вовед во физиологија на спиењето
- Историјат на спиењето
- Физиолошки механизми на мозокот при будност/спиење
- Состојба на спиење и видови спиење
- Невротрансмитери и спиење
- Ментална активност при спиење
- Циркадијален ритам на будност и спиење
- Влијание на одредени фактори и физиолошки состојби на спиењето
- Физиолошко значење на спиењето
- Функции на спиењето.

Во **вториот дел** од учебникот се опфатени нарушувањата на спиењето:

- Можни последици од нарушено спиење
- Нарушување на циркадијалниот ритам
- Инсомнија
- Хиперсомнија
- Нарколепсија
- Други нарушувања на спиењето

**Делови:**
Учебникот „Физиологија на спиењето" е составен од два дела:

- **првиот дел** се однесува на теоретскиот дел од наставата по истоимениот изборен предмет и опфаќа физиолошки особености на спиењето.
- **Вториот дел**, исто така, се однесува на теоретскиот дел од наставата и ги опфаќа нарушувањата на спиењето.

**Заглавија**

- **Во првиот дел од учебникот** „Физиологија на спиењето", назначени се следниве поглавја: Вовед во физиологија на спиењето; Историјат на спиењето; Физилошки механизми на мозокот при будност/спиење; Состојба на спиење и видови спиење; Невротрансмитери и спиење; Ментална активност при спиење; Циркадијален ритам на будност и спиење; Влијание на одредени фактори и физиолошки состојби на спиењето; Физиолошко значење на спиењето; Функции на спиењето.
- **Во вториот дел од учебникот** се назначени следниве поглавја: Можни последици од нарушено спиење; Нарушување на циркадијалниот ритам; Инсомнија; Хиперсомнија; Нарколепсија; Други нарушувања на спиењето.

**Број на страници:** Учебникот „Физиологија на спиењето" е напишан на 63 страници.

**Број на прилози :**
Во учебникот има вкупно 15 прилози, од кои: 13 слики, 2 табели.
Литературата е прикажана со 161 референца.

**Вид на прилози:**
Во учебникот „Физиологија на спиењето" се содржат слики кои одговараат на содржината на пишаниот материјал и табели во кои се прикажани податоците/параметрите за појаснување на пишаниот материјал.
Литературата е правилно цитирана според азбучен ред.

**12. Краток опис на содржината:**

Првиот дел од учебникот „Физиологија на спиењето" го сочинуваат 10 поглавја.
Во воведниот дел, т.е. **првото поглавје** на учебникот, даден е воведот во физиологијата на спиењето, физиолошките карактеристики на одделни органски системи при спиење и нивните ефекти врз функцијата на централниот нервен систем и други структури на телото.
Во **второто поглавје** е претставен историјатот на спиењето, за периодот од времето на старите Египќани, потоа даден е детално историјатот за првата половина од XX век и употребата на методите кои овозможиле значаен развој за расветлување на многу нејасни појави поврзани со спиењето. Во делот на историјатот за втората половина од XX век до денес претставени се истражувачи за состојбата на спиење од областа на хронобиологијата, неврохемијата, електрофизиологијата, неврофизиологијата, како и од областа медицината на нарушувања на спиењето. Во овој дел се опишани и патолошките состојби на спиењето, фармакологијата и новите дијагностички методи.
Физиолошките механизми на мозокот при будност/спиење се претставени во **третото поглавје**. Притоа претставени се анатомската градба и функцијата на лимбичниот систем, начинот на активација/инхибиција на мозокот: директна стимулација и нервнохормонска регулација на мозочната активност.
**Четвртото поглавје** ја опфаќа состојбата и видовите на спиење. Од теориите за спиење објаснета е пасивната теорија. Во останатиот дел на

истото поглавје објаснети се двете фази на спиење: фаза на спорубраново спиење и фаза на спиење со брзо движење на очните булбуси-РЕМ фаза, видови на мозочни бранови (алфа, бета, тета и делта).

**Петтото поглавје** се однесува на невротрансмитерите, нивната класификација, начин на дејство при состојба на будност и спиење. Посебно е опишана улогата на ацетилхолин, норадреналин, ГАБА, хистамин, допамин, глутамат, аспартат, нонапептид, серотонин, аденозин, простагландини и орексин, врз циклусот на будност/спиење.

Во **шестото поглавје**, на едноставен начин е објаснета менталната активност при спиење која се манифестира со сонување, консолидација на помнење и учење. Во ова поглавје е опишано сонувањето, како и теориите за сонување.

Циркадијалниот ритам на будност и спиење е обработен во **седмото поглавје**: хронобиологија, влијание на циклусот на светло/темно врз циркадијалниот ритам.

**Осмото поглавје** се однесува на влијанието на одредени фактори и физиолошки состојби врз спиењето. Посебно е претставено нивното влијание кај деца и кај возрасни, како и влијанието на предменструалниот период, дисменорејата, менструалниот циклус, бременоста и менопаузата врз спиењето. На едноставен начин е претставено и влијанието на одредени состојки во храната кои го индуцираат спиењето. Во истото поглавје е опишано влијанието на одредени надворешни фактори врз спиењето: бучава, температура.

**Во деветтото и десеттото поглавје** прикажани се физиолошкото значење и физиолошките функции на спиењето. Притоа авторите на едноставен начин ги претставуваат теориите: неврофизиолошки модел на сонување, модел на учење/запомнување, модел на заборавање, обновување и опоравување на телесни системи, чување на енергија, консолидирање на помнењето, заштита од предатори, развој на мозок и ослободување на чувства. Исто така се опишуваат НРЕМ и РЕМ, биохемиските, физиолошките, невролошките и психолошките функции на спиењето.

**Вториот дел** од учебникот , т.е. нарушувањата на спиењето го сочинуваат 6 поглавја.

Во **првото поглавје** се прикажани нарушувањата на спиењето (нарушувања на циркадијалниот ритам, активноста на петте невротрансмитери) и можните последици од нарушеното спиење.

Во **второто поглавје** погемелно се опишани нарушувањата на циркадијалниот ритам, како и дејството на надворешните( jet lag и дежурство на работа) и внатрешните фактори( синдром на одложено заспивање, синдром на рано заспивање, синдром на 24-часовна будност и нерегулиран ритам на будност). Исто така, во ова поглавје се опфатени карактеристики на jet lag и различитоста на симптомите на get lag во зависност од временската зона.

Инсомнијата, како еден од секојдневните проблеми на секој човек, се јасно објаснети во **третото поглавје** и при тоа се опишани повеќето симптоми кои се поврзани со несоницата. Понатака во поглавјето се обработува лекувањето на инсомнијата со посебен осврт на хигиената на спиењето.

**Четвртото поглавје** ја опфаќа проблематиката со хиперсомнија (примарна), која е спротивна на инсомнијата. Овде детално се објаснува поимот хиперсомнија, како и нејзиниот третман.
Нарколепсијата како невролошко нарушување е сликовито преставена во **петтото поглавје.** Појаснет е самиот поим нарколепсија, причините кои доведуваат до тоа, нарушувања кои настануваат во не-РЕМ и РЕМ-фазата, нејзината застапеност во човечката популација како и нејзиниот третман.
Во **шестото поглавје** се опфатени сите останати нарушувања на спиењето: сомнамбулизам, лулање во сон, зборување во сон, ноќен страв, ноќен кошмар, ноќни грчеви, синдром на немирни нозе. Во завршниот дел на поглавјето ни се претставени дијагностичките методи и лекувањето на овие нарушувања на спиењето.

**13. Предлози за потребни корекции**

Во материјалот нема потреба од поголеми корекции во квантитетот и квалитетот на содржината, начинот на уредувањето на текстот како и потреба од дополнување и/или исклучување на одделен текст.

**14. Категоризација (учебник или учебно помагало)**

Според тоа што целосно го опфаќа наставниот материјал согласно со студиската програма за студентите на медицина и студентите на високите школи при Медицинскиот факултет, овој материјал во ракопис треба да биде категоризиран во учебник по изборен предмет физиологија на спиењето за студентите на медицина и за студентите на високите школи.

**15. Општа педагошка оцена**

Прегледот на текстот покажува дека ракописот е правилно осмислен и во него систематски и едукативно се разработуваат наставните целини за изучување на изборниот предмет физиологија на спиењто, што се предвидени со наставниот план и програма на Медицинскиот факултет за студентите на медицина во IV семестар и за студентите на високите школи во II семестар.
Текстот е напишан концизно со јасен и лесно разбирлив јазик, а класификацијата на материјалот е современа и дидактички функционална. Овој текст е поддржан со фотографии и табели, што материјалот го прави полесно разбирлив за студентот.
Според тоа, општата педагошка оцена за овој учебник е дека наполно соодветствува за едукација на студентите од Медицинскиот факултет по изборниот предмет физиологија на спиењето.

**16. Заклучок со предлог за оправданоста за објавување**

Без оглед на тоа што во пишувањето учествуваат неколку автори, сите делови се на најдобар можен начин уконпонирани во единствена целина. Текстот содржи материјал што треба да послужи како учебник за студентите по медицина и за студентите на високите школи. По обемот и содржината тој во целост одговара на програмата на Медицинскиот факултет предвидена за изборниот предмет физиологија на спиењето.

Стилот на пишувањето е разбирлив и лесен за усвојување од страна на студентите за кои учебникот е наменет.
Според тоа, задоволство е да се биде рецензент на ваков учебник, кој ќе им овозможи на студентите по медицина и студентите на високите школи успешно изучување на изборниот предмет физиологија на спиењето.
Од сето горенаведено, мојот заклучок е дека овој учебник заслужува да биде позитивно рецензиран и затоа предлагам да биде објавен на Медицинскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" како „Физиологија на спиењето".

29.7.2011

**Рецензент**

Проф. д-р Весна Пејоска Геразова с.р.
ЈЗУУ Клиника за психијатрија
Медицински факултет - Скопје

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОПШТЕСТВЕНА И УМЕТНИЧКА КОНТЕКСТУАЛНОСТ НА ДВАЈЦА ЛИКОВИ (КОМПАРАТИВНА СТУДИЈА НА РОМАНИТЕ *НОЌТА СО МЕСЕЧИНА* ОД ИСМАИЛ КАДАРЕ И *ИЗГУБЕНАТА ЧЕСТ НА КАТАРИНА БЛУМ* ОД ХАЈНРИХ БЕЛ, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ВЈОЛЦА ДИБРА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје, на својата редовна седница одржана на 17.6. 2011 год., не избра за членови на Рецензентската комисија за оценка на докторската дисертација под наслов **Општествена и уметничка контекстуалност на двајца ликови (компаративна студија на романите *Ноќта со месечина* од Исмаил Кадаре и *Изгубената чест на Катарина Блум* од Хајнрих Бел,** изработена од м-р Вјолца Дибра. Рецензентската комисија изразувајќи ја својата благодарност кон Наставно-научниот совет на Факултетот за укажаната доверба, по разгледувањето на доставената докторска дисертација, го поднесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација **Општествена и уметничка контекстуалност на двајца ликови (компаративна студија на романите *Ноќта со месечина* од Исмаил Кадаре и *Изгубената чест на Катарина Блум* од Хајнрих Бел**, изработена од м-р Вјолца Дибра, опфаќа вкупно 147 страници интегрален текст, компониран од: Вовед, Цел на трудот, Методологија на трудот, I. Жанрови прашања, 1. Расказот, новелата и романот, 2. Историја на објавување на овие дела, 2.1. Преисторија и објавување на „Изгубената чест на Катерина Блум", 2.2. Преисторија и објавување на „Ноќ без месечина", 3. Нивната структура (форма и содржина) II. БЕЛ И КАДАРЕ, 1. Биографија, 1.1. Хајнрих Бел, 1.2. Хронологијата на животот и делото на Бел, 1.3. Исмаил Кадаре, 1.4. Хронологијата на животот и делото на Кадаре, 2. Нивното запознавање и средба, 3. Оценувањата и мислењата, III. ОПШТЕСТВЕНАТА И УМЕТНИЧКАТА КОНТЕКСТУАЛНОСТ, 1. Контекстуалната основа, 1.1. Парантеза, 2. Двата лика, 3. Времето и местото, 4. Културата и уметноста, 5. Општеството, системот и моралот, 6. Паралели надвор од координатите или парантеза II. IV. ДЕХЕРОИЗИРАНИТЕ ХЕРОИНИ, 1. Физичкиот и моралниот портрет, 2. Останати протагонисти, 3. Медиумите, истражувањето, судот и крајот, V. ЈАЗИКОТ И СТИЛОТ, 1. Наративни форми, 2. Обележување на јазикот, ЗАКЛУЧОК, THE CONCLUSION, ZUSAMMENFASSUNG, БИБЛИОГРАФИЈА, РЕЧЕНИЦИ, Други извори од интернет.

## АНАЛИЗА НА ДОКТОРСКАТА ТЕЗА

Во првиот дел, „Проблемот на жанрот", во три глави и во две поглавја, кандидатката со научни аргументи зборува за делата, кои видови личности ни ни доаѓаат, кои им се автори и какви предисторијати им се тие дела, кои им се контектуалностите од кои се здобиваат со живот тие личности, која им е структурата на формата и на соджината на овие дела и др.

Вториот дел на трудот носи наслов „Бел и Кадаре" и се состои од три глави и четири подглави. Во овој дел, кандидатката Дибра не соочува со авторите на делата кои ги има како објект за обработка. Таа прави краток пресек на биографските податоици на тие автори и тие дела осврнувајќи се на многуте автентични податоци кои претставуваат сеопшт интерес и за областа на историските книжевни студии. Изворните податоци се засноваат во пишаните документи и тие се јавни и доаѓаат, освен од био-библиографските, и од технологијата на најновите информации од интернет, блогови, виртуелни форуми, радио и телевизија. Особено, главата за запознавањето и средбата (на авторите) носи информации и нови податоци, необјавени и непознати за јавноста кои претставуваат еден придонес со интерес како на монографското така и на содржинското аналитичко толкување, како што кажува кандидатката, основајќи се на италијанскиот семиолог, научник и писател У. Еко.

Третиот дел на докторскиот труд, општествениот и уметнички контекст, има едно широко и длабоко простирање на темата - опит, набљудување и анализа на допирните и различни точки на овие личности. Тука опитот и наблудувањето се впуштаат во една вертикала која тежнее да ги декодира коцепциите, асосијациите, теоретските термини, разните апстрактни и конкретни поими на конкретниот живот, во случајов метафизичкиот живот на протагонистите, допирајќи го духовниот дел на тој живот како рефлексија и иманенција на дотичните автори. Со еден збор можеме да кажеме дека кандидатката Дибра ги има отворено портите за третирање на филозофијата на книжевноста, допирните точки кои го сообразуваат едно заедничко естетско книжевно ткиво.

Овој дел го сочинуваат шест глави и две подглави (подглавите кандидатката ги именува како парантези, бидејќи тие имаат предговорни секвенции за дотичните наредни глави). Мислиме дека токму тука таа претпочитува едно правилно толкување на темата тие да се занимаваат со суштинското на животот, уметноста, опшествените и историските допирни точки на двата народа, германскиот и албанскиот и нивното анамнестичко осветлување преку едно контекстуално толкување.

Кандидатката м-р Вјолца Дибра во овој дел се занимава со соочувањето на објективната реалност со фиктивната реалност, човечката структура и суперструктура, човековиот профил и неговиот метафизички изглед, позитивната и негативната страна на човековиот карактер. Нејзиното продлабочување во овој поглед се прави со едно психолошко проанализирање

до детали на разните политички и социолошки теми, при што протагонистите се обработуваат сестрано. Кандидатката максимално се ангажира, сестраните аналогии и паралели да се означуваат во двата разни менталитета, преку двата главни женски лика, при што се споредуваат сите нивни психолошки пориви и внатрешни енергии соочувајќи ги непредвидливите настани од нивните животи.

При тоа, кандидатката потпирајќи се на авансираните социо-културни состојби кај албанскиот и германскиот народ, ги анализира и ги соочува потврдените заклучоци во врска со моралот и неморалот на општеството и на личноста, не заборавајќи ја никогаш споредбата како главна цел на оваа студија, потврдувајќи си дека споредбената литература денес подразбира едно аналитичко соочување на разните книжевни феномени, интерлингвални и интеркулктурни, нивните интерферирања со страна на историските факти и аргументи, преку критиката и филозофијата се со цел книжевноста да биде во прв план како специфична функција.

Во овој контекст, кандидатката го простира интересот кон книжевниот домет – двата наши книжевни дејци, Кадаре и Бел. При тоа, таа пронаоѓа еден книжевен фонд кај книжевниот свет на Флобер, поточно кај многу познатиот лик на Ема Бовари. Во овој поглед, таа се согласува, а понекогаш и ги спротивставува како учители и истомисленици, не со мислењето како цитирање на таквите исти мисли туку со едно смело мислење да изгради лични мислења како што се да речеме, мислењата на Ц. Тодоров, за едно внатршно толкување на една споредбена контрастивна анализа како оваа на И. Кадаре и Х. Бел, во која, пред се се споредува смислата на делата.

Максималното сконцентрирање на нејзиниот труд, м-р Вјолца Дибра го достигнува во нејзиниот четврти дел, „Дехероизираните хероини“, кој е составен од три посебни глави. Тука таа го претставува во детали физичкиот и моралниот портрет на протагонистките, градејќи го нивниот внатрешен духовен изглед и пронаоѓајќи им ги сличностите. Сличностите, според кандидатката Дибра, се коинцидентални и се продукт на конкретните природни околности, а никогаш како влијанија или, пак, имитирање.

Оксиморонската позиција на оваа синтагма – дехероизирани хероини, според кандидатката, всушност добива нова семантика. Во почетокот, во теоретскиот книжевен план, и формално Катерина и Маријана се протагонистки на дотичните романи, а потоа, во суштинската граѓанска смисла на зборот, тие се претставуваат како дехероизирани, разоткриени од атрибутите на социјалните, естетските и етичките карактеристики, и трето, тие во очите на кандидатката се ресемантизираат, анализирајќи им го нивниот профанитет како квалитет кој се воздигнува врз конвенционализмот и врз општествениот конформизам, кои кај двата автора како да се слични.

На оваа анализа и подлегнуваат и анализата и на другите ликови во романот, кој претставува таканаречен општествен слој, кој, пак, во својата целина ги подразбира државата и државниот механизам со сите свои елементи – медиумите, прогонството, судовите и др.

Следејќи го овој дискурс и принцип, кандидатката зборубајќи за (не)стеќата на нејзините хероини, ќе рече: „Тука се доаѓа до крајот на дејствувањето на хероините. Тие ги извршија нивните работи, ги затворија нивните задачи во сцената на ужасот и на апсурдот, им дадоа крај на нивните маки и несреќи, ја возвратија изгубената чест и достоинство".

До таа потврда, кандидатката м-р Дибра ќе стаса по консумирањето на сите детали на психолошките и социјалните елементи на драмите на овие протагонистки за да се наоѓа во епилогот, кадешто таа логично ќе го потврди тоа.

На краот на докторскиот труд, кандидатката се занимава со интерпретацијата, стилот и јазикот (како завршница на внатрешниот дел на таа работна задача која претставува еден вид рекапитулација) кои ти ги именува како посебни задачи насловени „Наративни форми" и „Олицетворение на јазикот".

Во содржината на тие завршни дела на трудот се обработува структурата на овие два романа, синтактичките форми на изразувањата, фигуративните изразувања на авторите, елементите на еден интертектуален домен на нивните значења. Од овој дел, земајќи ги предвид значајните дострели на светските реномирани научници како што се Јуриј Лотман, Михаил Бахтин, Умберто Еко, Џонатан Калер и др., кандидатката м-р Дибра прави интерпретација на структурата на текстовите на Исмаил Кадаре и на Хајнрих Бел и изведува различни значења, го чита, да кажеме, нечитливото во нивните текстови, токму во таа наративна смисла, на јавноста и го прави достапно тоа што е супстанцијално во оригиналниот корпус на овие современи светски писатели.

Се гледа дека кандидатката во овој дел од нејзиниот труд, ги отвора дихотомиите на контекстуалното образложување и аргументираната книжевна подлога на нејзиниот труд, и со тоа се здобива со целосна ориентација да ги согледа овие два романа со цел да направи еден поширок опит на оваа многу чувствителна тема – злоупотребувањето на жените во контекст на политичките цели. Со оваа широка споредба на две хероини, кандидатката како да сака да заклучи дека кога е во прашање женскиот пол, нејзиното политичко испреплетување и злоупотрбувањето малку се разликува. Омаловажувањето и потчинувањето се прават на најлесниот начин, угнетувајќи го посилниот пол послабиот, и тоа пред се од морален аспект. Цели институции и општествени класи во историјата го повторуваат истото, посебностите и се оставаат на одредената општествена заедница, на одредениот јазик. Кандидатката ги повторува и ги потврдува овие констатации преку анализата и споредбата

преку дотичите лика и дотичните литератури на дотичните реномирани писатели.

Во крајните констатации на овој научен труд, кандидатката м-р Дибра нив ги споредува во шест глави од кои повеќето се аргументирани при нејзините перцепции, па затоа сметаме дека тие се точни, правилно распоредени и имаат научна подлога.

На краот од докторската теза, кандидатката презентира една широка библиографија распоредувајќи ја на примарна литература, во која се однесува на главните биобиблиографски единици на двата писатела, потоа се разните теоретски научни споредбени светски автори, книги и статии, како и разни други извори како што се разните речници и алманаси, извори од интернет и др.

## МИСЛЕЊЕ И ЗАКЛУЧОК НА КОМИСИЈАТА

По прегледувањето на оваа научна студија (допирните и различните точки на двата лика, на Маријана и Катарина, на двата реномирани писатела, Исмаил Кадаре и Хајрих Бел) од кандидатката м-р Вјолца Дибра, можеме да заклучиме дека таа покажува голем интерес за целосно испитување, анализирање и научно аргументирање на материјата која ја обработува, селектирајќи и давајќи целосни податоци за нив, со што ние како комисија веќе можеме целосно да цениме и вреднуваме.

Ни даде доволни податоци дека таа знае да навлезе во структурата и во сржта на книжевниот текст, особено во основниот текст, па затоа покрај директниот текст на писателите, можеме да ѕирнеме, да согледаме и да вреднуваме некои интересни сознанија и согледувања и за метатекстот на објектот кој кандидатката го третира.

Притоа, ние можеме да цениме дека таа успева да навлезе во сржта на темата обработувајќи го објектот што го третира, со едно доволно совладување и со една завидна ерудиција која се гледа и произлегува од разните проблеми од областа на литературата, особено компаративната литература.

Цениме дека таа освен примарната литература, ригорозно и посветила внимание на секундарната литература избирајќи си за нејзините тези, вистинските и точни делови (одломки, фрагменти од таа литература), не оптоварувајќи го својот пишуван текст со непотребни податоци и цитати, карактеристични денес во разните денешни мегаломански докторски тези кои не значат ништо за нашата научна книжевна критика.

Референцијалноста кандидатката ја изведува со означена фуснота во одредена страница, неретко вметнувајќи си лично мислење придружено во загради со авторов текст кој објаснува, не оставајќи притоа никаква дилема кај третиот актант (кај читателот) при интерпретирањето;

Како и во нејзиниот магистерски труд кој се занимава со нашето современие преку поетиката на модерното пишување на Антон Пашку, еден од врвните албански прозаисти, и тука во оваа расправија, кандидатката покажува посебен интерес за феноменот на човековата самотија и успешно знае да одгатне многу нус-продукти на тие придружни болести на денешнината, и тоа таа ги објаснува со еден хетменаутичен пристап, а тоа се гледа во неможноста другиот да помогне (тука ни на ум миговите кога Катерина односно Маријана се борат со себеси во неможноста да имаат помош од опшеството).

Стилот на пишувањето во овој труд ги надминува обичните академски пишувања, појавувајќи емоционални поскоци, карактеристични и за светот на нејзините омилени хероини, придружени со еден есеистички стил, кој, пак, не го пречекорува стандардниот научен испитувачки стил на докторската теза.

По сето ова кажано погоре, можеме да заклучиме дека кандидатката м-р Вјолца Дибра многу успешно одговорила на поставената задача – осветлување на допирните и различните точки на два современи европски и светски писатела, албанскиот писател Исмаил Кадаре и германскиот писател Хајнрих Бел, преку нивните хероини Маријана и Катерина. При тоа таа ни дава научна слика на овие зближувања и разлики, гледано во сите сегменти на нејзиното истражување, па затоа нејзиниот научен труд дава одговор на оваа интерференција во склоп на нашето современие. Па затоа, со **оглед на претходно изнесеното мислење во врска со докторскиот труд под наслов: „Општествена и уметничка контекстуалност на двајца ликови (компаративна студија на романите *Ноќта со месечина* од Исмаил Кадаре и *Изгубената чест на Катарина Блум* од Хајнрих Бел", ни претставува чест на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет *Блаже Конески* во Скопје да му предложиме да го прифати нашиот извештај и кандидатката м-р Вјолца Дибра да ја повика на ОДБРАНА на својот докторски труд.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

1. Д-р Нехас Сопај, редовен професор,с.р.

2. Д-р Петер Рау, редовен професор,с.р.

3.Д-р Зекирја Незири, редовен професор,с.р.

4. Д-р Мирлинда Крифца, вонреден професор,с.р.

5. Д-р Агим Лека, доцент,с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА ПОЛИТИЧКИТЕ НАУКИ НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊАВО СКОПЈЕ

Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, на седницата одржана на 23.6.2011 година, донесе одлука за формирање Комисија по објавен конкурс за избор на помлад асистент од научното поле политички науки, во состав: проф. д-р Лидија Христова, проф. д-р Наташа Габер Дамјановска и проф. д-р Петар Атанасов. Научниот совет ја формираше Комисијата врз основа на член 42 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и член 44 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во состав на Универзитетот. Согласно со процедурата и утврдената постапка, Комисијата го поднесува следниов

Извештај

На конкурсот објавен на 19.4.2011 година во дневните весници Време и Коха, а согласно со член 122 од Законот за високото образование и член 19 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", се пријавија 5 (пет) кандидати. Комисијата на својот прв состанок ја прими целокупната документација по објавениот конкурс од страна на директорот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања. Комисијата ги разгледа доставените документи на пријавените кандидати за избор во звањето помлад асистент од научното поле и област политички науки. Комисијата констатира дека од пријавените 5 кандидати, само двајца ги исполнуваат условите според објавениот конкурс:

1. Дијана Стојановиќ Ѓорѓевиќ - ги исполнува условите
2. Бојана Наумовска – ги исполнува условите
3. Елеонора Стојкова - не ги исполнува условите (магистер по социологија)
4. Александра Миновска – не ги исполнува условите (магистер по социјална работа и социјална политика)
5. Мартин Николиќ – не ги исполнува условите - веќе е избран во повисоко звање (асистент) на друг универзитет, а Законот за високото образование не регулира избор во пониско звање, туку само во соодветно и/или повисоко звање.

Комисијата на својот втор состанок продолжи со разгледување на поднесената документација од страна на кандидатите кои ги исполнуваат условите за избор во соработничко звање-помлад асистент од научното поле и област политички науки. Според приложените документи, даваме кус осврт за следните кандидати:

1. Дијана Стојановиќ Ѓорѓевиќ

Биографски податоци

Родена е во Скопје, 1983 година. Во 2005 година дипломирала политички науки на Правниот факултет „Јустинијан Први" на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", на групата за јавно мислење и масовни комуникации со просек 8,9. Магистрирала со просечна оценка 9,78 на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во 2008 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", на тема „Политиколошка анализа на политичката партиципација на жените во законодавниот дом во Република Македонија: 1991-2007". Има пријавено докторски труд на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", на тема „Интегрирање на родовиот аспект во изборните кампањи како еден од условите за поголема застапеност на жените во политиката во Република Македонија". Веќе подолго време е ангажирана како асистент на директорот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања и извршувала повеќе работни задачи. Во моментов е координатор на проект финансиран од УНДП.

Објавени стручни и научни трудови:

- „Југоисточно-европската иницијатива за соработка – СЕЦИ", коавторски труд објавен во „Политичка мисла" – Списание за политички и социјални теми, бр. 13 март 2006. стр.77-81;
- „Потребата од активно вклучување на жените во политиката како предуслов за демократизирање на македонското општество на пат кон ЕУ", објавен во Зборник од научниот собир „Република Македонија на патот кон НАТО и ЕУ – состојби и перспективи", организиран од ФОН и ИСППИ, Скопје, 2007, стр.335-345;
- „Афирмативната акција – механизам за интегрирање на родовиот аспект во политиката и постигнување на родова рамноправност", труд објавен во Годишникот на ИСППИ во 2007, стр.154-167;
- „Улогата на жената во општеството и политиката низ призмата за православието и исламот", труд објавен во „Политичка мисла" - списание за политички и социјални теми, бр. 21 март 2008, стр.45-51;
- „Улогата на невладиниот сектор во борбата за постигнување и надминување на фамозните 30%", труд објавен во Зборник од научниот собир „Социо-културни аспекти на евроинтеграцијата", организиран од Здружението „Мариовско-мегленски културни средби", Прилеп, 2008, стр.221-229;
- „Успешен јавен говор на жена кандидат – чекор поблиску до изборна победа", труд објавен во „Политичка мисла" - списание за политички и социјални теми, бр. 25 март 2009, стр.33-42;

- „Влијанието на пропагандата во тоталитарните системи", труд објавен во Годишникот на ИСППИ во 2008, стр.199-210;

- „Анализа на парламентарните избори во Република Македонија низ призмата на изборните модели", труд објавен во Годишникот на ИСППИ во 2009, стр.151-168;

- „Влијанието на изборниот систем и употребата на квоти врз праведната застапеност на жените во политиката", труд презентиран на научната конференција „Претставување и одговорност – отворени или затворени кандидатски листи?", организирана од Националниот демократски институт за меѓународни односи во Скопје, 2010;

- „Влијанието на културата врз начинот на формирање на јавното мислење", труд презентиран на меѓународниот научен собир "Culture and Music", организиран од ИСППИ и ИРАМ во Скопје, 2011;

- „Политичка партиципација на жените во Законодавниот дом на Република Македонија", студија во процес на објавување од страна на ИСППИ, Скопје;

- прифатен коавторски труд за научната конференција „Безбедноста на постконфликтниот Западен Балкан, транзицијата и предизвиците на Република Македонија", во организација на Факултетот за безбедност при Универзитетот „Св. Климет Охридски" во Битола, на тема „Влијанието на политичките партии во насока на разгорување или смирување на меѓуетничките конфликти (студија на случај Кале, 13.2.1011)".

Оцена на научните остварувања

Кандидатката досега има објавено 10 научни и стручни трудови и два прифатени за објавување. Во трудовите покажува интерес за научна работа во областа на родовите аспекти во политиката и улогата на жената и нејзината рамноправна застапеност во општеството. Исто така, кандидатката има познавање и добро се служи со англискиот јазик.

2. Бојана Наумовска

Биографски податоци

Родена е во Скопје 1983 година. Во 2005 година дипломирала политички науки на Правниот факултет „Јустинијан Први" на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", на групата за јавно мислење и масовни комуникации со просек 8,2. Магистрирала со просечна оценка 9,78 на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во 2008 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", на тема „Политичка анализа на процесот на воведување на религиското образование во основните училишта во Република

Македонија". Има пријавено докторски труд на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" на тема „Влијанието на изборните модели врз помалите политички партии во Република Македонија" и е формирана комисија за оцена и одбрана. Во моментов е ангажирана како асистент на директорот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања и извршува повеќе работни задачи и учествува во водење на постдипломската настава по комуникации и социологија.

Објавени стручни и научни трудови:

- „Религиското образование во земјите од Европската унија и во Македонија на патот кон неа", објавен во Зборник на трудови од конференцијата „Република Македонија на патот кон Европа - состојби и перспективи", организирана од Универзитетот ФОН и Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, 2007, стр.323-331;

- „Изборните системи во Р. Македонија и малите политички партии во нив", објавен во Годишникот за 2007 на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, стр.189-202;

- „Невладиниот сектор во процесот на воведувањето на веронауката", објавен во Зборник од меѓународниот научен собир на тема: „Социо-културни аспекти на евроинтеграцијата", Прилеп, 2009, стр.311-317;

- „Ставовите на политичките партии за воведувањето на религиското образование", објавен во Годишникот за 2009 на ИСППИ, стр.261-271;

- „Малите партии според изборното законодавство во Република Македонија", објавен во Годишникот за 2010 на ИСППИ, стр.169-181;

- „Малите партии како резултат од различните култури (студии на случај Германија, Хрватска и Македонија)", труд презентиран на меѓународниот научен собир "Culture and Music", организиран од ИСППИ и ИРАМ во Скопје, 2011;

- „Религиското образование во македонскиот едукативен систем", објавен во Просветен работник јануари 2007;

- прифатен коавторски труд за научната конференција „Безбедноста на постконфликтниот Западен Балкан, транзицијата и предизвиците на Република Македонија", во организација на Факултетот за безбедност при Универзитетот „Св. Климет

Охридски“ во Битола, на тема „Влијанието на политичките партии во насока на разгорување или смирување на меѓуетничките конфликти (студија на случај Кале, 13.2.1011)“;

Оцена на научните остварувања

Кандидатката досега има објавено 7 научни и стручни трудови и еден прифатен за објавување. Во трудовите покажува интерес за научна работа во областа на религиското образование, малите политички и етнички партии и изборните системи. Исто така, кандидатката има познавање и добро се служи со англискиот јазик.

Со кандидатите беше остварено и интервју и тестирање за познавање на англиски јазик како што е наведено во објавениот конкурс.

Заклучок и предлог за избор

Комисијата ги спроведе сите процедури за ова соработничко звање согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Комисијата има мислење дека двете кандидатки имаат слични научни постигнувања, дека објавените трудови ги рефлектираат нивните досегашни научни интереси и дека имаат исто ниво на познавање на англискиот јазик. Мислење на Комисијата е дека двете кандидатки целосно ги исполнуваат условите за избор во соработничко звање. Сепак, Комисијата со мнозинство гласови одлучи да ѝ даде предност на Бојана Наумовска поради нејзиното поголемо искуство и успешно асистирање во процесот на наставата на постдипломските студии на Институтот и во таа смисла му предлага на Научниот совет во соработничко звање-помлад асистент да биде избрана Бојана Наумовска.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Лидија Христова с.р.
Проф. д-р Наташа Габер Дамјановска с.р.
Проф. д-р Петар Атанасов с.р.

До:

Научниот совет на Институтот за социолошки и

политичко-правни истражувања во Скопје

ИЗДВОЕНО МИСЛЕЊЕ

во врска со одлуката донесена од страна на Комисијата за избор по повод објавениот конкурс за избор на помлад асистент од научното поле политички науки

Почитувани,

Со оглед на тоа дека и јас сум член на Комисијата за избор на помлад асистент од научното поле политички науки, со својот даден потпис во рефератот ја верификував веродостојноста на донесената одлука.

Сепак, чуствувам потреба да го искажам својот став кој е различен од предлогот даден од Комисијата. Имено, сметам дека двете кандидатки – Бојана Наумовска и Дијана Стојановиќ-Ѓорѓевиќ пред сѐ имаат приближно еднакво работно искуство, формални квалификации и растеж во научното изградување, како и познавање на англискиот јазик. Но, од друга страна, особено земајќи ги предвид условите за избор кои се децидно наведени во конкурсот, сметам дека кандидатката Дијана Стојановиќ-Ѓорѓевиќ би требала да има предност. Овој мој став го темелам на фактот што таа во својата биографија има повеќе пишани трудови од противкандидатката, покажува изразен интерес и склоност за истражувачка работа, но и – што е посебен квалитет – поседува лична мотивираност за општествена ангажирана активност која е комбинирана и со нејзиниот научен афинитет. Од овие наведени причини, сметам дека предност треба да ѝ се даде на Дијана Стојановиќ-Ѓорѓевиќ.

Истовремено изразувам жалење што Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања не е во состојба да прими поголем број на млади кадри какви што се обете кандидатки.

Со почит.

Проф.д-р Наташа Габер-Дамјановска с.р.

Скопје, 25.8.2011 година

# РЕЦЕНЗИЈА

на докторската дисертација

## „ НАПРЕДНИ ТЕХНИКИ ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ ДИГИТАЛНИ МАМОГРАФСКИ СЛИКИ “

изработена од м-р Азир Алиу, пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје

Со одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје бр. 07-3797/14 од 15.06.2011 година, донесена на седницата на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет одржана на 02.06.2011 година, а врз основа на предлогот на Институтот за информатика при Факултетот (бр. 07-3797/11 од 17.05.2011 год.), избрани сме за членови на Рецензентската комисија за оцена и одбрана на докторскиот труд НАПРЕДНИ ТЕХНИКИ ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ ДИГИТАЛНИ МАМОГРАФСКИ СЛИКИ, изработен од м-р Азир Алиу, магистер на електротехника.

Комисијата во состав: д-р Маргита Кон-Поповска (ментор), редовен професор на ПМФ - Скопје, д-р Ана Мадевска-Богданова, вонреден професор на ПМФ - Скопје (коментор), д-р Стојан Марков, редовен професор на Институтот за информациски и коминикациски технологии на Бугарската академија на науките, Софија, Р. Бугарија, д-р Катерина Здравкова, редовен професор на ПМФ - Скопје, д-р Светлана Антевска-Грујовска, редовен професор на Медицински факултет, Универзитетска клиника за радиологија-Скопје и д-р Жанета Попеска (резервен член), редовен професор на ПМФ - Скопје, по прегледувањето на доставениот научен труд има чест до Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот совет на ПМФ да го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторскиот труд под наслов НАПРЕДНИ ТЕХНИКИ ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ ДИГИТАЛНИ МАМОГРАФСКИ СЛИКИ е напишан на 181 страница со единечен проред во Б5 формат и содржи вкупно 27 слики и графикони, 10 табели и литература од 127 библиографски единици. Тој се состои од воведен дел и следниве 6 поглавја: дигитална мамографија, преглед на тековни истражувања, машини со поддржувачки вектори, ICAD-систем за дигитална мамографија, нов пристап, резултати и општ заклучок и понатамошна работа. Во дисертацијата се приложени и резиме на македонски и англиски јазик, листа на слики, листа на табели, додаток, листа на акроними и референци.

### Научна област на трудот

Докторскиот труд на кандидатот м-р Азир Алиу обработува материја од областа на анализата на мултирезолуциски слики, процесирање и препознавање на облици на слики и нивна класификација. Проблематиката која се разгледува во дисертацијата е дијагностицирањето на канцер на дојка, со примена на напредни техники од погоре наведените области во решавање на дијагностички проблеми во медицината, поконкретно автоматско детектирање на регии со патолошка структура присутни кај дигиталните мамографски слики и креирање на компјутерски поддржан дијагностички систем (CAD).

Препознавањето облици е дел од научната дисциплина машинско учење и пошироко, дел од вештачката интелигенција. Главната идеја на машинското учење е можноста за стекнување на знаења базирани на искуство или податоци (множество на објекти, облици) без притоа да се води сметка за внатрешниот механизам на процесирање на тие податоци. Првиот алгоритам за препознавање облици е предложен во 1936 од страна на R. A. Fisher, а неколку години подоцна F. Rosenblatt го воведе линеарниот класификатор наречен перцептрон, кој во суштина претставува наједноставен облик на невронска мрежа. Во 1974 од страна на Vladimir Vapnik и Alexey Chervonenkis се воведува нова област наречена статистичка теорија на учење (анг. Statistical Learning Theory - SSL). Главната цел на SSL е обезбедување рамка за проучување на проблемот на донесување заклучоци (излез на моделот) стекнати врз знаења, донесување на одлуки или изградба на модели. Заради големиот број на карактеристики и сложеноста при решавање на системи од реална природа,

авторите воведуваат нов метод наречен Structural Risk Minimization - SRM кој има индуктивен принцип за избор на модел што учи, базиран врз искуството од конечен број на добро дефинирани множества за обучување.

Машините со поддржувачки вектори (анг. SVM) блиску до нивната сегашна форма првпат беа претставени во 1992 година на конференцијата Computational Learning Theory (COLT). Оттогаш областа на поддржувачките векторски машини доживеа брз развој а исто така и нивната примена речиси во сите научни области. Методите кои се користат за класификација на објекти базирани на SVM можат да бидат: надгледувани и ненадгледувани методи за учење. Надгледуваното учење подразбира обезбедено претходно класифицирано множество за обучување, додека кај ненадгледуваното учење дефинираните процедури се обидуваат да најдат внатрешни облици во податоците, кои определуваат класи. Комбинацијата на двата пристапа се вика семинадгледувано учење. Според карактеристиките на одделивост (сеперабилност), класите се поделени во три групи: линеарно сеперабилни, линеарно несеперабилни и нелинеарно несеперабилни класи. Првата група е наједноставна за класификација бидејќи лесно се наоѓа хиперрамнина помеѓу класите. Сепак, во реалниот свет се соочуваме со класи од втората и третата група. За решавање на овие проблеми во областа на вештачката интелигенција, како алгоритми со најдобри перформанси од низа автори истакнати се машините со поддржувачки вектори. Со напредните технологии на машинското учење базирани на SVM, денес можат да се решаваат сложени проблеми кои преку традиционалните методи и технологии порано не можеа да се решаваат. Денес, моделите на SVM се интегрален дел на повеќе системи за донесување на одлуки. Областа на препознавање на облици е многу важен фактор и во медицината. Така имаме системи коишто имаат интегрирани апликации за препознавање на облиците наменети за дијагностички цели, зголемување на бројот на откриени заболувања и слично.

Проблемот кој се истражува во докторската дисертација е дијагностицирање на патолошки структури кај мамографска слика. Мамографијата е најсигурен, неинвазивен, рентгенски метод за преглед на дојката, кај која се користи специјално граден рентгенски апарат (мамограф). Апаратот содржи посебно конструирана рентгенска цевка што емитува зраци со мала енергија (приближно 20kV). Мамографската слика разликува две основни нормални (непатолошки) ткива. Едното е мешавина на две компоненти (стромални и епителни ткива) кои се јавуваат како светли делови на сликата, додека другото е масното ткиво што се јавува како темен дел од сликата. Од прегледот на еден пациент се добиваат четири мамографски слики, и тоа две профилни и две краниокаудални мамографски слики. Мамографијата се користи за две цели: дијагностички и скрининг мамографија. Скрининг мамографијата е превентивен начин за откривање на канцер на дојка во неговата рана фаза и и соодветно, негово рано лечење. Потребата за намалување на зрачењето и зголемување на квалитетот на сликата од една страна и подобрување на дијагностичката точност од другата страна, ја наметна потребата од воведување различни технологии за откривање на оваа болест. Кај дигиталната мамографија, филмот е заменет со дигитални сензори без притоа да има потреба од аналогни филмови. Мамографот произведува дигитална слика која притоа се префрлува на компјутер за анализа и складирање. Главниот придонес на дигиталната мамографија е пониската доза на зрачење кај пациентите и можноста за аплицирање на софтверски алатки за процесирање, анализа и автоматско откривање и интерпретација на патолошките структури кај дигиталната мамографска слика. Поради тоа, таа денес е една од најупотребуваните техники за откривање на канцер на дојка во рана фаза.

Во областа на препознавањето на облиците, мамографската слика се смета како еден од најсложените проблеми за решававање, и тоа поради големината на сликата, бројот на мамографски слики по пациент (четири по две за секоја дојка во CC и MLO-проекции), како и структурата на патолошките региони кои се многу слични со непатолошката околина која ги опкружува. Со вакви тешкотии при читањето на мамографските слики и идентификување на патолошките региони по нивната форма, големина и изглед се соочуваат и стручните лица (радиолози), со што откривањето на болеста во рана фаза се отежнува. Денес кога во светски рамки се почесто се зборува за канцерогени заболувања, а бројот на заболени од оваа болест исто така, рапидно расте, раното откривање на заболувањето е од примарен интерес со цел да се овозможи нивна навремена медицинска терапија и лечење. Според статистичките податоци, во Република Македонија, бројот на заболени од карцином на дојка секоја година расте. Според статистичките податоци на Светската здравствена организација,

кај една од осум (12%) жени се развива инвазивен канцер на дојка во текот на животот. Во овој контекст, во светски размери се повеќе се вложуваат напори за вклучување на ИТ-технологијата за навремено детектирање на болеста, егзаминација и планирање на терапија. Со воведување на CAD-системите во радиологијата како второ мислење при читање на сликите, резултатите покажуваат зголемување на бројот на откриени канцери на дојка во рана фаза.

Општата архитектура на CAD-системите опфаќаат три основни фази: претпроцесирање, одделување на карактеристиките и класификација. Претпроцесирањето и одделувањето на карактеристики пак опфаќаат низа методи и техники како што се различни филтрирања, вејвлет трансформации, фрактално моделирање, статистики и многу други. Тие даваат добри резултати само за одредени патолошки структури, додека за други имаат или помала вредност на сензитивност и специфичност или воопшто не ги препознаваат. Поради тоа, со голема одговорност, научниците и интересните групи работат за подобрување и понатамошен развој на CAD-системите се до нивна целосна автоматизација.

Цел на докторската дисертација е креирање на сопствен систем за автоматско препознавање на патолошки региони од мамографската слика со подобра прецизност во однос на постојните.

## Приказ на докторскиот труд

Првата глава под наслов „Вовед" е презентирана на 8 страници. Во неа е даден краток вовед за проблемите кои ги обработува оваа докторска дисертација, преглед на отворените проблеми на CAD-системите, мотивација на авторот за избор на темата како и целта на докторската дисертација. Понатаму, авторот дава значење на прецизноста при автоматско издвојување на карактеристики, нивна анализа и препознавање на патолошки структури. Целта на одделување на референтни карактеристики е намалувањето на лажно позитивни, односно лажно негативни наоди од страна на CAD-системите, кои подоцна можат да бидат фатални за пациентите. Воведот завршува со опис на структурата на преостанатиот дел од докторската дисертација и набројување на резултатите кои авторот ги смета за придонеси кон областа на препознавање на патолошки облици кај дигиталната мамографска слика.

Втората глава под наслов „Дигитална мамографија"е презентирана на 24 страници и содржи 7 слики. Во оваа глава прво се дефинирани основните елементи на дигиталната мамографија и објаснета е мамографската слика. Дефинирани и објаснети се процедурата за испитување на туморите, анатомската градба на дојката, а на крајот се опишани патолошките структури кои можат да се појават кај мамографските слики. Во продолжение се дадени статистичките податоци за присуство на канцер на дојка преземени од Светската здравствена органзизција и од BI-RADS атлас (Breast Imaging Reporting and Data System Atlas) наменети за мамографија и мамографски слики, кои укажуваат на потребата од автоматизација на процесот на откривање на канцерогени структури особено при масовни превентивни прегледи на населението. На крајот од главата е објаснета целокупната работа на FFDM (Full Field Digital Mammography), како и детали за компјутерски поддржана дијагноза (CAD). Исто така, во оваа глава е дефиниран протоколот на однесување на стручните лица (радиолозите) при користење на CAD-от како алатка во секојдневната дијагностичка работа. За да се обезбеди проценка на перформансите на CAD-системот, одредени се параметрите за сензитивност, специфичност, лажно негативни и лажно позитивни наоди, со што преку овие параметри се проценува одржувањето и подобрување на перформансите на системот. За анализа на перформансите на развиениот ICAD-(интелигентен CAD) систем и неговата споредба со други постојни системи за дијагноза, користени се ROC и FROC методите за анализа и оценување на перформансите.

Третата глава е насловена како „Преглед на тековните истражувања", дадена е на 10 страници, со 3 табели. Во неа е даден осврт врз денес најкористените техники и методи од областа на препознавањето на облиците. Еден дел од методите кои се оценети како најдобри методи за испитување на медицинските слики се користени или модифицирани од страна на авторот во текот на истражувањата поврзани со дисертацијата. Методите и техниките во табелите се систематизирани во категории, за секоја категорија се наброени одделни техники и методи, даден е нивен краток опис, а во одредени случаи и целта на користење. Првин е објаснета општата архитектура на CAD-системите и нејзините фази. За првата фаза, фаза на

претпроцесирање е дадена табела со методите и техниките за подобрување на мамографските слики. За втората фаза, дадена е табела со методите и техниките за сегментација на слика. Во третата табела се дадени методите и техниките за одделување на особини кај мамографска слика и опис за секоја од техниките.

Четвртата глава под наслов „Машини со поддржувачки вектори“ (SVM) е претставена е на 21 страница, содржи 5 слики и 44 формули. Во оваа глава е даден краток опис на SVM, како збир на методологии за надгледувано и ненадгледувано машинско учење, со подетално опишана теориска основа. За решавање на проблемот со примена на линеарно несеперабилните податоци, влезните податоци на векторските машини се мапираат во повеќедимензионален простор, со што несепарабилните податоци стануваат линеарно сепарабилни. Најважното прашање тука е изборот на соодветна кернел функција на трансформација. Авторот како можни избори за кернел функција ги посочува Гаусовата функција, полиномната функција, хиперболичната тангента и спарс функцијата.

Во главите 5 и 6 авторот ги посочува најпогодните кернел функции кои се користени од страна на векторските машини за препознавање медицински слики, и за нив има наведено резултати и споредби. Петтата глава под наслов „ICAD-систем за дигитална мамографија, нов пристап“ преставена е на 56 страници, содржи 12 слики и 37 формули. Во оваа глава е даден авторскиот придонес кон подобрување и збогатување на компјутерски поддржаната дијагноза за автоматско одделување на карактеристиките кај мамографските слики. Дефинирана е нова архитектура на интелигентен CAD-систем (ICAD) за класификација на патолошките структури од една мамографска слика. Постапката за градење на новиот систем за мамографски слики започна со анализа и споредба на постојните CAD-системи и нивниот пристап кон проблематиката, како и параметрите кои влијаат на оптималноста на системот. Исто така, во текот на својот шестмесечен стручен престој на Институтот за радиологија при Клиничкиот центар во Скопје, авторот се запознал детално со анализата на проколот на читање и испитување на мамографските слики и тестирање на ICAD-системот.

Во првиот дел од оваа глава дадена е општата шема на ICAD-системот и објаснети се генерално сите фази на системот почнувајќи од описот на влезната слика и нејзините карактеристики, потоа фазата на претпроцесирање, фазата на одделување на карактеристиките и фазата на класификација. За фазата на претпроцесирање на сликата, даден е краток опис на најупотребуваните техники за оваа фаза и истакната е важноста на оваа фаза за намалување на временската комплексност на CAD-системите воопшто. Детално се објаснети техниките применети во оваа фаза кај ICAD-системот. За разлика од повеќето постојни CAD-системи, влезните слики за ICAD-системот се четири, по две за левата и десната дојка во CC и MLO-проекции, со што значително се зголемува сензитивноста во споредба со постојните системи кои процесираат само по една проекција. Во првата потфаза на фазата за претпроцесирање (отстранување на артефакти), кај двете проекции се применува Haar вејвлет трансформацијата во стандардната верзија за декомпозиција. За добивање на стандардна декомпозиција прво се применува еднодимензионална вејвлет трансформација за секој сликовен елемент (пиксел) за секоја редица од сликата. Над добиената трансформирана слика се применува еднодимензионална вејвлет трансформација за секоја колона. Од добиената матрица, сите коефициенти кои отстапуваат од соседните се сметаат за нерелевантни артефакти и се отстрануваат. Во втората потфаза, кај системот каде влезна слика е MLO-проекцијата се утврдува ориентацијата на мамографската слика, како лева или десна со цел да се отстранат сенките од пекторалниот мускул во наредната потфаза. За влезните слики во CC-проекцијата оваа фаза не е потребна. По утврдувањето на ориентацијата на сликата од неа се отстранува пекторалниот мускул. Даден е оригинален метод на авторот за отстранување на пекторалниот мускул, при што сегментацијата на регионот се врши според границите на текстурата на сликата.

Во делот со поднаслов „Автоматско одделување на карактеристики” набroени се и опишани сите карактеристики употребени во ICAD-системот. Во фазата на одделување на карактеристиките, сликата хиерархиски се гридифицира со неколку однапред дефинирани прозорци за гридификација (4x4, 32x32, ...., 2048x2048 пиксли), односно мултирезолуциска гридификација. Блоковите се нотираат со главен пиксел за секој подблок (пиксел во левиот горен агол), што при одделувањето на карактеристики значително ја намалува временската комплексност за оваа фаза. Истовремено, со овој начин на гридификација се избегнува стандардната фаза кај постојните CAD-системи за селектирање на регионите од интерес и отстранување на позадината на мамографската слика, со што

наедно се намалува ризикот од евентуалното погрешно сегментирање на регионот од интерес, односно губење на битни информации, што резултира со неможност системот да детектира патолошки структури во рана фаза. Вредностите на карактеристиките се нормализираат на интервалот [0,1] а потоа се прави нивна бинарна репрезентација. Со тоа, според добиените резултати, без намалување на сензитивноста, значително се намалува временската комплексност на системот за оваа фаза. За селекција на карактеристиките, развиен е нов интелигентен систем базиран на векторски машини. Системот се состои од два главни класификатора (SVM-C, SVM-M) каде што едниот е наменет за обучување и селекција на микрокалцификатите, додека другиот е за маси. За двата класификатора е употребена Гаусова кернел функција (RBF). За секој од гореспоменатите класификатори, каскадно се поврзани по три други класификатори за кои е одбрана Спарс-кернел функција. Заради небалансираноста на множеството со позитивни карактеристики и множеството со негативни карактеристики, стапката на грешка на системот се пресметува како средна вредност на вкупниот број лажно позитивни во однос на вкупниот број позитивни примероци и вкупниот број на лажнонегативни врз вкупниот број на негативни примероци. Со тоа се избегнува влијанието на едно множество врз друго. За добивање на оптималните параметри на класификаторите употребен е методот на десеткратна вкрстена валидација со што се намалува грешката на системот. Со предложената структура на системот класификаторите перманентно се обучуваат и се подобруваат нивните перформанси. Системот за автоматско одделување е семинадгледуван така што за множеството за обука освен означените карактеристики се користат и неозначени карактеристики. Процесот на предвидување на класа за објектот се одвива со пресметување на сигмоидната функција на точност. Со ваков пристап системот добива множество за обучување на поддржувачките векторски машини со мал број на релевантни карактеристики. На крајот од оваа глава, авторот дава слика на архитектурата на ICAD-системот за препознавање на патолошките облици кај мамографска слика. Со цел дополнително да се намали временската комплексност на системот, во овој дел авторот користи метот на главни компоненти (Principal component analysis) кој се применува со цел да се намали димензионалноста на множествата. Последната фаза на ICAD-системот е креирана така што за секоја проекција (MLO, CC) од сликата се употребуваат по два класификатора за проекција. Класификаторите се обучени со исто множество за обука, но имаат различни кернел-функции. Едниот е со полиномијална кернел-функција, додека другиот со Гаусова кернел функција. Класификаторите се независни едни од други, со што сензитивноста и специфичноста за двата класификатора е различна. За споредување на множествата на карактеристики од левата, односно десната слика, авторот употребува исто така два класификатора со две кернел-функции различни од претходните. Понатаму, за одлучување на крајниот резултат, ICAD-системот употребува таканаречен метод на гласање. За класификацијата на регионите кои се добиваат за една проекција (CC или MLO ) се користи стратегијата ½, значи барем еден од класификаторите да има означен регион како патолошки во кој случај та ќе се класифицира во класата на патолошки региони. Додека пак, за крајната класификација на објектите ICAD-системот употребува стратегија на гласање со ранг на гласање 2/3, во кое еден од класификаторите мора да е класификаторот кој што споредува заеднички карактеристики помеѓу CC и MLO-проекција и неговиот глас тежи за 1/3 повеќе од претходните два.

Шестата глава под наслов „Резултати" е презентирана на 24 страници, содржи 8 слики, 8 табели и 3 формули. За тестирање на системот, креирана е база на податоци со мамографски слики направени во Р. Македонија (Универзитетскиот клинички центар - Клиника за радиологија и приватната клиника „Систина" - Оддел за радиологија), како и база со мамографски слики симнати од базите на податоци MIAS (Mammographic Image Analysis Society) и DDSM (Digital database for Screening Mammography). За секоја од мамографските слики од базата од национални извори рачно се нотирани патолошките региони од страна на радиолозите, додека за сликите од MIAS и DDSM постојат податоци за местоположбата на артефактите и видот (доколку се присутни) на патолошките објекти во неа. Вкупниот број на мамографски слики врз кои е обучуван и тестиран системот и кои се повлечени од горенаведените бази на податоци е 480 случаи. Од нив, 308 се слики кои во својата структура имаат канцерогени региони, додека 172 се слики со нормален наод. Вкупниот број на патолошки региони на овие слики е 848, од кои 480 со маси и 368 со микрокалцификати. Националната база на слики содржи 120 нормални мамографски слики,

од нив 70 со патолошки структури (266 патолошки региони), 30 случаи на микрокалцификати, 40 на маси и 50 нормални наоди. За секој горенаведен случај има по четри слики (2 CC и 2 MLO).

Споредбените резултати на ICAD-системот, на податоците од MIAS-базата дава подобри резултати во однос на сензитивноста и лажно негативните примери во споредба, со на интернет достапните резултати од истата база, користена од неколку автори. Притоа, за споредбени цели, користена е само една слика, а не пар слики, како кај другите автори. Точноста на ICAD-системот е 89,7% (96,4 % за микрокалцификатите и 83% за масите). Во класификацијата се користени 6,3% до 12% од релевантните карактеристики од целото множество на карактеристики. Со зголемување на бројот на карактеристики на повеќе од 15% од вкупниот број, се покажува намалување на точноста на системот и се зголемува временската комплексност за обучување на векторските машини. Преку ROC-анализа поодделно е анализиран системот за секој случај, со цел да се утврдат општите параметри на системот. Во случаи кога се оценува системот во однос на повеќе можни локации на патолошки структури на една слика резултати се дадени со FROC-анализата. Одделно се прикажани перформансите на системот за детекција на микрокалцификатите и за детекција на масите, како и резултати од вкупниот систем. За подобрување на сензитивноста на ICAD-системот, но и неговото обопштување, во фазата на обучување се користени 15% од множеството на слики со крајно сложена структура и голема густина на сликата. Преку тестирање на системот со различни структури на слики, покажано е дека истиот дава оптимални резултати. Од добиените резултати може да се заклучи дека ICAD-системот е флексибилен во однос на структурата на сликите и генерализиран за процесирање на мамографски слики.

Седмата глава под наслов „Општ заклучок и понатамошна работа" е презентирана на 5 страници. Таа ги содржи сите поважни заклучоци од извршените анализи и подобрувањата на развиениот ICAD-сиситем. Дадени се и можните идни правци на развој на систем за детекција и дијагноза на канцерогени структури кај мамографските слики. Во додатокот "Листа на кратенки", дадени се сите кратенки користени во трудот.

### Научен придонес на дисертацијата

Од наведената област, авторот ги има изработено следниве трудови:


[1] Azir Aliu, Hristina Spasevska, Suzana Loskovska, Vesna Gersan, Computer-Aided detection of breast cancer on Mammograms, 2-nd Balkan Conference in Informatics, November 17-19, 2005 Ohrid

[2] Azir Aliu, Algoritmet per permisim te mammografis digjitale, Konference rajonale shkencore, 2005 Pristine

[3] Azir Aliu, Permisimi I fotografis per mamografi digjitale, konferenca per teknologji informatike, 2006 Tirane

[4] Azir Aliu, Digital Mammography, and Cancer Detection on Mammograms, Seeu review V3.1, South East Europian University, 2007, (www.seeu.edu.mk/en/research/seeu-review)

[5] Азир Алиу, Хиерархиска сегментација на мамограми и подобрувае квалитет на мамографска слика, Магистерски труд, Електротехнички факултет, Скопје 13.01.2007

[6] Azir Aliu, Grid infrastructure and tools for grid-based medical platform. Algorithm for mammography image contract enhancement and hierarchical segmentation. Technical report, Institute for Parallel Processing, Bulgarian Academy of Sciences, Sofia, 2007

[7] Azir Aliu, Margita Kon-Popovska, Enhancement and Breast Hierarchical Segmentation on Digital Mammograms, 3rd EGGE Forum Scientific Results Obtained Using Grid Technology, Clerrmond Ferrand, France , 11-14 February 2008, http://indico.cern.ch/conferenceDisplay.py/abstractBookPerform?confId=22351

[8] Azir Aliu, Styan Markov, Ana Madevska-Bpgdanova, Margita Kon-Popovska, Maja Capova, Image processing for digital mammography. ICT- Inovation Conference September 2009, Ohrid

[9] Azir Aliu, Margita Kon-Popovska, N dimensional moment invariants based approach for the analysis of mammography images using grid. International Conference of Mathematic and Informatics Sciences ICMS, Istanbul, August 2009, Book of Abstracts pg 115

[10] Azir Aliu, MArgita Kon-Popovska, A theoretical characterization of medical image feature selection, Seeu Rewiew, (8), Aprill 2010

[11] Azir Aliu,. A novel approach to mammogram image detection. European young researches workshop, Vienna, March 2011

[12] Azir Aliu, Pattern Recognition in Mammogram Images, invited talk on the Seminar of Sensor Information Processing Department, Bulgaria Academy of Sciences, Sofia, 17.05.2011, http://mmsip.bas.bg/seminar/reg_seminar.htm

Првите шест се изработени пред и во текот на пријавувањето на дисертацијата, а преостанатите шест во текот на работата на дисертацијата. Три труда се презентирани и/или објавени во зборници на меѓународни конференции ([7], [8], [9]), а резултатите од дисертацијата се презентирани на семинарот во организација на Бугарска академија на науките, Оддел за процесирање сензорски информации (Sensor information processing) ([12]), еден труд е објавен во научно гласило на Универзитетот ЈИЕ ([10]), а еден труд е презентиран пред собирот на младите научници во Виена ([11]). Исто така, Алиу го раководи проектот "Грид поддржана еИнфраструктура" на Универзитетот ЈИЕ, кој е дел од иницијативата за изградба на национална грид инфраструктура и пошироко дел на EGI инфраструктурата на Европа, како поддршка на неговите истражувања во областа на процесирање на мамографски слики (труд презентиран на конференција [7]). Во однос на усовршувањето во научната област, предмет на неговата докторската дисертација, во рамките на проектот BiS21++ на Бугарската академија на науките (БАН), Алиу престојувал еден месец (октомври 2007) на Институтот за паралелно процесирање (IPP-BAS) на БАН. Во текот на престојот тој го водел семинарот „Грид инфраструктура и алатки за грид-базирана медицинска платформа ([6]).

Предложената докторска дисертација претставува оригинален авторски труд, реализиран во соработка со Клиниката за радиологија при Клиничкиот центар во Скопје и приватната клиника Систина, оддел за радиологија - Скопје. Исто така, авторот имал соработка со Институтот за паралелно процесирање при Бугарската академија на науките, Софија. Авторот истражува системи за дијагноза и детекција на канцерогени структури кај мамографски слики, како едни од најпроблематичните медицински слики за процесирање и обработка, поради структурата и големината на сликата. Авторот има реализирано свој сопствен систем, наречен ICAD (интелигентен систем за компјутерски поддржана дијагноза), кој ги содржи сите фази на еден ваков систем (претпроцесирање, одделување на карактеристики, селекција на релевантни карактеристики и класификација). Ги нагласуваме следните поважни придонеси на дисертацијата во ICAD-системот:

- Во фазата на претпроцесирање, се врши отстранување на сите непотребни артефакти и региони кои не се од интерес за дијагностицирање на дигитална мамографска слика. За MLO-проекција на мамографска слика со цел за отстранување пекторалниот мускул, авторот воведува оригинален метод за утврдување на ориентацијата на сликата (лева, десна) и отстранување на пекторалниот мускул, со нотирање на мускулниот регион како позадина на слика.
- Во фазата на одделување на карактеристики, даден е нов пристап за автоматско одделување на карактеристики од мамографските слики каде што се разликуваат два вида машини со поддржувачки вектори: едни кои класифицираат микрокалцификати и други кои класифицираат маси од сликата. Во оваа фаза сликата хиерархиски се гридифицира со неколку однапред дефинирани прозорци за гридификација (4x4, 32x32,....,2048x2048 пиксли), односно мултирезолуциска гридификација. Блоковите се нотираат со главен пиксел за секој подблок (пиксел во лев горен агол), што при одделувањето на карактеристики значително ја намалува временската комплексност за оваа фаза. Истовремено, со овој начин на гридификација се избегнува стандардната фаза кај постојниот CAD-системи за селектирање на региони од интерес и отстранување на позадината на мамографската слика, со што воедно се намалува ризикот на евентуално погрешно сегментирање на регионот од интерес, односно губење на битни информации и неможност системот да детектира патолошки структури во рана фаза.
- За подобрување на сензитивноста на системот воведена е оригиналната архитектура на ICAD-сиситемот кој проверува слични карактеристики помеѓу различни проекции на лева и десна мамографска слика.
- Имајќи го предвид големиот број на автоматско издвоени карактеристики од мамографската слика и нивни различни опсези на вредности, авторот ги нормализира

вредностите на карактеристиките на интервалот [0, 1], за да обезбеди еднаков третман при обуката на векторските машини и нивните рерзултати. Оригинален придонес тука е што без загрозување на сензитивноста и специфичноста, со избор на бинарна репрезентација на постоење/ непостоење на карактеристика над тој интервал, во следните фази се намалува временската комплексност.

- Предложениот систем за автоматско одделување на карактеристики со своја каскадна структура како и споредување на сличностите помеѓу проекциите, овозможува балансирање на множествата на позитивни и негативни примероци за обучување, намалување на бројот на издвоени карактеристики, постојано подобрување на множеството карактеристики, со што се обезбедува параметрите на векторските машини перманентно да се подобруваат, а со тоа да се подобрува сензитивноста и специфичноста на системот.
- По селекцијата на релевантните карактеристики авторот покажува дека вкупната сензитивност на ICAD-системот е 89,7% (96,4 % за микрокалцификати и 83% за маси). При тоа се користени 6.3% до 12% релевантни карактеристики од целото множество на карактеристики. Со зголемување на бројот на карактеристики повеќе од 15% од вкупниот број, се покажува намалување на точноста на системот и се зголемува временската комплексност за обучување на векторските машини.

# ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторскиот труд НАПРЕДНИ ТЕХНИКИ ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ ДИГИТАЛНИ МАМОГРАФСКИ СЛИКИ, изработен од м-р Азир Алиу, претставува оригинален труд во кој авторот користи напредни техники, но предлага и низа за нивно подобрување, во областа на автоматско процесирање, анализа и препознавање на патолошки облици на дигитални мамографски слики и нивна класификација, односно автоматско дијагностицирање на канцерогени заболувања на дојка.

Резултатите добиени во текот на истражувањата поврзани со дисертацијата, се прикажани пред домашната и светската јавност преку излагања на научни конференции и семинари, печатење во зборници на меѓународни конференции, како и проверка и верификација на резултати на Клиниката за радиологија при Клиничкиот центар во Скопје и приватна болница „Систина" Одел за радиологија во Скопје. На тој начин резултатите од дисертацијата имат обезбедено и соодветна поширока домашна и меѓународна верификација и примена.

Тезата во целина е релевантна на полето на развојот и подобрувањето на CAD-системите од областа на дијагноза на патолошки структури кај медицинските слики, со специфичен придонес кај CAD-системите за дигитална мамографија. Најважните придонеси на ново конструираниот ICAD-систем се: намалување на временската комплексност на класификација со воведување специфична гридификација на сликите и бинарна репрезентација на карактеристиките на сликите, дефинирање на структура на повеќе машини со поддржувачки вектори за автоматско одделување на карактеристики која овозможува балансирање на множествата на позитивни и негативни примероци за обучување, со истовремено намалување на бројот на издвоени карактеристики и нивна постојана замена со порелевантните, со што се обезбедува параметрите на векторските машини перманентно да се подобруваат, а со тоа и да се подобрува точноста на системот.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија позитивно го оценува поднесениот докторски труд на м-р Азир Алиу, под наслов НАПРЕДНИ ТЕХНИКИ ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ ДИГИТАЛНИ МАМОГРАФСКИ СЛИКИ .

Затоа, ни претставува чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да го прифати изработениот докторски труд под наведениот наслов за стекнување на научен степен доктор на информатички науки, и да одреди комисија за одбрана.

**Рецензентска комисија**

1. Д-р Маргита Кон-Поповска, редовен професор на ПМФ –Скопје

2. Д-р Ана Мадевска-Богданова, вонреден професор на ПМФ –Скопје

3. Д-р Стојан Марков, редовен професор на Институтот за информациски и коминикациски технологии на Бугарската академија на науките, Софија, Р. Бугарија,

4. Д-р Катерина Здравкова, редовен професор на ПМФ- Скопје

5. Д-р Светлана Антевска–Грујоска, редовен професор на Медицински факултет - Скопје

# Р Е Ф Е Р А Т

**ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО АСИСТЕНТ ПО СОВРЕМЕН АЛБАНСКИ ЈАЗИК ПРИ ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје, на својата седумнаесетта редовна седница одржана на 18.5. 2011 година, нè избра за членови на Рецензентската комисија по пријавите на д-р Исмет Османи, д-р Зекирија Ибрахими и м-р Шериф Селими на конкурсот за избор на еден асистент по современ албански јазик.

Заблагодарувајќи се за довербата, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс во весникот "Нова Македонија" од 23-25.4.2011 година и во весникот "Лајм" од 23.4.2011 година, за еден асистент по современ албански јазик се пријавија кандидатите д-р Исмет Османи, д-р Зекирија Ибрахими и м-р Шериф Селими. Со писмо бр. 04-587/5 од 15.7.2011 година, кандидатот д-р Зекирија Ибрахими ги повлече своите документи и се откажа од учеството на наведениот конкурс поради негово вработување на друго работно место.

**Биографски и библиографски податоци на кандидатите**

а) Д-р **Исмет Османи**

Исмет Османи е роден на 28. 12. 1967 година во с. Горно Свиларе, Скопје. Основното и средното образование ги завршил во Скопје со одличен успех. Во текот на своето школување учествувал на разни натпревари, при што постигнал завиден успех. На Катедрата за албански јазик и книжевност при Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје дипломира со солиден успех во 1990 година.

По дипломирањето, кандидатот Исмет Османи беше ангажиран при МРТВ – програма на албански јазик како новинар и лектор. Во текот на овој период тој успешно реализирал над 100 емисии од областа на културата (особено поврзани со јазичната култура и албанската книжевност). Со својата стручно новинарска работа се истакнува и во другите редакции на МРТВ (во емисиите од економско-политички, научен и културен карактер) и како лектор и преведувач од албански на македонски јазик и обратно. Исто така, Османи неколку години соработуваше и со весниците "Flaka e vëllazërimit", "Fakti" и "Lajm", каде што повремено објавил значителен број новинарски и стручни трудови. Покрај новинарската работа,

кандидатот Османи дава свој придонес и во просветната дејност. Неколку години одржувал курсеви по албански јазик за слушатели на кои албанскиот не им е мајчин јазик.

Исмет Османи перманентно работи и за своето научно издигнување и дооформување. Имено, тој магистрираше на тема "Свадбените албански песни и обичаи во скопскиот Дервен" во 2000 година, а докторираше во 2005 година на тема "Морфонолошки промени во гегиските говори" при Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје.

Кандидатот д-р Исмет Османи има богата преведувачка дејност. Тој досега преведувал голем број книги од областа на економијата и правото, вршел стручни преводи од албански на македонски, српски, хрватски и обратно; бил консекутивен и симултан толкувач во многу семинари во земјата и надвор од неа, преведувач и толкувач при Собранието на Република Македонија, толкувач на државни делегации на Македонија и Албанија и др.

Османи беше ангажиран како предавач - обучувач по албански јазик на проектот "Обука за државни службеници – преведувачи од албански на македонски јазик и обратно (Pace 2)" спроведена од Владата на Р. Македонија и Европската унија преку Британскиот совет со деветмесечна обука во текот на 2005 и 2006 година, каде што кандидатот добивал признание и пофалба за успешна реализација на работата. Од разновидната активност на д-р Исмет Османи, освен неговата заложба во образовната и преведувачката дејност, вреди да се спомене дека досега бил рецензент и јазичен уредник на неколку учебници, книги и списанија. Со свои рецензии учествувал и во многу промоции на книги.

Неговата педагошка кариера во високото образование почнува со неговото ангажирање на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, најпрвин како асистент, а потоа како наставник по предметите бизнис-терминологија, албански јазик за специфична намена, македонски јазик за специфична намена и вештини за студирање и истражување на ресурси. Од 2006 година е во редовен работен однос при Исламската верска заедница на Република Македонија на Факултетот за исламски науки како предавач по албански и македонски јазик.

Во учебната 2009/2010 година одржуваше настава по предметот албански јазик 1, 2 за студенти на кои албанскиот не им е мајчин јазик на Филозофскиот факултет во Скопје, додека во учебната 2010/2011 година одржуваше настава по истиот предмет во Воената академија во Скопје. Од 2004 до 2011 година беше ангажиран како стручњак од практика на Катедрата за албански јазик и книжевност при Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје по предметите современ албански јазик 3, 4, 5 и 6; споредбена стручна терминологија 1, 2, 3 и 4; преведување од албански на македонски јазик и толкување од албански на македонски јазик.

Во наставниот процес, што претставува главна преокупација на кандидатот, тој се докажал како солиден, совесен и трудолубив педагог, кој воспоставува одличен контакт со студентите и колегите и ги остварува своите работни обврски.

Д-р Османи досега учествувал и на неколклу научни конференции со теми од областа на лингвистиката. Повеќе негови прилози се однесуваат на правописните и правоговорните норми на албанскиот стандарден јазик, морфонолошките промени како и проблемите врзани за преводот.

б) М-р **Шериф Селими**

Кандидатот Шериф Селими е роден на 2.8.1965 година во с. Ласкарци, Скопје. Основното и средното образование ги завршил во Скопје. Дипломирал при Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје на групата за албански јазик и книжевност – наставна насока. Во периодот 1990 - 2005 година работел во ОУ "Пашко Васо", Групчин, Тетово, а од 2005 и сè уште е во редовен работен однос во Средно медицинско училиште на град Скопје "Д-р Панче Караѓозов" во Скопје како професор по албански јазик, а моментално ја врши и функцијата помошник-директор на училиштето.

Откако ги положи предвидените испити на постдипломските магистерски студии со средна оценка 8,00, на 10.6.2005 година го одбрани магистерскиот труд на тема: "Симболот во современата албанска поезија (низ примери од неколку автори од современата албанска литература)" и се здоби со звањето магистер на филолошки науки.

Од листата на објавени трудови на кандидатот м-р Шериф Селими може да се констатира дека тој има објевено неколку статии, главно во списанието "Трибуна – Ш" и во весниците "Флака е велазеримит" и "Факти".

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на гореизложеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје да го избере д-р Исмет Османи во звањето асистент по современ албански јазик.

Скопје, 16.8.2011 год.

Рецензентска комисија

1. Д-р Аслан Хамити, редовен професор, с.р.

2. Д-р Агим Пољоска, редовен професор, с.р.

3. Д-р Ваљбона Тоска, доцент, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ЗА ФЕНОМЕНОЛОГИЈАТА НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ПРОСТОР: БИОКУЛТУРЕН ПРИСТАП" ОД КАНДИДАТОТ М-Р МИТКО ХАЏИ-ПУЉА, ДИПЛ.ИНЖ.АРХ., ПРИЈАВЕНА НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет, бр. 08-6/54, донесена на неговата 27. седница одржана на 22.6.2011 година, избрани сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторска дисертација со наслов „За феноменологијата на архитектонскиот простор: биокултурен пристап" од кандидатот м-р Митко Хаџи-Пуља, дипл.инж.арх.

Докторската дисертација е пријавена во јануари 2009 година. Со одлуката бр. 08-6/37 од 3.7.2009 година, Наставно-научниот совет го прифати извештајот на Комисијата за утврдување подобност на темата и кандидатот за научна работа и ја одобри изработката на докторската дисертација. Докторската дисертација е предадена на 17.6.2011 година.

Комисијата ја прегледа доставената докторска дисертација и на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Трудот со наслов „За феноменологијата на архитектонскиот простор: биокултурен пристап" од кандидатот м-р Митко Хаџи-Пуља, дипл.инж.арх., е презентиран на 91 страница. Основниот текст е презентиран на 68 страници, наводите се издвоени од корпусот на основниот текст и се презентирани на 14 страници, а библиографијата која содржи 257 библиографски единици е презентирана на 9 страници.

Дисертацијата е содржински структурирана на следниов начин:

Вовед
1. Појавно ниво – просторот како сетилна даденост
2. Сликата на телото и сликата на светот -
Интуитивна фаза на појавното ниво на архитектонскиот простор

3. Просторност на сетилата
3.1.1. Основен систем за рамнотежа и просторна ориентација
3.1.2. Систем за слушање
3.1.3. Систем за допир
3.1.4. Систем за мирис и вкус
3.1.5. Систем за гледање

3.2. Телесна слика и телесна схема

4. Заклучок: Појавно, појмовно и симболичко ниво - кон етичка синтеза на архитектонскиот простор

Наводи
Библиографија

Предмет на истражувањето на докторската дисертација е феноменологијата на архитектонскиот простор, како аспект на човековата онтогенеза и филогенеза. Вака дефинираниот предмет на истражување е поставен во поширока, биокултурна рамка, која е определена и анализирана како синтеза од три нивоа на опросторување: појавно ниво – просторот како сетилна даденост, појмовно ниво – просторот како ментална конструкција и симболичко ниво – просторот како симболичка размена.

Во докторската дисертација, основните феноменални елементи на искуството на просторност во рамките на различните нивоа на супстанцијалност, се дефинирани како телесни супстанции, појмовни супстанции и симболички супстанции. При тоа од посебно значење е упатувањето на нивната генеричка врска и аналогност.

Во истражувањето се дефинираат основните формални, просторни супстанци, како онтолошки апроксимации, односно се афирмира ставот дека елементите, постапките и единствата со кои битието се препознава, се истите со коишто го обликува и архитектонскиот простор.

Ваквата двојна феноменолошка редукција има за цел да ја избегне дихотомијата на сетилно и ментално, и на искуствата на архитектонскиот простор да му обезбеди појмовна и физичка трајност, т.е. целовитост.

Основните хипотези на кои се темели докторската дисертација се следните:

1. Простор-времето е интуитивна категорија на истовремено сознавање и бивање, која го чини искуството можно, ја чини можна синтезата на субјектот и објектот; со тоа, просторот е резултат на нивниот меѓусебен однос.

2. Простор-времето како тридимензионално искуство е генерирано од три синкретични нивоа. Прво, на индуктивно сетилно ниво, од телесната просторност, од просторноста на сетилата како поединечни, и од просторноста на самата физиологија, т.е. просторот е процесуален. Второ, на дедуктивно ниво, од сензомоторната асимилација, преку телесната слика и телесната схема; тоа е првиот степен, авторегулирана стабилна претстава. И трето, дискурзивно ниво, релацијата субјект – објект, секогаш има уште еден структурален член, а тоа е ситуацијата, како посебна смисла.

3. Архитектонскиот простор е медиум на комуникација, што значи е културолошка категорија; конструирањето на претставата за сопственото тело, за куќата и за светот се едно.

Во првото поглавје, појавното ниво на просторот како сетилна даденост, просторот е дефиниран како искуства на телото, т.е. самата телесност е дефинирана како супстанција. Воспоставена е релација меѓу двата кода на организирање на дразбите, забележувањата, информациите во перцепции, а тоа се просторниот и временскиот код. Предложени се модели на декодирање на човековото тело, конфигурациски, векторски и симболички, од кои е извлечена аналогија за понатамошно означување на архитектонскиот простор. Просторноста е дефинирана како облик на меморија. Самото појавно ниво е структурирано во три рамнини: интуитивна, сетилна и предлогичко-биопсихичка.

Второто поглавје, сликата на телото и сликата на светот ја обработува интуитивната фаза на појавното ниво на архитектонскиот простор. Во неа се ана-

лизира состојбата на неразделност и поистоветување на сопственото тело и телесноста на околината, на светот. Тука е укажано на аналогиите меѓу елементите, процесите и деловите на телото со оние на светот, во рамките на митското мислење. Од оваа првобитна хармонија е извлечен принципот на опросторување како означување на сопственото присуство, со што се надминува првобитната егзистенцијална неиздиференцираност и хомогеност. Оттука се генерира етичкиот однос, како и еколошката етика. Воспоставена е аналогија на антропоморфизирање на светот, која потоа води кон нејзината дихотомија, геометризирање на телото. Дефинирани се феноменални правци на организирање како елементи на супстанцијалното, во таа смисла нагласена е важноста на феноменалната вертикала.

Третото поглавје, за просторноста на сетилата, поделено е на три дела: прв дел, кој е општ и се однесува на супстанцијалноста на телесното искуство на просторот; втор дел, кој се однесува на просторностите на поединечните сетилни системи; и трет дел, кој го вклучува и движењето како конститутивен аспект на просторното искуство преку создавање на динамички просторни мапи.

Во првиот дел на ова поглавје, супстанцијалноста на телесниот простор е дефинирана преку синхронично обединување на двата сознајни плана: рецептивниот, хоризонтален план на физички, поединечни и дисконтинуирани искуства, и реактивниот, вертикален план на авторегулации и организации. Сознајната синтеза на просторот е анализирана преку двата филозофски дискурса, рационалистичкиот и емпиристичкиот.

Во вториот дел, сетилните системи се анализирани како поединечни, како специфични реакции на основните агрегатни состојби; оттаму и нивните специфични просторности и феноменални елементи на просторна организација.

Во генерирањето на просторното искуство, нагласена е улогата на системот за рамнотежа и просторна ориентација и системот за визуелна перцепција, како доминантни и обединувачки.

Во третиот дел, просторноста на телото е анализирана како автономна, автомативна, функционална проекција, која го вклучува и движењето како конститутивен фактор. Дефинирани се две нивоа, просторна слика и просторна схема, кои одговараат повторно на двете онтологии, на телесното, формалното и на менталното, проективното. Тие се ставени во понатамошна конституција на симболичкото ниво.

Во заклучните согледувања на докторската дисертација, насловени „Појавно, појмовно и симболичко ниво - кон етичка синтеза на архитектонскиот простор", направена е синтеза, генеричка врска, меѓу трите нивоа на опросторување, односно трите нивоа на просторно искуство, појавното, појмовното и симболичкото, со што се упатува на комплексната феноменологија на архитектонскиот простор. Појмовното ниво е дефинирано како ментална конструкција, апстрактен модел на организирање и претставување, а кој се надоврзува на телесната емпатија, на телесната супстанцијалност, со нов квалитет кој обезбедува проективност и трајност, а тоа се феноменалните ментални супстанции. Симболичкото ниво е дефинирано како комуникациско, дискурзивно ниво, кое ги обединува претходните две, нивото на истовременост и сукцесивност и нивото на низвременост и трајност, во нова, архетипска и личносна димензија на безвременост. Синтезата на овие три нивоа е определена како етичка категорија, бидејќи во егзистенцијалниот простор го поставува прашањето на вредностите.

## ЗАКЛУЧОК

Докторска дисертација со наслов „За феноменологијата на архитектонскиот простор: биокултурен пристап“ од кандидатот м-р Митко Хаџи-Пуља, дипл.инж.арх., во средиштето на истражувачкиот интерес ја има феноменологијата на архитектонскиот простор.

Феноменологијата на архитектонскиот простор кај нас досега не била предмет на сеопфатни базични истражувања и кандидатот, потпирајќи се на увидот во обемна и релевантна библиографска поддршка, воспоставува сопствено гледање на предметот на истражувањето, интерпретирано во една поширока биокултурна рамка, кое се дефинира на три нивоа на опросторување: појавно ниво – просторот како сетилна даденост, појмовно ниво – просторот како ментална конструкција и симболичко ниво – просторот како симболичка размена.

Иако дисертацијата првенствено го третира појавното ниво, во заклучните согледувања кандидатот ги обединува појавното, појмовното и симболичкото ниво, определувајќи ја нивната синтеза како етичка категорија.

Докторската дисертација, со својот научен придонес, претставува референтна истражувачка рамка за натамошни продлабочени истражувања на феноменологијата на архитектонскиот простор.

Комисијата за одбрана и оцена на докторската дисертација високо го цени научниот придонес на кандидатот во третманот на сложената проблематика на феноменологијата на архитектонскиот простор и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет да го прифати извештајот за оцена на докторската дисертација „За феноменологијата на архитектонскиот простор: биокултурен пристап“ од кандидатот м-р Митко Хаџи-Пуља, дипл.инж.арх., и да ја закаже нејзината јавна одбрана.

Комисија

Д-р Влатко П. Коробар, редовен професор – претседател, с.р
Д-р Мартин Гулески, редовен професор во пензија- ментор/член, с.р
Д-р Минас Бакалчев, редовен професор – член, с.р.
Димитрије Голубовски, редовен професор – член, с.р.
Д-р Небојша Вилиќ, редовен професор – член, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИНДУСТРИСКО ИНЖЕНЕРСТВО И МЕНАЏМЕНТ НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата редовна седница одржана на 25. VIII 2011 година, со одлука бр. 02-1716/5, не определи за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област индустриско инженерство и менаџмент.

На конкурсот за избор на наставник, објавен во весниците ДНЕВНИК и КОХА на 8. VII 2011 година, се пријави кандидатот д-р Радмил Поленаковиќ, дипл.маш.инж., вонреден професор од научната област индустриско инженерство и менаџмент, вработен на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Врз основа на предлогот и анализата на доставената конкурсна документација, како и од личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија го поднесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## 1. Биографски податоци, образование и професионален развој

Кандидатот д-р Радмил Поленаковиќ, дипл.маш.инж., е роден на 14.III 1967 година во Скопје. Основно училиште завршил во 1981 година со одличен успех. Образованието го продолжил во гимназијата “Раде Јовчевски - Корчагин” во Скопје - математичка насока, кое исто така го завршил со одличен успех во учебната 1984/85 година при што се здобил со звањетп програмер на сметачки машини. Во текот на школувањето учествувал на неколку натпревари за учениците од основните и средните училишта.

На Машинскиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1985/86 година, и студиите ги завршил со просечна оценка од сите предмети 8,65. Дипломирал со оценка 10 на 29. IV 1991 година, успешно бранејќи ја дипломската работа од областа на проектниот менаџмент.

За време на студиите на двапати бил ангажиран како демонстратор по предметот механика I - статика во учебните 1986/87 и 1989/90.

На 3.X 1991 година, Поленаковиќ засновал работен однос на определено време од 3 години на местото стручен соработник, за вршење воспитно-образовна, научно-истражувачка и стручна работа во Институтот за производно машинство на Машинскиот факултет во Скопје.

Во учебната 1991/92 година се запишал на постдипломски студии на Машинскиот факултет во Скопје на Институтот за производно машинство, на насоката индустриско инженерство и менаџмент. По положените испити (сите со највисока оценка 10), на 10. XI 1994 година успешно го одбранил магистерскиот труд со наслов: „Истражување на феноменот на производствената лента во индустриските организации“.

Во септември 1994 година бил избран во звањето помлад асистент на Институтот за производно машинство. Со одлука бр. 02-985/1 од 23. V 1997 година, донесена од Наставно - научниот совет на Машинскиот факултет, Поленаковиќ бил избран во звањето асистент на Институтот за производно машинство. На 13. I 2000 год., Наставно - научниот совет на Факултетот донесе одлука (бр. 02-78/1) Поленаковиќ да биде преизбран во звањето асистент при Институтот за производно машинство на Машинскиот факултет.

На 22. I 1998 година кандидатот ја пријавил докторската дисертација под наслов „Фактори кои го определуваат опфатот на менаџментот во индустриските организации“, која

успешно ја одбранил на 14. XII 2001 година на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Со одлука бр. 02-1346/1 на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет од 27. VI 2002, година д-р Радмил Поленаковиќ бил избран во наставно-научното звање доцент, во научната област индустриско инженерство и менаџмент.

Во април 2006, Поленаковиќ го основал и од тогаш го раководи Центарот за развој на нови бизниси - проектна единица при Машинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Со одлука бр. 02-2873/4 од 30. XI 2006 год. на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет, д-р Радмил Поленаковиќ е избран во наставно-научното звање вонреден професор во научната област индустриско инженерство и менаџмент.

Од ноември 2009 година го раководи и Националниот центар за развој на иновациите и претприемачкото учење.

Во рамките на својата професионална кариера, Поленаковиќ остварил повеќе значајни студиски престои:

| | |
|---|---|
| 2011 | Февруари - 1 недела, Европска агенција за истражувања, Брисел, Белгија |
| 2010 | Мај - 1 недела, Универзитет во Квинс, Белфаст, Велика Британија |
| 2010 | Март - 1 недела, Универзитет Сапиенца во Рим, CIRPS – Интерунверзитетски истражувачки центар за одржлив развој, Рим, Италија |
| 2009 | Март - 1 недела, Универзитет во Сфакс, Сфакс, Тунис |
| 2006 | Септември - 1 недела, Грац и околните технолошки паркови, Грац, Австрија |
| 2004 | Јуни - 3 недели на Сити колеџот –Универзит во Шефилд, Солун, Грција (TEMPUS, IMG) |
| 1998 | Јули/Август – 1 месец на Универзитетот во Штутгарт, Германија и Данскиот технички универзитет, Лингби, Данска (TEMPUS, IMG) |
| 1995-1996 | 9 месеци – Државен универзитет во Аризона, Темпи, САД |
| 1992 | Јануари/ Февруари – 2 месеца – Северозападен универзитет – Еванстон, САД и Универзитет Илиноис - Чикаго, САД, Лојола Колеџ - Чикаго, САД |

Д-р Радмил Поленаковиќ се истакнува и како член на повеќе домашни и меѓународни асоцијации, групации, здруженија, комитети и др:

| | |
|---|---|
| 2010 | Координатор за Република Македонија на Европскиот совет за мали бизниси и претприемништво |
| 2010 | REA Research Executive Agency (Извршна агенција за истражување), Брисел, Белгија – евалуатор за FP7 Security програма |
| 2010 | Biz Spark Microsoft Networking партнер за Република Македонија |
| 2010/2008 | GEM - Global Entrepreneurship Monitor (Глобално истражување за претприемништво), тим-лидер за Република Македонија |
| 2010 | Заменик-национален координатор за 2 Европска недела на мали и средни претпријатија |
| 2010 | WED - Светски ден на претприемништво (16 април 2010) – национален координатор |
| 2009 | Заменик-национален координатор на 1 Европска недела на мали и средни претпријатија |
| 2009 | Член на УНЕСКО-катедрата за препприемништво на Универзитетот во Нови Сад, Србија |
| 2009 | ETF - Europan Training Foundation (Европска фондација за обука), Торино, Италија, регионален експерт за претприемачко учење |
| 2008 | Член на EASA – European Academy of Sciences and Arts (Европска академија на науките и уметностите), Салцбург, Австрија |
| 2008 | Член на NBIA – National Business Incubation Association, USA (Национална асоцијација на бизнис инкубатори), САД |
| 2007 | Член на SPICE – Science Parks and Innovation Centers Experts (Експерти за научни паркови и иновациски центри) |
| 2007 | Член на SENSI – Southeast European Network of Start-up and Incubators), Југоисточноевропска мрежа на старт-ап центри и инкубатори |
| 2006 | Член на Фондот за развој на човечки ресурси – Скопје |
| 2005 | ЈЕИЦ-Л (БЛО) Југоисточноевропски инстражувачки центар – Логистика (Балканска логистичка опсерваторија) – претставник за Македонија |

| | |
|---|---|
| 2004 | SEEPT (Југоисточноевропска мрежа за промоција на претприемачкото размисување во високото образование) |
| 2003 | Асоцијација на производствените и индустриските инженери, Македонија (секретар) |
| 2002 | МААА (Македонско-американска алумни асоцијација) |
| 2001 | ESTIEM (Европски студенти на индустриско инженерство и менаџмент) – координатор на студентските активности како претставник од Машински факултет |
| 2000 | EPCEM, Амстердам, Холандија (Европски постдипломски курс за управување со животната средина) |
| 1999 | Македонска организација за подобрување на квалитетот, Македонија |
| 1999 | Национален комитет за усвојување на ISO 14000 стандардите (потпретседател), Македонија |
| 1996 | Асоцијација на производствени инженери, Македонија |
| 1992 | Институт на индустриски инженери, САД |

Поленаковиќ бил и член на повеќе научни и/или организациски бордови/комитети на десетина конференции во земјата и во странство:

| | |
|---|---|
| 2012 | 5. Меѓународна конференција за претприемништво, иновации и регионален развој, 27-28 мај 2012, Софија, Бугарија |
| 2011 | Втор меѓународен научен симпозиум „Предизвици и перспективи на интеграцијата на земјите од Југоисточна Европа", 9-10.12.2011, Тузла, Босна и Херцеговина |
| 2011 | Петта меѓународна студентска конференција „TECHNO-EDUCA 2011: Show your competences and create your job" 10-11.11.2011, Зеница, Босна и Херцеговина |
| 2011 | 4 Меѓународна конференција за претприемништво, иновации и регионален развој, 5-7 мај 2011, Охрид, Македонија – претседател на конференцијата. |
| 2010 | Научен симпозиум „Инвестиции за создавање на нови работни места во Босна и херцеговина", Летен универзитет Тузла, Економски факултет, 6 јули 2010, Тузла, Босна и Херцеговина |
| 2010 | 3. Меѓународна научна конференција „Општество базирано на знаење", 2-4 септември 2010, Несебар, Бугарија |
| 2010 | 3. Меѓународна конференција за претприемништво, иновации и регионален развој, 27-29 мај 2010, Нови Сад, Србија |
| 2009 | Интернационална конференција „Како да управуваш во време на криза", 4-5 декември 2009, Тузла, Босна и Херцеговина |
| 2009 | Меѓународна конференција за претприемништво, ноември 2009, Паневежис, Литванија |
| 2009 | 1. Меѓународна научна конференција „Е-владеење", јуни 2009, Созопол, Бугарија |
| 2009 | 7. Меѓународна научна конференција „Менаџмент и инженерство'09" (ISCME'09), јуни 2009, Созопол, Бугарија |
| 2009 | 2. Меѓународна конференција за претприемништво, иновации и регионален развој, 24-25 април 2009, Солун, Грција |
| 2008 | 1. Интернационална конференција за претприемништво, иновации и регионален развој, 9-11 мај 2008, Скопје/Охрид, Македонија – иницијатор и прв претседател на Конференцијата |
| 2008 | 1. Меѓународна научна конференција „Општество базирано на знаење", септември 2008, Созопол, Бугарија |
| 2008 | 2. Меѓународна научна конференција за млади истражувачи „Технички науки и индустриски менаџмент", јуни 2008, Софија, Бугарија |
| 2008 | 6. Меѓународна конференција „Менаџмент и инженерство" , јуни 2008, Софија, Бугарија |
| 2004 | 1. Меѓународна конференција „Производството и менаџментот во 21 век", септември 2004, Охрид, Македонија |

Д-р Радмил Поленаковиќ е член на уредувачкиот одбор на меѓународните научни списанија:

- International Journal of Innovation and Regional Development (INDERSCIENCE),
- Подузетник (Економски факултет во Подгорица),

а како поканет рецензент рецензирал и трудови за:

- International Journal for Production Planning and Control,

- International Journal of Enterprise Innovation and Management,
- Journal of the Faculty of Mechanical Engineering, UKIM.

Во периодот 2004-2008 година, д-р Поленаковиќ бел претседател на Комисијата за промотивни активности на Факултетот. Во 2007 година го основал кариерниот центар на Машинскиот факултет кој до сега има база од над 2000 CV-ја на студенти и инженери, а дал и поддршка на над 60 фирми во огласувањето на слободни инженерски работни места. Во рамките на Центарот за развој на нови бизниси, од 2006 година раководел со бројни обуки во кои имаат учествувано над 2000 студенти и дипломци во насока на развивање на вештини за започнување на сопствен бизнис. Од 2007 година го координира и Националниот натпревар за најиновативен бизнис-план, каде што со финансиска поддршка од Австриската развојна фондација досега се формирани 35 старт-ап компании. Во истиот период, во соработка со Бирото за развој на образованието го координира и Националниот натпревар за најдобар бизнис-план за средните училишта во Република Македонија. Од оваа година, покровител на овој натпревар е претседателот на Република Македонија. Во рамките на овој натпревар секоја година се одржуваат обуки на разни теми за професорите (70-80 наставници) кои го предаваат предметот бизнис и претприемништво во IV година во средните училишта, како и обуки за над 300-400 матуранти годишно на тема Бизнис-план.

Поленаковиќ со години активно ја поддржува работата на повеќе студентски организации како што се ESTIEM, BEST, IASTE, AIESEC, Студентски сојуз на Машински факултет:

- 4-12 јули 2011, организација на летен курс за 40-тина студенти од BEST на тема: „Лидерство преку технолошките иновации";
- 2005-2011 (секој декември), поддршка и членство во Комисија на натпреварот за најдобро решавање на бизнис-проблеми (case study) – TIMES за потребите на ESTIEM;
- 2009-2011, поддршка за ESTIEM за реализација на Company Case Show;
- 2007-2011 (ноември и мај), обуки на тема „Како се бара работа?" за AIESEC и Студентскиот сојуз на Машинскиот факултет;
- 2007-2011, поддршка и учество на саемите за кариера (Денови на кариерата – Машински факултет, Job Fair – BEST, Career Days – AIESEC).

## 2. Наставно-образовна дејност

Од изборот за стручен соработник, д-р Поленаковиќ бил ангажиран во подготовката и одржувањето на вежби од следниве предмети:

- организација и економика на производството, операциски истражувања, организациски системи, проект по организациски системи, организација и економика на производството, теротехнологија, организација на производството, организација на ЗПР, ергономија, лични заштитни средства, основи на менаџмент, менаџмент, индустриски менаџмент, еколошки менаџмент, стратегиски менаџмент, проектен менаџмент, менаџмент на одржувањето, претприемништво и мал бизнис, менаџмент на човечките ресурси, проектирање на системи во менаџментот и интернационален менаџмент.

По изборот за доцент, односно вонреден професор на Машинскиот факултет, како наставник, д-р Поленаковиќ бил ангажиран на предметите менаџмент на човечките ресурси, претприемништво и мал бизнис, менаџмент на малиот бизнис, еколошки менаџмент, ергономија и деловна логистика.

На постдипломските студии на Машинскиот факултет, д-р Поленаковиќ е ангажиран на предметите:

А) part-time постдипломски студии: одбрани поглавја од менаџментот на човечките ресурси, деловен реинженеринг, тимска работа, ергономски аспекти во проектирањето, деловна логистика и организациски дизајн;

Б) full-time постдипломски студии: методи во деловното одлучување, развој на нов бизнис, развој на човечките ресурси.

На докторските студии (студии од трет циклус) на Машинскиот факултет предвидено е од октомври 2011 д-р Поленаковиќ да ги предава предметите: развој на човечките ресурси и претприемништво и иновациски менаџмент.

Во периодот 2002-2004, Поленаковиќ бил вклучен на постдипломската МБА-програма на Економскиот факултет во Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски", на предметите менаџмент на човечките ресурси и оперативен менаџмент. Од 2004 година при Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на постдипломската програма за менаџмент на човечки ресурси, д-р Поленаковиќ го предава предметот ергономија. На постдипломските студии на УНЕСКО-катедрата за претприемништво при Универзитетот во Нови Сад, Србија, од 2009/2010 година го предава предметот менаџмент на човечките ресурси во малиот бизнис.

Досега д-р Поленаковиќ бил член во 3 комисии за одбрана на докторска дисертација, а во моментот е ментор на 4 кандидати кои ги работат своите докторски дисертации со темите:

- Фактори кои предизвикуваат промени во организацијата и улогата на деловното разузнавање во откривање на истите заради зголемување на ефикасноста и ефективноста на организациските промени (м-р Драган Шутевски);
- Анализа на факторите кои овозможуваат успешна замена на менаџерскиот кадар во претпријатијата (м-р Мирослав Котевски);
- Анализа на клучните фактори кои ќе овозможат успешна имплементација на моделот на организациско сознание во претпријатијата (м-р Митре Арсовски);
- Влијанието на интернет широкопојасниот пристап врз капацитетите за иновативност и конкурентност (м-р Борислав Несторовски).

Поленаковиќ бил и ментор на 14 кандидати кои ги одбраниле своите магистерски трудови на Машинскиот факултет и Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, како и член на 12 комисии за оцена и одбрана на магистерски трудови. Во моментот 15-тина кандидати работат свои магистерски трудови под менторство на Поленаковиќ. Поленаковиќ бил и ментор на над 80 дипломски работи во периодот од ноември 2006 година.

## 3. Научноистражувачка работа и стручно-апликативна дејност

Од моментот кога е избран за вонреден професор (2006 год.), д-р Радмил Поленаковиќ има учествувано како експерт во повеќе домашни и меѓународни проекти. Петнаесетина проекти има раководено како национален тим-лидер, односно како проектен менаџер.

| | |
|---|---|
| 2011 | Innovation infrastructures – The Republic of Macedonia, Report for project WBC-INCO.NET, Centre for Social Innovation (ZSI) as a part of WP8: Innovation Support to organise a mapping of Innovation Infrastructures in the Western Balkan region – тим-лидер за Македонија |
| 2011 | Member of project management team of OECD Regional Competitive Initiative: Developing Innovation Policy for Republic of Macedonia 2012-2020 – член на менаџмент тимот |
| 2010 | Evaluator in the team of Research Executive Agency for FP7-Security call - 2011-1 – меѓународен – експерт – FP7 - евалуатор |
| 2010 | Member of the expert group run by METIS, Vienna, in order to support the strategic project generation process in South East Europe transnational programme area (Responsible for axe 1: Innovation) – член на меѓународна експертска група |
| 2010 | FP7 Project: "Western Balkan Countries INCO-NET enhanced", Position: Innovation national expert as a member of WBC Innovation Group of experts (2010 - 2013) - член на меѓународна експертска група |
| 2010 | Национален експерт – евалуатор на проекти за технолошки развој во рамките на програмата на Министерството за образование и наука на Република Македонија за 2010 година |

| | |
|---|---|
| 2010 | Development of collection of 15 R&D projects in Macedonia for the need of SEE Transnational project: "Inter-regional Cooperation for Valorisation of R&D - InterValue" – локален експерт |
| 2010 | International independent referee to evaluate the academic programme for Doctoral international studies for ENTREPRENEURSHIP AND INNOVATIVENESS as proposed by the Faculty of Economics, University Josip Jurij Strossmayer, Osijek, Croatia – меѓународен експерт за независна евалуација за акредитација на докторски студии на Универзитетот во Осиек, Хрватска |
| 2010 | European Training Foundation International Expert on the project: Entrepreneurship and Entrepreneurial Skills: Training Workshop for National Experts from 14 countries II phase of project Entrepreneurship in Higher Education –Pilot 2010, Belfast, UK – меѓународен експерт за обука на 14 национални експерти за имплементација на проектот за претприемништво во високото образование |
| 2010 | Business Environment Reform and Institutional Strengthening Project (BERIS) Technical Assistance for preparation of Implementation of European Innovation Scoreboard for the Republic of Macedonia, CONTESTI srl, Project funded by World Bank – тим-лидер за Македонија |
| 2009 | SEE Trans-national Cooperation Programme – Project "South-East European Co-operation of Innovation and Finance Agencies" (2009-2011) – тим-лидер за Македонија |
| 2009 | Ministry of defence of Republic of Macedonia – trainings for staff of Departments for transition to civil life of 7 countries (Albania, Serbia, Moldova, Croatia, Bosnia and Herzegovina, Germany, Macedonia): "Capacity building on the topic: Preparation of Job Fair for ex-military Personnel", 17.06.2009, Ohrid – обучувач |
| 2009 | Council for Broadcasting of Republic of Macedonia – trainings: "Capacity Building of Council Staff: Team Building, Organisational Communication, Time Management", Skopje - Strumica, June – December 2009 – креатор на програмата и обучувач |
| 2009 | "Capacity Building Towards Knowledge Based Economy", Project funded by Austrian Development Agency and implemented by Agency for promotion of entrepreneurship in the Republic of Macedonia (APPRM) (2009-2012) – стручен советник |
| 2009 | Preparation of the Declaration for Promotion of Entrepreneurial Learning in Macedonia (signed by Minister for Economy and Minister for Education and Science on 03 June 2009) – стручен експерт |
| 2009 | For the Ministry of education and science of the Republic of Macedonia through World Bank project cs/cq/1.0/phrd "Employer Survey of Skills and Labour Demand in Macedonia", with Business Start-Up Centre part of the consortium that conducted survey on > 1700 companies – член на тимот |
| 2009 | European Training Foundation International Expert on Entrepreneurial Learning on Higher Education: Entrepreneurial Learning Audit Toolkit, ETF, Turin – меѓународен експерт |
| 2008 | TEMPUS Project, "MAS-PLM Master Studies and Continuing Education Network for Product Lifecycle Management with Sustainable Production"; Coordinator: Politechnical University of Torino"; Radmil Polenakovik Responsible for course PLM Project management (2009-2011) – член на тимот |
| 2008 | ETF-SM-00066-2008, 145180-TEMPUS-1-2008-1-ATTEMPUS-SMHES, "Creating R&D Capacities and Instruments for boosting Higher Education-Economy Co-operations"; Coordinator: Montanuniversität Leoben" (2009-2011) – тим-лидер за Македонија |
| 2008 | ETF-SM-00013-2008, 145129-TEMPUS-1-2008-1-BATEMPUS-SMHES, "COMPETENCE - Matching competences in higher education and economy: From competence catalogue to strategy and curriculum development", Coordinator: University of Zenica (2009-2011) – тим-лидер за Македонија |
| 2008 | European Training Foundation National Expert on Entrepreneurial Learning on Higher Education: National Report on Current Status and Best Practices in Macedonia on Entrepreneurial Learning in Higher Education, Skopje – национален експерт |
| 2008 | Developing training materials for Business Support Organisations in the Republic of Macedonia (short-term expert within an EAR funded project for technical assistance for SME development) – локален експерт |
| 2008 | Developing project Fiche for Implementation of the European Innovation Scoreboard for Macedonia (short-term expert within an EAR funded project for technical assistance for SME development) – локален експерт |

| | |
|---|---|
| 2007 | Series of roumdtables "Employment vs. Self-employment" at all Macedonian Universities, Strengthening Entrepreneurship, Competitiveness and Innovation – A Project funded by British Embassy in Skopje – локален експерт |
| 2007 | Network of food processing SMEs in Styria and Macedonia for an international competitiveness "MAKfoodS" – Austrian funded project, program CIR-CE – тим-лидер за Македонија |
| 2007 | "LEPEZA" project (re-socialization of dismissed army officers) (project funded by Ministry of defence and Kingdom of Norway and Kingdom of Denmark, 3 month intensive training on Entrepreneurship) – проектен менаџер |
| 2007 | Preparation of Entrepreneurship Awareness Raising Campaign for Young People, Strengthening Entrepreneurship, Competitiveness and Innovation – A Project funded by British Embassy in Skopje – локален експерт |
| 2007 | Capacity Building and Promotion of Innovation in the Republic of Macedonia", Small and mediumsize Enterprise Development – Government and Private Sector, An EU-funded project managed by the European Agency for Reconstruction – локален експерт |
| 2006-2007 | TEMPUS SCM project: "Web Based Multimedia E-Learning for Applied Technologies", Responsible for course Entrepreneurship and Small Business Management – член на тимот |
| 2006 | Skopje University Business Start-Up Centre: Through Networking to Successful Companies (Phase I – Establishment of the Centre) – Austrian Development Agency funded project (2006-2008) – проектен менаџер |

Во својата дваесетгодишна професионална кариера (1991-2011), д-р Поленаковиќ има објавено/презентирано над 160 библиографски единици. Листата на трудови реализирани во периодот од изборот на д-р Радмил Поленаковиќ за вонреден професор е поместена во Анекс 2 на овој реферат.

Во периодот од ноември 2006 година, д-р Поленаковиќ:

- учествувал на десетина меѓународни и домашни конференции и конгреси;
- има соработувано со голем број на реномирани меѓународни институции (Светска банка, УСАИД, АДА, ГТЗ, ОЕЦД, Европска фондација за обука, Европска комисија, ФП7-програма, Центар за социјални иновации и др.) и публикувано неколку извонредно значајни документи („Претприемништвото во Македонија - GEM 2008 Извештај за Македонија"; „Извештај за иновативната унија – Преглед за Република Македонија за 2010", „Entrepreneurial Learning Audit Toolkit – 2nd edition", July 2010, Turin, European Training Foundation", и др.;
- раководел над петнаесетина домашни и меѓународни проекти;
- бил особено активен во бројни домашни настани кои се однесуваат на промоција на иновациите и претприемачкиот дух, пред сè, кај младата популација (претприемач на годината, Светска недела на претприемништвото, Европска недела на мали и средни претпријатија, Европски и светски ден на претприемаштвото, форуми и трибини за самовработување, трибини за мали и средни фирми и др.);
- креирал неколку институции и проектни единици при Машинскиот факултет (Центар за кариера, Центар за развој на нови бизниси, Центар за истражување и развој, Центар за компетенции) и Национален центар за развој на иновации и претприемачко учење;
- станал член на повеќе врвни меѓународни институции и организации (Европска академија на науките и уметностите, Европски совет за мали бизниси и претприемништво, Национална асоцијација на бизнис-инкубатори – САД, итн.).

Гореизнесеното ни дава за право да констатираме дека сите активности кои вонр. проф. д-р Радмил Поленаковиќ, дипл.маш.инж, ги реализирал во изминатиот петгодишен период го истакнуваат неговиот огромен придонес за развојот на областите на индустриското инженерство и менаџментот, и особено претприемништвото, со што значително го подигнал реномето на Машинскиот факултет и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", но и на Република Македонија, во регионални и светски рамки.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи го предвид целокупниот ангажман на вонр. проф. д-р Радмил Поленаковиќ, дипл.маш.инж, презентираните податоци за наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејностите од поширок интерес, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот во периодот од изборот за вонреден професор (2006 год.) покажува континуиран стручен и научен напредок во доменот на индустриското инженерство и менаџментот. Комисијата ги оценува неговите бројни трудови и јавни настапи како квалитетни и многу значајни во областа во која конкурира, но и пошироко – значајни и за општеството. Д-р Поленаковиќ особено се истакнува како еден од најголемите промотори во државата за развој на претприемачкото образование, и стимулирање на трансферот на знаење од универзитетите кон стопанството.

Земајќи го предвид погоре изнесеното, како и освоените поени од наставно-образовната дејност (144,05), научноистражувачката дејност (291,10), стручно-апликативната дејност (63,50) и дејностите од поширок интерес (41,00), т.е. вкупно **539,65** поени, според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје да утврди предлог-одлука за избор на вонр. проф. д-р Радмил Поленаковиќ, дипл.маш.инж., во наставно-научното звање редовен професор во областа индустриско инженерство и менаџмент на Машинскиот факултет во Скопје.

Истовремено му предлагаме на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје да го избере кандидатот д-р Радмил Поленаковиќ за наставник во научната област индустриско инженерство и менаџмент во звањето редовен професор.

Скопје, 26. 8. 2011

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Делчо Јованоски, с.р.
   Машински факултет, УКИМ - Скопје

2. Проф. д-р Ванчо Донев, с.р.
   Машински факултет, УКИМ - Скопје

3. Проф. д-р Тодор Кралев, с.р.
   Универзитет за туризам и менаџмент - Скопје

Анекс 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Радмил Момир Поленаковиќ

**Институција:** Машински факултет - Скопје

**Научна област:** индустриско инженерство и менаџмент

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ | |
| 1. | Еколошки менаџмент (V сем. – ЕЕ), (2+2), зимски 2006/2007 | 2.1 |
| 2. | Менаџмент на човечките ресурси (V сем. – ИИМ), (2+2), зимски 2006/2007 | 2.1 |
| 3. | Деловна логистика (VI сем. – ИИМ), (2+2), летен 2006/2007 | 2.1 |
| 4. | Ергономија (VIII сем. – ИИМ), (2+2), летен 2006/2007 | 2.1 |
| 5. | Менаџмент на малиот бизнис (V сем. – ТМЛ, ТИ, АФИ, МЗКИ, МВ, МХТ, III сем ПИнф), (2+2), зимски 2007/2008 | 2.1 |
| 6. | Еколошки менаџмент (V сем. – ЕЕ), (2+2), зимски 2007/2008 | 2.1 |
| 7. | Менаџмент на човечките ресурси (V сем. – ИИМ), (2+2), зимски 2007/2008 | 2.1 |
| 8. | Деловна логистика (VI сем. – ИИМ), (2+2), летен 2007/2008 | 2.1 |
| 9. | Ергономија (VIII сем. – ИИМ), (2+2), летен 2007/2008 | 2.1 |
| 10. | Претприемништво и мал бизнис (VIII сем. – ИИМ), (2+2), летен 2008/2009 | 2.1 |
| 11. | Менаџмент на малиот бизнис (V сем. – ТМЛ, ТИ, АФИ, МЗКИ, МВ, МХТ, III сем ПИнф), (2+2), зимски 2008/2009 | 2.1 |
| 12. | Еколошки менаџмент (V сем. – ЕЕ), (2+2), зимски 2008/2009 | 2.1 |
| 13. | Менаџмент на човечките ресурси (V сем. – ИИМ), (2+2), зимски 2008/2009 | 2.1 |
| 14. | Деловна логистика (VI сем. – ИИМ), (2+2), летен 2008/2009 | 2.1 |
| 15. | Ергономија (VIII сем. – ИИМ), (2+2), летен 2008/2009 | 2.1 |
| 16. | Претприемништво и мал бизнис (VIII сем. – ИИМ), (2+2), летен 2008/2009 | 2.1 |
| 17. | Менаџмент на малиот бизнис (V сем. – ТМЛ, ТИ, АФИ, МЗКИ, МВ, МХТ, III сем ПИнф), (2+2), зимски 2009/2010 | 2.1 |
| 18. | Еколошки менаџмент (V сем. – ЕЕ), (2+2), зимски 2009/2010 | 2.1 |
| 19. | Менаџмент на човечките ресурси (V сем. – ИИМ), (2+2), зимски 2009/2010 | 2.1 |
| 20. | Деловна логистика (VI сем. – ИИМ), (2+2), летен 2009/2010 | 2.1 |
| 21. | Ергономија (VIII сем. – ИИМ), (2+2), летен 2009/2010 | 2.1 |
| 22. | Претприемништво и мал бизнис (VIII сем. – ИИМ), (2+2), летен 2009/2010 | 2.1 |
| 23. | Менаџмент на малиот бизнис (V сем. – ТМЛ, ТИ, АФИ, МЗКИ, МВ, МХТ, III сем ПИнф), (2+2), зимски 2010/2011 | 2.1 |
| 24. | Еколошки менаџмент (V сем. – ЕЕ), (2+2), зимски 2010/2011 | 2.1 |
| 25. | Менаџмент на човечките ресурси (V сем. – ИИМ), (2+2), зимски 2010/2011 | 2.1 |
| 26. | Деловна логистика (VI сем. – ИИМ), (2+2), летен 2010/2011 | 2.1 |
| 27. | Ергономија (VIII сем. – ИИМ), (2+2), летен 2010/2011 | 2.1 |
| 28. | Претприемништво и мал бизнис (VIII сем. – ИИМ), (2+2), летен 2010/2011 | 2.1 |
| | ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ | |
| 29. | Одбрани поглавја од менаџментот на човечките ресурси (менторски) – 2006/2007, 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011 | 3.75 |
| 30. | Деловен реинженеринг (менторски) – 2006/2007, 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011 | 3.75 |
| 31. | Тимска работа (менторски) – 2006/2007, 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011 | 3.75 |

| | | |
|---|---|---|
| 32. | Ергономски аспекти во проектирањето – 2006/2007, 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011 | 3.75 |
| 33. | Деловна логистика (менторски) – 2006/2007, 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011 | 3.75 |
| 34. | Организациски дизајн (менторски) – 2006/2007, 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011 | 3.75 |
| 35. | Методи во деловното одлучување 2010/2011 | 1.5 |
| 36. | Развој на нов бизнис 2010/2011 | 1.5 |
| 37. | Развој на човечките ресурси 2010/2011 | 1.5 |
| 38. | 04-12 јули 2011, организација на летен курс за 40-тина студенти од BEST на тема: „Лидерство преку технолошките иновации" – раководител и предавач | 2.5 |
| 39. | Подготовка на нов предмет: методи во деловното одлучување (втор циклус) | 1 |
| 40. | Подготовка на нов предмет: менаџмент на човечките ресурси во малиот бизнис | 1 |
| 41. | Консултации со студенти 2006/2007 (305 студенти) | 0.61 |
| 42. | Консултации со студенти 2007/2008 (311 студенти) | 0.62 |
| 43. | Консултации со студенти 2008/2009 (332 студенти) | 0.66 |
| 44. | Консултации со студенти 2009/2010 (325 студенти) | 0.64 |
| 45. | Консултации со студенти 2010/2011 (316 студенти) | 0.62 |
| 46. | Ментор на дипломска работа (80 студенти) | 16 |
| 47. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (3 студенти) | 1.5 |
| 48. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (12 студенти) | 3,6 |
| 49. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (45 студенти) | 4.5 |
| 50. | Позитивно рецензиран универзитетски учебник: Како до сопствен бизнис?, 2007 | 6 |
| 51. | Интерна скрипта од предавање: Ергономија, МФС, 2007 | 4 |
| 52. | Интерна скрипта од предавање: Бизнис логистика, МФС, 2007 | 4 |
| 53. | Позитивно рецензирана збирка задачи или курикулум: "Менаџмент 1 – работна книга: тестови, задачи, прашања, студии на случај", CIM, Скопје, 2007 | 3 |
| 54. | Интерна скрипта од предавање: Менаџмент на човечките ресурси во малиот бизнис, Универзитет во Нови Сад, 2009 | 4 |
| 55. | Научно-популарна книга: "Претприемништвото во Македонија (GEM 2008 Извештај за Македонија)", MRFP принт, Скопје, декември 2009 | 4 |
| | **ВКУПНО** | **144,05** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на докторска дисертација (4 во тек) | 12 |
| 2. | Ментор на магистерска работа (14 завршени) | 14 |
| 3. | Раководител на национален научен проект (1) | 6 |
| 4. | Национален координатор на меѓународен научен проект: Skopje University Business Start-Up Centre: Through Networking to Successful Companies (Phase I – Establishment of the Centre) – Austrian Development Agency funded project (2006-2008) | 6 |
| 5 | Учесник во меѓународен проект: TEMPUS SCM project: "Web Based Multimedia E-Learning for Applied Technologies" (2006-2007) | 5 |
| 6. | Учесник во меѓународен проект: Capacity Building and Promotion of Innovation in the Republic of Macedonia", Small and mediumsize Enterprise Development – Government and Private Sector, An EU-funded project managed by the European Agency for Reconstruction (2007) | 5 |
| 7. | Учесник во меѓународен проект: Entrepreneurship Awareness Raising Campaign for Young People, Strengthening Entrepreneurship, Competitiveness and Innovation – A Project funded by British Embassy in Skopje (2007) | 5 |
| 8. | Раководител на меѓународен проект: "LEPEZA" project (re-socialization of dismissed army officers) (project funded by Ministry of defence and Kingdom of Norway and Kingdom of Denmark, 3 month intensive training on Entrepreneurship) (2007) | 9 |
| 9. | Национален координатор на меѓународен научен проект: Network of food processing | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| | SMEs in Styria and Macedonia for an international competitiveness “MAKfoodS” – Austrian funded project (2007) | |
| 10. | Учесник во меѓународен проект: “Capacity Building and Promotion of Innovation in the Republic of Macedonia”, Small and medium-size Enterprise Development – Government and Private Sector, An EU-funded project managed by the European Agency for Reconstruction, Skopje, June 2007 | 5 |
| 11. | Учесник во меѓународен проект: Developing project Fiche for Implementation of the European Innovation Scoreboard for Macedonia (short-term expert within an EAR funded project for technical assistance for SME development) (2008) | 5 |
| 12. | Учесник во меѓународен проект: Developing training materials for Business Support Organisations in the Republic of Macedonia (short-term expert within an EAR funded project for technical assistance for SME development) (2008) | 5 |
| 13. | Учесник во меѓународен проект: European Training Foundation National Expert on Entrepreneurial Learning on Higher Education: National Report on Current Status and Best Practices in Macedonia on Entrepreneurial Learning in Higher Education, Skopje (2008) | 5 |
| 14. | Учесник во национален научен проект: Design and production of new acrylic products; Development and Research Project financed by the Ministry of Education and Science of the Republic of Macedonia, Beneficiary company: Luxor Aquamatic, 2008, | 3 |
| 15. | Национален координатор на меѓународен научен проект: ETF-SM-00013-2008, 145129-TEMPUS-1-2008 “COMPETENCE - Matching competences in higher education and economy: From competence catalogue to strategy and curriculum development”, Coordinator: University of Zenica (2009-2011) | 6 |
| 16. | Национален координатор на меѓународен научен проект: ETF-SM-00066-2008, 145180-TEMPUS-1-2008 “Creating R&D Capacities and Instruments for boosting Higher Education-Economy Co-operations”; Coordinator: Montanuniversität Leoben” (2009-2011) | 6 |
| 17. | Учесник во меѓународен проект: TEMPUS Project, “MAS-PLM Master Studies and Continuing Education Network for Product Lifecycle Management with Sustainable Production”; Coordinator: Politechnical University of Torino”; Radmil Polenakovik Responsible for course PLM Project management (2009-2011) | 5 |
| 18. | Учесник во меѓународен проект: European Training Foundation International Expert on Entrepreneurial Learning on Higher Education: Entrepreneurial Learning Audit Toolkit, ETF, Turin (2009) | 5 |
| 19. | Учесник во национален научен проект: World Bank project cs/cq/1.0/phrd “Employer Survey of Skills and Labour Demand in Macedonia” (2009) | 3 |
| 20. | Учесник во национален проект: “Capacity Building Towards Knowledge Based Economy”, Project funded by Austrian Development Agency and implemented by Agency for promotion of entrepreneurship in the Republic of Macedonia (APPRM) (2009-2012) | 3 |
| 21. | Национален координатор на меѓународен научен проект: SEE Trans-national Cooperation Programme – Project “South-East European Co-operation of Innovation and Finance Agencies” (2009-2011) | 6 |
| 22. | Национален координатор на меѓународен научен проект: Business Environment Reform and Institutional Strengthening Project (BERIS) Technical Assistance for preparation of Implementation of European Innovation Scoreboard for the Republic of Macedonia, CONTESTI srl, Project funded by World Bank | 6 |
| 23. | Учесник во меѓународен проект: Development of collection of 15 R&D projects in Macedonia for the need of SEE Transnational project: “Inter-regional Cooperation for Valorisation of R&D - InterValue” | 5 |
| 24. | Учесник во меѓународен проект: FP7 Project: “Western Balkan Countries INCO-NET enhanced”, Position: Innovation national expert as a member of WBC Innovation Group of experts (2010 – 2013) | 5 |
| 25. | Учесник во меѓународен проект: Member of project management team of OECD Regional Competitive Initiative: Developing Innovation Policy for Republic of Macedonia 2012-2020 | 5 |
| 26. | Учесник во национален научен проект: Development and design of the information system for process management in the logistic center; Development and Research Project financed by the Ministry of Education and Science of the Republic of Macedonia, Beneficiary company: Betasped, 2010-2011 | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 27. | Дел од монографија: Анализа на претприемничкото учење во основното, средното и високото образование; надворешна и домашна поддршка за промоција на претприемништвото во Република Македонија",УКИМ - УКИМ - БСЦ, ноември 2006 | 4 |
| 28. | Дел од монографија: "Како да најдеш работа?", УКИМ - БСЦ, Скопје, 2008 | 4 |
| 27. | Дел од монографија: „Женско претприемаштво во Македонија", НЦРИПУ принт, Скопје, април 2010 | 4 |
| 29. | Дел од монографија: "Извештај за иновативната унија – Преглед за Република Македонија за 2010", Министерство за економија, февруари 2011 | 4 |
| 30. | Дел од меѓународна монографија: Innovation infrastructures – The Republic of Macedonia, Report for project WBC-INCO.NET, Centre for Social Innovation (ZSI) as a part of WP8: Innovation Support to organise a mapping of Innovation Infrastructures in the Western Balkan region, June 2011 | 6 |
| | *Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:* | |
| 31. | Polenakovik R.: "Macedonian Experiences with Entrepreneurial Education on the University Level", 29th Institute for Small Business &Entrepreneurship Conference: International Entrepreneurship - from local to global enterprise creation and development, 31 October - 2 November 2006 - Cardiff-Caerdydd, United Kingdom | 3 |
| 32 | Kocov A., Polenakovik R., Rizov T., Jovanoski B.: "Positive Macedonian Experiences with Foiregin Funded Projects: Cases of USAID and ADA Funded Projects", International Conference: To meet the Challenge: Perspectives for project financed research and project oriented research institutions in Southeast Europe, ASO Sofia, 23-24, November 2006, Sofia, Bulgaria | 1,8 |
| 33. | Polenakovik R., Jovanoski B., Kurciev A.: "Development of Entrepreneurial Spirit Among Young Population – Macedonian Case", 27th Conference on Entrepreneurship and Innovation in Maribor, 21-22 March 2007, Maribor, Slovenia | 2.4 |
| 34. | Polenakovik R., Kurciev A., Jovanoski B.: "Training of Potential Entrepreneurs – Model of "Ss. Cyril and Methodius" University Business Start-Up Centre", 5th International Symposium: From Idea to the Product, ZPTU Slovenije, 18-20 April 2007 Portoroz, Slovenia | 2.4 |
| 35. | Polenakovik R., Jovanoski B., Kurciev A.: „Macedonian Entrepreneurial Education and the Benefit of the University Business Start-Up Centre Skopje", Global Entrepreneurship Conference 2007, 25- 27 May 2007, Belgrade, Serbia | 2.4 |
| 36. | Polenakovik R., Jovanoski B., Kurciev A.: „A Need for University Start-ups – The Case of "Ss. Cyril and Methodius" University Business Start-up Centre", V International Conference: Management and Engineering 2007, June 21-24, 2007 Sozopol, Bulgaria | 2.4 |
| 37. | Jovanoski B., Minovski R., Polenakovik R.: „The Benefit of Simulation Methodology in Decision Making", V International Conference: Management and Engineering 2007, June 21-24, 2007 Sozopol, Bulgaria | 3 |
| 38. | Trajanovski I., Polenakovik R.: "Reengineer the Supply Chain – Case in the Paper Industry in the Republic of Macedonia", 18th International DAAAM Symposium: Intelligent Manufacturing & Automation: Focus on Creativity, Responsibility and Ethics of Engineers, 24-27th October 2007, Zadar, Croatia | 2.7 |
| 39. | Polenakovik R., Jovanoski B., Kurciev A.: "Entrepreneurial education - case of "Ss Cyril and Methodius" University", South East European Conference on Innovation (SEE-ERA-NET), 29-30 November 2007, Thessaloniki, Greece | 2.4 |
| 40. | Sutevski D., Polenakovik R.: "Business Intelligence as Creator of Knowledge that is needed for Organizational Changes", Proceedings ICEIRD2008, 8-11 May 2008, Skopje/Ohrid, Macedonia | 2.7 |
| 41. | Polenakovik R., T. Rizov: "MCP and Logistics – Advanced Tools for the Ultimate Supply Chain Management", 3rd International Conference on Mass Customization and Personalization in Central Europe (MCP – CE 2008), June 3-6, 2008, Palic, Serbia | 2.7 |
| 42. | Nestorovski B., R. Polenakovik: "Partnership and Outsourcing vs. Everything Under the Same Roof", VIth International Scientific Conference on Management and Engineering – ISCME '2008, June 19-21, 2008, Sofia, Bulgaria | 2.7 |
| 43. | Polenakovik R., Polenakovik L., Jovanoski B., Kurciev A., Velkovski T., Jovanovski B.: "Teaching Entrepreneurship: Macedonian Experiences", International Conference: Knowledge Based Competitive Entrepreneurship, 4-6 September, 2008, Osijek, Croatia | 1.8 |

| | | |
|---|---|---|
| 44. | Rizov T., J. Cledenen, A. Kocov, R. Polenakovik: "Advanced Tools for Ultimate Supply Chain Management", 12th Panhellenic Logistic Conference: Logistics in Southeastern Europe, Crossroads for International Trade, Thessaloniki, Greece, 21-22 November, 2008 | 1.8 |
| 45. | Polenakovik R., A. Kurciev, B. Jovanoski: "Entrepreneurial Trainings – Experience of University "Ss. Cyril and Methodius" Business Start-up Centre", COSMO 2008, Small Business Conference: Sustainable Entrepreneurship Networking, 27-28 November 2008, Skopje, Macedonia | 2.4 |
| 46. | Polenakovik R., Mezghani L.: "Indicators for Evaluating Entrepreneurial Learning in the Higher Education", International Conference for Entrepreneurship, Innovation and Regional Development 2009 (ICEIRD 2009), 23-24 April, 2009, Thessaloniki, Greece | 2.7 |
| 47. | Arsovski M., Polenakovik R.:"Marketing Channels and Marketing Logistics on the Product Service Consumption Market (The Way the Japanese Do It!)", VII International Scientific Conference "Management and Engineering'09" – ISCME09, 22-24 June, 2009 Sozopol, Bulgaria | 2.7 |
| 48. | Ristova E., Polenakovik R: "CRM Case Study from IT Company in Macedonia", VII International Scientific Conference "Management and Engineering'09" – ISCME09, 22-24 June, 2009 Sozopol, Bulgaria | 2.7 |
| 49. | Polenakovik R.: "Towards an Innovation Society", SEE Annual Conference: "Advancing development through transnational cooperation in South East Europe", 14-15 October 2009, Sarajevo, Bosnia and Herzegovina | 3 |
| 50. | Polenakovik R., Jovanovski B., Velkovski T.:" Entrepreneurship at Universities Macedonian Experience (Can we teach entrepreneurship?)"; Conference Academic Entrepreneurship in South-Eastern Europe, 12-13 November 2009 , Sofia, Bulgaria | 3 |
| 51. | Dzidrov M., Polenakovik R.: "Turnaround Management as a Tool for Handling Crisis", Medjunarodna konferencija "Kako upravljati u vrijeme krize", 4-5 Dec. 2009, Tuzla, Bosnia and Herzegovina | 2.7 |
| 52. | Kotevski M., Polenakovik R.: "Innovation Management System at Makedonski Telekom AD", 2nd International Conference "Innovation and Entrepreneurship – new ventures and creative solutions", 23-25 April 2010 Department of Management, Faculty of Economy, University of Tirana, Albania | 2.7 |
| 53. | Kotevski M., Polenakovik R., Jovanovski B., Velkovski T.: "Human Resource management practice at Makedonski Telekom AD for promoting Innovation", 3rd International Conference for Entrepreneurship, Innovations and Regional Development, ICEIRD 2010, 27-29 May 2010, Novi Sad, Serbia | 1.8 |
| 54. | Polenakovik R., Velkovski T., Jovanovski B., B. Delovska, E. Gotovska: "Survey on Women Entrepreneurship in the Republic of Macedonia", 3rd International Conference for Entrepreneurship, Innovations and Regional Development, ICEIRD 2010, 27-29 May 2010, Novi Sad, Serbia | 1.8 |
| 55. | Polenakovik R., Jovanovski B., Velkovski T.: "Ss. Cyril and Methodius University R&D Support Centre", 3rd International Conference for Entrepreneurship, Innovations and Regional Development, ICEIRD 2010, 27-29 May 2010, Novi Sad, Serbia | 2.4 |
| 56. | Kotevski M., Polenakovik R., Jovanovski B., Velkovski T.: "Need for successful succession planning for sustainable company growth", International Conference MOTS2010, June 2-4 2010, Rovinj, Croatia | 1.8 |
| 57. | Kotevski M., Polenakovik R.: "Managing Key Employee Makedonski Telekom Practice", VII International Scientific Conference "Management and Engineering", ISCME-2010, 17-19 June, Sozopol, Bulgaria | 2.7 |
| 58. | Polenakovik R.,. Rizov T.: "Benefits of Introducing RFID Technology in the Customs Procedures", 1st International Conference on Supply Chains, Alexander Technological Institute of Thessaloniki, 1-2 October 2010, Katerini, Greece | 2.7 |
| 59. | Polenakovik R.: "National Innovation System of the Republic of Macedonia", International Scientific Conference: Research and Development as the Basis for Innovation in Creating the Competitive Region, Montenegrian Academy of Sciences and Arts, 12-131 November 2010, Podgorica, Montenegro | 3 |
| 60. | Nestorovski B., Polenakovik R., Jovanovski B., Velkovski T.: Diffusion of innovation by rate of usage of internet, Proceedings of 4th International Conference for Entrepreneurship, Innovation and Regional Development, ICERID 2011, 5-7 May Ohrid, Macedonia | 1.8 |
| 61. | Jovanoski B., Minovski R., Polenakovik R.: Linking Strategic Decisions and Operations in | 2.4 |

| | | |
|---|---|---|
| | An Enterprise, Proceedings of 4th International Conference for Entrepreneurship, Innovation and Regional Development, ICERID 2011, 5-7 May, Ohrid, Macedonia | |
| | *Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир:* | |
| 62. | Поленаковиќ Р.: "Размислувај Бизнис", Конференција по повод меѓународниот ден на науката, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", 10 ноември 2006, Скопје | 2 |
| 63. | Polenakovik R.: "Stimulating Entrepreneurial Education", AGTIS Workshop "The Roadmap of the Reforms in Economy", AGTIS, 22 December 2006, Skopje | 2 |
| 64. | Arsovski M, Polenakovik R.: "Model of Organisational Consciousness – Challenge for Management in the Process of Increasing Competitive Advantage", International Congress for tourism and management, September 2009, Skopje, Macedonia | 1.8 |
| 65. | Stamboliski V., Polenakovik R.: "How to Organise Teams in Order to Ensure Successful Customer Relationship Management System?", 2nd Biennial International Scientific Congress: The Influence of Tourism on Economic Development, 27-29 April 2011, Skopje, Macedonia | 1.8 |
| 66. | Arsovski M., Polenakovik R.: Quality, standardization, organizational level, Proceedings of Vth International Business Forum, 13-14 May 2011, Skopje, Macedonia | 1.8 |
| | *Трудови објавени во зборник на трудови на високообразовна институција* | |
| 67. | Sutevski D., Polenakovik R.: "Resistance to Organizational Change Versus Management Styles According to Adizas", Mechanical Engineering – Scientific Journal, Vol. 25, No. 2, 2006 | 1.8 |
| 68. | Dzidrov M., Polenakovik R.: "Essential Facts Related to Method of Making and Managing Turnaround of the Macedonian Enterprises", Mechanical Engineering – Scientific Journal, Vol. 29, No. 1, 2010 | 1.8 |
| | *Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество* | |
| 69. | Polenakovik R.: "How Can the Indicators and Assessment process can be improved (Chair of session)? International Conference Entrepreneurship in High Education (organised by ETF), Bitola, Macedonia, 20 Nov., 2009 | 2 |
| 70. | Polenakovik R.: "Screening the national Innovation System of the Republic of Macedonia", 1st Innovation Dialogue Forum: Towards a Regional Innovation System, WBC-INCO.NET project, 8-9 November 2010, Becici, Montenegro | 2 |
| 71. | Polenakovik R., Velkovski T., et al.: "Implementation of best practices in policy learning mechanisms for cluster support in Southeast Europe region", SEE Project Idea Form, 3rd Call for Proposal – Priority 1, Bucharest, Romania, 31.03.2011 | 2 |
| | *Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор* | |
| 72. | Arsovski M., Polenakovik R: "Sale Staff as Competitive Advantage on the Market for Product and Service Oriented Consumption", Journal of Engineering, Pub. University Politehnica Timisoara, ISSN 1584-2665,Tome VII (year 2009) Fascicule 2, Hundeora, Romania, 2009 | 5.4 |
| 73. | Gecevska V., Anisic Z., Polenakovic R.: Technology Transfer and Clusters – Opportunity for Regional Development, International Journal of Engineering, Pub. University Politehnica Timisoara, Faculty of Engineering, ISSN 1584-2665, Tome 2, No.4, 2009, | 4.8 |
| 74. | Arsovski M, Polenakovik R.: "Increased Productivity of the Companies with the use of Motivational Techniques for more Successful Involvement of Human Resources in the Work", International Virtual journal MTM, Bugarija, 2009 | 5.4 |
| 75. | Polenakovik R., Pinto R.: "The National Innovation System and its Relation to Small Enterprises – the Case of the Republic of Macedonia", World Journal of Science, Technology and Sustainable Development (WJSTSD) Volume 7 Numbers 1/2 2010. | 5.4 |
| 76. | Gecevska V., Cus F., Polenakovic R., Chiabert P.: Process of Innovation in Product Lifecycle Management Business Strategy, International cross-industry research Journal, Perspectives of Innovation, Economics and Business, Vol.14, ISSN 1804-0527, accepted July 2011, print in October 2011. | 3.6 |
| | **ВКУПНО** | **291,10** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Дел од извештај-монографија: "National Report on Current Status and Best Practices in Macedonia on Entrepreneurial Learning in Higher Education", October 2008, Skopje, for the needs of European Training Foundation project "Entrepreneurial Learning – phase I" IPA 08-04 and ENPI 08-10, 2008 | 6 |
| 2. | Стручна монографија објавена во странство: Mezghani L., Polenakovik R.: "Entrepreneurial Learning Audit Toolkit", May 2009, Sfax, Tunisia and Skopje, Macedonia, for the needs of European Training Foundation project "Entrepreneurial Learning – phase II" IPA 08-04 and ENPI 08-10, 2009 | 12 |
| 3. | Стручна монографија: Поленаковиќ Р., Зарезанкова-Потевска М., Данаиловска И.: "Чекор по чекор до спопствен бизнис (џебен водич)", SECI проект, Скопје, 2009 | 6 |
| 4. | Стручна монографија: Поленаковиќ Р., Зарезанкова – Потевска М., Данаиловска И.: "Како да станеш претприемач? – Чекори да започнеш сопствен бизнис", SECI проект принт, Скопје, 2009 | 6 |
| 5. | Стручна монографија: Поленаковиќ Р., Поленаковиќ Л.: "Како да најдеш работа - прирачник", Публикација на БЕСТ за саемот за вработување 2007, 21-22 март, 2007, Скопје | 6 |
| | *Стручни презентации* | |
| 6. | Polenakovik R.: "Model for Entrepreneurial University – Brainstorming on the Indicators for Evaluation of Entrepreneurial Learning in Higher Education", EU Day of the Entrepreneur 2009: "I Love Entrepreneurship", 8 May 2008, Skopje, Macedonia | 1 |
| 7. | Polenakovik R.: "How to turn scientist in to a entrepreneur", Conference "Commercialization of R&D", M6 Educational Centre, 12.05.2010, Skopje, Macedonia (presentation) | 1 |
| 8. | Polenakovik R.: "Universities as a Creators of Jobs – Myth or Reality", Conference "Fighting with unemployment among youth", Skopje Fair, 18.05.2010, Skopje Macedonia | 1 |
| 9. | Polenakovik R., Velkovski T., Jovanovski B.: "Developing Entrepreneurial Culture: Macedonian Experiences", International Conference "SME Development in Western Balkans", 14.05.2010, Kosovska Mitrovica, Kosovo | 1 |
| 10. | Polenakovik R, Mezghani L.: "Entrepreneurial Learning Audit Toolkit – 2nd edition", July 2010, Turin, European Training Foundation (for the needs of the project "Entrepreneurial Learning – phase II" IPA 08-04 and ENPI 08-10 | 1 |
| 11. | Поленаковиќ Р.: "Иновациите – Предуслов за развој на Република Македонија", Microsoft Визија: Иновациски Форум, 13.10.2010, Скопје, Македонија | 1 |
| 12. | Поленаковиќ Р.: "Зелени професии?", Тркалезна маса: Најдобри практики и нови работни места за енергетска ефикасност и сектор за обновливи извори на енергија, Недела на енергијата, Скопски саем, 20.10.2010 | 1 |
| 13. | Polenakovik R.: Possibilities for Development of women's Entrepreneurship in the Republic of Macedonia, the final event in framework of the exhibition Creative Women - Innovations and Inventions from Sweden National and University Library "St Kliment Ohridski" – Skopje, 9 June, 2011, | 1 |
| 14. | Поленаковиќ Р. и соработниците: „Преглед на иновациската инфраструктура во Република Македонија", WBD-INCO проект, ZSI, Vienna, јуни 2011, Охрид | 1 |
| 15. | Учество во комисии на државни натпревари:<br>- Натпревар за најдобар бизнис-план во средните училишта (2007 – 2011)<br>- Натпревар за најдобар бизнис-план за студенти и дипломци (2007 – 2011) | 10 |
| 16. | Член на национална жири-комисија: евалуатор на проекти за технолошки развој во рамките на програмата на Министерството за образование и наука на Република Македонија за 2010 година | 1 |
| 17. | Член на меѓународна жири-комисија: Evaluator in the team of Research Executive Agency for FP7-Security call - 2011-1 | 2 |
| 18. | Експерт-обучувач: European Training Foundation International Expert on the project: | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Entrepreneurship and Entrepreneurial Skills: Training Workshop for National Experts from 14 countries II phase of project Entrepreneurship in Higher Education –Pilot 2010, Belfast, UK | |
| 19. | Експерт-обучувач: Ministry of defence of Republic of Macedonia – trainings for staff of Departments for transition to civil life of 7 countries (Albania, Serbia, Moldova, Croatia, Bosnia and Herzegovina, Germany, Macedonia): "Capacity building on the topic: Preparation of Job Fair for ex-military Personnel", 17. 6.2009 | 1 |
| 20. | Креатор на програмата и обучувач: Council for Broadcasting of Republic of Macedonia – trainings: "Capacity Building of Council Staff: Team Building, Organisational Communication, Time Management", Skopje - Strumica, June – December 2009 | 1 |
| 21. | Серија на тркалезни маси: "Employment vs. Self-employment" at all Macedonian Universities, Strengthening Entrepreneurship, Competitiveness and Innovation – A Project funded by British Embassy in Skopje | 1 |
| 22. | Учество во промотивни активности на Факултетот – 2006, 2007, 2008 | 1.5 |
| | **ВКУПНО** | **63,50** |

## ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Поленаковиќ Р., Јованоски Б., Ќурчиев А., Кетикидис П. (уредници): „Зборник од Првата Меѓународна Конференција за претприемништво, иновации и регионален развој", ICERID 2008, 9-11 мај 2008, Скопје и Охрид, Македонија | 2 |
| 2. | Поленаковиќ Р., Јовановски Б., Велковски Т. (уредници): Зборник од 4-та Меѓународна конференција за претприемништво, иновации и регионален развој, ICERID 2011, 5-7 мај 2011, Охрид, Македонија | 2 |
| 3. | Претседател на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир:<br>- Првата меѓународна конференција за претприемништво, иновации и регионален развој", ICERID 2008, 9-11 мај 2008, Скопје и Охрид, Македонија<br>- Четврта меѓународна конференција за претприемништво, иновации и регионален развој, ICERID 2011, 5-7 мај 2011, Охрид, Македонија | 4 |
| 4. | Претседател на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир:<br>- конференција „Комерцијализација на истражувањето и развојот", М6 едукациски центар, 12. 5.2010, Скопје | 1 |
| 5. | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир (13 конференции, собири, симпозиуми итн.) | 13 |
| 6. | Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание (2) | 1 |
| 7. | Студиски престој во странство – до 3 месеци (4 престои) | 2 |
| 8. | Членство во меѓународни асоцијации и организации:<br>- Европска академија на науките и уметностите<br>- Европски совет за мали бизниси и претприемништво<br>- Национална асоцијација на бизнис-инкубатори | 6 |
| 9. | Член на работна група за претприемништво при изработка на Национална стратегија за индустриска политика во Република Македонија, 2008 | 1 |
| 10. | Член на тимот за изработка на извештајот „Претприемништвото во Република Македонија", 2008 | 1 |
| 11. | Член на тимот за подготовка на Националната стратегија за занаетчиство 2010 | 2 |
| 12. | Член на тимот за подготовка за Националната стратегија за иновациска политика 2012-2020 | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 13. | Член на тимот за имплементација на европската матрица за иновативност за Република Мкедонија за 2010 година | 2 |
| 14. | Член на меѓународен тим за креирање на приоритети во делот на иновациите за Транснационалната програма за меѓугранична соработка 2011 | 2 |
| | **ВКУПНО** | **41,00** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 144,05 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 291,10 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 63,50 |
| ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС | 41,00 |
| **ВКУПНО** | **539,65** |

Скопје, 26. 8.2011

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Делчо Јованоски, с.р.
   Машински факултет, УКИМ - Скопје

2. Проф. д-р Ванчо Донев, с.р.
   Машински факултет, УКИМ - Скопје

3. Проф. д-р Тодор Кралев, с.р.
   Универзитет за туризам и менаџмент - Скопје

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНОТО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КОМПЈУТЕРСКА ТЕХНИКА И ИНФОРМАТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии, донесена на неговата седница одржана на 24.VIII 2011 година, одредени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по предметите од наставно-научната област компјутерска техника и информатика, а во врска со распишаниот конкурс објавен во весникот „Дневник" од 8.VIII 2011 година.

Врз основа на доставените материјали и документи, го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс се пријавила кандидатката д-р Марија Календар.

**1. Биографски податоци**

Марија Календар е родена на 21. I 1979 година во Скопје, каде што завршила основно и средно образование. На Електротехничкиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1997/1998 година, на насоката компјутерска техника и информатика. Дипломирала во март 2002 година со просечен успех 9,98, што претставува највисок просек во генерацијата на Факултетот. Во текот на студирањето секоја година е наградувана за постигнатиот успех. Во 2002 година добитник е на признанието „Инженерски прстен", што го доделува претседателот на Р. Македонија секоја година на инженери што дипломираат таа година со најдобар просечен успех во текот на студирањето на техничките факултети.

На постдипломски студии се запишала во 2002 година, на насоката компјутерска техника и информатика. Во текот на студирањето ги положила сите предвидени испити со просечна оценка 10. Магистерскиот труд со наслов „Детектирање и контрола на P2P мрежен сообраќај" го одбранила во јануари 2007 година.

Докторската дисертација со наслов „Статистички засновано, хардверски поддржано адаптивно упатување и контрола на мрежен сообраќај" ја одбранила на 4.VII 2011 година, при Факултетот за електротехника и информациски технологии.

Од февруари до јули 2002 работела како систем-администратор во факултетската лабораторија за обработка на податоци при Електротехничкиот факултет во Скопје. Од октомври 2002 до септември

2008 година работела како помлад асистент при Институтот за компјутерска техника и информатика на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје. Во октомври 2008 година е избрана за асистент на предметите од наставно-научната област компјутерска техника и информатика на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје. Во рамките на наставната дејност држела аудиториски и лабораториски вежби по повеќе предмети од наставно-научната област компјутерска техника и информатика.

Во доменот на научноистражувачката дејност се занимавала со истражување во областа на мрежи и има објавено 14 трудови на меѓународни и домашни конференции и списанија. Коавтор е на пет книги. Учествувала во 4 научноистражувачки и апликативни проекти од областа на компјутерската техника и информатика. Добитник е стипендија од Светската федерација на научници во периодот од јануари до декември 2005 година.

Кандидатката активно го владее англискиот јазик.

## 2. Наставно-образовна дејонст

Д-р Марија Календар во изминатиот период како асистент на Институтот за компјутерска техника и информатика при Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје држела аудиториски и/или лабораториски вежби по повеќе предмети, и тоа: програмски јазици, структурирано програмирање, објектно ориентирано програмирање, логички кола и дискретни автомати, моделирање и симулација, компјутерски компоненти и периферии, мрежни оперативни системи, системски софтвер, компјутерски сиситеми, микропроцесорски системи, компјутерски мрежи, компјутерски архитектури, мрежен софтвер и безбедност и заштита на компјутерски системи.

## 3. Научна и стручна дејност

До претходниот избор, кандидатката д-р Марија Календар има објавено 5 научни трудови на меѓународни и домашни конференции. Кандидатката учествувала и во 1 домашен научноистражувачки проект. Ко-автор е на 5 стручни книги. Од претходниот избор до денес, д-р Марија Календар има објавено 9 научноистражувачки трудови, од кои 1 труд е објавен во списание. Дополнително, кандидатката учествувала во 1 домашен и 1 меѓународен научноистражувачки проект.

## Публикувани трудови во периодот по последниот избор

[6] D. Jakimovska, G. Dokoski, A. Tentov, **M. Kalendar**, "Network processors: evolution and trends", IX^th National Conference with International Participation, 26-29 September 2009, Ohrid, R. Macedonia, Pages: IE2-4

Во овој труд е дадена анализа на карактеристиките на современите мрежни процесори и прикажани се светските трендови во ова многу значајно и атрактивно подрачје.

[7] **Marija Kalendar,** Aristotel Tentov, Danijela Jakimovska, Goce Dokoski, "A Novel Flow Based Approach In Routing Decision Mechanism", Proc. of 3^rd IASTED Multi-Conference an Automation, Control, and Information Technology (ACIT2010), 15-18 June 2010, Novosibirsk, Russia, pages: 158-163.

Во овој труд е претставен нов предлог за промена на механизмот за рутирањето со интервенција во текот на пакетната комуникација помеѓу рутерите, со цел да се овозможи побрза работа на рутерите во повеќе-гигабитните мрежи од следна генерација.

[8] **Marija Kalendar,** Aristotel Tentov, Danijela Jakimovska, Goce Dokoski, "Modified IP Routing Process, Supported By New Network Processor Architecture", Proc. of ETRAN 2010, 54^th Conference for Electronics, Telecommunication, Computers, Automatic control and Nuclear engineering, 7-11 June, Donji Milanovac, R. Serbia, pp. RT4.4 (RT3.7-1-4)

Во овој труд е прикажан нов протокол за IP-рутирање. Дополнително, за поддршка на предложениот протокол проектиран, е процесор со специјална за таа намена архитектура.

[9] **Kalendar Marija,** Jakimovska Danijela, Tentov Aristotel, Dokoski Goce, "Advanced Routing Concept Performance Analysis", Proc. of XVIII Telecommunications Forum – TELFOR 2010, 23-25 November, Belgrade, R. Serbia, pp. 139-142 (2.8).

Во овој труд е дадена анализа на перформансите на протоколот за рутирање предложен во претходната статија. Од анализата произлегува дека предложениот протокол има значително подобри перформанси од постојните протоколи за рутирање во поглед на времето потребно за опслужување на влезните мрежни пакети, како и во однос на обемот на максималниот број на мрежни пакети што можат да се опслужат во единица време.

[10]Jakimovska Danijela, Dokoski Goce, **Kalendar Marija,** Tentov Aristotel, "Design and HDL Implementation of Original 64-bit network Processor Core", Proc. of XVIII Telecommunications Forum – TELFOR 2010, 23-25 November, Belgrade, R. Serbia, pp. 155-158 (2.12).

Во овој труд е прикажана внатрешната архитектура и реализацијата на сосема ново 64-битно јадро на мрежен процесор.

[11] **Marija Kalendar,** Danijela Jakimovska, Goce Dokoski, Aristotel Tentov, "Advanced Routing Concept Supported by a Novel Processor Architecture" VIII Industrial Symposium on Industrial Electronics, INDEL 2010, 4-6 November, Banja Luka, BiH, pp. (TO-09A-2).

Во овој труд е претставен нов рутирачки протокол, дополнително поддржан со нов концепт на мрежен процесор.

[12]Danijela Jakimovska, Goce Dokoski, **Marija Kalendar,** Aristotel Tentov, "Network Processor Architecture Design for Multi-Gigabit Networks", VIII Industrial Symposium on Industrial Electronics, INDEL 2010, 4-6 November, Banja Luka, BiH, pp. (TO-09A-3).

Во овој труд е прикажан дизајн на оригинална архитектура на мрежен процесор за повеќегигабитни мрежи од следната генерација.

[13]**Marija Kalendar,** Danijela Jakimovska, Aristotel Tentov, Goce Dokoski, "Novel Processor Architecture for Modified Advanced Routing in NGN", 26$^{th}$ ACM Symposium On Applied Computing, ACM SAC 2011, 21-24 March, Taichung, Taiwan, pp. 483-488.

Во овој труд е предложена сосема нова процесорска архитектура којашто би се применувала за рутирање во брзи мрежи од следната генерација.

[14]D. Jakimovska, A. Tentov, S. Gjorgjieska, G. Dokoski, **M. Kalendar**, "Performance Estimation of Novel 32-bit and 64-bit RISC based Network Processor Cores", Cyber Journals: Multidisciplinary Journals in Science and Technology, Journal of Selected Areas in Telecommunications (JSAT), May Edition, 2011 pp. 28-40.

Во овој труд е дадена анализата на перформанси на новопредложени архитектури на 32-битни и 64-битни процесорски јадра.

**Учество во научноистражувачки проекти по последниот избор**

[1] A. Tentov, **M. Kalendar**, et al., "Routing And Traffic control In Next Generation COMputer NETworks" (RATING COMNET), Факултет за електротехника и информациски технологии, Скопје, 2010-2012.

Проектот се занимава со развој на протоколи за рутирање и на процесорски архитектури за нивна поддршка во компјутерските мрежи од следна генерација.

[2] R. Kraemer, M. Stojchev, J. Kjosev, A. Tentov, **M. Kalendar**, "Embeded Systems Design", DAAD, 2009-2011.

Во проектот се разработуваат и проектираат процесорски архитектури за системи со посебна намена.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на претходно изнесеното, како и врз основа на личното познавање на кандидатката, Комисијата заклучи дека д-р Марија Календар многу совесно и одговорно ги извршува сите зададени обврски и покажува извонредни резултати во научноистражувачката работа. Како студент постигнала одличен успех, била најдобар студент во својата генерација, а во текот на работата како асистент покажала извонредно залагање учествувајќи во подготовката и изведувањето на аудиториски и лабораториски вежби по тековните и новововедените предмети. Д-р Марија Календар публикувала како коавтор 5 книги, објавила 1 труд во меѓународно списание и учествувала на 10 меѓународни и домашни конференции. Дополнително, д-р Марија Календар бил учесничка во 3 меѓународни и домашни научноистражувачки проекти.

Врз основа на изложеното, Рецензентската комисија смета дека кандидатката ги исполнува сите формални и суштински услови за избор во звањето за кое конкурира. Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, да ја избере д-р Марија Календар за доцент по предметите од наставно-научната област компјутерска техника и информатика.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Аристотел Тентов, претседател с. р.

Проф. д-р Аксенти Грнаров, член с. р.

Проф. д-р Петар Лазов, член с. р.

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** ____________________МАРИЈА АЛЕКСАНДАР КАЛЕНДАР______________
(име, татково име и презиме)

**Институција:** __Факултет за електротехника и информациски технологии - Скопје________
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** ___компјутерска техника и информатика_____________

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одржување на вежби (лабораториски, аудиториски или изработка на семинарски труд) | 81,45 |
| 2 | Консултации со студенти | 6,016 |
| 3 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (вкупно 35) | 3,5 |
| 4 | Пакет материјали за одреден предмет (КС, СП, ООП, ЛКДА, КМ, КА, МС, Мод.Сим, ККиП, БЗКС, МОС, СС) | 12 |
| 5 | Настава во летни школи и работилници (Best - Мрежи (P2P) 2005 и DAAD - Embedded System Design 2011) | 2 |
| 6 | Превод на учебник | 3 |
| 7 | Основен школски или средношколски учебник | 12 |
| | Вкупно | 119,966 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одбранета докторска теза | 8 |
| 2 | Одбранета магистерска работа | 4 |
| 3 | Учесник во меѓународен научен проект | 5 |
| 4 | Учесник во национален научен проект | 6 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор | 3,6 |
| 6 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир | 7,2 |
| 7 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор | 14,4 |
| 8 | Учество на научен/стручен собир со реферат | 5 |
| | Вкупно | 53,2 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Книга од стручна област - коавтор | 28 |
| 2 | Дизајн или изработка на информациски систем | 1 |
| 3 | Учество во промотивни активности на Факултетот/Институтот (4 настани) | 2 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Награда за научни постигнувања од струкова организација - самостоен („Инженерски прстен") | 3 |
| 2 | Студиски престој во странство- до три месеци (два престоја) | 1 |
| 3 | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект - соработник (3 проекти) | 1,5 |
| 4 | Член на факултетска комисија (Пописна комисија (2005), Комисија за уписи (2011)) | 1 |
| | Вкупно | 37,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 119,966 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 53,2 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 37,5 |
| Вкупно | 210,666 |

**Членови на Комисијата**

1. Аристотел Тентов __________, претседател с.р.
2. Аксенти Грнаров __________, член с.р.
3. Петар Лазов __________, член с.р.

# РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК (ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА) ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: СУРДОАУДИОЛОГИЈА, РАН ТРЕТМАН, МЕТОДИКА, ДЕФЕКТОЛОГИЈА, ЛОГОПЕДИЈА, ЗНАКОВЕН ЈАЗИК, ВИЗУЕЛНА ПЕРЦЕПЦИЈА НА ГОВОРОТ И КОМУНИКАЦИЈА НА ЛИЦАТА СО ОШТЕТЕН СЛУХ НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата XIX редовна седница одржана на 16.6.2011 година, донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник (во сите наставно-научни звања) за научните области (дисциплини): сурдоаудиологија, ран третман, методика, дефектологија, логопедија, знаковен јазик, визуелна перцепција на говорот, комуникација на лицата со оштетен слух.

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Јасмина Ковачевиќ, проф. д-р Љупчо Ајдински и проф. д-р Ристо Петров, ценејќи ја укажаната доверба и по увидот во доставениот материјал, има особена чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот што беше објавен во дневниот весник „Дневник" на 4.6. 2011 година за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања, распишан од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, по предлог на Филозофскиот факултет во Скопје, за следниве научни области (дисциплини): сурдоаудиологија, ран третман, методика, дефектологија, логопедија, знаковен јазик, визуелна перцепција на говорот и комуникација на лицата со оштетен слух, се пријави д-р Зора Јачова, вонреден професор на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје.

### 1. Биографски податоци и професионален развој

Проф. д-р Зора Јачова е родена во Штип на 5.3.1969 година. Основното образование го завршила во 1983 година во ОУ „Кирил и Методиј" во Македонска Каменица. Средното образование го завршила во 1987 година во Медицинскиот училиштен центар „Д-р Панче Караѓозов" во Скопје. Студиите на Дефектолошкиот факултет во Белград ги запишала во учебната 1987/88 година, а дипломирала на 14.10.1991 година.

Во текот на своите студии (1989 до 1990 година) била вклучена во работата на тимот при Заводот за ментално здравје во Белград и работела на примена на методот на психомоторна реедукација со деца кои биле на третман заради тикови и дискогниција, деца со аутизам, деца со оштетен слух како и деца со лесни пречки во психичкиот развој.

За време на своите студии активно учествувала во реализацијата на проектот: **„Говорно јазичката развиеност на децата со оштетен слух и можноста за нивно вклучување во редовниот образовен систем"**, раководен од тимот при Институтот за експериментална фонетика и патологија на говорот во Белград.

Во октомври 1991 година ги запишала постдипломските студии на Дефектолошкиот факултет во Белград.

На 15.5.1996 година на Дефектолошкиот факултет во Белград го одбранила магистерскиот труд со наслов : ***ПРОБЛЕМИ ВО КОРЕЛАТИВНИОТ ОДНОС ПРИ РАЗБИРАЊЕТО НА ПРОЧИТАНИОТ ТЕКСТ ВО СЕБЕ И НАГЛАС И НЕГОВОТО ВЕРБАЛНО ИНТЕРПРЕТИРАЊЕ ОД СТРАНА НА ГЛУВИТЕ УЧЕНИЦИ.***

На 28.6.2001 година на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје го одбранила докторскиот труд со наслов: ***ВИЗУЕЛНАТА ПЕРЦЕПЦИЈА НА ГЛАСОВИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ СТАНДАРДЕН ЈАЗИК И НЕЈЗИНОТО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ЕДУКАЦИЈАТА НА СЛУШНО ОШТЕТЕНИТЕ ЛИЦА.***

Во периодот од 1992 до 1993 година работела како дефектолог во посебната паралелка при редовното училиште „Кирил и Методиј" во Македонска Каменица. Во периодот од 1993 до 1994 година работела како раководител на Одделот за деца со оштетен слух (дефектолог-рехабилитатор) во Институтот за рехабилитација на слух, говор и глас во Скопје.

Во јуни 1994 година е избрана за помлад асистент на студиите за дефектологија при Институтот за педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје. Во февруари 1997 година била избрана за асистент на Институтот за дефектологија на Филозофскиот факултет во Скопје.

Во јануари 2002 година е избрана за доцент на Институтот за дефектологија на Филозофскиот факултет во Скопје, за следните научни дисциплини на додипломските студии: ортопедагогија, методика на ран третман и предучилишно воспитание на деца со пречки во развојот, методика на одделенска настава со глуви и наглуви ученици.

Во јануари 2007 година е избрана за вонреден професор на Институтот за дефектологија на Филозофскиот факултет во Скопје, за следните научни области на додипломските студии: дефектологија, сурдологија, ран третман, методика.

Од февруари 2002 година е вклучена во реализацијата на наставата и испитите на постдипломските студии како член на Советот на постдипломски студии на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје.

Од учебната 2006/2007 година започнала со реализација на наставата на вториот циклус студии според новите студиски програми.

Од 2004 година работи како наставник по предметот инклузивно образование со студентите на Институтот за педагогија и Институтот за психологија.

Од 2007 година е ангажирана на предметот методика на работа со деца попречени во развојот при Педагошкиот факултет во Скопје.

Од 2009 година работи како наставник по предметот алтернативна комуникација на насоката за логопеди-прв циклус студии при Медицинскиот факултет.

Во периодот од нејзиниот последен избор е ангажирана за следните научни области (дисциплини) и предмети: сурдоаудиологија (рана интервенција и едукација на децата со оштетен слух), ран третман (рана интервенција на деца со пречки во развојот), методика (методика на предучилишна воспитно образовна работа со деца со пречки во развојот, методика на работа со деца попречени во развојот, методика на работа со глуви и наглуви ученици, методика на лица со оштетен слух), дефектологија (инклузивно образование). логопедија (алтернативна комуникација),знаковен јазик, визуелна перцепција на говорот и комуникација на лицата со оштетен слух.

## 2. Наставно-образовна дејност

Во изминатиов период, од изборот во звањето вонреден професор, д-р Зора Јачова успешно ја реализира наставата од првиот циклус на студии со студентите од Институтот за дефектологија, други институти на Филозофскиот факултет, како и други факултети по предметите: сурдологија, рана интервенција на деца со пречки во развојот, методика на предучилишна воспитно образовна работа со деца со пречки во развојот, методика на работа со глуви и наглуви ученици 1 и 2, рана интервенција и едукација на децата со оштетен слух, инклузивно образование (Институт за педагогија и Институт за психологија), методика на работа со деца попречени во развојот (Педагошки факултет во Скопје), алтернативна комуникација (студии по логопедија - Медицински факултет во Скопје). Според најновите студиски програми, од учебната 2008/2009 година до денес, проф. д-р Зора Јачова е вклучена во реализација на наставата по предметите: знаковен јазик и методика на лица со оштетен слух.

Проф. д-р Зора Јачова е ангажирана и во реализацијата на наставата и испитите на вториот циклус студии на Институтот за дефектологија, по предметите: новини во едукација и рехабилитацијата на лицата со оштетен слух, визуелна перцепција на говорот, комуникација на лицата со оштетен слух, алтернативна комуникација, инклузивно образование, методи на рана дијагностика и интервенција на децата со говорни и јазични нарушувања, растројства на говорот и гласот и планирање на научното истражување, .

Педагошкиот капацитет на проф. д-р Зора Јачова е високо ценет и систематски потврдуван меѓу студентите. Како исклучителен експерт во областа, таа е ментор на 52 дипломски труда, како и член на комисии за оцена и одбрана на научни трудови (5 докторски дисертации, 10 магистерски тези и 63 дипломски работи).

Проф. д-р Зора Јачова се јавува и во улога на рецензент на универзитетските учебници: „Логопедија", „Конектум", Сараево (2009) и „Домска воспитно-образовна работа", Филозофски факултет, Скопје (2011).

Согласно со член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 138 од 6.7. 2009 година), проф. д-р Зора Јачова остварила вкупно **139 поени од наставно-образовната дејност** и со тоа повеќекратно го надминала минималниот потребен број на поени (15) по овој основ за избор во звањето редовен професор.

## 3. Научноистражувачка дејност

Проф. д-р Зора Јачова од изборот во звањето вонреден професор е ментор на 3 докторски дисертации и 13 магистерски тези.

Во изминатиов период (од 11.1. 2007 година), проф. д-р Зора Јачова преку учеството во значајни меѓународни и национални проекти и својата консултантска активност тргнувајќи од 1996 година се афирмира како научник во светски рамки:

- консултант на проектот, Австралиски курикулум, процена и извештаи (ACARA), Проект (2010-11), КУРИКУЛУМ, ПРОЦЕНА и ИЗВЕСТУВАЊЕТО ВО СПЕЦИЈАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ИНВАЛИДНОСТА - ФОРМАТИВЕН УВИД ВО ЛИТЕРАТУРАТА (2010-2011);

- консултант на проектот „Подобрување на воспитно -образовниот процес на децата со ПОП на локално ниво", CIRA (2010-2011);
- национален координатор на меѓународниот проект „Развој на инклузивните училишта: Пракса-Истражувања-Изградба на капацитети - SIU-Њest-Balkan Program"- (2006-2010);
- раководител на Агенцијата за обука на наставниците од редовните училишта за инклузијата на децата со посебни потреби, Проект за модернизација на образованието, Министерство за образование и наука - Светска банка (2006-2007).

Проф. д-р Зора Јачова има одржано 1 пленарно и 11 секциски предавања на научно-стручни собири со меѓународно учество. Преку овие предавања се презентирани резултатите од следниве истражувачки проблеми: анализа на инклузивниот процес на децата со кохлеарен имплант во редовните училишта; моделите на поддршка на децата со слушни оштетувања во рамките на инклузивната училница; компетенциите на дефектолозите во рамките на инклузивното образование и квалитативните истражувања во инклузивната практика.

Ги издвојуваме следните предавања кои се фокусирани на изнаоѓање на најсоодветен модел на инклузивно образование за децата со оштетен слух во Република Македонија (предмет: **инклузивно образование,** научна област: **дефектологија** и предмет: **методика на работа со деца попречени во развојот**, научна област: **методика**):

- **Јачова, З.**, Опсервација на партиципацијата на ученикот со кохлеарен имплант во инклузивната училница, 3. Интернационална конференција за теорија и практика во образованието – интеркултурна комуникација, мултикултурно образование, Беќешчаба, Унгарија (2010);
- **Јачова, З.**, Компетенциите на дефектолозите во инклузивното образование, Конференција за улогата на дефектологот во институционалниот и вонинституционалниот третман на децата со ПОП, Скопје, Македонија (2008);
- **Јачова, З.**, Каровска, А., Стратегии за работа со дете со кохлеарен имплант во инклузивната училница, Интернационална конференција за инклузија, Златибор, Србија (2010);
- Ангелоска – Галевска, Н., **Јачова, З.**, Квалитативно истражување во инклузивната пракса, 12. Интернационална конференција ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО БАЛАКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ – прописи и практики, Охрид (2009).

По покана на референтниот странски Универзитет во Осло- Норвешка, проф. д-р Зора Јачова ги одржала следниве предавања: „Системот на образование на глувите ученици во Република Македонија", Универзитет во Осло, Норвешка (март 2007); „Македонскиот речник за знаковен јазик", Универзитет во Осло, Норвешка (октомври 2009).

Максималната продлабоченост и темелната елаборација на секој истражуван проблем претставуваат најмаркантните белези на научниот пристап на проф. д-р Зора Јачова. Импресивен е бројот на трудови (19) со оригинални научни резултати објавени во научни-стручни списанија, референтни списанија со меѓународен уредувачки одбор и зборници од научно-стручни собири со меѓународен уредувачки одбор.

Во овој дел ќе ги селектираме трудовите на проф. д-р Зора Јачова од последниот избор согласно со научните области за избор на наставник.

**Целта** на докторската дисертација, како синтеза на теоретски и практични сознанија од областа на финансиското инвестирање, е интегрална разработка на оваа проблематика, давање на упатства, сугестии и насоки во кој правец треба да се движат нашите компании, кои се заинтересирани за обезбедување (преку алтернативни извори) на дополнителен капитал на берзата, преку трансформирање на својата приватна компанија во јавна со помош на иницијална јавна понуда, од една страна, како и можноста за инвестирање на инвеститорите во така издадените хартии од вредност, од друга страна, како можност за оплодување на својот капитал. преку детектирање на актуелни прашања, проблеми и дилеми од овој значаен сегмент, како и со користење на споредбените искуства од развиените држави. Поради тоа, во оваа докторска дисертација е спроведено едно обемно истражување, чија цел била да се утврди нивото на познавањето на стручната јавност за основните карактеристики на примарниот пазар на капитал од аспект на иницијалната јавна понуда. За постигнување на целта на ова класично-дескриптивно истражување биле користени методите на компаративната квантитативна и

квалитативна анализа. Низ една сеопфатна анализа на добиените резултати, на крајот се извлечени соодветни заклучоци.

## Содржина на докторскиот труд

Докторската дисертација под наслов: **„Примарен пазар на капитал и иницијална јавна понуда“** изработена од м-р Зоран Колев, претставува самостоен научен труд поделен во 5 глави, заклучни согледувања и користена литература.

***Глава 1***
**Примарен пазар на капитал и ИЈП**

***Глава 2***
**Планирање на іницијалната јавна понуда**

***Глава 3***
**Алокација на акциите од иницијалнаtа јавна понуда**

***Глава 4***
**Понуди во различни земји во светот**

***Глава 5***
**Примарен пазар на капитал во некои земји од Југоисточна Европа со посебен осврт на Република Македонија**

***Заклучни согледувања***

***Користена литература***

Во **првата** глава од дисертацијата се разгледуваат видовите пазари на капитал, видовите емисии на примарниот пазар на капитал, како и учесниците на примарниот пазар на капитал. Понатаму, авторот на докторската дисертација дава преглед на процесот на иницијалната јавна понуда, ги дефинира целите при реализацијата на иницијалната јавна понуда, предностите и недостатоците на јавните компании. Во продолжение на главата, даден е посебен осврт на алтернативните начини за реализација на овој процес, за крајот да биде посветен на трошоците на процесот и неговото времетраење.

**Втората** глава од докторската дисертација нѐ воведува во планирањето на иницијалната јавна понуда, со посебен осврт на претпонудната процедура на иницијалната јавна понуда, каде што посебен акцент е ставен на бизнис - планот, длабинската анализа, вреднувањето на компанијата, утврдувањето на цената на емисијата и на создавањето на

потребниот тим за успешно спроведување на иницијалната јавна понуда. Во продолжение, авторот се задржува на самиот процес на иницијална јавна понуда, акцентирајќи ја важноста на корпоративните одлуки, структурата на понудите, предностите и недостатоците на меѓународните понуди. Исто така. во оваа глава се наведени и механизмите за одредување на цената на емисијата, потребната документација, нејзините цели, исклучителното значење како на нацрт - проспектот, така и на крајниот проспект на понудата, местото и улогата на маркетингот на новите емисии. На крајот од оваа глава се наведени формалностите во процесот на иницијалната јавна понуда.

**Третата** глава од докторската дисертација, авторот ја посветува на алокацијата на акциите емитирани со иницијална јавна понуда. Во почетокот од оваа глава, даден е интересен осврт на вечното прашање на поволностите, односно негативностите на алокација на акциите на индивидуални наспроти институционални инвеститори, домашни наспроти меѓународни инвеститори, на дискрециони наспроти недискрециони алокации. Следува објаснување на процесот на затворање на иницијалната јавна понуда, со посебен осврт на затворање на понуда со гаранција базирана на најдобри намери, наспроти затворање на понуда со гаранција базирана на цврсти обврски, и истакнување на разликите на иницијалната јавна понуда кај овие два вида на гарантирање. Понатаму следува анализата на процесот на стабилизација на цената, односно т.н. after-market активности, како важен процес при стабилизирањето на цената на акциите по нивното појавување на секундарниот пазар. Во продолжение од оваа глава, авторот се задржува на исклучителната важност на континуираното известување, акцентирајќи ја важноста на извештајот за употреба на средствата прибрани со помош на иницијалната јавна понуда, на тековните извештаи, кварталните, полугодишните и годишните финансиски извештаи на компанијата емитент, на годишниот извештај за работењето на емитентот, како и на финансиските публикации. На крајот од третата глава од оваа докторска дисертација, анализирани се интернет директните јавни понуди, предностите на овие понуди, основните разлики на интернет директните јавни понуди со иницијалните (класични) јавни понуди.

Во **четвртата** глава, *Понуди во различни земји од светот*, авторот се задржал на англискиот и на американскиот пазар. На почетокот, дадена е структурата на понудите во Англија, објаснети се прописите за нови емисии, претставен е регулаторот за котирање во Англија, како и барањата на берзата во Лондон, потребната документација, како и потребните тековни известувања. Следува истакнување на главните детали на понудата на акции во Америка. Фокусот е на неамериканските емитенти кои ги продаваат акциите на американските пазари. Во овој дел се обработени и потврдите за странски хартии од вредност. Тие се хартии од вредност кои претставуваат странски акции, а се тргуваат на локална берза. Крајот на оваа глава е посветен на анализата на ИЈПактивностите на европските берзи во периодот 2001-2008 година.

Во **петтата глава** од оваа дисертација разгледана е состојбата на примарниот пазар на капитал и иницијалните јавни понуди во некои земји

од Југоисточна Европа со посебен осврт на Република Македонија. На почетокот, истакнати се главните карактеристики на пазарите на хартии од вредност на транзиционите економии во првите години од транзицијата. Понатаму, анализирани се факторите кои влијаеле врз развојот на пазарот на капитал во транзиционите економии, како и основните предуслови за понатамошен развој на примарниот пазар на хартии од вредност во транзиционите економии. Во продолжение на оваа глава, авторот на оваа дисертација ги истакнува факторите кои го ограничувале развојот на пазарот на капитал во Република Македонија. Следува детална анализа, како на активностите на примарниот пазар во Република Македонија, така и на сите позначајни промени во законската регулатива кои имале свое влијание во развојот на примарниот пазар во Република Македонија во периодот 2001-2008 година. Во оваа глава е вклучено и емпириското истражување кое авторот го спровел со цел да се утврди нивото на познавањето на стручната јавност за основните карактеристики на примарниот пазар на капитал од аспект на иницијалната јавна понуда. Истакната е методологијата на истражувањето, односно авторот ги разработува проблемот и предметот на истражување, целта на истражувањето, актуелноста на проблемот, како и неговата научна и практична оправданост. Исто така, во овој дел се разработени и целната група, избраниот временски редослед на истражувањето, како и истражувачките инструменти кои се во него користени. Авторот, понатаму, продолжува со анализа на конкретни компании, при што се претставени две компании, за кои во јавноста е застапено мислењето дека тие се првите случаи на ИЈП во Македонија.

Во делот *Заклучни согледувања* авторот ги сумира главните резултати на дисертацијата. Тоа го прави како врз база на анализата на самиот процес на иницијалната јавна понуда како алтернативен начин на финансирање на компаниите, така и врз база на добиените резултати од спроведеното истражување. На крајот од овој дел, авторот укажува на улогата што треба да ја одиграат сите институции во Република Македонија во насока на заживување на иницијалната јавна понуда како алтернативен извор на финансирање на компаниите и како важен фактор кој ќе влијае на динамизирање на примарниот пазар на капитал и на зголемување на ликвидноста на секундарниот пазар на Македонската берза.

Врз основа на горенаведеното образложение, Комисијата ги донесува следниве

## Оцена и предлог

Поднесената докторска дисертација на кандидатот м-р Зоран Колев под наслов: „Примарен пазар на капитал и иницијална јавна понуда" разработува проблематика која е тесно поврзана со перспективите за натамошен развој на македонскиот пазар на капитал. Имено, може да се оцени дека во досегашниот период, примарниот пазар на капитал во РМ покажа послаба динамика на развој во споредба со секундарниот пазар, а

тоа особено се однесува на иницијалните јавни понуди како механизам за мобилизација на дополнителен капитал за финансирање на инвестициите во бизнис-секторот.

Кандидатот м-р Зоран Колев изработил сеопфатна анализа на примарниот пазар на капитал и во тие рамки, на механизмите на иницијални јавни понуди, пред сè во развиените пазарни економии, каде што ваквите пазарни аранжмани претставуваат мошне значаен инструмент за финансирање на растот во најиновативните и најпропулзивните сегменти на деловниот сектор. Својата компаративна анализа тој ја комплетирал со опфаќање на земјите од Југоисточна Европа, односно земји чии искуства во овој домен можат да бидат релевантни за Република Македонија.

Посебно треба да се истакне фактот дека кандидатот м-р Зоран Колев презентира една детално разработена структура на процесот на подготвување и реализација на иницијална јавна понуда на акции, што може да биде од посебен интерес за македонската стручна јавност од областа на корпоративното финансирање и пазарите на капитал. Кандидатот, исто така, постојано ја има предвид тесната повратна врска помеѓу развојот на примарниот пазар и на секундарниот пазар на капитал, а што во случајот на РМ значи дека зголемената понуда на примарниот пазар е важен предуслов за побрз развој на македонскиот берзански пазар.

Исто така, кандидатот во својата анализа ги опфатил и досегашните, иако скромни искуства во РМ со пазарот за нови емисии на акции, а особено со механизмот на типичните иницијални јавни понуди. Но, она што е особено значајно е дека кандидатот нуди свои предлози и сугестии за афирмирање и промовирање на иницијалните јавни понуди и за позабрзан развој на примарниот пазар во РМ: во тој контекст, се укажува на можниот придонес на поширок круг финансиски и регулаторни институции, како и на потребата од кадровско и управувачко преструктурирање во фирмите во насока на подобрување на капацитетот за искористување на алтернативните механизми за финансирање на нивниот раст.

Врз основа на погоре изнесените констатации и оцени за научниот придонес, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: „Примарен пазар на капитал и иницијална јавна понуда", поднесена од кандидатот м-р Зоран Колев, заклучува дека кандидатот покажал адекватно владеење со истражуваната материја и дека поднесениот труд ги задоволува критериумите за докторска дисертација. Со оглед на тоа, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје:

1. да го прифати извештајот за позитивна оцена на докторската дисертација под наслов: „Примарен пазар на капитал и иницијална јавна понуда", и
2. да му одобри на кандидатот м-р Зоран Колев јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 21.8. 2011 год.

**КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА**

Проф. д-р Михаил Петковски с.р.

Проф. д-р Љубе Трпески с.р.

Проф. д-р Владимир Филиповски с.р.

Проф. д-р Горан Петревски с.р.

Проф. д-р Трајко Славески с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „ХИДРОТЕРМИЧКА ОБРАБОТКА НА ДРВОТО, II ДЕЛ – ПЛАСТИФИКАЦИЈА НА ДРВОТО“ ОД АВТОРИТЕ Д-Р БРАНКО РАБАЏИСКИ И Д-Р ГОРАН ЗЛАТЕСКИ

Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, на својата IX седница одржана на 16.6.2011 година, донесе одлука бр.0201-173/1-IX-8, за избор на двајца рецензенти на учебникот под наслов „Хидротермичка обработка на дрвото, II дел – Пластификација на дрвото“, подготвен од проф. д-р Бранко Рабаџиски и проф. д-р Горан Златески. Како рецензенти се определени проф. д-р Зоран Трпоски и проф. д-р Владимир Кољозов.

Врз основа на оваа одлука и доставениот ракопис, а во својство на еден од рецензентите, го поднесувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Авторите проф. д-р Бранко Рабаџиски и проф. д-р Горан Златески доставија предлог на ракопис за учебник под наслов „Хидротермичка обработка на дрвото, II дел – Пластификација на дрвото“, за потребите на следниве предметни програми:

- пластификација на дрвото, која се изучува во рамките на студиската програма механичка технологија на дрвото, со неделен фонд на часови 3+2, со 6 ЕКТС- кредити; и
- хидротермичка обработка на дрвото, која се изучува во рамките на студиските програми механичка технологија на дрвото и проектирање и технологија на мебел и ентериер, со неделен фонд на часови 3+3, со 5 ЕКТС-кредити.

Предложениот ракопис е во согласност со содржината на предметните програми и ќе претставува прво издание на учебникот.

## I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Предложениот ракопис „Хидротермичка обработка на дрвото, II дел – Пластификација на дрвото“ претставува комплетен авторски труд на авторите проф. д-р Бранко Рабаџиски и проф. д-р Горан Златески.

Содржината на предложениот ракописот е изложена на вкупно 188 страници, меѓу кои, покрај насловна страница и предговорот, на 4 страници е прикажана содржината, на 9 страници се прикажани дополнителни прилози, литература со 25 цитирани наслови, и 5 страници користени поими (терминологија). Материјата во ракописот е поделена во 11 поглавја, содржи вкупно 52 слики и 21 табела, кои значително придонесуваат за разбирање на обработената материја.

## II. ОПИС НА СОДРЖИНАТА НА РАКОПИСОТ

Во првото поглавје е даден осврт кон историскиот развиток на процесите на пластификација на дрвото, а накратко е прикажана и целокупната материја што се обработува во наредните поглавја.

Второто поглавје - „Општо за топлинската обработка на дрвото“, ги обработува основните поими и појави поврзани со процесите на топлинска обработка на дрвото. Дадени се дефиниции за видовите топлинска обработка на дрвото, како и главните карактеристиките на водената пара како основен медиум за загревање при топлинска обработка на дрвото.

Во третото поглавје, насловено „Дрво и топлина“, прикажани се главните топлински својства на дрвото, кои се од битно значење при топлинската обработка. За сите овие величини се дадени математички и аналитички изрази за нивна пресметка. Прикажани се надворешните влијателни фактори (физички и механички) од кои зависат вредностите на топлинските карактеристики на дрвото. Вредноста на константата на спроводливост на топлина е прикажана, покрај со аналитички израз, и преку табеларен приказ на зависност од повеќе фактори.

Во четвртото поглавје „Топлински промени“ дефинирани се процесите на стационарни и нестационарни топлински промени, применувајќи ги основните термодинамички законитости за пренос и проток на топлина.

Петтото поглавје е именувано „Методи за пресметување на температурните промени во дрвото“. Во ова поглавје се опишани неколку методи за пресметка на топлинските промени во дрвото, поставени од повеќе светски истражувачи. Опишани се температурните промени во дрвото во фазата на загревање, со примена на графичката метода на Колман, аналитичката метода на Соколов, како и температурните промени во дрвото во фаза на ладење. Методите објаснети во овие поглавје претставуваат појдовна основа за понатамошно дефинирање на процесите на пластификација на дрвото.

Шестото поглавје именувано „Пластификација на дрвото“ ја прикажува суштината на материјата презентирана во ракописот. На почетокот е даден опис на поимот пластификација на дрвото, како и на главните фактори кои што влијаат врз пластичните својства на дрвото. Опишани се процесите на топлинска, хемиска и механичка пластификација. Најголем простор во ракописот е отстапен на процесот на топлинска пластификација на дрвото со заситена водена пара, процес познат во практиката како хидротермичка постапка - парење на дрвото, постапка која интензивно се користи во дрвопреработувачката индустрија. Од тие причини, во ова поглавје детално се опишани процесите на парење на дрвото, парење на трупци и призми и процесите на парење на бичени сортименти. Дефинирани се режимите за парење, прикажани се уредите и опремата за парење, како и методите за парење на трупци и призми, како и методите за парење на бичени сортименти. Опишани се методите за директно и индиректно парење и дадена е нивна споредбена анализа, со приказ на предностите и недостатоците. Посебно внимание е обрнато на техничко-технолошката анализа на комора за парење на бичени сортименти, каде што се дефинирани поимите за капацитет на парилницата, карактеристиките на топлинската енергија и инсталацијата за довод на топлина и одвод на кондензат, сето тоа поткрепено со детални аналитички изрази и практични примери. Во вториот дел на поглавјето се објаснети процесите на варење на дрвото, додека на крајот на шестото поглавје се опишани промените на особините на дрвото во процесите на парење и варење.

Во седмото поглавје се прикажани методите за пластификација на дрвото со примена на електрична енергија. Тука авторите даваат опис на повеќе постапки кои истражувачите се обидуваат експериментално да ги усовршат.

Осмото поглавје е насловено „Пластификација на дрвото со хемиски средства“. Во ова поглавје авторите ги презентираат постапките за хемиска пластификација на дрвото со примена на амонијак и карбамид.

Механичките методи за пластификација на дрвото се прикажани во деветтото поглавје насловено „Пластификација на дрвото за свиткување“. Во

текстот е даден детален опис на порцесот на пластична деформација на дрвото во трите фази - топлинска обработка, свиткување и термичко сушење.

Во десеттото поглавје авторите наведуваат список со литература од 25 наслови кои што се цитирани во ракописот.

Во единаесеттото поглавје, на пет страници се наведени користените ознаки и кратенки, со дефинирање на поимите и мерните единици.

На крајот од ракописот, на девет страници, поставени се прилози со табели и практично применливи номограми.

## III. ОЦЕНА НА РАКОПИСОТ

Ракописот е пишуван на литературен македонски јазик, со примена на стручна и разбирлива терминологија. Табелите се прегледни и детални. Прикажаните слики се во најголем дел оригинални цртежи на авторите и даваат точна и јасна претстава за соодветната содржина.

Содржината на ракописот во целост одговара на предметните програми за коишто е наменета – пластификација на дрвото, која што се слуша на студиската програма механичка технологија на дрвото и предметната програма хидротермичка обработка на дрвото, која се слуша на две студиски програми: механичка технологија на дрвото и проектирање и технологија на мебел и ентериер.

Ракописот може да се користи како главна и дополнителна литература и за студиската програма примарна преработка на дрвото на вториот циклус магистерски студии, за предметните програми сушење и пластификација на дрвото и термодинамички процеси во обработката на дрвото.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ракописот „Хидротермичка обработка на дрвото, II дел – Пластификација на дрвото“ ги исплонува сите услови да биде издаден како основен универзитетски учебник. Авторите се потрудиле во ракописот да ги прикажат основните процеси на хидротермичка обработка на дрвото, во нив да вградат најсовремени научноистражувачки сознанија и да ги поткрепат со практични примери. Методолошкиот пристап на авторите овозможува разбирливо следење и примена на презентираните сознанија.

Ракописот претставува единствен пример на труд од овој вид во Република Македонија и како таков, покрај студентите и истражувачите, можат да го применуваат и инженерите во дрвопреработувачката практика.

Ракописот ги исполнува сите услови како оригинален авторски труд и може да се категоризира како учебник.

Врз основа на погоре изнесеното, имам чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер да му предложам да го прифати и одобри издавањето на ракописот „Хидротермичка обработка на дрвото, II дел – Пластификација на дрвото“ како учебник.

Скопје, 8.8.2011 г.

Рецензент
Проф. д-р Владимир Коњозов с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „ХИДРОТЕРМИЧКА ОБРАБОТКА НА ДРВОТО, II ДЕЛ – ПЛАСТИФИКАЦИЈА НА ДРВОТО " ОД АВТОРИТЕ Д-Р БРАНКО РАБАЏИСКИ И Д-Р ГОРАН ЗЛАТЕСКИ

Врз основа на одлуката на Наставно – научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје бр. 0201-173/1-IX-8 од 16.06.2011 година, одредени се рецензенти за рецензирање на учебникот со наслов „ хидротермичка обработка на дрвото, II дел – пластификација на дрвото" од авторите проф д-р Бранко Рабаџиски и проф. д-р Горан Златески.

По разгледувањето на ракописот изложен во учебникот го поднесувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Ракописот „Хидротермичка обработка на дрвото, II дел – пластификација на дрвото", предложен од страна на авторите е учебник по предметните програми Хидротермичка обработка на дрвото и Пластификација на дрвото кои се реализираат на прв циклус студии на студиските програми на Факултетот на дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје. Предметната програма Хидротермичка обработка на дрвото има фонд на часови 3+3 и се вреднува со 5 - ЕКТС кредити а предметната програма Пластификација на дрвото има фонд на часови 3+2 со 5- ЕКТС кредити.

Ракописот има содржина која е во согласност со содржината на усвоената предметна програма и претставува прво издание на авторите.

## I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Ракописот „Хидротермичка обработка на дрвото, II дел – пластификација на дрвото", изготвен од авторите д-р Бранко Рабаџиски и д-р Горан Златески професори на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, има вкупно 173 страници. Во него се содржани 41 слика и 18 табели. Целокупната материја е поделена во 11 поглавја со која се опфатени следниве содржини: вовед, општо за топлинската обработка на дрвото, дрво и топлина, топлински промени, методи за пресметување на температурните промени во дрвото, пластификација на дрвото, пластификација на дрвото со електрична енергија, пластификација на дрвото со хемиски средства, пластификација на дрвото за свиткување, литература и прилози.

## II. ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА НА РАКОПИСОТ

Во воведниот дел авторите го искажуваат своето интересирање за пластификацијата на дрвото како метод на хидротермичка обработка на дрвото. Како што истакнуваат, со пластификацијата на дрвото се забрзува сушењето на бичените сортименти по природен пат, се подобруваат механичките својства на дрвото, се намалуваат отпорите на бичење, сечење и лупење на фурнирски листови, се постигнува ентомолошка и фитопатолошка заштита итн.

Во второто поглавје „Општо за топлинската обработка на дрвото" дадена е дефиниција за топлинската обработка на дрвото и нејзината поделба во однос на размената на топлина помеѓу медимумот за загревање и дрвото. Накусо се објаснуваат контактната и конвективната топлинска обработка на дрвото. Анализата ги опфаќа

парењето на дрвото при атмосферски притисок, варење на дрвото, диелектрична топлинска обработка и високофреквентна топлинска обработка.

Во третото поглавје со наслов „Дрво и топлина", авторите детално ги разработуваат топлинските својства на дрвото кои се од битно значење за топлинската обработка како што се: специфичната топлина на дрвото, топлинската спроводливост на дрвото, константата на спроводливост на топлина, коефициентот на премин на топлина и коефициентот на оддавање на топлина. За сите коефициенти се дадени формули за нивно пресметување, а вредностите за константите се дадени табеларно.

Во наредното четврто поглавје насловено како „Топлински промени" опфатени се стационарните и нестационарните топлински промени. Авторите за стационарните топлински промени истакнуваат дека тие претставуваат основа за пресметка на загубите во топлина кај техничките уреди, како и за пресметка на топлинската моќност на уредите за изменување на топлина. Оттука, авторите детално ги разработуваат овие топлински промени со примена на формули за нивно пресметување поткрепени графички со слики на кои се презентира преминувањето на топлина низ еднослојен и повеќеслоjен ѕид. Во нестационарните топлински промени авторите го вбројуваат загревањето на дрвото, а тие се карактеризираат со променливост на температурното поле во време и простор.

Во петтото поглавје од ракописот на авторите „Методи за пресметување на температурни промени во дрвото, авторите на едноставен и практичен начин го презентираат аналитичкиот (методот на Колман) и графичкиот метод(метод на Соколов). Важно да се истакне дека авторите даваат детално и прецизно упатство за примена на овие методи во практиката а се однесуваат на технички пресметки за правоаголен попречен пресек – призма, квадратен попречен пресек и кружен попречен пресек на дрвото.

Во шестото поглавје насловено како „ Пластификација на дрвото", авторите го дефинираат поимот пластификација на дрвото и истакнуваат дека таа зависи од повеќе фактори. Како најзначајни ги издвојуваат следниве: порозноста на дрвото, видот на дрвото, староста на дрвото, влажноста на дрвото и температурата на дрвото. Материјата која е изложена во рамките на ова поглавје, во најголем дел се однесува на парење на трупци, призми и бичени сортименти. Оттука, за парењето на трупци и призми, авторите преку анализата на температурата и времетраењето на парењето дефинираат режими за парење на трупци и призми. Овие режими за парење на трупци и призми, како што наведуваат авторите, се формираат врз основа на дрвниот вид, густината на дрвото, почетната влажност, димензиите на суровината, температурата, притисокот и времето на парење. На тој начин авторите ги формирале и табеларно ги прикажале режимите за парење на трупци и призми од различни домашни дрвни видови како на пример од бука, јавор, даб, брест, бел бор, ариш, јасен, како и од тропски дрвни видови: махагони (сапели), махагони (тијама), махагони (косипо), макоре и моаби. Понатаму, во рамките на ова поглавје авторите детално ги разработуваат и методите на директно и на индиректно парење на трупци и призми. Врз основа на квалитетот на добиената суровина и енергетскиот биланс, авторите предност му даваат на индиректниот начин на парење на дрвото. Што се однесува до уредите за парење (јами) на трупците и призмите, нивната ефикасност, т.е производност и потребната топлина за парење, авторите нудат соодветни начини на нивно пресметување со употреба на формули. Исто така, авторите се фокусираат и на парилниците (комори) за парење на бичени сортименти. Изгледот на овие парилници е претставен на голем број слики од кои јасно се гледа начинот на нивната изградба и составени делови. Авторите наведуваат дека парењето на бичените сортименти може да се изведе во ѕидани или армиранобетонски и во метални (алуминиумски) парилници. Резултатите од практиката како што е наведено во ракописот, покажуваат низа предности на металните во однос на ѕиданите парилници. Понатаму, авторите го споменуваат одржувањето на постојана температура и притисок во

комората, добриот топлински капацитет на ѕидовите, заштедата на топлинска енергија, лесната монтажа и одржување. Исто така, парењето на бичените сортименти се анализира по два метода: директен и индиректен метод. При директното парење медиум за пластификација на дрвото е заситена водена пара. Оваа пара се доведува од котелската постројка преку цевковод до перфорирана цевка за директно распрскување на парата во внатрешноста на комората за парење. Целиот систем за парење е во тесна врска со применетиот режим за парење. Авторите истакнуваат дека кај директниот метод, парењето се врши со заситена водена пара и во никој случај не се користи прегреана пара зашто таа интезивно ја суши површината на сортиментите и се јавува разлика во влажноста меѓу површинските и внатрешните слоеви на дрвото. Оваа разлика на влажност предизвикува внатрешни напрегања и појава на грешки на парените сортименти. Кај индиректниот метод, медиумот за парење е заситена водена пара која се создава внатре во парилницата. И кај двата метода, бичените сортименти треба да бидат во сурова состојба со минимална влажност од 35,0 до 40,0 % и исчистени од пилевина. Циклусот на парење авторите го разработуваат низ неколку технолошки фази: полнење на комората, загревање на бичените сортименти, парење (активна фаза), постепено ладење и празнење на комората. При парењето вообичаено е да се контролира кондензатот, кој е во функција на индикатор во процесот на парење. Во фазата на загревање кондензатот кој истекува од парилницата е бистар, во активната фаза се заматува, во завршната фаза повторно се избиструва и претставува сигнал дека може да се помине во фазата на ладење на бичените сортименти. Исто така, авторите, покрај парењето, се фокусираат и на варењето на дрвото како еден од начините за пластификација на дрвото. Оттука, детално се објаснети и прикажани методите и режимите за варење на дрвото, уредите за варење на дрвото, пресметките за капацитетот и потребниот број на базени за варење на дрвото, пресметките за топлина за пластификација како и техничка технолошка анализа на базенот за варење.

Во седмото поглавје насловено како „ Пластификација на дрвото со електрична енергија, дадени се некои основни сознанија од оваа област. Така, на пример, авторите изнесуваат констатација дека приближниот временски интервал од 20 до 100 min е доволен за да се загрее дрвото на температура од 70 до 90°. Потрошувачката на електрична енергија за загревање на 1 $m^3$ дрво се движи и до 125 kW/h, што се покажало многу неекономично. Од тие причини, како што истакнуваат авторите овој начин на пластификација на дрвото не нашол широка примена во дрвната индустрија.

Осмото поглавје со наслов „ Пластификација на дрвото со хемиски средства“ третира проблематика која се однесува на употребата на хемиски средства пред се амонијак во функција на пластифицирање на дрвото. Како што наведуваат авторите, основни фактори кои влијаат на пластификацијата на дрвото со амонијк се: агрегатната состојба на амонијакот, кенцентрацијата на амонијакот, димензиите на сортиментите, влажноста на сортиментите, времетраењето на третирањето, температурата и притисокот на уредите (автоклави) за пластификација.

Во деветтото поглавје „Пластификација на дрвото за свиткување“ се обработени содржини за топлинската обработка на дрвото за негово свиткување. Целта на оваа топлинска обработка, како што кажуваат авторите, е да се намалат еластичните, а да се зголемат пластичните својства на дрвото, а тоа се постигнува по пат на парење, варење и користење на високофреквентна струја. Притоа, прикажан е методот со парење на дрвото како најраспрстранет начин на пластификација. Даден е детален приказ на уредот за пластификација на дрвото познат како „автоклава” или „реторта”.

## III. ОЦЕНА НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК

Врз основа на извршената анализа на ракописот за учебникот „ Хидротермичка обработка на дрвото II дел, – пластификација на дрвото“ се констатира дека тој е во согласност со две предметни програми од првиот циклус на студии на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер:
-хидротермичка обработка на дрвото (со фонд на часови 3+3 и 5 ЕКТС – кредити) на студиската програма проектирање и технологија на мебел и ентериерч и
- пластификација на дрвото (со фонд на часови 3+2 и 6 ЕКТС – кредити) на студиската програма механичка технолгија на дрвото.

Предложениот ракопис со сите негови елементи е изготвен според критериумите за универзитетски изданија наменети за наставно–образовниот процес и воедно претставува авторски труд кој одговара на категоризацијата на учебник.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ракописот под наслов „Хидротермичка обработка на дрвото, II дел – пластификација на дрвото”, изготвен од авторите д-р Бранко Рабаџиски и д-р Горан Златески, професори на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, според својата содржина и проблематика претставува оригинален авторски труд, со потребен квалитет на универзитетски учебник.

Авторите се зафатиле со проучување на многу значајна проблематика од областа на хидротермичката обработка на дрвото, односно пластификацијата на дрвото. Нивниот приод кон материјата која е презентирана во ракописот заслужуваат особено внимание, бидејќи е прикажана практично, односно авторите на едноставен и соодветен начин ги актуализираат и сликовито ги презентираат сите позначајни резутати и достигнувања од областа на пластификацијата на дрвото.

Имајќи ги предвид горните наводи за ракописот „ хидротермичка обработка на дрвото, II дел – пластификација на дрвто, имам чест да му препорачам на Наставно – научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, да го прифати и да го одобри издавањето на овој ракопис како учебник.

Скопје, 8.8.2011

Член на Рецензентската комисија
Проф. д-р Зоран Трпоски с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ- ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОРГАНИЗАЦИЈА И УПРАВУВАЊЕ, ЕРГОНОМИЈА ВО ШУМАРСТВОТО, СОЦИЈАЛНА ЕКОЛОГИЈА, ЕКОНОМИКА СО КАЛКУЛАЦИИ, ШУМСКОСТОПАНСКА ПОЛИТИКА И МАРКЕТИНГ И ЦЕНИ НА ШУМАРСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на VI седница одржана на 11.4.2011 година, донесе одлука бр. 0201-21/VI-3 со која избра Рецензентска комисија за оцена на пријавениот кандидат за избор на наставник во звање - вонреден професор по предметите организација и управување, ергономија во шумарството, социјална екологија, економика со калкулации, шумскостопанска политика и маркетинг и цени, во состав: д-р Блажо Димитров, редовен професор во пензија на Шумарскиот факултет во Скопје, д-р Иван Блинков, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје и д-р Драган Нониќ, вонреден професор на Шумарскиот факултет во Белград.

Согласно со конкурсот распишан од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје по предлог на Шумарскиот факултет во Скопје, објавен на 29.3.2011 година во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха", се пријави единствено кандидатот д-р Македонка Стојановска, доцент на Шумарскиот факултет во Скопје, за избор во наставник во звањето вонреден професор по предметите организација и управување, ергономија во шумарството, социјална екологија, економика со калкулации, шумскостопанска политика и маркетинг и цени.

По разгледувањето на поднесената пријава и придружните документи, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ
### 1. Биографски податоци

Доц. д-р Македонка Стојановска е родена на 28 март 1964 година во Битола.

Основно и средно образование завршила во Скопје. Шумарски факултет, насока: одгледување и мелиорации, завршила во Скопје во учебната 1988/89 година со среден успех 8,12.

Од 15.I 1990 година е вработена како помлад асистент на Шумарскиот факултет во Скопје, по предметот организација на шумското производство.

Во учебната 1990/91 година се запишала на постдипломски студии на групата за економика и организација на шумарството при Шумарскиот факултет во Скопје. Магистрирала на тема: „Условите за работа и тежината на работата и нивното влијание врз здравјето и работната способност на работниците во шумарството во Р. Македонија" во 1998 година.

На 23.II 1999 година е избрана во звањето асистент по предметите организација на шумското производство, социјална екологија и група предмети од областа економика и организација на шумското производство при Шумарскиот факултет во Скопје.

Докторската тема под наслов: „Условите за работа и нивното влијание врз состојбата на работната сила и оптималното вработување во шумарството во Р. Македонија" ја одбранила во 1996 година, а во наставно-научното звање доцент е избрана 19.6.2006 год. со Одлука бр. 0201-47/VI-3.2.

Од 2009 година е раководител на Катедрата за економика и менаџмент во шумарството, како и на II циклус студии од областа на економика и организација на Шумарскиот факултет во Скопје.

Во досегашната работа, а особено од изборот во звањето доцент, самостојно или со други автори учествува во подготвувањето и изработката на повеќе наставно-образовни, научноистражувачки и стручно-апликативни активности.

Во периодот од 2006 год. до денес има остварено неколку студиски престои во странство, во рамките на научноистражувачки проекти во кои била учесник:

*-август 2008 год: тринеделен престој во Хелсинки-Финска, учесник на летна школа: Forest policy and Economics (Меѓународна шумарска политика и економика); (http://www.helsinki.fi/summerschool)*

*-септември 2009 год.: тринеделен престој во Јоенсуу-Финска, учесник од регинот Западен Балкан на семинар: Environtental policy – management of protected areas (Политика на животна средина - управување со заштитени подрачја); организирано од ФОПЕР - проектна програма;*

*-август 2009 год.: десетдневен престој во Загреб-Хрватска, учесник-претставник од Р. Македонија на семинар: Forest policy and Economics in the education in West Balkan region (Шумарската политика и економика во образованието во регионот Западен Балкан), организирано од ФОПЕР - проектна програма.*

Учествува во повеќе комисии и тела на Шумарскиот факултет во Скопје и тела од стручната област во други инстисуции.

Активно го владее англискиот јазик и ја користи компјутерската техника.

## 2. Наставно-образовна дејност

Д-р Македонка Стојановска досега успешно ја изведува наставно-образовната дејност на додипломските студии на Шумарскиот факултет во Скопје, на студиските програми **озеленување и унапредување на животната средина** (ОУЖС) и **шумарство** (ШУМ) по предметите организација и управување, социјална екологија и ергономија во шумарството, од учебната 2009/10 и предметите економика во шумарството и шумскостопанска политика и од 2010/2011 предметот маркетинг и цени.

Учествува и во наставата на постдипломските студии на Шумарскиот факултет во Скопје од областа економика и организација во шумарството по предметите организација на производни процеси, менаџмент во шумарството, рационализација на трудот, потоа во новите постдипломски студии по шумска политика и менаџмент во шумарството од учебната 2009/10 по предметите: квантитативни и квалитативни методи во општествените науки и економиката, комуникации, преговори и односи со јавност во сектор шумарство, управување со претпријатија кои стопанисуваат со шуми, претприемништво во шумарството. Покрај ова кандидатката учествува и во наставата на постдипломските студии во областа управување со земјиште и вода во планински екосистеми, по предметот шумско-

еколошка политика, како и во областа одгледување на шуми, по предметот економски анализи.

Исто така, таа е вклучена во наставно-образовниот процес на меѓународните постдипломски студии од областа на шумарската политика и економика, кадешто заедно со меѓународни експерти држи настава по предметите: комуникации, преговори и односи со јавност во секторот шумарство, организација на шумскостопанските претпријатија, научни принципи во социо-економските истражувања и интегрирана еколошка економика, политика и моделирање.

Наставата ја изведува на завидно рамниште, ползувајќи го знаењето и вештините кои ги стекнала во текот на многубројните обуки во рамките на проектната програма ФОПЕР.

**Теренска настава**

Во рамките на предвидените активности по предметните програми, кандидатката активно учествува при изведувањето на теренската настава по предметите социјална екологија, ергономија во шумарството и организација и управување.

**Ментор на дипломска/магистерска/член на Комисија**

Досега кандидатката била ментор на 5 дипломски работи, а како член на Комисија за одбрана на дипломски работи се јавува во 14 дипломски работи. За време на овој период кандидатката била ментор и на 1 магистерски труд, а како член на Комисија за оцена и одбрана на магистерски трудови се јавува на 10 кандидати, од кои 6 меѓународни магистерски тези од областа на шумарската политика и економика.

Во моментот е ментор на уште 1 магистранд кој е запишан на постдипломските студии на Шумарскиот факултет во Скопје на тема: „Комуникација и односи со јавност при изработка на План за управување со заштитено подрачје – Студија на случај: Национален парк Маврово и коментор на еден докторанд кој е запишан на University of Natural Resources and Applied Life Sciences – BOKU, Vienna, на тема „Forest related start-ups and innovation in Macedonia".

Во текот на својот работен век подготвила пакет матерјали, како помагало за студентите по предметите: социјална екологија, ергономија во шумарството, шумскостопанска политика и организација на шумскостопанските претпријатија.

## 3. Учество во школи, работилници и курсеви за професионална обука

Во периодот од изборот во звањето доцент до денес, доц. Стојановска присуствувала на 1 зимска, 1 летна школа и 25 работилници/курсеви за професионална обука, од кои 8 во земјата и 17 во странство. На 6 меѓународни работилници/курсеви за професионална обука се јавува како организатор, а на 6 курсеви како предавач, од кои 4 национални и 2 меѓународни. Исто така, како учесник/предавач се јавува на 6 работилници: 4 меѓународни и 2 национални, а само како учесник на 6, од кои на 2 национални и 4 меѓународни.

**Летни/зимски школи**

1. Winter school: Voluntary Tools for the Implementation of Environmental and Social Responsibilities in Forestry with Special Reference to Balkan Region, 20-26.2.2006, Brasov, Romania (http://www.tesaf.unipd.it/Winterschool/hotel_Brasov.htm) 20.06.2006
2. Summer school: International forest policy - implications at the national level, 8.-25.8.2006, Helsinki, Finska (at http://www.helsinki.fi/summerschool) 03.12.2008

**Организатор на работилници/курсеви за професионална обука (FOPER PT)**

1. "How to train adults and professionals: principle issues and practical advise"-09.1-11.2.2008, Banja Luka, предавач Annete Munk Sorrensen, приватен консултант, Данска
2. "Professional course development (training needs assesment and course development)", 12.1-15.1.2008, Banja Luka, предавач Annete Munk Sorrensen, приватен консултант, Данска
3. "How to organize a training event", 31.1-2.2.2008, Skopje, предавач Brita Pajari, EFI (Europena Forest Institute)
4. "Project management and finansing in professional training", 28.1-3.01. 2008, Skopje, предавач Paul Silfenberg, Planpoint Ltd, Finland
5. Private forestry development, 10-13.6.2008, Belgrade, предавачи Gerben Janse и Atilla Lengyel, CEPF (The Confederation of European Forest Owners)
6. New partnerships in Protected Area Management: Sustainable Development, Community Enterprise and Entrepreneurship, 2-5.7.2008, Скопје, предавач Graham taylor, EUROPARC consulting

**Предавач на работилница/ курс за професионална обука (FOPER PT)**

1. Развој на приватното шумарство во регионот Западен Балкан, со посебен осврт на Србија, 26-27.1.2009, Шумарски институт-Белград, предавачи: М. Стојановска и Радован Невениќ
2. Рекреациони функции на шумите, 26-27.3.2009, Битола, предавачи: М. Стојановска, Ј.Р. Атанасовска, Ј. Јовановска, К. Соколовска, С. Тенева и Р. Николовска.
3. Развој, сертификација и меѓународен маркетинг на недрвни шумски производи, 22-23.1.2009, Гевгелија, предавачи: М. Стојановска, Ј. Дика, Д. Манцуковски и И. Стојановски
4. Европската регулатива која се однесува на шумарството со посебен акцент на нејзината имплементација, студија на случај-Р. Србија, 14-15.4.2009, Шумарски институт-Белград, предавачи: М. Стојановска и Р. Невениќ
5. Претприемништво во заштитени подрачја, 2-3.4.2009, Маврово, предавач: М. Стојановска
6. Европската регулатива која се однесува на шумарството со посебен акцент на нејзината имплементација, студија на случај -Р. Македонија, 14-15.6.2009, Шумарски факултет, Скопје, предавач: М. Стојановска.

**Учесник на работилници**

1. FOPER: Stakeholder workshop on the design of the international Master Program and Professional Training Program on forest policy and economics, 23-24.05.2006, Brac, Croatia
2. National Forest Programmes - a Tool for Strenghtening Science-Policy Interface in Practice, 20-21February 2007, Zagreb
3. Развој на националнa еколошка мрежа во РМ (МАК-НЕН), 23-24 април, 2009, Дојран
4. Трендови и ситуација на самоникнати растенија во Р. Македонија, СИППО, 22.4.2010, Скопје
5. Survey in social research, 5-10 September, 2010, Sarajevo

**<u>Учесник и предавач на работилници</u>**

1. Forest Policy and Economics in Support of Good Governance,Dubrovnik, Croatia 3-4.04.2009
2. Dialogue on Investing in Locally Controlled Forestry, Ohrid, Macedonia, December 1-4, 2009
3. Посочување на недостатоците во подзаконската регулатива од областа на недрвните шумски производи и донесување на предлог-мерки за нивно надминување, 18.12.2009, Скопје
4. Improving forest products marketing to help drive sustainiable rural economic development in SEE region, 7-9 December 2010, Mavrovo
5. „Building up capacity and strengthening cooperation for the promotion of transboundary nature conseravtion along SEE Green Belt, 26-28.2.2010 Mavrovo
6. 10 години ДРЕН-Предизвици: Шумарството и руралниот развој, 30.4.2009, Шумарски факултет, Скопје

## 4. Научноистражувачка дејност

